**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н
**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1071**
**Скопје, 17 февруари 2014 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ____________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставaт на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***д***’, ‘***п***’, ‘***т***’, ‘***г***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

## Содржина на Билтен број 1071 од 17 февруари 2014 година


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Модели на оптимално реосигурување,** изработена од **м-р Андреја Митески,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.........8-11
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Билјана Александровска, Билјана Јовановска, Саити Дашмир, Елена Јанева, Ивона Вељаноска, Александар Николов, Маријана Цветаноска, Александар Попоски)**.........12

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Војдан Карапетковски, Даме Адамовиќ, Марија Лазова, Даниела Божиноска, Ведран Лаличиќ, Ана Крстевска, Кристина Јовановска, Елена Начевска, Маја Георгиевска, Стојан Трошански, Маја Сиљаноска, Ирена Стефановска, Марко Димовски, Катерина Ристеска, Анета Арнаудовска, Дрита Ризвани, Ариана Рамадани, Катерина Џунова, Антонио Гаврилов, Благица Сарџоска, Стерја Димов, Христина Стојановиќ, Снежана Петреска, Кристина Арсова, Раде Магденовски, Санела Стојаноска, Анета Божијанова, Синиша Тодоровски, Филип Ристески, Наташа Јакимовска, Марија Митевска, Андријана Терзиевска, Александар Кордовски, Мартин Симоновски)**.........13-16
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(м-р Ариана Чосај Мустафа)**.........17

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Елена Анева, Билјана Утковска, Александра Николоска, Дејан Кебакоски, Елена Ангеловска, Аделина Давидовска, Анита Зафировска, Дијана Николовска, Лилјана Трпчевска, Ена Абјаниќ, Гордана Илковска, Адмир Косоврасти, Елена Николовска, Милена Камчева, Катерина Ташкова, Снежана Јовковска, Гордана Симоноска, Лили Јанева, Катерина Јакимовска, Ненад Стевковски, Мирјана Маневска, Даниела Велкова)**.........18-19

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Билјана Николовска Жагар, Никола Панов, Александра Добревска, Кирил Поцев, Димитар Иванов, Маја Дреца-Ристеска, Ивана Дамјановска, Весна Арсовска Динковска, Вања Вучиниќ, Магдалена Михајловска, Сихана Небиу, Тања Терповска Николиќ, Бети Коруновска, Џабир Емини)**.........20-21

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Аналитички и експериментални истражувања на повеќеетажни конструкции, сеизмички зајакнати со базна изолација** од **м-р Кадри Морина,** пријавена на Градежниот факултет во Скопје......22-26

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два наставника во сите звања по предметот неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Дијана Никодијевиќ, науч. сор. д-р Емилија Цветковска)**.........27-53

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“**

1. Реферат за избор на научен советник во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје **(д-р Весна Петреска)**......54-78
2. Реферат за избор на научен советник за работното место истражувач на фолклорот и етнологијата на влашкиот народ во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје **(д-р Клеанти Ановска)**......79-89
3. Реферат за избор на научен советник за работното место истражувач на народната драма во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје **(д-р Катерина Петровска – Кузмановска)**......90-104
4. Реферат за избор на научен советник за работното место истражувач на народната проза во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје **(д-р Ермис Лафазановски)**......105-115
5. Реферат за избор на научен советник за работното место истражувач на народната поезија на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје **(д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска)**......116-127

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научните области: искористување на шумите, механизација во шумарството и друго на Шумарскиот факултет во Скопје **(д-р Здравко Трајанов)**......128-142

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Евалуација на ефикасноста на керамичко-цементното поврзување кај целосно керамичките системи – студија in vitro,** од **ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје......143-149

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(Веселинка Панева)**......150

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник (во сите звања) по предметите дидактика, педагогија на слободното време и аудиовизуелни средства во воспитно-образовната работа на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје **(д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска)**......151-169

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје **(н.с. д-р Марина Крстевска Константинова, ас. д-р Соња Бојаџиева)**......170-207

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на научни работници во сите научни звања по група предмети од областа орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(ас. д-р Едвард Јанев, ас. д-р Марина Кацарска, ас. д-р Даниела Велеска-Стевковска, ас. д-р Љуба Симјановска, ас. д-р Билјана Евросимовска)**......208-283

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисерaтција **Евалуација на постоперативните резултати кај пациентите за функционална и естетска септоринопластика,** изработена од **м-р сци д-р Габриела Копачева,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје......284-291

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

**1.** Реферат за избор во звањето виш научен соработник/вонреден професор на ЈНУ Институт за национална историја во Скопје **(д-р Валентина Божиновска)**......292-298

2. Рецензија на докторската дисертација **Улогата и значењето на османлиско-турското законодавство во Македонија (XVIII-XIX в.)** од **м-р Селвер Џемаили,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.......................................................299-302

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација **Анализа на перифрастичните предикати во англискиот и во македонскиот јазик** од **м-р Наташа Стојановска-Илиевска,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје...............................303-306

## МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Филип Здравески)**...........................................................307

## ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на асистент од областа на металните конструкции на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Миле Партиков)**.............................................................308-311
2. Реферат за избор на наставник од областа на математика и информатика на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Силвана Петрушева)**.............................................312-322
3. Рецензија на докторската дисертација **Прилог кон решавањето на стрмни косини на насипи врз слабоносиви почви, армирани со геосинтетици** од **м-р Ќани В. Кадири,** пријавена на Градежниот факултет во Скопје.............................................323-328

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Законитости во управувањето со системите во економијата** од авторите **проф. д-р Златка Поповска** и **доц. Д-р Предраг Трпески,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје...............................................................329-338

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор на вонреден професор од областа методика на наставно-научните области по предметите методика на наставата по ЗПО, ЗП и ЗО, за групата одделенска настава на турски наставен јазик, и методика на воспитно-образовната работа по ЗПО, за групата предучилишно воспитание, на турски наставен јазик при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје **(д-р Аднан Ќахил)**.............................................339-348

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисератција под наслов **Значењето на дерматоглифските популациони истражувања и нивната примена во детекција на поединечни клинички ентитети,** од **м-р д-р Елизабета Чадиковска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.......................................................................................................349-353
2. Реферат за избор на наставници во сите звања по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(н.сор. д-р Весна Герасимовска, в.н.сор. д-р Петар Дејанов, н.сов. д-р Лилјана Тозија, н. сор. д-р Јелка Масин Спасовска, насл. доц. д-р Игор Николов, насл. вонр. проф. д-р Славчо Тошев, насл. доц. д-р Марија Вавлукис, насл. доц. д-р Маријан Бошевски, насл. вонр. проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, науч. сов. д-р Силвана Јованова, н. сов. д-р Златица Димитријевиќ Гошева, насл. доц. д-р Јагода Стојковиќ, в. н. сор. д-р Деска Димитриевска, асс. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, насл. доц. д-р Ирена Кафеџиска, насл. доц. д-р Андон Чибишев, в. н. сор. д-р Нико Беќаровски, насл. доц. д-р Лидија Петковска)**...............................................354-671

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација **Партнерството помеѓу Европската унија и САД во контекст на проширувањето на Унијата и соочувањето со глобалните предизвици** од **м-р Звонко Муцунски,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје..................................................................................................672-676

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Можности и перспективи за примена на целосното управување со квалитет во здруженијата на производители на органски производи во Република Македонија** од **м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....................................677-682

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Рецензија на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата **Прелудиуми I книга од Клод Дебиси, Етида оп. 52 бр.3 во d-emoll од Сергеј Прокофјев, По читањето на Данте: Fantasia quasi Sonata од Франц Лист и Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e-moll од Фредери Шопен и теоретскиот труд Совладувањето на техничките проблеми во Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e-moll од Фредерик Шопен преку поставување на формули** од **м-р Кристина Светиева**, пријавена на Факултетот за музичка уметност во Скопје.....................................................683-687

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(Сара Чепишевска, Емилија Величкова, Фросина Савевска, Кети Кацуровска, Љупка Јакимовска, Мартина Ристеска, Бранка Гривчевска, Сезен Сејфула, Нита Селими, Ивана Михајлова, Милкица Масева, Марјанчо Стоилов, Елена Христовска, Сабиха Лочи, Сабиха Пиргози, Марија Гучерска, Моника Павловска, Лидија Николова, Мухамед Сулејман, Душан Стојчев, Алмир Мељовиќ, Андријана Петкоска, Елена Мицевска, Стојче Петровски, Кристина Костова, Александра Јурукоска, Елена Михајлова, Ивана Ванчевска, Ѓурѓица Илиева, Анета Трајковска)**..........................................................................................688-691

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Промената на парадигмата и стратешкиот пристап кон националните ресурси-Системски модел на креирање политики за холистичко третирање на одржливиот развој** од **м-р Никола Ѓоргон,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.........................................................................................................692-700

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област воведни и теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан први“ во Скопје **(д-р Добринка Тасковска)**..................................................................701-733

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на научни работници во сите научни звања по група предмети од научната област стоматолошка протетика на Катедрата за стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(ас. д-р Сашо Еленчевски, ас. д-р Сања Панчевска, ас. д-р Сашо Јовановски)**.......................................................................734-758

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **МОДЕЛИ НА ОПТИМАЛНО РЕОСИГУРУВАЊЕ** ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ **М-Р АНДРЕЈА МИТЕСКИ,** ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр.64/00,49/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на посдипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 0202-3707/2, донесена на седницата одржана на 18.12.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: "Модели на оптимално реосигурување", поднесена од кандидатот м-р Андреја Митески. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред членовите на Наставно-научниот совет го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација под наслов "Модели на оптимално реосигурување", изработена од кандидатот м-р Андреја Митески, претставува самостоен научен труд претставен на 305 страници-296 страници основен текст и 9 страници литература. Докторската дисертација е проверена преку електронскиот систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудовите при Министерството за образование и наука и покажува 3,65% совпаѓање со други трудови.

Текстот е поделен на: вовед, четири глави, заклучок и користена литература. Општата структура на докторската дисертација е следна:

Вовед
Глава I: Основи на реосигурувањето
Глава II: Анализа на ризиците во реосигурувањето
Глава III: Процес на реосигурување
Глава III: Математички модели за избор на оптимално реосигурување
Заклучни согледувања
Користена литература

Во воведот на докторската дисертација, кандидатот дава кус преглед на предметот и целта на истражувањето, заедно со применетата методологија и изворите на податоци користени при истражувањето. Исто така, во овој дел, кандидатот дава и кусо образложение на тезите поставени во доктоската дисертација.

Со оглед на тоа дека осигурителните компании примаат во јемство и ризици кои не се компатибилни на сопствениот самопридржај, туку преземаат и ризици кои го надминуваат нивниот технички и финансиски капацитет, тие се принудени делот кој го надминува самоучеството да го преотстапат на друга осигурителна компанија-реосигурувач. Идентича е состојбата и при ретроцесијата, кога реосигурувачот за да ја обезбеди рамнотежата на своето портфолио, преотстапува дел од преземениот ризик на друг реосигурувач-ретроцесионер. Затоа, кандидатот во втората глава под наслов – “**Основи на реосигурувањето**”, посветува посебно внимание на просторното атомизирање на ризикот. Економската функција на реосигурувањето ја дефинира како амортизер и дисперзер на ризиците за поодделните класи на осигурувањето. Во овој дел од трудот се елаборирани карактеристиките на поодделните видови на договори за реосигурување: квотното реосигурување (реосигурување на сразмерен дел од ризикот), ексцедентно реосигурување (реосигурување на вишокот на ризик), реосигурување на вишокот на штета (excess loss) и реосигурување на вишокот на загуба (stop loss). Кандидатот ги анализира предностите и негативните карактеристики на поодделните видови на реосигурувањето, како и нивните модификации.

Европските стандарди и директиви со кои се регулира работењето на осигурителните компании (Solvency II), со посебен акцент на управувањето на ризиците во реосигурувањето, е предмет на обработка во втората глава од дисертацијата под наслов –”**Анализа на ризиците во реосигурувањето**”. Посебно внимание е посветено на пазарниот ризик, кредитниот ризик, оперативниот ризик и ризиците на ликвидност. Кандидатот со право констатира дека во наредниот период треба да се очекува дека управувањето со ризиците во реосигурувањето ќе биде уште позначајно поради следниве причини: техничко-технолошкиот развој, зголемената конкуренција на осигурителниот Пазар, глобализацијата на економијата, развојот на брокерскиот систем и други причини.

Во третата глава со наслов – **Процес на реосигурување**, кандидатот го аплицира менаџментот како универзален процес применлив и во претпријатијата од областа на осигурувањето и реосигурувањето. Во истражувањето е применет моделот на пет фази и тоа: планирање, организирање, координирање, мотивирање и контролирање. Секоја фаза од процесот на менаџментот е истражувана од аспект на реосигурувањето, во првата фаза-планирање, кандидатот ги определува целите и стратегијата за реосигурување, потоа организирањето на процесот на реосигурување, во фазата кординирање го елаборира хоризонталниот, вертикалниот и дијагоналниот начин на синхронизирање и усогласување на активностите на реосигурувањето, на крајот се проучувани можностите за мотивирање (системите на наградување, плати, бонуси и провизии) на аквизитерите на менаџерите на осигуреникот на реосигурителната компанија, да ја мотивира осигурителната компанија да се реосигура кај истата, на создавањето на клима за мотивација од страна на одборот на директори, како и формите на контролирање на остварувањето во доменот на осигурувањето и реосигурувањето. Контролингот на реосигурувањето, како завршен и

исклучително важен сегмент на менаџментот, кандидатот посебно го анализира во овој дел од дисертацијата.

Иако, во економијата, како што е впрочем и во сите општествени науки, законите делуваат како тенденција, значи низ бројни отстапувања и исклучоци, сепак таа се вбројува во доменот на најквантитативните општествени науки. Оттука, голем број на економски проблеми, низ користење на адекватни математичко-статистичка апаратура, можат да се моделираат, односно квантитативно да се дефинираат. Затоа, кандидатот во четвртата глава од дисертацијата, под наслов **–Математички модели на оптимално реосигурување**, посебно го потенцира фактот дека овие карактеристики се посебно иманентни за процесот на осигурување и реосигурување, бидејки со примена на одредени актураски методи и модели може со голема веројатност да се предвиди износот на: премиските резерви, резервираните штети, преносните премии, маргините на солветност, максималната веројатна штета и тн. При дефинирањето и изборот на оптимален модел за реосигурувањето, кандидатот аплицира одредени методи и модели од теоријата на веројатноста, теоријата на игри и теоријата на ризикот. Респектирајки ги осигурителните стандарди и актуарските методи и модели, кандидатот во овој дел од дисертацијата, дефинира соодветни квантитативни модели кои ќе бидат компатибилни за поделните субјекти во процесот на реосигурувањето и ретроцесијата.

Интегрален дел на докторската дисертација претставуваат и заклучните согледувања, во кои се синтетизирани завршните согледувања од целокупното истражување во докторската дисертација. Во тие рамки, кандидатот укажува на тоа дека проблематиката поврзана со изборот модели на оптимално реосигурување е мошне актуелна, комплексна и суптилна материја, која е недоволно научно третирана во нашата економска литература.

## ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Со започнување на процесот на транзиција, секторот на осигурување и реосигурување во транзиционите економии доживува крупни промени од квалитативна природа-приватизација на секторот на осигурување, негова корпорализација, појава на нови приватни осигурителни компании, влез на стански капитал, и врз таа основа, демонополизација на пазарите за осигурување и пораст на улогата и значењето на осигурителните пазари во сферата на финасиските инвестиции и, воопшто, во поддршката на функционирањето и развојот на младите пазари на капитал. Податоците за транзиционите економии, со мали исклучоци, покажуваат тенденција на пораст на густината на осигурувањето и на стапката на пенетрација. Ваквите тенденции, во основа, се присутни и во Република Македонија. Оттука, изучувањето на економските процеси и законитости во сферата на осигурувањето и реосигурувањето, новите феномени што се појавуваат на пазарите на осигурување и потребата од се поголема примена на европските стандарди и современите актуарски методи и модели во овој домен, се јавуваат како насушна потреба и за Република Македонија.

Девастацијата предизвикана поради екстремното дејствување на природните сили и несреќни случаи, понекогаш предизвикува штети од поголеми размери, кои го надминуваат техничкиот и финансискиот капацитет на осигурителните компании. Компензацијата на настанатите штети не е можна без просторно атомизирање на ризикот, затоа, како што истакнува кандидатот во својот докторски труд, самоучеството на осигурителната компанија не е доволно за целосно компензирање на настанатите штети. Во современи услови на изразена концентрација и централизација на ризикот, не е можно една осигурителна компанија да го покрие целиот ризик, бидејки тој го надминува самоучеството на осигурувачот. Докторскиот труд на кандидатот м-р Андреја Митески под наслов "Модели на оптимално реосигурување" на еден современ и научно фундиран пристап ги анализира проблемите поврзани со управување на ризиците во реосигурувањето, бидеји овие аспекти се иманентна каракеристика на современата осигурителна практика.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Андреја Митески посебно ги потенцира следните квалитети на трудот и придонеси на кандидатот во истражувањето на оваа проблематика: прво, конзистентен аналитички преглед на развојот и еволуцијата на реосигурувањето; второ, современа и детална анализа на карактеристиките на поодделните видови на договори за реосигурување: реосигурување на сразмерен дел од ризикот, реосигурување на вишокот на ризик, реосигурување на вишокот на штета-excess loss и реосигурување на вишокот на загуба-stop loss; трето, оригинално дефинирање на некои поими иманентни за процесот на реосигурувањето; четврто, врз основа на висината и природата на преземените ризици, како и стистиката на штети во изминатиот период, се дефинирани модели за оптимално реосигурување.

Врз основа на погоре изнесените констатации и квалитативни особености на трудот, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: "Модели на оптимално реосигурување", поднесена од м-р Андреја Митески, заклучува дека кандидатот адекватно владее со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

1. да го прифати и усвои извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов, "Модели на оптимално реосигурување";
2. да му дозволи на кандидатот м-р Андреја Митески јавна одбрана на докторската дисертација.

Членови на Комисијата

1 Проф д-р Драге Јанев, с.р.
2. Проф д-р Бобек Шуклев, с.р.
3. Проф д-р Љубе Трпески, с.р.
4. Проф д-р Славе Ристески, с.р.
5. Проф д-р Гордана Билбиловска, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д
## на прифатени тези за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Билјана Александровска | „Финансиско известување и анализа во осигурителни компании со посебен осврт на АД УНИКА” | проф. д-р Зоран Миновски |
| Билјана Јовановска | „Улогата на маркетингот во менаџментот на синџирот на снабдување” | проф. д-р Лидија П. Ивановска |
| Саити Дашмир | „Задовослтво и корисничко искуство на потрошувачите од електронските услуги на банките во Полошкиот регион” | проф. д-р Сашо Јосимовски |
| Елена Јанева | „Ефекти од примената на TQM во организациите” | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Ивона Вељаноска | „Малите и средени претпријатија, претприемништвото и локалниот економски развој на општина Кичево” | академик д-р Таки Фити |
| Александар Николов | „Финансирање на јавниот долг во РМ - досегашни искуства и идни перспективи” | проф. д-р Михаил Петковски |
| Маријана Цветаноска | „Фискалната децентрализација во Македонија - случајот на општина Охрид” | проф. д-р Горан Петревски |
| Александар Попоски | „Системски ризик и санација на банкарските системи - вовед кон паралелна приватизација во Република Македонија, со посебен осврт на „Стопанска банка АД Скопје”” | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет
„Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 31.01.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Војдан Карапетковски | Законската и институционалната рамка на правната заштита во системот на јавните набавки | Д-р Борче Давитковски |
| Даме Адамовиќ | Навремено откривање и сузбивање на процесот на перење пари кај трговските друштва, како и меѓународната соработка на Република Македонија со државите на Европската унија | Д-р Димитар Гелев |
| Маријана Лазова | Животно осигурување во Република Македонија и директивата на Европската унија за животното осигурување | Д-р Димитар Гелев |
| Даниела Божиноска | Правна регулација на просторното и урбанистичкото планирање | Д-р Димитар Гелев |
| Ведран Лаличиќ | Современи позитивно правни тенденции во работењето на трговските друштва во Република Македонија | Д-р Димитар Гелев |
| Ана Крстевска | Осигурување на стока во транспорт | Д-р Горан Коевски |
| Кристина Јовановска | Договор за превоз на стока во железничкиот сообраќај | Д-р Горан Коевски |
| Елена Начевска | Употребата на информатичката технологија во процесот на корпоративното управување | Д-р Александар Климовски |
| Маја Георгиевска | Кредитирање и наплата | Д-р |

| | | |
|---|---|---|
| | на проблематични кредити кај физички лица | Биљана Петревска |
| Стојан Трошански | Дипломатијата на балканските држави во однос на Република Македонија од Букурешт 1913 до Букурешт 2008 | Д-р Татјана Петрушевска |
| Маја Сиљаноска | Казненоправните аспекти на измама на купувач | Д-р Никола Тупанчески |
| Ирена Стефановска | Мултисекторска соработка и превентивни програми во работа со деца | Д-р Гордана Бужаровска |
| Марко Димовски | Притворот како мерка за обезбедување присуство на обвинетите во Основниот суд Скопје 1 во периодот од 2011 до 2013 година | Д-р Гордана Бужаровска |
| Катерина Ристеска | Казненоправна проблематика на абортусот – компаративна анализа на германското и новото македонско законодавство | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Анета Арнаудовска | Улогата и влијанието на активностите и препораките на ГРЕКО (Група на држави за борба против корупција при Советот на Европа) во насока на подобрување на превенцијата и борбата против корупцијата во Република Македонија, со акцент на казненото законодавство | Д-р Никола Тупанчески |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Дрита Ризвани | Надворешната политика на САД кон Албанија во периодот меѓу двете светски војни | **доц.д-р Мишо Докмановиќ** |
| Ариана Рамадани | Наворешната политика на САД, Регановата доктрина и крајот на Студената војна | **доц.д-р Мишо Докмановиќ** |
| Катерина Џунова | Влијанието на Византискиот Комонвелт врз македонското современо општество – религија и политика | **доц.д-р Иванка Додовска** |
| Антонио Гаврилов | Идеологијата на македонските политички партии | **проф.д-р Рената Дескоска** |
| Благица Сарџоска | Патентите за лекови и човековите права | **проф.д-р Валентин Пепељугоски** |
| Стерја Димов | Правото на изведувачите како сродно право во домашното и споредбеното право | **проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска** |
| Христина Стојановиќ | Споредбени аспекти на продуценскиот договор | **проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска** |
| Снежана Петреска | Остварување на заштитата на правата на трговските марки во Република Македонија | **доц.д-р Александар Стојков** |

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Кристина Арсова** | **Банкарски договор за кредит** | **проф.д-р. Димитар Гелев** |
| **Раде Магденовски** | **Факторингот како финансиска активност за финансирање на трговските друштва** | **проф.д-р. Димитар Гелев** |
| **Санела Стојаноска** | **Правната регулација на проценителите и утврдувањето на цената на недвижностите** | **проф.д-р. Димитар Гелев** |
| **Анета Божијанова** | **Мерки за заштита од семејно насилство** | **доц.д-р. Ангел Ристов** |
| **Синиша Тодоровски** | **Наследноправни договори** | **доц.д-р. Ангел Ристов** |
| **Филип Ристески** | **Модалитети на плаќање на цената според домашното право и Конвенцијата на ООН за договорите за меѓународна продажба на стоки** | **доц.д-р. Ненад Гавриловиќ** |
| **Наташа Јакимовска** | **Издвојување на имот од оставината во македонското право** | **проф.д-р. Дејан Мицковиќ** |
| **Марија Митевска** | **Утврдување на татковство во македонското и споредбеното право** | **проф.д-р. Дејан Мицковиќ** |
| **Андријана Терзиевска** | **Основни карактеристики на договорот за распределба на имот во текот на живот** | **проф.д-р. Дејан Мицковиќ** |
| **Александар Кордовски** | **Начела на семејното право** | **проф.д-р. Дејан Мицковиќ** |
| **Мартин Симоновски** | **Нови факти и нови докази како причина за повторување на парничната постапка** | **проф.д-р. Арсен Јаневски** |

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 31.01.2014 година

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р<br>Ариана Чосај Мустафа | Борбата против трговијата со луѓе во Европа – случајот на Косово | Д-р<br>Биљана Поповска<br>Д-р<br>Гордана Силјановска Давкова<br>Д-р Гордан Калајџиев |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**на 3СЕДНИЦА одржанана 22.01.2014 година**

| Ред. бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | МЕНТОР |
|---|---|---|---|
| 1. | Елена Анева | Менаџирање на професионалниот развој на наставниците во основното образование | проф. д-р Вера Стојановска |
| 2. | Биљана Утковски | Влијанието на социјалниот статус на партнерите врз задоволството од бракот | доц. д-р Иван Трајков |
| 3. | Александра Николоска | Екстрадицијата во Европската унија и во Република Македонија | проф. д-р Никола Тупанчевски |
| 4. | Дејан Кебакоски | Раноантички некрополи во Пелагонија (од VI до I век.п.н.е.) | доц. д-р Марјан Јованов |
| 5. | Елена Ангеловска | Фактори за задоволство од романтичните врски кај адолесценти од различен пол | доц. д-р Ана Фрицханд |
| 6. | Аделина Давидовска | Перцепција на емоционалната достапност на родителите, социоемоционално врзување и емоционална интелегенција кај адолесценти | доц. д-р Ана Фрицханд |
| 7. | Анита Зафировска | Венецијанско и дубровничко трговско присуство во Македонија во текот на XIV век | проф. д-р Бобан Петровски |
| 8. | Дијана Николовска | Компаративна анализа на системите за цивилна одбрана од Западен Балкан | проф. д-р Марина Митревска |
| 9. | Лилјана Трпчевска | Застапеност на менталните растројства кај учениците со интелектуална попреченост од посебните основни и средни училишта во Скопје | проф. д-р Горан Ајдински |
| 10. | Ена Абјаниќ | Идеите за постоењето и бесмртноста на душата кај Св. Аврелиј Августин и Св. Тома Аквински | доц. д-р Марија Тодоровска |
| 11. | Гордана Илковска | Пристапи во менаџирањето на човечките ресурси во македонски и странски компании | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 12. | Адмир Косоврасти | Емоционална интелегенција, перцепција на стрес и справување со стрес кај здравствени работници | проф. д-р Елена Ачковска-Лешковска |
| 13. | Елена Николовска | Синдромот на професионално согорување во јавниот сектор | проф. д-р Елисавета Сарџоска |
| 14. | Милена Камчева | Органи на управување и раководење во основните училишта од аспект на современо менаџирање | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 15. | Катерина Ташкова | Организација на здравственото воспитание и заштита во основното училиште | проф. д-р Анета Баракоска |
| 16. | Снежана Јовковска | Слободните ученички активности од областа на спортот и афирмацијата на учениците и | проф. д-р Анета Баракоска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | училиштето | |
| 17. | Гордана Симоноска | Придонесот на тимската работа за квалитетот на наставата во училиштата | проф. д-р Лена Дамовска |
| 18. | Лили Јанева | Европски политики на мали и средни претпријатија | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| 19. | Катерина Јакимовска | Обука и развој на човечките ресурси за работење во мултинационалните корпорации | проф. д-р Јован Пејковски |
| 20. | Ненад Стевковски | Заканите на сајбер-тероризмот врз глобалната безбедност во 21 век | проф. д-р Митко Котовчевски |
| 21. | Мирјана Маневска | Улогата на одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија | проф. д-р Оливер Бакрески |
| 22. | Даниела Велкова | Концептот на приватната безбедност низ призмата на приватното и јавно партнерство | проф. д-р Оливер Бакрески |

**Преглед**
**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на**
**Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Билјана Николовска Жагар | Воведување на систем на копетенции-предизвик за стучна и професионална јавна администрација во Република Македонија | Проф.д-р Јорде Јаќимовски |
| Никола Панов | Улогата на водството во унапредување на лидерските компетенции кај раководителите на граничната полиција во Република Македонија | Проф.д-р Васил Поповски |
| Александра Добревска | Организациската култура на основните училишта во општина Карпош | доц.д-р. Марија Топузовска Латковиќ |
| Кирил Поцев | Разлики помеѓу практиките на менаџмент на човечки ресурси во деловните субјекти со домашен и странски капитал во Република Македонија | доц.д-р. Марија Топузовска Латковиќ |
| Димитар Иванов | Влијанието на процесот на оценување на работниот учинок на вработените врз нефинансиските перформанси на компанијата | доц.д-р. Марија Топузовска Латковиќ |
| Маја Дреца-Ристески | Значењето на медиумите и информирањето за формирање на критичко мислење кај публиката | проф.д-р Петар Атанасов |
| Ивана Дамјановска | Значењето на комуникациските стратегии за организациите | проф. д-р Емилија Симоска |
| Весна Арсовска Динковска | Примената на односите со јавноста во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија | проф. д-р Емилија Симоска |
| Вања Вучиниќ | Улогата на водството во креирање на ефикасна организациска комуникација | Проф.д-р Васил Поповски |
| Магдалена | Системот за комуникација во услови на криза на | доц.д-р Елеонора |

| | | |
|---|---|---|
| **Михајловска** | **компаниите од енергетски сектор во Република Македонија** | **Серафимовска** |
| **Сихана Небиу** | **Мултикултурализмот и влијанието во бизнис секторот: Случај со Република Македонија и Босна и Херцеговина** | **проф.д-р Петар Атанасов** |
| **Тања Терповска Николиќ** | **Радикалните десни партии, идеологии, политичко дејствувања и нивниот подем во југоисточна Европа** | **доц. д-р Бојана Наумовска** |
| **Бети Коруновска** | **Компаративна анализа на моделите на мултикултурализам на Република Македонија Комонвелтот Австралија** | **проф.д-р Петар Атанасов** |
| **Џабир Емини** | **Проблемот на постоењето на политичкиот ислам** | **проф. д-р Славејко Сасајковски** |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИТИЧКИ И ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ПОВЕЌЕЕТАЖНИ КОНСТРУКЦИИ, СЕИЗМИЧКИ ЗАЈАКНАТИ СО БАЗНА ИЗОЛАЦИЈА“ ОД м-р КАДРИ МОРИНА, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 407. седница одржана на 26. XII 2013 година, нè именува за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Кадри Морина, дипл. град. инж., предавач на Градежно-архитектонскиот факултет на Универзитетот во Приштина, под наслов „Аналитички и експериментални истражувања на повеќеетажни конструкции сеизмички зајакнати со базна изолација“.

По прегледот на докторската дисертација, Комисијата го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кадри Морина, дипл. град. инж., предавач на Градежно-архитектонскиот факултет на Универзитетот во Приштина, е изложена на вкупно 217 нумерирани страници и содржи 283 графички прилози (фотографии, скици и дијаграми) и 3 табели. Трудот содржи листа на 23 цитирани референци.

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во земјите лоцирани во сеизмички активни региони, проектирање на сеизмички отпорни објекти, во практика се врши преку соодветни прописи и стандарди. Овие стандарди и прописи генерално се засновуваат врз прецизно нормативно дефинирање на сеизмичките товари и обезбедување конструктивниот систем да поседува задоволителен степен на јакост и дуктилност за успешно да ги прими генерираните сеизмички товари. Во случај на најсилни земјотреси, се дозволува да се случат и одредени оштетувања, но не треба да дојде до тотално рушење на објектите. Големината на сеизмичките товари зависи од карактеристиките на сеизмичката побуда и од деформабилноста на конструктивните елементи. Генерално, конструкциите со поголема дуктилност создаваат помали инерцијални сили.

Додека статичката стабилност на конструкциите се постигнува со јакоста на конструктивните елементи, за сеизмички оптоварените конструкции примарна е способноста за апсорпцијата на внесената енергија. За да остварува поголема апсорпција

на енергија, конструкциите мора да бидат проектирани така што во случај на силни земјотреси конструктивните елементи да работат во пластичното подрачје. Тоа значи дека така проектираните конструкции неизбежно претрпуваат оштетувања. Искуствата од земјотресите што се случија во поново време покажуваат дека и во земји во кои се применуваат современи принципи на асеизмичко проектирање, неизбежни се значајни оштетувања на конструктивните и неконструктивните елементи.

Овие фактори придонеле за создавање потреба од истражувачки активности за унапредување на класичните конструктивни системи со цел да се оствари нивна поуспешна сеизмичка заштита. Се истражуваат конструктивни мерки, кои би предизвикале намалување на количината на сеизмичката енергија која се аплицира на конструкцијата. Една од мерките за апсорпција и дисипација на внесената енергија е преку сеизмичката изолација. Со примената на сеизмичка изолација може да се постигне значителна редукција на сеизмичките сили, а притоа конструкцијата да остане во полето на еластичното однесување. Тоа е посебно значајно кај објектите од посебен интерес, за кои се бара да останат употребливи и по дејствувањет на силните земјотреси.

Контролата на динамичкиот одговор на конструкцијата преку сеизмичка изолација претставува нова филозофија за асеизмичко проектирање на конструкциите. Конструкцијата изложена на дејството на земјотреси, од пасивен објект се трансформира во активен субјект кој е способен да ги искористи сите свои карактеристики за да се спротивстави на сеизмичкото дејство.

Предмет на истражување во дисертацијата се системите за сеизмичка заштита на конструкциите од високоградбата, засновани на базна сеизмичка изолација.

Реализираните интегрални експериментални и аналитички истражувања претставуваат разработка на дел од патентиран општ GOSEB-систем и негова примена во сеизмичката заштита на објекти од високоградбата. Општиот систем, во рамките на истражувањата спроведени во дисертацијата, практично е применет на реални конструкции. Дефиниран е генерален концепт за сеизмичка изолација и сеизмичка заштита на објекти од високоградбата.

## 2. СОДРЖИНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Докторската дисертација е изложена во осум глави: (1) Предмет и цели на истражувањата, (2) Земјотреси и сеизмичност на Балканот и Југоисточна Европа, (3) Нелинеарни квазистатички тестови на физички модели на новиот GOSEB-ZK-систем за сеизмичка изолација, (4) Експериментални тестови на сеизмичка платформа на физики модел на зграда проектирана со примена на GOSEB-ZK-систем за сеизмичка изолација, (5) Моделирање и анализа на нелинеарен сеизмички одговор на зграда проектирана со примена на класичен рамковски конструктивен систем, (6) Моделирање и анализа на нелинеарен сеизмички одговор на одбраната зграда, проектирана со примена на систем на сеизмичка изолација, (7) Заклучоци и (8) Литература.

Во **Глава 2** накратко е изложен природниот феномен на појава на земјотреси и потребата од понатамошен развој на технологиите за сеизмичка заштита на зградите.

Во **Глава 3** се презентирани резултатите од експериментални квазистатички тестови на компонентите од новиот ГОСЕБ-ЗК-систем за сеизмичка изолација. Оригиналниот GOSEB-ZK-систем за сеизмичка изолација е развиен во рамките на еден поширок научноистражувачки проект.

Во **Глава** 4 е даден концизен преглед на извршените експериментални тестови на сеизмичка платформа на физички модел на зграда проектиран со примена на GOSEB-ZK-систем за сеизмичка изолација.

Во **Глава** 5, изложен е првиот дел од реализираните аналитички истражувања. Презентирани се резултати од извршената детална нелинеарна сеизмичка анализа на одбрана прототипска зграда, карактеристична за регионот на Косово, проектирана со примена на класичен рамовски конструктивен систем.

За адекватна споредба, во наредната **Глава** 6 се прикажани добиените резултати од извршената нелинеарна анализа на сеизмичкиот одговор на истата карактеристична прототипска зграда проектирана со примена на новиот GOSEB-ZK-систем за сеизмичка изолација.

Во **Глава** 7 се сумирани репрезентативни заклучоци од реализираните експериментални и аналитички истражувања.

Во последната **Глава** 8, дадена е листа на користената литература при реализација на сопствените истражувачки активности.

## 3. НАУЧЕН ПРИДОНЕС НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Во предметната докторска дисертација се изложени резултатите од извршеното експериментално и аналитичко компаративно истражување на однесувањето на армиранобетонска зграда, сеизмички зајакната со базна изолација. Како базна изолација е користен интегрираниот модел GOSEB-ZK, оригинално развиен во посебен научноистражувачки проект. Преку обемни аналитички и експериментални истражувања докажана е потенцијалната применливост на новиот GOSEB-ZK-систем за сеизмичка изолација на армиранобетонски рамковни конструкции на згради.

Реализираните интегрални експериментални и аналитички истражувања претставуваат обемна технолошка разработка на дел од патентиран општ GOSEB-систем. Дефиниран е генерален концепт за сеизмичка изолација и сеизмичка заштита на објекти од високоградбата со примена на GOSEB-ZK-системи за сеизмичка изолација и дисипација на сеизмичката енергија.

Извршените анализи покажуваат дека GOSEB-ZK-системот обезбедува сеизмичка заштита и контрола на динамичкото однесување на објектите од високоградбата и при најсилни сеизмички влијнија.

Истражувањето е поделено во две генерални целини, експериментално и аналитичко истражување.

За да се обезбеди ефикасен придонес на дисипаторите на сеизмичката енергија, тие треба да бидат проектирани со оптимално усогласена крутост, носивост и дуктилност.

Проектирањето на дисипаторите бара детално познавање на работата на неговите компоненти, како и на системот во целина.

Податоци за реалното однесување на предложениот систем за сеизмичка изолација, се добиени врз база на извршени квазистатички испитувања на изработени физички модели на компонентите на системот. Физичките експериментални модели се тестирани во рамките на една поширока експериментална програма. Со цел да се добие увид во влијанието на геометриските карактеристики, тестирани се вкупно 12 различни верикални компоненти. На тој начин се добиени податоци за однесувањето на дисипаторот при сеизмички влијанија. Овие податоци се искористени за верификација на формираните микро и макроаналитички модели на дисипаторот.

Во втората фаза на експерименталните истажувања, тестирано е однесувањето на прототипска зграда на сеизмичка виброплатформа при влијание на регистрирани силни земјотреси. Експериментално се верифицирани сеизмичките перфоманси на GOSEB-ZK-системот при силна сеизмичка побуда. Добиените резултати од експерименталните истражувања кои се детално изложени и анализирани во Глава 3 и 4 од дисертацијата даваат важни сугестии за формирање на математичките модели на сеизмички зајакнати објекти со базна изолација.

Аналитичките истражувања се спроведени во повеќе фази. Најнапред е дефиниран микромодел на дисипаторот на сеизмичката енергија. За да се согледа неговото реално однесување, изработени се математички модели за пооделните елементи, но и за дисипаторот во целина. Микромоделите се употребени за верификација на квазистатичките експериментални тестови. Резултатите добиени со микромоделот се искористени за формирање на макромоделот на дисипаторот. Макромоделот е значително поедноставен (што е особено значајно при неалинарни сеизмички анализи), но без значително намалување на точноста на анализата. Макромоделот е употребен во динамичката анализа на прототипот на зградата, експериментално тестирана на виброплатформата.

Во последната фаза на нумеричките истражувања разработен е математички модел за динамичка анализа на реална зграда. Со тоа е дадена практична димензија на извршените експериментални и нумерички истражувања. Изработените нумерички модели на предложениот GOSEB-ZK-систем за сеизмичка заштита овозможуваат употреба на конвенционалните компјутерски програми (SAP, SOFiSTiK, ANSYS …) за нелинеарна динамичка анализа на објекти од високоградбата.

Со користење на имплементираните математички модели на предложениот систем за сеизмичка изолација, како и спроведената анализа на реален објект од високоградбата, утврден е ефектот на зголемување на сеизмичката отпорност на конструкцијата со примена на GOSEB-ZK-систем за сеизмичка заштита. На тој начин и практично се прикажува апликацијата на избраниот модел за аналитичко пресметување на сеизмички зајакнати конструкции со базна изолација.

Книгите што ги има објавено д-р Катерина Петровска–Кузманова во извештајниот период можат да се поделат во три групи: првата група книги се однесува на фолклористичките истражувања, втората на релацијата фолклор-театар, а третата на теоријата на изведбата. Во правата спаѓаат монографиите: „Карневалите во Македонија“ и „Аспекти на изведбата“, во кои претставуваат грижливо избрана и конзистентно структуирана целина, која е интерпретирана и обработувана според важечките принципи кои се однесуваат на трудовите од овој вид. Монографиите се поткрепени со користење на современи методолошки постапки и теоретски размислувања од релевантни извори. Книгата „Карневалите во Македонија“ ја истражува современата состојба на карневалите кои денес се актуелни со посебен осврт на Вевчанскиот, Прилепскиот и Струмичкиот карневал. Во книгата „Аспекти на изведбата“, авторката ги истражува изведбените форми во фолклорот, при што ги презентира нејзините сознанија во однос на теориско-методолошките прашања, како и резултатите од досега објавените трудови, со што книгата претставува значаен придонес кон македонската фолклористичка наука. Втората група ја сочинуваат книгите: „Театарот и фолклорот“ и „Театролошки студии“, кои се однесуваат на релацијата фолклор-драма, односно фолклор–театар. Во книгата „Театарот и фолклорот“, примарна цел на авторката е приказ на различните форми на театарско живеење во Македонија и, особено, влијанието на фолклорот врз театарот и обратно, на театарот врз фолклорот како жив и постојан процес. Во книгата „Театролошки студии“, фокусот на авторката е ставен врз процесите кои ја обележуваат драмата и театарот во Македонија во различни периоди, кои авторката уште еднаш ги промислува и ги поттикнува прашањата како што се: врската на фолклорот со уметничкиот драмски текст, интертекстуалноста и интермедијалноста во театарот. Третата група ја сочинува книгата „Студии за перформативната уметност“, во која авторката се обидува барем делумно да ги објасни аспектите на студиите на перформансот, како и можност за проучување на широкиот спектар или континум на човековото однесување, од она што се нарекува изведба во секојдневниот живот преку обредите, театарот, паратеатарот, до визуелните уметности, токму преку истражувањето на резличните методи и теории, како и нивната примена, во современите уметнички изведби.

**Предлог**

Од извршениот увид во научната и пошироката дејност на д-р Катерина Петровска – Кузманова, Рецензентската комисија смета дека во предвидениот конкурсен рок кандидатката покажала интерес, афинитет и посебен однос кон фолклористиката, особено во делот на народната драма, истовремено работејќи на проблемите поврзани со односот на фолклорот и уметничкиот драмски текст, како и на врската на фолклорот со театарот. Рецензентската комисија посебно го апострофира и го цени успешниот приод кон објаснувањето на фолклорниот и уеметничкиот перформанс. Оваа проблематика несомнено го барала своето место во пошироката тематска фолклористичка наука. Најновите објави на Катерина Петровска – Кузманова го привлекоа вниманието и на пошироката научна и уметничка читателска публика. Со тоа исполнила еден значаен дел од соодветната научна област и сметаме дека реизборот на д-р Катерина Петровска – Кузманова ги задоволува пропишаните критериуми по сите основи. Во таа смисла, имаме чест да му предложиме на Советот на Институтот за фолклор “Марко Цепенков“ во Скопје, да ја избере кандидатката во звањето **научен советник** на работното место **истражувач на народната драма**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Д-р Вера Стојчевска – Антиќ, редовен професор, с.р.

2. Д-р Ермис Лафазановски, редовен професор, с.р.

3. Д-р Родна Величковска, научен советник, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Катерина Методија Петровска - Кузманова**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Институт за фолклор „Марко Цепенков"- Скопје**
(назин на факултетот/институтот)
**Научна област: народна книжевност, народна драма**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Настава и колсултации од прв и втор циклус студии | Поени |
|---|---|---|
| | Учебна2009/2010; 2010/2011; 2011/2012; 2012/203 | |
| 1. | Предавања од втор циклус студии: светска фолклористика - зимски семестар - 2*15*0,05*4 | 6 |
| 2. | Предавања од втор циклус студии: етнотеатрологија - зимски семестар - 2*15*0,05*1 | 1,5 |
| 3. | Предавања од втор циклус студии: македонски фолклор - зимски семестар - 2*15*0,05*1 | 1,5 |
| 4. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација - 0.2*2*1 | 0,4 |
| | | |
| | **Вкупно** | **8.4** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Објавени монографии, трудови, проекти, учество на научни собири, секциско предавање, менторство | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на два (2) докторанти - 3*2 | 6 |
| 2. | Раководител на национален научен проект - 6*1 | 6 |
| 3. | Учесник во национален научен проект - 3*2 | 6 |
| 4. | Монографија - 8*4<br>1. Карневалите во Македонија", Институт за фолклор „Марко Цепнков" , Скопје, 2008 (2009)<br>2. „Театарот и фолклорот", Маска, Скопје, 2009,<br>3. „Аспекти на изведбата", Институтот за фолклор „Марко Цепнков" , Скопје, 2009<br>4. „Театролошки студии", Маска, Скопје, 2012 | 32 |
| 5. | Дел од научна книга 4*1<br>1. „Студии за перформативната уметност", Маска, Скопје, | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2013 | |
| 6. | Трудови со оригинални научни резултати објавени во научни/ стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор - 6*16<br>1.„Ликовите во македонските обредни игри со маски", Спектар, бр. 53, Институт за македонска литература, Скопје, 2009, стр. 87-103.<br>2. „Текстот и јазикот во обредите со маски", Филолошки Студии, 7, т.1, Перм, Скопје, Љубљана, Загреб,. 2009, 223-242, http://philologicalstudies.org/<br>3. „Фольклор у сучасний македонський драматургиї", *Народна творчисть та етнография*, 3/2009, Национална Академија Наук Украïни, Институт мистецтвознанства, фолклористики та етнологиï им М. Т. Рильського, Киïевський национальний университет им Т. Шевченка, Мижнародна асоциация украïнских етнологив, Киев, 93-98.<br>4. „Интерпретации. Црна Арапина како фигура на меморијата", Културен живот, бр.3-4, Скопје, 2009, 126 -128,<br>5.„Фолклорот и мултикултурната театарска практика", *Македонски фолклор,* 67, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје, 2009, 11-20.<br>6. „Фольклор у сучасний македонський драматургиї", *Народна творчисть та етнография*, *Сучасна Зарубiжна, етнологiя (антологiя),Т.1,* Национална Академија Наук Украïни, Институт мистецтвознанства, фолклористики та етнологиï им М. Т. Рильського, Киïевський национальний университет им Т. Шевченка, Мижнародна асоциация украïнских етнологив, Киïв, 2010, 735- 744.<br>7. "The Black Arab as a Figure of Memory", *Narodna umjenost* Institut za etnologiju i folkloristiku, Zagreb, 47/2, 2010, 255-257<br>8. "Драмата како сценска метафора", Филолошки Студии, 8, т.1, Перм, Скопје, Љубљана, Загреб, 2010, 85-97, http://philologicalstudies.org/<br>9. „Истражување на перформансот во фолклорот", *Спектар* 56, Институт за македонска литература, Скопје, 2010, 158-167.<br>10. „Карневалите во Македонија – традиција и современост", *Спектар* 57, Институт за македонска литература, Скопје, 2011, стр. 65-74.<br>11. **„**Интермедијалноста во македонскиот театар**",** „Poznańskie Studia Slawistyczne" 2. Adam Mickiewicz Uniwersity Press, Poznań 2012, 251-261.<br>12. „Истражувања на народната драма во Македонија",Филолошки Студии, 9, т. 1, Перм, Скопје, Љубљана, Загреб, 2011, http://philologicalstudies.org/ .<br>13. „Фолклористичките погледи на Костантин Миладнинов", Филолошки Студии, 10, т.1, Перм, Скопје, Љубљана, Загреб, 2012. 107-115, http://philologicalstudies.org/.<br>14. „Велигденски игри – етнотеатролошки осврт", *Спектар* 60, Институт за македонска литература, Скопје, 2012, 111-119.<br>15. „Тетараските идеи на Аугуст Стриндберг одрезени во неговите драми", Театарски гласник, Скопје, 2012, 75-78. | 96 |

| | | |
|---|---|---|
| | 16.. "Transformation of Folk Motifs in Contemporary Drama", B.A.S.I.S, vol. 9,. Trier: Wissenschaftlicher Verlag, 2013, 27-36. | |
| 7. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од научен собир во странство - 2*5<br>1."Žene i mediji", *Zbornik radova Marija Jurić Zagorka , život i djelo*, Zagreb, 2009, 263-273.<br>2. „Истражувачката историја на народната драма во балканската фолклористика", Bałkański folklor jako kod interkulturowy, Univerzitet Adama Mickiewicza w Poznanu, Poznań, 2011, 25-35.<br>3. „Карневалите во македонската и хрватаската традиција", Hrvatko-makedonske književne, jezične i kulturne veze, Filološki fakutet, Rijeka, 2011, 517 – 525.<br>4.„Интеркултурално читање на „Травничка хроника"", Zbornik radova, Prva međunarodna znanstvena konferencija u oblasti knjiţevnosti i jezika , Travnik, 8. – 9. novembar/studeni 2012. (Edisa Gazetić, Dţenan Kos.), Travnik : Univerzitet, Edukacijski fakultet, 2013, 77-85.<br>5. "The ideas of August Strindberg for transformation of the theater and their reflection in his plays", *Strindberg on International Stages and Strindberg in Translation* Cambridge Scholars Publishing, 2013, 11-20. | 10 |
| 8. | Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник од научен собир во земјава - 1*8<br>1. „Русалиите во македонската и во хрватската фолклористика", *Зборник Македонско-хрватски културни врски,* Институт за македонска литература, Скопје, 2009, 91-99.<br>2.„Дострелите на македонската драматургија во 21 век", Меѓународен македонистички собир, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2010, 657-669.<br>3.„Локално, регионално и глобално во народната драма", Меѓународен семинар за македонски јазик литература и култура, XXXVI научна конференција ; Литература, Охрид, 24-25. 08. 2009, Скопје, 2010.<br>4. „Руските автори на театарските сцени во Македонија (1914-1944)", Зборник Македонија и Русија /СССР (историја-политика – култура) –материјали од македонско- рускиот научен собир, охрид 17-18.09.2008, МАНУ – РАН – институт славистика, Скопје, 2011,181-191.<br>5. „Српските фолклклористи за Македонија", Битола- тема за културно и уметничко творештво на автори од Р. Македонија и Р. Србија, Зборник на трудови од Меѓународен научен собир, Битола, 2012, 135-143.<br>6. „Влогот на Конески во македонската фолклористика" Зборник од Меѓународниот научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура", Филолошки факултет, Институт за македонски јазик, Институт за македонска литература, Скопје, 2012, 545-551. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 7. „Мстото на фолклорот во творештвото на Јордан Хаџи Константинов- Џинот“,Друштво за наука и уметност, Велес, Велес,XVI бр. 16, 2012, 23-29.<br>8. „Велигденските игри во Порече во фолклористичките истражувања“, Зборник 105 години од раѓањето на Јозеф Обремски, Институт за старословенска култура-Прилеп, Институт за старословенска филологија – Познањ, Прилеп – Познањ, 2013, 137-145. | |
| 9. | Учесник на меѓународен научен симпозиум (во странство)- 3*7<br>1. The Seventh international Congress on Turkish culture “Istanbul in Turkish abnd Woeld Culture” , Ankara 06-10. 10. 2009 -“Istanbul in the poems of macedonian poets”<br>2. International Interdisciplinary Symposium »What to Do with Folklore?«, Glasbenonarodopisni inštitut ZRC SAZU, Ljubljana, 24-28 09. 2009, “Transformation of Folk Motifs in Contemporary Drama”<br>3. Znanstveni skup “Marija Jurić Zagorka – Život, djelo, naslijeđe” (Centar za ženske studije, Odsjek za komparativnu književnost Filozofskog Fakulteta u Zagrebu) 28-29.11. 2009, Istraživanje povijesti kroz ženske priče<br>4. Međunarodni znanstveni skup, Hrvatsko-makedonske književne, jezičke i kulturne veze, Rijeka, 23-25.04. 2011, Карневалите во македонската и хрватаската традиција<br>5. „Bałkański folklor jako kod interkulturowy“, Univerzitet. Adama Mickiewicza w Poznanu, Poznań, 28 -29. 03. 2012 "Аспекти од истражувањата на машките поворки Русалии",<br>6. International Interdiscplinary Scholarly Symposium, Culture during the World War Two 1939 – 1945, Maribor, 7 – 8 June 2012 , „Theatre in Macedonia (1939-1945)“<br>7. Prva međunarodna znanstvena konferencija u oblasti knjiţevnosti i jezika , Travnik, 8. – 9. novembar/studeni 2012. „Интеркултурално читање на ТРАВНИЧКА ХРОНИКА“ | 10 |
| 10. | Учесник на меѓународен научен симпозиум (во земјата, пленарно предавање)- 3*11<br>21. Македонско – украинска научна конференција, МАНУ, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Националната академија на науките -Украина, Штип, 1-3, 10, 2010 тема: „Вертепот во македонската и украинската традиција“,<br>22. Меѓународен научен симпозиум по повод 30 години од основањето на Институтот за старословенката култура-Прилеп и 105 години од раѓањето на Јозеф Обремски, 15-17. 9. 2010, тема: „Велигденските игри од Порече во фолклористичките истражувања“.<br>23. Втор меѓународен научен симпозиум „Духовната и материјалната култура во претхристијанскиот и христијанскиот период на територијата на Македонија“, Самоков, 14-16.9.2011, тема: „Народната драма Вертеп“.<br>24. Меѓународен научен собир, Битола, Битола - тема за културно и уметничко творештво на автори од Р. Македонија и Р. Србија, Битола, 21-22.10. 2011 тема: | 33 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Српските фолклклористи за Македонија“.<br>25. Меѓународен научен собир, Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија, Битола, 31. 5.-1.06.2013 тема: „Маските и маскирањето некогаш и денес“.<br>26. Симпозиум „Браќа Миладиновци и времето на македонската преродба од 19-век“, Струга 16 - 17. 09. 2011 тема: „Фолклористичките погледи на Костантин Миладнинов“.<br>27. Научен собир „Јордан Хаџи Константинов – Џинот – живот и дело“, Велес, 2. 12. 2011 тема: „Мстото на фолклорот во творештвото на Јордан Хаџи Константинов-Џинот“.<br>28. Трибина одржана во рамките на Републички фестивал за народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“, Долнени, 2012, со предавање под наслов: „Фолклорот и неговата сценска изведба “.<br>29. Трибина одржана во рамките 47 Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“, Прилеп, 5. 6. 2012, со предавање под наслов: „Театарот и новите форми“.<br>30. Семинар „Културно наследство без граници“, 13-14. 9. 2013, Св. Јоаким Осоговски – Кр. Паланка, тема: „Локалното регионалното и глобалното во фолклорот“,<br>31. Трибина одржана во рамките на Републички фестивал за народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“, Долнени, 2013, со предавање под наслов: „Чување и истражување на фолклорот преку изведбата“. | | |
| 10. | Учесник на меѓународен научен симпозиум (во земјата, секциско предавање)- 2*9<br>1. Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, XXXVI научна конференција за литература, Охрид, 24-25. 8. 2009, „Локално, регионално и глобално во народната драма“.<br>2. Четврти меѓународен конгрес, „Исламската цивилизација на Балканот“, МАНУ, Скопје, 13-17. 10. 2010, тема: „Мултикултурните вкрстувања во македонската драма и театар“<br>3. Меѓународен семинар за македонски јазик литература и култура, XXXVIII научна конференција за литература, Охрид, 14–15 јули 2011, „Улогата на браќата Миладиновци во развојот на фолклористиката во Македонија“.<br>4. Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“, 15-16. 12. 2011, Скопје, тема: „Влогот на Конески во македонската фолклористика“. | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. Меѓународен научен симпозиум „Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура“, Скопје, 7-8 ноември 2011, тема: „Карневалите во Македонија – традиција и современост“.<br>6. V Македонско-руска научна конференција, Охрид 17-19 јуни, 2012. година, со реферат под наслов: „Николај Кољада на македонската театарска сцена“.<br>7. IV Меѓународен научен собир „Макдонско-хрватски книжевни културни и јазични врски“, Охрид, 27 - 29. 9. 2013 со тема: „Етнотеатролошки истражувања македонско - хрватски паралели“.<br>8. Прва годишна конференција на ЦККС, „Културна меморија“, 5-7. 9. 2013, Скопје, тема: „Обредите со маски и популарната култура“.<br>9. Меѓународна научна конференција, „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици“, 21-22. 11. 2013, Скопје, тема: „Обредните маскирани поворки во Македонија и нивната заштита како културно наследство“. | |
| | **Вкупно** | **175** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Уредник на списанието „Македонски фолклор“, 2009/2013, 2013...1*6 | 6 |
| 2. | Претседател на Организациониот одбор на Научениот собир „Јордан Хаџи Константинов – Џинот живот и дело“ 1*2 | 2 |
| 3. | Член на институтска комисија 0,5*6 | 3 |
| 3. | Член на Македонскиот славистички комитет ,2010-2013 | 1 |
| 4. | Учество во комисија за звање - 0,2*2 | 0,4 |
| 5. | Член на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, 2009-2013 | 1 |
| 6. | Претседател на комисија за самоевалуација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ | 1 |
| 7. | Претседател на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, 2013 | 1 |
| | **Вкупно** | **15,4** |
| | Професионални референци на кандидатот за избор во звање | |
| | Професионални референци на кандидатот за избор во звање | |

| | | |
|---|---|---|
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 175 |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 8.4 |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 15,3 |
| | **Вкупно** | **198,7** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Д-р Вера Стојчевска – Антиќ, редовен професор, с.р.

2. Д-р Ермис Лафазановски, редовен професор, с.р.

3. Д-р Родна Величковска, научен советник, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ЗА РАБОТНОТО МЕСТО ИСТРАЖУВАЧ НА НАРОДНАТА ПРОЗА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, на седницата одржана на 15.1.2014 година, донесе Одлука бр. 02-25 за формирање на Рецензентска комисија за преизбор на научен советник за работното место истражувач на народната проза, по конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија“на 23.12.2013 година. Комисијата во состав: проф. д-р Александар Прокопиев, научен советник во Институтот за литература, проф. д-р Весна Петреска, научен советник и проф. д-р Клеанти Ановска, научен советник во Институтот за фолклор, по пријавата на проф. д-р Ермис Лафазановски, научен советник во Институтот за фолклор, како единствен кандидат го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Д-р Ермис Лафазановски е роден на 8 декември 1961 година во Клуж, Романија. Основно училиште заврши во Брашов, Романија и во Скопје, а гимназија во Скопје. Во 1989 дипломирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конски“, на групата југословенска книжевност. Од 1991 година работи во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, на работното место истражувач на народната проза. Во 1993 година магистрирал во Загреб, Р. Хрватска на Филозофскиот факултет, со темата *Влијанието на народните приказни врз современиот македонски роман*. Во Институтот за фолклор ги завршил и своите докторски студии на тема „Создавањето на светот и животот во македонските космогониски легенди“ и ја одбрани својата докторска дисертација во 1997 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Филолошки факултет „Блаже Конески“. Во истата година следел избор во повисоко звање научен соработник, а во 2000 година е избран во звањето виш научен соработник. Во 2005 се здобива со звањето научен советник.

Во рамките на својата научна дејност во Институтот, д-р Ермис Лафазановски има учествувано и како главен истражувач и како учесник, во регионални и индивидуални научни проекти планирани во годишните програми на Институтот. Забележлива е неговата заложба во собирањето на теренските фолклорни материјали, со посебен акцент врз народната проза, при што има собрано и документирано голем број аудиовизуелни податоци (магнетофонски ленти, видеоленти).

Д-р Ермис Лафазановски има реализирано повеќе студиски престои во странство, и тоа во: Јоенсу, Финска (1995), каде што бил вклучен во специјализиран курс по фолклор и визуелна антропологија, Катедрата за источно европска литература во Чикаго, САД, (1995), Катедрата за книжевност на Филозофскиот факултет во Загреб, Хрватска (2006), Osteuropa Institut FU Berlin Germany (Слободниот универзитет во Берлин, Германија), (2008), University of Graz, Austria (Катедрата за историја на Југоисточна Европа во Грац, Австрија

(2008), Катедрата за антропологија и етнологија во Белград, Србија (2009), Катедрата за Историја во Кишинев, Молдавија (2009).

Во Институтот за фолклор, покрај научно -истражувачката дејност, ангажиран е и на постдипломските студии по фолклористика како наставник на неколку предмети: светска фолклористика, урбан фолклор и народна проза. Во Институтот за фолклор од вработувањето до денес учествува и во повеќе тела, како што се член на Советот на Институтот, уредник на списанието „Македонски фолклор“, раководител на Одделот за литература, раководител на регионални проекти, член на Одборот за организирање на Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор, како и во голем број на комисии за избор и преизбор во звања, во комисии за одбрана на магистерски тези и ментор на докторска теза.

Во последните неколку години е ангажиран на Американ колеџ во Скопје како визитинг -професор по неколку предмети од областа на методологијата на научната работа.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

**Учество во проекти**

Научноистражувачката дејност на д-р Ермис Лафазановски опфаќа повеќе области како што се народната проза (легендите, волшебните народни приказни) урбаниот фолклор, фолклорот и идентитетот, врските меѓу фолклорот и литературата, етнографија на литературата и др. Во врска со овие негови пошироки интереси, во рамките на Институтот е активно вклучен во поголем број на проекти како домашни така и меѓународни, во кои се јавува и како раководител на проект и како учесник. Од најзначајните проекти можат да се споменат следниве:

**Раководител на меѓународен проект**

*„Ambiguous identities and Nation Building in Southeast Europe* (2007-2009) – Меѓународниот проект беше реализиран во соработка со една домашна и две странски институции: Osteuropa Institut FU Berlin (Germany), University of Graz (Austria) и Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, каде што д-р Ермис Лафазановски беше главен координатор и раководител на проектната група од Македонија.

**Раководител на домашни проекти**

1.Урбан фолклор ( 2004-2006)

2. Антропоморфните елементи во македонската народна орнаментика и прозниот фолклор ( 2009-20011)

**Учесник во странски проекти**

*Macedonina Land Region, Borderland*, -проект на Faculty of Art Liberales , University of Warsaw, 2012-2013

**Учесник во домашни проекти**

*„Фолкорното наследство: истражување и дигитализација* ( 2009-2011)

*Имагинарното во балканските литератури* ( 2004-2006)

**Учество на меѓународни научни собири**

Во периодот помеѓу двата избора, д-р Ермис Лафазановски има учествувано на повеќе меѓународни научни собири каде што ги презентираше неговите трудови

не само од областа на фолклористиката, туку и од поширокиот опсег на неговиот интерес:

**во странство**

1. Urban Life and culture in southeastern Europe, Belgrade 26-29, 2006. „Scopje: Nostalgic Places and Usopian spaces.

2. 4 th, InASEA conference Region, Regional Identity and Regionalism in southeastern Europe”, Timisoara, Romania, 24-27 May 2007. “The new Macedonian regional identity between virtual narratives and academic discourse”

3. History and collective memory in Southeastern Europe , Kisinev, Modova, 21-24 November 2007 „History and collective memory in Macedonia“.

4. Who is afraid of literature?, Vilenica, Slovenia, 5-9 September 2007

5. 6th International congress on the Turkish Culture, Ankara, Turkey 2009. Istanbul: „From Oral Narratives to Contemporary Macedonian Literature“.

6. , 6th InASEA conference “*Southeast European (Post) Modernities*”, Regensburg, Germany, April 28—May 1, 2011 Rebuilding the institutional ruins:”Attacks”, “Resistance”, and post socialist institutional changes in nation building processes in Republic of Macedonia

7. “Macedonia, land, borderland”, “Institute of interdisciplinary studies” Artes Liberales, Warsawa, Poland, 2012 14-17 .10.2012 “The Aegean Issue and Its Influence on forming Contemporaru Macedonian National Identity ( 1948-2010),

8. Festivalului Internaţional “Zile şi Nopţi de Literatură”, Neptun, Romania, 8.24.6.2008Dspre viitorul literature,

9. New and Ambiguous Nation-building Processes in South-eastern Europe Кишинау 2009, Молдавија, 14-18, .10.2009 *“The role of Krste Petkov Misirkov in Moldavian and Macedonian nation building processes “*

**10.** *Institutionalization of folklore “culture” and official representation of folklore/history after 1945*, **Грац, Австрија 28.– 04.03.2007 “** *Folklore and state”*

11 The 72 world Pen congress in Berlin, Germany 22-28.05.2006.“Writing in the world without peace”

12. Ambiguous identity in Southeastern Europe, Berlin, Fu, 1007: Macedonian identity.

**во земјата:**

13. Научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 2012 „Етнографската меморија на Петре М. Андреевски: прилог кон проучувањето на етнографијата на македонската литература“

14. Иконоликот на Св. Климент Охридски, НУБ, Скопје 2011. „Типолошка и мотивска класификација на преданијата за Свети Климет Охридски“

15.XLV летна школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 22 јуни -5 јули 2012 :„Вовед во етнографијата на македонската литература“

16.XVII меѓународен симпозиум за балкански фолклор, Октомври 2008,Охрид: *Фолклорот и процесите на национална изградба*.

17. Балканската слика на светот: МАНУ, 506 декември 2005: „Граница периферија, маргиналност".

**Предавања по покана**

**1.** На покана на Филозофскиот факултет во Загреб, Хрватска, одражал предавање на тема: Македонските космогониски легенди, на Катедрата за литература, 3-7 ноемјври 2006.

2. На покана на Културниот центар од Нови Сад, одржал предавања во неколку културни институции, меѓу кои Домот на културата и гимназијата „Јован Јовановиќ – Змај", на тема: „Литературата и дигиталниот свет", 17-20 април 2007

3. На покана на Саемот на книгата од Истра, во Домот на културата и на други места во Пула, одржал предавање на тема "Проблемите на современата балканска проза"

4. Предавање одржано на XLV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик литература и култура, 22 јуни 2012: Вовед во етнографијата на македонската литература

**Студиски престој**

Во периодот меѓу двата избора, д-р Ермис Лафазановски има реализирано неколку студиски престои:

1. Студиски престој на Слободниот универзитет од Берлин, во врска со реализацијата на темата „Амбигвитетни идентитети во Југоисточна Европа", во 2007.

2. Студиски престој на Универзитетот во Грац, на Катедрата за историја на Југоисточна Европа, во врска со реализацијата на темата „Амбигвитетни идентитети во Југоисточна Европа", во 2008.

3 Студиски престој на Катедрата по историја во Кишинев, Молдавија, во врска со реализацијата на темата „Амбигвитетни идентитети во Југоисточна Европа", во 2009.

**Објавени трудови**
**Монографии:**

- „Митови за создавањето на светот", Институт за фолклор, Скопје, 2006: „Егзодусот на Македонците од Грција: Женските приказни за Втората светска војна и нивниот егзодус", Лидија Стојановиќ – Лафазановска, Ермис Лафазановски : Евро Балкан 2008.

**Уредник на книга:**

- Ехото на нацијата, Темплум, 2009.

**Одредница во светска енциклопедија**

*The Greenwood encyclopedia of world folklore and folklife,* ed. by William M. Clements, Volume nr.3, Europe, Westport, Conneticut London 2006p *Macedonian folklore, in* 370-378,

**Дел од монографија:**

1. „Етнографскиот опис и литературниот дискурс“ во Реално/имагинарно, приредила Јасмина Мојсиева Гушева, Дијалог 2006.

2 „Архитектурата на noќните куќи ( Елијаде и Урошевиќ), во Имагинарното во балканските литератури, приредила Јасмина Мојсиева гупева, Институт за македонска литература Скопје, 2006, стр. 11-31

3. „ Типолошка и мотивска класификација на преданијата за свети Климент Охридски“, во Иконоликот на свети Климент Охридски, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климет Охридски“ – Скопје, 2011.

**Оригинални научни статии**

*1.* Skopje: Nostalgic Places and Utopian Spaces, во Urban Life and Culture in Southeastern Europe, ed. Klaus Roth, Ulf Brunbauer, Ethnologia Balkanica 10/2006, München 2006 p. 63-75

2. The Aegean Issue and Its Influence on Forming Contemporary Macedonian National Identity ( 1948-2010), во„ Macedonia Land Region Borderland“, Colloquia Balkanica Volume 2,Warsaw 2013, стр 365-387

3. The Intellectual as Place of Memory: Krste Petkov Misirkov's Role in the Macedonianand Moldavian National movements (1944-1990), во The ambiguous Nation, Case studies from Southeastern Europe in the 20th Century, ed. Ulf Brunnbauer and Hannes GRadits,

4. Between Turkish and European coffe> Rural – Urban cultural integration in Turkish bazaar in the city of Skopje, in 6 th International Congress on Turkish Culture, Ankara 2009, p1853-1859\

5 Балканската слика на светот: МАНУ, 506 декември 2005: *Граница периферија, маргиналност, 161-168.*

6. „Етнографската меморија на Петре М. Андреевски: прилог кон проучувањето на етнографијата на македонската литература, Зборник од XXXVIII научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2012 стр. 175-182.

**Наставнообразовна дејност**

1. Во рамките на постдипломските студии по фолклористика во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, д-р Ермис Лафазановски од 2008 до 2012 година беше ангажиран со 30 часа во зимскиот семестар предавања по предметот Светска фолклористика.

2. Како професор на Факултетот за архитектура и дизајн на Американ колеџ во Скопје, д-р Ермис Лафазановски е ангажиран со следниве предмети:

- методологија на научно истражување, број на часови - 45 во летниот семестар за академска 2012/2013 година;

- визуелна реторика, број на часови - 45 во зимскиот семестар, академска 2012/ 2013

- културолошки теории на архитектурата, број на часови - 45 во летниот семестар, академска година 2012/ 2013

Во рамките на наставно -образовната дејност има издадено три електронски скрипти за студентите од Факултетот за архитектура и дизајн на Американ колеџ - Скопје 1. Методологија на научното истражување; 2. Визуелна реторика и 3. Културолошки теории на архитектурата.

Бил член на комисии за подобност и одбрана на неколку магистерски и докторски тези:

**Ментор на докторска дисертација**

Марија Кукубајска „Смртта и вечноста во народните приказни од САД и Македонија", одбранета во Институтот за фолклор, Скопје, 2009

**Член на комисија за оценка и одбрана на магистратура**

Кристина *Димовска Поимите херој и хронотоп во три средновековни епа – Песна за Роланд, Слово за походот Игорев и епскиот циклус за Крале Марко*, одбранета на Филолошкиот факултет „Блаже Конески " во Скопје, 2012

**Член на Комисија за оцена и одбрана на докторат**:

1. Соња Здравковска Џепаровска „Аспекти на перформативната кинестетика", одбранета на Институтот за драмски уметности во 2009

2. Етем Бајмак „Народните преданија кај Турците од Косoсво и Македонија" одбранета во Институтот за фолклор Скопје, 2012.

3. Јасмина Ристовска Пиличкова „Македонската традиционална текстилна орнаментика – класификација, типологија и семиотика на ликовните елементи ", одбранета во Институтот за фолклор, 2013.

**Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност**

**Раководител на внатрешна координациона единица:**

- раководител на Одделот за народна литература во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје.

**Член на факултетска комисија**

- Член на комисијата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"за избор во звање на Нина Анастасова Шкрињариќ:

- Член на Комисијата за одбрана на магистерскиот труд на Кристина Димовска на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"во Скопје

**Член на тела и комисии во Институтот за фолклор**

- член на Советот на Институтот за фолклор;

- член на Редакција на списанието „Македонски фолклор";

- член на Комисија за формирање на студии од втор циклус по фолклористика ( 2011);

- член на Колегиумот за организирање на постдипломски студии во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ ( 2005).

- член на Одборот за организација на 16 Меѓународен симпозиум за балкански фолклор ( 2006);

- член на Комисија за самоевалуација на постдипломски студии при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“;

- член на Комисија за самоевалуација за постдипломски (магистерски) и докторски студии при Институтот за фолклор “Марко Цепенков”, (2007);

- член во над десет комисии за избор и реизбор во звања.

**Координатор на студиска програма:**

- раководител на постдипломските студии по фолклористика во Институтот за фолклор „ Марко Цепенков“ во Скопје

**Учество во комисии и тела на државни и други органи**

- член на Советот за македонски јазик, при Министерството за култура на Република Македонија;

- член на Одборот за доделување на 13 - ноемвриската награда, на град Скопје;

- член на Одборот за доделување на наградата „23 Октомври“ при Министерството за култура на Република Македонија.

**Превод на книги:**

1. Михаел Митераурер:Европското семејство, превод од германски јазик, Слово, Скопје, 2005.
2. Миреча Картареску, „Носталгија“, превод од романски јазик, Икона. Скопје, 2012
3. Лучијан Дан Тодоровиќ, “Другите љубовни приказни“, превод од романски јазик, Икона - Скопје, 2013
4. Мирчеа Картареску, „ Заслепување – лево крило“,превод од романски, Икона – Скопје 2014.

**Награда за научни постигнувања**

- Награда „Гоце Делчев“ за делото „Фолклорот на охридско - струшкиот регион“, 2007 ( учесник во тим).

**З А К Л У Ч О К**

Според доставените податоци од научностражувачката, наставно - образовната и стручно - апликативната дејност на проф. д-р Ермис Лафазановски, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот во периодот помеѓу двата избора забележува прогрес во специјализираните области во доменот на неговиот научен интерес како што се фолклористиката, антропологијата, народната

литература и филологијата. Тоа особено се истакнува преку неговите обиди во специјалистичката област со која се занимава да внесе иновативни методи на истражување кои, покрај локалното, ќе имаат и меѓународно значење.

Д-р Ермис Лафазановски е веќе потврден во нашата фолклористичка и филолошка наука како мулдтидисциплинарен истражувач, чии интереси ги надминуваат тесните граници на специјалистичката област, односно фолклористиката. Неговата научна дејност покажува константен прогрес и развој особено во откривањето на најдлабоките структури на нашата традиционална мисла пренесена на поширок план врз националниот идентитет. Објавените книги, монографии, научни трудови, учествата на меѓународните и домашни конгреси и симпозиуми помеѓу двата избора го потврдуваат неговиот постојан интерес кон примена на најновите светски сознанија во неговата научна работа. Освен тоа, неговото залагање во наставно-образовната насока, претставува уште еден показател за неговата нескриена амбиција новостекнатите сознанија да им ги пренесе и на младите генерации.

Врз основа на горе изнесеното, а имајќи ја предвид систематичноста, научната посветеност и оригиналноста во научното истражување на д-р Ермис Лафазановски, Комисијата има чест да му предложи на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, д-р Ермис Лафазановски да биде реизбран во звањето научен советник.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Александар Прокопиев**

______________________________ с.р.

**Проф.д-р Весна Петревска**

______________________________с.р.

**Проф д-р Клеанти Ановска**

**______________________________с.р.**

**АНЕКС 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **д-р Ермис Илија Лафазановски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Институт за фолклор “Марко Цепенков “ - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** фолклористика, етнологија, антропологија и социологија

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија (детални податоци во текстуалниот дел) 2*8 | 16 |
| 2. | Дел од монографија 3*4 | 12 |
| 3. | Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно –стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор (детални податоци во текстуалниот дел, 6*4 | 24 |
| 4. | Национален координатор на меѓународен проект | 6 |
| 5 | Учество на научен собир со реферат ( во странство 12*1.5, во земјата 5*1.5) | 25.5 |
| 6. | Раководител на национални научни проекти (детални податоци во текстуалниот дел, 2*4 | 8 |
| 7. | Учесник во меѓународен научен проект (детални податоци во текстуалниот дел 1*3 | 3 |
| 8. | Предавање по покана од научна институција (детални податоци во текстуалниот дел) | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Награди-признанија за научни постигања (детални податоци во текстуалниот дел) 1*2 | 2 |
| | | **108.5** |

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ( НАСТАВНО-НАУЧНА) ДЕЈНОСТ (НН)

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | Предавања по предметот светска фолклористика 2008-20012 3*15*0.05 | 11,25 |
| 2. | Предавања по предмети: ,методологија на научното истражување, визуелната реторика и културолошки теории во архитектурата, 2012-2013 | 13,5 |
| 3 | Член на комисија за оцена и одбрана на докторат (детални податоци во текстуалниот дел)3*0.5 | 1,5 |
| 4 | Член на комисија за оценка или одбрана на магистратура (детални податоци во текстуалниот дел), 1*0,3 | 0,3 |
| 5 | Интерна скрипта ( види во текстуалниот дел) 3*4 | 12 |
| | | **38.55** |

## ТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред.** | **Назив на активноста:** (детални податоци во документацијата) | **Поен** |
|---|---|---|
| | Член на Советот на Инаститутот за фолклор „Марко [illegible]” | 3 |
| | Раководител на Одделот за истражување на народната литература | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Член на Редакцијата на списанието “Македонски фолклор” | 0,5 |
| | Член на универзитетска комисија | 1 |
| | Член на Комисија за избор во звање 10*0,2 | 2 |
| | Член на Комисија за формирање на студии од втор циклус по фолклористика. | 0,5 |
| | Член на Одборот за организација на Меѓународен симпозиум за балкански фолклор. | 1 |
| | Член на Комисија за самоевалуација за постдипломски (магистерски) и докторски студии при Институтот за | 0,5 |
| | Член на комисија за доделување на државна награда „11 Октомври“ (2012) | 1 |
| | Координатор на постдипломски студии по фолклористика во Институтот за фолклор | 1 |
| | Член на Советот за македонски јазик на Владата на РМ | 1 |
| | Член на Одборот за доделување на наградата „23 Октомври“, 2013 | 1 |
| | Член на комисијата за доделување на наградата „Стале Попов“ во ДПМ 2011 ( 2013) | 2 |
| | Член на комисијата за давање предлози за доделување на наградата „13 Ноември“ на Град Скопје | 1 |
| | Превод на книга | 3 |
| | **Вкупо** | **21.5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЕРМИС ЛАФАЗАНОВСКИ ЗА РЕИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО** | **Поен** |
|---|---|
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 108.5 |
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 38.55 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 21.5 |
| | **168.55** |

**Рецензентска комисија**
**Проф. д-р Александар Прокопиев, с.р.**
**Проф.д-р Весна Петревска, с.р.**
**Проф д-р Клеанти Ановска, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК ЗА РАБОТНОТО МЕСТО ИСТРАЖУВАЧ НА НАРОДНАТА ПОЕЗИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ

На седницата (бр. 02-24) одржана на 15.1.2014, Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ нè избра за членови на рецензентската комисија во врска со пријавата на Лидија Стојановиќ Лафазановска за преизбор во звањето Научен советник, на работното место истражувач на народната поезија. По разгледување на доставениот материјал, Рецензентската комисија има чест на Советот да му го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен на 23 декември 2013 година во весникот „Нова Македонија“ се пријави кандидатката Лидија Стојановиќ Лафазановска.

1.Биографски податоци

**Лидија Стојановиќ е родена 1965 година. Таа дипломирала на Катедрата за *општа и компаративна книжевност* на Филолошкиот факултет во Скопје (1989), а постдипломските студии ги следела на Филолошкиот факултет во Белград, насока: *наука за книжевноста,* кои ги завршила во 1993 со одбрана на магистерскиот труд под наслов *Мотив жртвовања у македонској народној књижевности*.**

**Во 1999 ја одбранила докторската дисертација *Феноменот на иницијацијата во македонската народна книжевност,* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.**

**Во 2003 престојувала на постдокторски студии во Германија - Universität Hamburg – Institut für Volkskunde, и Freie Universität - Berlin со тема: *Makedonische Auswanderung nach Deutschland: ihre Lebensgeschichten und Weltantschauung* (DAAD Стипендија).**

**Во досегашната професионална работа реализирала повеќе студиски престои во странство, меѓу кои се Карловиот универзитет во Прага (1986),** Chicago State University **(1996) и на Универзитетот во Хамбург (2003). Покрај традиционалните фолклористички обрасци, ги истражувала и современите облици на народната култура, како на пр., урбан фолклор, популарната народна култура и релацијата наративен фолклор - современи медиуми.**

**Таа вршела теренски истражувања на територијата на Македонија, Германија, Косово и Албанија.**

**Од 1997 год. е член на** International Society for Folk Narrative Research.

**Во периодот 2004-2008 е главен и одговорен уредник на списанието *Македонски фолклор*.**

**Од 2005 е член на** The International Association for Southeast European Anthropology .

**Лидија Стојановиќ - Лафазановска била учесник и раководител во повеќе меѓународни и домашни проекти и учествувала на повеќе меѓународни конгреси од областа на фолклористиката.**

**Резултатите од истражувањата ги публикува во Европа, Америка, Азија.**

**Од 1990 год. е вработена во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, каде што моментално работи како научен советник.**

## 2. Наставно-образовна дејност

Од почетокот на организирањето на наставата за втор циклус студии при Институтот „Марко Цепенков, д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска е ангажирана во изработка на програмите, а потоа и во одржување на редовна настава по задолжителни и изборни предмети на студиската група *фолклористика*. Со тоа, таа се смета за основач на наставните активности во рамките на Институтот.

Предметите кои таа ги држи на оваа студиска група се: *методологија на фолклористичката наука* (задолжителен) и изборните предмети***:*** *миграциски фолклор, народна поезија*, *теории на фолклорот*, *фолклорот и популарната култура* и *теренска фолклористика*. Д-р Лидија Стојановиќ на покана од повеќе странски универзитети ги има одржано предавањата при: Катедрата за етнологија и културна антропологија на Универзитетот Љубљана, по покана од проф. д-р. Змаго Шмитек, каде што се одржани две предавања под наслов: Prilagodjavanje i kidanje habitusa (9.5.2007) и Orijentalni uticaji u makedonskoj narodnoj knjizevnosti (10.5.2007), а по покана на проф. д-р. Јоана Фрунтелата, на Катедрата за етнологија и фолклор при Филолошкиот факултет на Универзитетот во Букурешт, во мај 2009, таа ги одржала предавањата под наслов: *Black Arab as a Figure of Memory:* (13.5.2009) и "History and perspectives of Macedonian Folkloristics" (14.5.2009), потоа во рамките на студискиот престој во Киев, при Институтот за фолклор и народна култура, таа одржала предавање: *Folk narrative theories and new praxis*, а на Универзитетот во Торуњ / 27.3.2012 Institute of Slavonic Philology, Nicolaus Copernicus, говорела на тема под наслов: *Migration and Habitus,* додека пак предавањето *Revolution of their own: Exodus of Macedonians from Greece and Women's personal narratives about WWII*. е одржано на 1.10.2013 во рамките на студиската академска 2013-2014 на *Friedrich-Schiller-Universität Jena*, Германија.

(во рамките на DFG-GRADUIERTENKOLLEG 1412 *„Kulturelle Orientierungen und gesellschaftliche Ordnungsstrukturen in Südosteuropa“,* /P R O G R A M M Z U R S T U D I E N A K A D E M I E - 2 0 1 3-2014/). Во рамките на 45. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура на 22.6.2012, таа направила претставување на најновите монографски публикации во издание на Институтот за фолклор.

Д-р Лидија Стојановиќ - Лафазановска била ментор и учествувала во комисии за одбраната на докторски и магистерски трудови во рамки на повеќе институции, при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, при Универзитетот Евро-Балкан во Скопје и при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Ангажирањето на д-р Лидија Стојановиќ - Лафазановска во наставната дејност на универзитетите во земјата и во странство преку предавања, паралелно со сите другите активности како што се одржување испити и консултации со студентите е реализирано со највисок степен на компетентност и професионалност кои соодветствуваат на европските стандарди. Пренесувањето на комплексните содржини по предметите кои ги покрива д-р, Лидија Стојановиќ – Лафазановска е во однос и со нејзината исклучителна посветеност на обновување на кадарот во рамките на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ и со постојаното поддржување на наставната дејност на Институтот која се засновува на формирање на стручни и професионално обучени фолклористи и културолози кои дават значајни научни придонеси на полето на фолклористиката, науката за книжевноста, културата.

Успешноста на д-р Л. Стојановиќ - Лафазановска во пренесување на традиционалните и современите содржини од областа на фолклористиката, теоријата и методологијата на фолклорот, медиумите и популарната култура се должи, секако, на примена на искуствата на тој план со кои се има здобиено за време на престоите при институтите и универзитетите во Германија, Чешка, Словенија, Украина и Полска започнувајќи од периодот на постдокторските студии и специјализација, а продолжувајќи во подоцнежните етапи од нејзината работа како научен советник и професор со предавања во образовните и научните институции при кои работи или со кои развивала научна соработка и работела на проекти.

Успешното соединување на нејзините научни и наставни капацитети со соодветното надградување низ соработката со старанските стручњаци од областа на теоријата и методологијата на проучување на фолклорот, културата во најширока смисла се гледа во темелниот пристап низ кој ги пренесува содржините од наставните програми и беспрекорната комуникација со студентите што се однесува до формата и динамиката на наставата која таа ја одржува.

Благодарение на нејзините залагања и применувања на адекватни и актуелни наставни методи кон материјата што ја предава, студентите стекнуваат широки и втемелени знаења од областа на науката за фолклорот и културата.

3.Учество на меѓународни собири и работилници

Д-р Лидија Стојановиќ - Лафазановска, од изборот во звањето научен советник, на работно место научен истражувач на народната поезија, до денес, учествувала на повеќе од дваесетина симпозиуми и научни конференции. Од нејзините учества ги одделуваме оние кои говорат за нејзиниот постојан и широк културолошки интерес за текстот или интертекстот на релацијата меѓу традиционалните форми и нивната современа ревитализација, за нејзиниот интерес за културната херменевтика говорено во најширока смисла, при што особено значајни се нејзиното учество на 4$^{th}$ InASEA Conference - “Region, Regional Identity and Regionalism in Southeastern Europe” (Timişoara, Romania, 24–27 May 2007), потоа учеството на Меѓународната конференција „Историја, историографија и настава по историја“ (21-23.11.2007) во Скопје – со темата „Транснационални миграциски процеси“, учеството на 17 Меѓународен симпозиум за Балкански фолклор со темата: *Интеркултурна комуникација: принципи на културната граматика*, учеството на интернационалната научна работилница *Црна Арапина како (балканска, медитеранска и европска) фигура на меморија* која е завршен дел од истражувачкиот проект „Споделени фигури на меморија“ / *Интерпретации,* финансиски поддржан од Програмата за партиципација на УНЕСКО преку Националната комисија на УНЕСКО на Р. Македонија. (25.11.2009 - МАНУ, Скопје) каде говорела на тема: „А-историската основа на изведените „етноними“ во фолклорот на Југоисточна Европа (аспекти на поетички и стилистички константи)“, потоа учество на научната конференција „***Tabu w oku szeroko otwartym***“ **во организацја на Институтот за славистика - Универзитет „Адам Мицкјевич“ во Познањ, со тема: „Жртвување “, у**чеството на Вториот меѓународен научен симпозиум, на тема „Духовната и материјалната култура во претхристијанскиот и христијанскиот период на територијата на Македонија, 14-16 септември 2011 година во Самоков, во организација на ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп, Р. Македонија и Институт за славистика „Адам Мицкјевич“, Познањ, Полска, со труд: „Однос: религија - жртвување“, потоа учеството на II **Интердисциплинарна меѓународна научна конференција „Балканскиот фолклор како интеркултурен код“, 28-29 март 2012, Познањ, во организација на Институтот за славистика - Универзитет „Адам Мицкјевич“ во Познањ и Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје со трудот:** *Теорија и методологија на фолклорот,* како и учество на македонско-српската конференција „Битола, јуни 2013.

Меѓу домашните научни собири на кои присуствува д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска ги истакнуваме учествата на Конференцијата одржана во Битола - *Поколенија и генеалогии - архиви на идентитетот,* (август 2009), со предавање

на тема: *Мултидисциплинарниот интерес за раскажувањето и наративни теории,* како и учеството на Свечен собир за Кирил Пенушлиски во Ректоратот на УКИМ (28.11.2012) со предавање на тема: *Пенушлиски во македонската и меѓународната фолклористика.*

Во овој круг активности ги истакнуваме нејзините ангажирања и темелни истражувања реализирани во рамките на десетина проекти како раководител и како учесник во истражувања посветени на развивање и меѓународна соработка од областа на фолклорот, теоријата и методологијата на културата, наратологијата, теоријата на поезијата, етнологијата, етно-културните процеси меѓу Институтот за фолклор „Марко Цепенков" и Украинската националната академија на науки, Киев (2010-2015), со Институтот за славистика - Универзитет „Адам Мицкијевич" од Познањ, (2011), врз проблемите поврзани со фолклорот и народната култура на Гораните во Македонија, Косово и Албанија, што е проект финансиран од Министерство за култура за 2013 год. од областа на меѓународната соработка за 2013 година, нејзината работа како раководител на проектот „Фолклорни наративни теории и нови пракси" (2009-2011 - во тек), учеството во проект посветен на односот меѓу современоста и традицијата „Помеѓу традицијата и современоста: етнолошко-фолклористички истражувања" (раковод: др, Весна Петреска, 2009-2011 -во тек), учеството во националниот проект „Фолклорно наследство. Истражување и дигитализација" (рак. на проект: др, Катерина Петровска), (2009-2011 -во тек), во националниот научен проект „Поимник на книжевната теорија", МАНУ (2004-2007), раководител: акад. Катица Ќулавкова, проф. д-р) и учеството во интернационалниот проект: *Black Arab as a Figure of Memory: European Research Project for Poetics & Hermeneutics* (supported by the UNESCO participation program for 2008–2009). http://www.interpretations.mk/ (раководител: акад. Катица Ќулавкова, проф. д-р).

Истражувањата во сите овие проекти говорат за сестраноста и темелноста на пристапот на еден комплетно изграден научен работник чија основа е надградувана во текот на повеќедецениската работа во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" до степен на кадар кој ги развил своите стручни сознанија во рамките на оваа институција, а со тоа и на неа и` овозможил афирмација во домашната и меѓународната научна и културна стварност.

Истражувачката работа во Институтот, д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска ја проширува со консултативна и менторска работа со странски истражувачи: Пјер Андре Овињ од Франција, Максим Максимович Макарцев од Институтот за славистика, РАН, Москва, проф. д-р Андреј Соболев, Санкт Петербург / Марбург, (Германија), како и со проф. д-р Маша Белински Франк од САД кои имаа консултации со Стојановиќ - Лафазановска од областите на фолклорот и поспецифично на народната поезија (балади и лирски песни) за време на нивниот престој при Институтот за фолклор „Марко Цепенков".

Научна дејност, публикации

Од изборот за научен советник, на работното место истражувач на народната поезија, д-р Л. Стојановиќ - Лафазановска има објавено преку педесетина книги, научни трудови, делови од монографии, студии и статии во печатена и електронска форма во повеќе научни и други списанија во Република Македонија и во странство со меѓународна редакција кои претставуваат оригинални научни резултати. Нејзините книги во наведениов состав говорат за комплексноста на проблемите со кои се занимава Лидија Стојановиќ - Лафазановска како научен работник и за ширината на темите и областите почнувајќи од семантиката на жртвувањето, преку феноменот на иницијацијата во народната литература, до теоријата и методологијата на народната книжевност и култура и современата културологија фокусирана врз феноменот на миграциите и динамиката на идентификациите на поединци и групи во ситуации на трансфер и адаптација во друга, туѓа култура и средина на живеење:. Објавени книги од наведените области и наведените проблематики со кои го аргументираме гореизложеното се следниве книги: *Феноменот на жртвувањето во македонската народна книжевност.* Скопје: Институт за фолклор (1996), *Homo initiatus.* Скопје: Матица македонска, (2001), e-publ: Fenomenot na inicijacijata vo makedonska tanarodna kniжevnost, macedonia.auburn.edu/lafazanovska/Lafazanovska.pdf, *Методи на истражување на фолклорот* (Ур.), Скопје: Институт за фолклор (2005), *Хоризонти на народната култура,* Скопје: Институт за фолклор (2006), *Миграција и хабитус. Македонската емиграција во Германија.* Скопје: Институт за фолклор (2008), L. Stojanovic Lafazanovska and E. Lafazanovski, The Exodus of the Macedonians from Greece: Women's narratives about WWII and their Exodus. Skopje: Euro-Balkan Institute. (Separate publications in Macedonian and English). (2008).

Публикуваните трудови на проф. д-р Лидија Стојановиќ - Лафазановска покажуваат дека се работи за исклучителен научник и професор со многустрани интереси. Работата на д-р Стојановиќ Лафазановска во доменот на нејзината научно-истражувачка дејност и покрај широкиот интерес се доминантно концентрирани врз неколку области.

Еден дел од нејзините текстови е насочен кон анализа и толкување на аспектите на традиционалните фолклорните мотиви и жанрови од најразличен вид, иницијација, жртвување, функциите на херојот и антихеројот, вториот се однесува на испитување на разликите произлезени од медиумот на трансфер, устен, писмен, визуелен, третиот предмет на нејзин интерес се врзува за современата култура и миграционите процеси во неа кои се однесуваат на

испитување на менталитетот, на историјата и меморијата, а четвртиот дел од толкувањата се од широко културолошки вид и се посветени на феномените на популарната култура и нејзините субверзивни форми.

Нејзините текстови се насочени кон анализа на проникнувањата на книжевните и некнижевните форми на уметност или конкретно кон интертекстуалните и интермедијалните мрежи и проникнувања. Тоа се текстови кои се врамени во подрачјето на културолошките и компаративните релации, влијанија и контакти. Текстовите на д-р Стојановиќ - Лафазановска се богати со луцидни и компетентни толкувања на „ретранскрипциите“ на текстовите на усната книжевност во репрезентативни дела од светската книжевност, во определени културолошки контексти и во извесни гранични простори во кои опстојува сеќавањето и историографскиот запис во однос со уметничките продукти. Книжевните и имагинарни обрасци од фолклорот, согледувањата на функционирањето на фолклорниот и историографскиот интертекст со интертекстот на популарната култура, во нејзините студии, често, се врзуваат за подрачјето на Македонија, а потоа истиот научен и херменевтички продукт се доведува во компаративен сооднос со други култури, претежно од балканскиот културолошки контекст, но и пошироко, полскиот, украинскиот, чешкиот, германскиот и други.

Видливо е дека д-р Лидија Стојановиќ - Лафазановска покажува континуиран интерес за сферата на современата фолклористика, компаратистика, етнологија и културологија во која систематски ги обработува интерференциите на фолклорот и современите текови на културата и со јасна теоретска и методолошка концепција се осврнува научно убедливо и херменевтички инспиративно врз проблемот на интертекстуалноста, постмодерните текови и идентитетот како неодминлив аспект во историјата и традицијата на македонската култура, како и во нејзините продукти во современоста.

Во друг дел од своите текстови, како и во наставната работа, д-р Стојановиќ - Лафазановска се осврнува на проблемите на теоријата и на методологијата на фолклорот. На тој начин, таа од една метапозиција ги разложува достигнувањата во практиката, но изведува и анализи на инструментариумот, поимите и методите на теоријата и методологијата при проучување на усните текстови и популарната култура. Таа користи јасно развиен и аргументирано практикуван инструментариум при толкување на текстовите на традицијата и современоста, потпирајќи се секогаш на современите промислувања и расправи во фолклористиката, културологијата, компаративната естетика и историјата на културата.

Основно обележје на споменатите научни трудови е тоа што во нив д-р Лидија Стојановиќ - Лафазановска покажува исклучително високо ниво на упатеност, истражувачка компетентност и иновативност кога станува збор за

испитување на тековите на македонската традиција и култура и нејзиното контекстуализирање и компарирање со други култури.

Студиите на д-р Стојановиќ - Лафазановска се пишувани систематично, со сигурност заснована врз користењето на научен инструментариум кој е јасно и прецизно профилиран во секое истражување одделно и подреден на целите на трудот. Таа, во нив, освен што перформира стандардизирани средства на научна анализа, секогаш настојува со сопствениот пристап да оствари подигање на теоретската концепција и да постигне нејзино интерферирање со херменевтиката, потоа оваа димензија ја преиспитува низ перспективата на интерсемиотичките и метатекстуални комуникативни процедури кои покажуваат огромен степен на оригиналност и исклучителност, иновација која се потврдува како значаен придонес во полето на македонската и светската фолклористика и културологија.

Согласно со коментираните способности и стручна подготвеност, д-р Л. Стојановиќ - Лафазановска е член на неколку меѓународни редакциски одбори во списанијата: Народна творчість та етнографія. – №3, 2009 – посветено на народната култура во Македонија, *Сучасна зарубіжна етнологія*. Ганна Скрипник (Ур.). Том 1-2, Київ: Національна академія наук України Інститут мистецтвознавства, фольклористики та етнології ім. М.Т. Рильського 2010, Poznaskie Studia Slawistyczne 2011. Poznan. Adam Mickiewicz University Press.

Во активностите поврзани со организација на меѓународни симпозиуми, д-р Л. Стојановиќ - Лафазановска покажува ангажираност и активност како член на Организациониот одбор на 17. Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, октомври 2008 год., и како член на Меѓународниот научен одбор за 1ST INTERNATIONAL CONFERENCE ON *MYTHOLOGY AND FOLKLORE* - UNIVERSITATEA DIN BUCUREȘTI FACULTATEA DE LIMBI ȘI LITERATURI STRĂINE (București, România, 8 - 9 martie 2014).

Исто така, д-р Л. Стојановиќ - Лафазановска во периодот 2004-2008 е главен и одговорен уредник на списанието *Македонски фолклор*.

Во областа на стручно - апликативната дејност ги истакнуваме следниве активности на проф. д-р Л.Стојановиќ – Лафазановска: таа во соработка со д-р Е.Лафазановски работи врз наративите на жените од периодот на егзодусот од Грција објавувајќи студија на два јазика, на англиски и на македонски под наслов *The Exodus of the Macedonians from Greece: Women's narratives about WWII and their Exodus*. Skopje: Euro-Balkan Institute. (Separate publications in Macedonian and English). 2008. 220 pp., ISBN 978-9-98913-659-7.

Во нејзините активности се вклучени елаборатите од доменот на културното наследство при Министерството за култура на Република Македонија, елаборатот од доменот на валоризирање на „јуначките песни“ во Р.Македонија кадешто во

исто време е раководител на проектот, како и елаборатот од доменот на валоризација на „побратимството во Малешевијата“ во соработка со д-р Весна Петреска.

Составен дел на научната работа на д-р Л.Стојановиќ Лафазановска претставува соработката со кадарот вработен при Институтот „Марко Цепенков“, па во таа смисла, таа се ангажира како рецензент на монографијата *КАТЕГОРИИТЕ БЛИЗИНА И ДИСТАНЦА: ЕТНОЛОШКО -АНТРОПОЛОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО НАРОДНАТА КУЛТУРА*, Скопје: Институт за фоклор (2008) и на монографијата *Етнографија на современиот семеен живот во македонското семејство. Традициски и нови културни модели во обредноста и семејниот живот.* Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, посебни изданија, кн. 70, Скопје, 2008, изработени од д-р Весна Петреска, како рецензент на монографијата на Родна Величковска *Картографирање и ареални истражувања во етномузикологијата,* Скопје: Институт за фолклор, 2009, потоа како рецензент на изданието *Практикум* на Марија Емилија Кукубајска *Американски и британски пост-модерни интерпретации* на англиски јазик *Collection of essays and Literary Criticism on American and British Postmodern Interpretations* и рецензент на изданието кое во 2013 година се реализира како електронска скрипта под наслов *History of British and American culture and Civilization,* од авторите Марија Емилија Кукубајска, Крсте Илиев, Наталија Поп Зариева, Марија Крстева.

Во дејностите од поширок интерес во нејзината работна биографија ја истакнуваме наградата за научни достигнувања „Гоце Делчев“ која и` е доделена за делото „Фолклорот на охридско-струшкиот регион“, 2007 каде се појавува како учесник во тимско истражување.

На крајот сакаме да ја истакнеме уште еднаш научната ангажираност на д-р Л. Стојановиќ - Лафазановска на меѓународен план која се манифестира со студиски престои на Универзитетот во Љубљана при Катедрата за етнологија и културна антропологија по покана на проф. д-р Змаго Шмитек во 2007, на Институтот за етнологија, Љубљана (Словенечка Академија на науките и уметностите), ангажираноста при Универзитетот во Букурешт, на Катедрата за странски литератури и јазици каде соработува со проф. д-р Јоана Фрунтлата, потоа соработката со акад. Гана Скрипник и д-р Оксана Микитенко, како учесник во меѓународната соработка воспоставена помеѓу Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје и Институтот „Рилски“ од Киев од 2010, Київ: Національна академія наук України Інститут мистецтвознавства, фольклористики та етнології ім. М.Т. Рильського.

## Заклучок и предлог

Врз основа на изнесеното може да се заклучи дека д-р Лидија Стојановиќ - Лафазановска се профилира во исклучителен научен работник кој остварува натпросечни резултати во полето на научното истражување и анализи како што е тоа и видливо при нејзиното прво избирање за научен советник (2007), на работното место истражувач на народната поезија при Институтот „Марко Цепенков“.

Таа објавува научни трудови и работи врз проекти кои имаат сериозен придонес во македонската и светската фолклористика, наука за книжевноста и културологија. Нејзините студии се плод на длабоко проникнување во научни сфери кои и денес претставуваат сериозен предизвик и при тоа користи богата примарна и секундарна литература и придонесува таа да се збогатува. Во определени области од методологијата на проучувањето на фолклорот и културата таа има пионерска улога.

Истовремено, во својата досегашна наставна практика д-р Лидија Стојановиќ - Лафазановска покажува несомнени способности за квалитетно изведување на наставната работа. Поаѓајќи од сево ова, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката целосно одговара на барањата што ги поставува Правилникот за единствените критериуми и постапка за преизбор во научно звање на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје и предлага д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска да биде преизбрана во звањето научен советник, на работно место истражувач на народна поезија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Славица Србиновска, редовен професор, претседател, с.р.

2 Проф. д-р Весна Петреска, редовен професор, член, с.р.

3. Проф. д-р Изаим Муртезани, редовен професор, член, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Лидија Александар Стојановиќ**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Институт за фолклор „Марко Цепенков"- Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **народна книжевност (фолклористика)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | **Назив на активноста: Настава и колсултации од втор циклус студии** | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Методологија на фолклористичката наука, (задолжителен) бр. на часови – 30, во летен семестар од Академската 2008, 2009, 2010, 2011, 2012. (3*15*0.05) | 11.25 |
| 2. | Миграциски фолклор - 2008, 2009, 2010, 2011, 2012 (изборен предмет) (едносеместрален) | |
| 3. | Народна поезија - 2008, 2009, 2010, 2011, 2012 (изборен предмет) (едносеместрален) | |
| 4. | Фолклорот и популарната култура (2011-2012) (изборен предмет) (едносеместрален) | |
| 5. | Теренска фолклористика – 2010, 2011, 2012 (едносеместрален) | |
| | Консултации со студенти и странски докторанти и истражувачи (да се види вотекстуалниот дел) | |
| | **ОДРЖАНИ ПРЕДАВАЊА НА ПОКАНА НА СТРАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ** (4 * 1) + (3*3) (да се види во текстуалниот дел) | 13 |
| | Вкупно: | 24.25 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | **Назив на активноста: Објавени монографии, трудови, проекти, учество на научни собири, секциско предавање, менторство** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на 1 докторска дисертација | 3 |
| 2. | Раководител на национален научен проект | 6 |
| 3. | Раководител на еден меѓународен научен проект | 9 |
| 4. | Национален координатор на меѓународен научен проект | 6 |
| 4. | Учесник во национални научни проекти (3*3) | 9 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект (1) | 5 |
| 6. | Монографија (детални податоци во текстуалниот дел) | 8 |
| 7. | Делови од монографија објавени во странство (7*6) | 42 |
| 8. | Делови од монографија објавени во земјата (3*4) | 12 |
| 9. | Трудови со оригинални научни научни резултати објавени во научно списание со меѓународно значење (6*4) | 24 |
| 10. | Трудови објавени во Зборници со меѓународна редакција на високо-образовни институции (1) | 2 |
| 11. | Меѓународна научна работилница (1) | 1 |
| 12. | Едно пленарно и повеќе секциски предавања на научен/стручен | 14 |

| | | |
|---|---|---|
| | собир со меѓународно учество (7 * 2) | |
| 13. | Пленарно предавање на свечен собир (2*1) | 2 |
| | **Вкупно:** | 152 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Коавтор на книга од стручна област (детални податоци во текстуалниот дел) | 7 |
| 2. | Главен и одговорен уредник на научно списание (2004-2008) | 2 |
| 3. | Член на Комисијата за самоевалуација на новата студиска програма по Фолклористика од втор циклус на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ (2013). | 1 |
| 4. | Член на меѓународни редакциски или програмски одбори на списанија и научни собири (6*1) | 6 |
| 4. | Изработка на елаборати од доменот на духовното културно наследство (Министерство за култура на Р. Македонија) (2008, 2009, 2011) (3 * 1) | 3 |
| 5. | рецензент на 3 монографии – учебници (да се види во текстуалниот дел) | 3 |
| 6. | Рецензент на два практикума (да се види во текстуалниот дел) | 2 |
| | Вкупно: | 24 |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | | |
|---|---|---|
| 1.<br>2. | Награда за научни постигнувања (учесник во тимско истражување) (да се види во текстуалниот дел)<br>Студиски престои до три месеци (3*0,5) (текстуален дел) | 2<br>1.5 |
| | Вкупно: | 3.5 |
| | Професионални референци на кандидатот за реизбор во звање | |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 24.25 |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 152 |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 3,5 |
| | Вкупно: | 203.75 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р. Славица Србиновска, редовен професор, претседател, с.р.

2. Проф. д-р. Весна Петреска, редовен професор, член, с.р.

3. Проф. д-р. Изаим Муртезани, редовен професор, член, с.р.

# *Р Е Ф Е Р А Т*

## *ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ШУМИТЕ, МЕХАНИЗАЦИЈА ВО ШУМАРСТВОТО И ДРУГО НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ*

Врз основа на член 36 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Шумарскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник бр. 212/2012 и 241/2013) и член 42 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/09, 140/09, 173/2011, 187/2011 и 194/2011), на 12. седница на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, одржана на 23.12.2013 год., донесена е Одлука бр. 0201-921/2 за формирање Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научните области: искористување на шумите, механизација во шумарството и друго, во состав: д-р Љупчо Несторовски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, д-р Кирил Крстевски, редовен професор во пензија и д-р Панде Трајков, редовен професор на УКИМ Шумарскиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на поднесените документи во врска со распишаниот конкурс објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 18.11.2013 година, Комисијата констатира дека на конкурсот се пријавил само кандидатот д-р Здравко Трајанов, доцент на Шумарскиот факултет во Скопје. Кон пријавата кандидатот достави: извод од матична книга на родени, државјанство на РМ, биографија, диплома за завршени докторски студии, список на научни и стручни трудови и примерок од нив.

По целосното разгледување на пријавата и другите приложени документи согласно со член 45 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/09, 140/09, 173/2011, 187/2011 и 194/2011), Комисијата во горенаведениот состав, до Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, го поднесува следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

### **Биографски податоци**

Кандидатот д-р Здравко Трајанов е роден на 7.5.1974 година во Радовиш. Основно училиште завршил во Радовиш, а со средно образование се стекнал во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Радовиш. Во учебната 1993/94 се запишал на Шумарскиот факултет во Скопје. Дипломирал 1997, со просечен успех 8,90.

Во учебната 1997/98 год. се запишал на постдипломски студии од областа уредување на шумите на УКИМ - Шумарски факултет - Скопје. Испитите предвидени со програмата ги положил со просечен успех 9,83, а магистерскиот труд под наслов “Структурни елементи и продуктивност на вештачки подигнатите насади од црн бор на планината Плачковица”, го одбранил на 9.4.2003 година.

На 6.11.2008 год. успешно ја одбранил својата докторска дисертација под наслов: “Модели на оптимални решенија на шумскиот транспорт во зависност од видот на сечата при стопанисување со шумите”, со што се стекнал со звањето доктор на шумарски науки.

На 1.11.1999 год. се вработил во Заводот за уредување на шумите и проектирање „Шумапроект“ денес сектор за уредување при ЈП Македонски шуми.

На 6.6.2001 година, согласно со Одлуката бр. 0202-33/XI-6.1 од 15.11.2000 година, се вработува како помлад асистент на Шумарскиот факултет во Скопје, на областа проектирање и искористување на шумите, за предметите: проектирање и градење на шумски патишта, шумско градежништво и отворање на шумите. Во 2004 година е избран за асистент по истите предмети. Од 1.5.2009 година, согласно со рефератот објавен во Билтен бр.959 од 2.3.2009 година, се стекнува со звањето доцент по групата предмети користење на шумите и шумски транспорт, за време од пет години.

Д-р Здравко Трајанов во периодот од 15.9.2011 до 5.6.2013 година ја извршува функцијата продекан за настава на УКИМ - Шумарски факултет - Скопје.

**Активности на д-р Здравко Трајанов по изборот во наставно-научното звање доцент**

## НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Наставната дејност што д-р Здравко Трајанов ја изведува на УКИМ - Шумарски факултет во Скопје ја опфаќа наставата на додипломските (прв циклус) и постдипломските студии (втор циклус студии).

### Настава од прв циклус студии (додипломски студии)

Како доцент, д-р Здравко Трајанов од учебната 2008/09 до денес, изведува настава со фонд од 9 часа во зимскиот и 6 часа во летниот семестар по следниве предмети:

- шумски транспорт,
- отворање на шумите и
- шумско градежништво.

### Настава од втор циклус студии (постдипломски студии)

Во рамките на вториот циклус студии, д-р Здравко Трајанов е ангажиран во изведување на наставата на постдипломските студии од областа шумарски техники и операции, на модулите за: проектирање и изградба на шумски патишта, отворање на шумите, користење на шумите и механизација во шумарството и озеленувањето, по предметите:

- механизација при транспорт на дрвото,
- техничка механика,
- шумски транспортни средства,
- објекти на шумски транспортни средства и
- отворање на шумите.

Во рамките на тековните наставни активности, преку скрипти од интерни предавања и практикуми постојано го обновува и го систематизира материјалот кој се предава на овие предмети.

Во овој период, кандидатот бил ментор на 7 дипломски трудови, како и член во 8 комисии за одбрана на дипломски работи. Притоа постојано работи со студентите во однос на консултации и дополнителни активности во просек со 32 студента во семестар.

**Усовршување, обуки, работилници, научни и стручни семинари и конференции**

Д-р Здравко Трајанов постојано работи на своето стручно усовршување и на проширувањето на знаењата од областа на шумарството, особено во доменот на неговата специјалност, па континуирано учествува на значајни обуки, работилници, семинари, симпозиуми и конференции во земјата и во странство, а како најзначајни ги издвојуваме:

- Секциско предавање на научен меѓународен собир на тема *Оптимална густина на мрежата на шумски патишта во Република Македонија, ФАО/ЕЦЕ/ИУФРО семинар за инфраструктура и транспорт при одржливо управување со шумите*, Шумарски институт Словенија - Порторож.
- Кандидатот се стекнал со лиценца за вештачење од областа на шумарството и е активен во оваа област.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Активноста на д-р Здравко Трајанов на научноистражувачки план е доста забележителна. И покрај обемноста на неговиот ангажман во одржување на наставата и вежбите по соодветните предмети, тој често е присутен со свои и колективни трудови и реферати на разни научни собири, советувања, симпозиуми и конференции од домашен и меѓународен карактер. До изборот во звањето доцент има објавено 13 научни трудови, учествувал во 1 научноистражувачки проект и 3 стручно-апликативни проекти. Овие трудови се рецензирани во Билтенот бр. 959 од 2.3.2009 год. на „Универзитетот Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од изборот во звањето доцент до денес, д-р Здравко Трајанов континуирано работи на проширување на полето на интерес од научната област на својата специјалност – шумскиот транспорт и користење на шумите, особено во доменот на: шумскиот транспорт, отворање на шумите, енергетската вредност и можностите за користење на шумската биомаса за енергетски цели и друго.

### Учество во научноистражувачки проекти

Во периодот од 2008 до денес, кандидатот успешно е вклучен во работата на научниот проект со меѓународен карактер.

1. Учесник во меѓународен проект: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на екотуризмот во Националниот парк Маврово, дел „Шумите во националниот парк Маврово“, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, имплементиран од OXFAM ITALIA, Скопје, 2011 година.

### Научни и стручни трудови

Д-р Здравко Трајанов е автор и коавтор на 7 научни трудови, учествувал во изработка на една монографија и 13 стручно - апликативни трудови (во периодот по изборот во звањето доцент), а краток извадок од публикуваните научни и стручни трудови ќе биде прикажан во наредниот краток преглед.

**Во научно-стручно списание на високообразовната институција:**

1. **„Енергетска вредност на дрвото од Carpinus orientalis и Ostrya carpinifolia“**, Шумарски преглед, стр. 111-114, Скопје, 2009.

   Во трудот е извршена анализа на енергетската вредност на два дрвни вида - бел и црн габер од по два локалитета во Република Македонија, кои се користат како огревно дрво и тоа на чисто дрво, на кора и заедно на дрво и кора. При тоа се констатирани најголеми средни вредности на енергетскиот потенцијал кај двата вида при согорување на дрво без кора, потоа кај дрво со кора, а најмали вредности се утврдени при согорување само на кората од двата вида.

**Во научно / стручна монографија на високообразовната институција:**

2. ***„65 години Шумарски факултет - Скопје“**, УКИМ* - Шумарски факултет -Скопје, Скопје, 2012.

   Во монографијата е даден приказ на историскиот развој на Шумарскиот факултет во Скопје од основањето до денес. Исто така во посебни поглавја се обработени и прикажани, организационата поставеност, како и просторните и материјалните ресурси на Факултетот. Во монографијата е даден осврт на наставната, научната и апликативната дејност на Факултетот, како и библиографија.

**Во научно-стручно списание**

3. **„Актуелни проблеми поврзани со експлоатацијата на шумската инфраструктура во Република Македонија и можности за надминување на состојбата“**, Зборник на трудови од Научен собир за шумски патишта експлоатација, трансформација и еколошки аспект, стр. 25-39, Скопје, 2009.

   Трудот врши анализа на шумската инфраструктура, особено на квалитетот и должината на шумските патишта во Република Македонија, и дава препораки за надминување на недостатоците и подобрување на неповолната состојба во овој дел од шумарската наука. Исто така, предлага решенија за финансирање на изградбата и одржувањето на патната инфраструктура во шумите.

4. ***„Можности за подобрување на шумскиот транспорт во Република Македонија“***, Наши шуми, стр. 18-21, Скопје, 2012.

   Во трудот е дадена состојбата со шумските патишта во шумарската практика, како и нивното значење за стопанисување со шумите, како и развој на планинските региони. Исто така, дадени се насоки како да се подобри состојбата со шумските патишта како по квалитет така и по квантитет со цел да се достигне оптималната густина на шумските патишта. Посебно се даваат насоки при проектирањето на патната мрежа да се зголемува густината на патната мрежа како поекономична варијанта, а притоа да се промени методологијата на пресметување на цената на дотурот.

**Во научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:**

5. **„Analisys of the energetic potential of forests in Republic of Macedonia**“, 19 Европска конференција за биомаса, Берлин, 2011.

   Трудот претставува детален преглед на состојбата со шумите во Република Македонија во однос на дрвната резерва, годишниот тековен прираст, годишниот дозволен етат по дрвни видови, како и анализа на енергетската вредност на поодделните дрвни видови, дозволениот годишен етат, годишниот тековен прираст и целокупната дрвна резерва. Констатиран е голем потенцијал за добивање на енергија од шумите, кој на годишно ниво би изнесувал во еквивалент на електрична енергија од околу 3.700 GWh.

6. **„Analysis of the ash quantity during beech wood combustion”**, International scientific journal Forest review nr. 43, 2012, page 12-14, Skopje.

   Трудот ја прикажува технологијата на горење на дрвото од бука и содржината на пепел по неговото согорување, и тоа на дрво без кора, само на кора и заедно на дрвото со кора, и се дава препорака за начините на горење со цел да се намали содржината на отпадни материи. Констатирано е дека содржината на пепел по согорувањето е најголема при горење само на кора (4,1%), а најмала при горење само на дрво без кора (0,23%).

7. **„Influence of some factors on the density of forest roads in skidding with animals**”, International scientific journal Forest review nr. 43, 2012, page 33-36, Skopje.

   Во трудот се врши анализа на влијанието на различни фактори врз густината на шумските патишта при дотур со анимали во шумарството во Република Македонија, при што се констатира дека не постои универзален модел кој би се имплементирал во сите шуми, и дека различните фактори (економски ефект, количина на дрвна маса, учество на огревно дрво, намалување на работно време, ефикасност при работа и сл.) влијаат врз изборот на оптимално решение во секоја шумскостопанска единица различно. Секој од тие фактори детално е обработен во трудот.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

На стручно-апликативно поле, д-р Здравко Трајанов има остварено доста активности од поширок интерес за струката, остварувајќи соработка со значајни домашни и меѓународни институции. При тоа се појавува како автор и коавтор на следниве стручно-апликативни трудови:

1. **„Посебен план за стопанисување со шумите „Криво брдо“**, стручен труд Скопје, 2009. Трудот е изработен за потребите за стопанисување со шумско-стопанската единица Криво Брдо. Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

2. **„Општ план за одржливо управување со шумите во Националниот парк „Маврово“,** Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на

животната средина, економски развој и промоција на еко - туризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA.

3. **„Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Дешат“**, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на еко -туризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA.

   Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

4. **„Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Кораб “**, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на еко -туризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA.

   Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

5. **„Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Горна Радика** “, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на еко - туризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA.

   Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

6. **„Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Маврово“**, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на еко - туризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA.

   Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

7. **„Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Бистра 1“**, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на еко-туризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA.

   Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

8. **„Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Бистра 2“**, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во

рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на еко-туризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA.

Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

9. **„Посебен план за стопанисување со шумите „Св. Богородица пречиста“,** стручен труд, Скопје, 2012. Трудот е изработен за потребите за стопанисување со шумско стопанската единица Св. Богородица пречиста. Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

10. **„Посебен план за стопанисување со шумите „Свети Наум Љубаништа – с. Стипона“**, стручен труд, Скопје, 2012. Трудот е изработен за потребите за стопанисување со шумско стопанската единица Свети Наум Љубаништа – с. Стипона. Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

11. **„Посебен план за стопанисување со шумите „Смиленоски - Готен“,** стручен труд, Скопје, 2012. Трудот е изработен за потребите за стопанисување со шумско стопанската единица Смиленовски – Готен. Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

12. **„Анекс - Посебен план за стопанисување со шумите „МПЦ Црква Света Богородица“**, стручен труд, Скопје, 2013. Трудот е изработен за потребите за стопанисување со шумско стопанската единица МПЦ црква Света Богородица. Трудот е рецензиран од стручна комисија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

13. **Стручно мислење за состојбата на дрвјата во централното градско подрачје на општина Радовиш**, стручен труд, Скопје, 2012. Трудот е наменет за потребата на локалната самоуправа во Радовиш и претставува стручно мислење за состојбата со дрвјата во централното градско подрачје со насоки за решавање на настанатите проблеми.

## Дејности од поширок интерес

Во периодот од изборот во звањето доцент, д-р Здравко Трајанов ги извршувал и следниве дејности од поширок интерес:

1. член на уредувачки одбор на научно/стручно списание „Шумарски преглед“ – 2011 год;
2. член на уредувачки одбор на научно/стручно списание „Наши шуми“ – 2009 год;
3. претседател на седум факултетски комисии;
4. член на девет факултетски комисии;
5. продекан за настава, 2011-2013 година.

Во прилог на гореискажаното во извештајов, го прикажуваме и образецот **Анекс-2** (кумулативно) од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 68,78 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 24,20 |
| **СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 49,50 |
| **Вкупно** | 142,48 |

***ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ***

Врз основа на досегашната наставна, научноистражувачка и стручна дејност на д-р Здравко Трајанов, како и неговиот ангажман од поширок интерес, Комисијата констатира дека кандидатот ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование и другите акти на Шумарскиот факултет и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за да биде избран во наставно-научното звање вонреден професор.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје да го избере д-р Здравко Трајанов во наставно - научното звање вонреден професор, во научните области искористување на шумите, механизација во шумарството и друго, по група наставна програма шумарски техники и операции.

Комисија

Д-р Љупчо Несторовски, ред. професор. с.р.

Д-р Кирил Крстевски, ред. проф. во пензија, с.р.

Д-р Панде Трајков, ред. професор, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО - СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: д-р Здравко Ристо Трајанов**
(име, татково име и презиме)
**Институција: УКИМ - Шумарски факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: користење на шумите, механизација во шумарството и друго**

**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** (од изборот во доцент до сега) | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| 1 | Одржување настава, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2008/09, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |
| 2 | Одржување вежби, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2008/09, (3x15x0,03=1,35) | 1,35 |
| 3 | Одржување настава, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2009/10, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |
| 4 | Одржување вежби, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2009/10, (3x15x0,03=1,35) | 1,35 |
| 5 | Одржување настава, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2010/11, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |
| 6 | Одржување вежби, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2010/11, (3x15x0,03=1,35) | 1,35 |
| 7 | Одржување настава, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2011/12, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |
| 8 | Одржување вежби, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2011/12, (3x15x0,03=1,35) | 1,35 |
| 9 | Одржување настава, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2012/13, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |
| 10 | Одржување вежби, Шумски транспорт 3+3 летен семестар (I циклус) 2012/13, (3x15x0,03=1,35) | 1,35 |
| 11 | Одржување настава, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2008/09, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |
| 12 | Одржување вежби, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2008/09, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 13 | Одржување настава, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2009/10, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |
| 14 | Одржување вежби, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2009/10, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 15 | Одржување настава, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2010/11, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |
| 16 | Одржување вежби, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2010/11, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 17 | Одржување настава, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2011/12, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Одржување вежби, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2011/12, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 19 | Одржување настава, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2012/13, (3x15x0,04=1,8) | 1,8 |
| 20 | Одржување вежби, Шумско градежништво 3+2, зимски семестар (I циклус) 2012/13, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 21 | Одржување настава, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2008/09, (2x15x0,04=1,2) | 1,2 |
| 22 | Одржување вежби, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2008/09, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 23 | Одржување настава, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2009/10, (2x15x0,04=1,2) | 1,2 |
| 24 | Одржување вежби, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2009/10, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 25 | Одржување настава, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2010/11, (2x15x0,04=1,2) | 1,2 |
| 26 | Одржување вежби, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2010/11, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 27 | Одржување настава, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2011/12, (2x15x0,04=1,2) | 1,2 |
| 28 | Одржување вежби, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2011/12, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 29 | Одржување настава, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2012/13, (2x15x0,04=1,2) | 1,2 |
| 30 | Одржување вежби, Отворање на шумите, 2+2, зимски семестар (I циклус) 2012/13, (2x15x0,03=0,9) | 0,9 |
| 31 | Одржување вежби, Феријална практика, 0+4, летен семестар (I циклус) 2008/09, (4x15x0,03=1,8) | 1,8 |
| 32 | Одржување вежби, Феријална практика, 0+4, летен семестар (I циклус) 2009/10, (4x15x0,03=1,8) | 1,8 |
| 33 | Одржување вежби, Феријална практика, 0+4, летен семестар (I циклус) 2010/11, (4x15x0,03=1,8) | 1,8 |
| 34 | Одржување вежби, Феријална практика, 0+4, летен семестар (I циклус) 2011/12, (4x15x0,03=1,8) | 1,8 |
| 35 | Одржување вежби, Феријална практика, 0+4, летен семестар (I циклус) 2012/13, (4x15x0,03=1,8) | 1,8 |
| 36 | Теренска настава 8 часови, Шумски транспорт, летен семестар 2008/2009 (0,04x8=0,32) | 0,32 |
| 37 | Теренска настава 8 часови, Шумски транспорт, летен семестар 2009/2010, (0,04x8=0,32) | 0,32 |
| 38 | Теренска настава 8 часови, Шумски транспорт, летен семестар 2010/2011 , (0,04x8=0,32) | 0,32 |
| 39 | Теренска настава 8 часови, Шумски транспорт, летен семестар 2011/2012, (0,04x8=0,32) | 0,32 |
| 40 | Теренска настава 8 часови, Шумски транспорт, летен семестар 2012/2013 , (8x0,04=0,32) | 0,32 |
| 41 | Консултации со студенти, 2008/2009, летен семестар, (Шумски транспорт, 34 студенти), (34x0,002=0,068) | 0,068 |
| 42 | Консултации со студенти, 2008/2009, зимски семестар (Шумско градежништво, 45 студент) (45x0,002=0,090) | 0,090 |

| | | |
|---|---|---|
| 43 | Консултации со студенти, 2008/2009, зимски семестар (Отворање на шумите, 39 студент) , (39х0,002=0,078) | 0,078 |
| 44 | Консултации со студенти, 2009/2010, летен семестар, (Шумски транспорт, 39 студенти), 39х0,002=0,078 | 0,078 |
| 45 | Консултации со студенти, 2009/2010, зимски семестар (Шумско градежништво, 33 студент), (33х0,002=0,066) | 0,066 |
| 46 | Консултации со студенти, 2009/2010, зимски семестар (Отворање на шумите, 21 студент) (21х0,002=0,042) | 0,042 |
| 47 | Консултации со студенти, 2010/2011, летен семестар, (Шумски транспорт, 31 студент), (34х0,002=0,062) | 0,062 |
| 48 | Консултации со студенти, 2010/2011, зимски семестар (Шумско градежништво, 32 студента), (32х0,002=0,064) | 0,064 |
| 49 | Консултации со студенти, 2010/2011, зимски семестар (Отворање на шумите, 16 студента), (16х0,002=0,032) | 0,032 |
| 50 | Консултации со студенти, 2011/2012, летен семестар, (Шумски транспорт, 41 студент), (41х0,002=0,082) | 0,082 |
| 51 | Консултации со студенти, 2011/2012, зимски семестар (Шумско градежништво, 25 студента), (25х0,002=0,050) | 0,050 |
| 52 | Консултации со студенти, 2011/2012, зимски семестар (Отворање на шумите, 10 студенти) , 10х0,002=0,020 | 0,020 |
| 53 | Механизација при транспорт на дрво, 3+3 (II циклус) 2010/11, (1х15х0,05=0,75) | 0,75 |
| 54 | Механизација при транспорт на дрво, 3+3 (II циклус) 2011/12, (1х15х0,05=0,75) | 0,75 |
| 55 | Член на комисија за оценка и одбрана на дипломска работа, (8х0,1=0,8) | 0,8 |
| 56 | Ментор на дипломска работа (решение бр. 09-7/108 од 25.9.2009, бр. 09-7/799 од 19.2.2010, бр. 09-7/196 од 18.11.2010, бр. 10-7/12 од 16.2.2012, бр. 10-7/1 од 04.1.2012, бр. 10-7/75 од 17. 11.2012, бр. 10-7009/1 од 20.9.2013), (7х0,2=1,4) | 1,4 |
| 57 | Интерна скрипта од предавања (Отворање на шумите, Шумско градежништво), (2Х4 = 8) | 8 |
| 58 | Интерна скрипта од вежби (Отворање на шумите, Шумско градежништво), (2Х3=6) | 6 |
| | | |
| | **Вкупно** | 68,78 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Учесник во меѓународен научен проект: проект: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на екотуризмот во Националниот парк Маврово, дел „Шумите во националниот парк Маврово", финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, имплементиран од OXFAM ITALIA, Скопје, 2011. (1Х5) | 5 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир Трајанов З., | 1.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Несторовски Љ.: *„Актуелни проблеми поврзани со експлоатацијата на шумската инфраструктура во Република Македонија и можности за надминување на состојбата“*, научен собир за шумски патишта експлоатација, трансформација и еколошки аспект, стр. 25-39, Скопје, 2009. (2X0,9 = 1,8) | |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание – Љ. Несторовски, М. Нацевски, З. Трајанов: *„Енергетска вредност на дрвото од Carpinus orientalis и Ostrya carpinifolia“*, Шумарски преглед, стр. 46-52, Скопје, 2009. (4x0,8=3,2) | 3.2 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание – З. Трајанов: *„Можности за подобрување на шумскиот транспорт во Република Македонија“*, Наши шуми, стр. 18-21, Скопје, 2012. (2x1=2,0) | 2,0 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор – Lj. Nestorovski, M. Nacevski, P.Trajkov, Z.Trajanov: *„Analisys of the energetic potential of forests in Republic of Macedonia“*, 19. Европска Конференција за биомаса, Берлин, 2011. (3X0,6) | 1.8 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор - Lj. Nestorovski, M. Nacevski, P.Trajkov, Z. Trajanov, M. Danilovic*: ”Analysis of the ash quantity during beech wood combustion”*, International scientific journal Forest review nr. 43, 2012, page 12-14. (4X0,6) | 2.4 |
| 7 | Монографија: – Трендафилов А., Велковски Н., Трајанов З., Анакиева Папазова И., Начевски С., и други: *„65 години шумарски факултет - Скопје“, Скопје 2012, УКИМ* - Шумарски факултет – Скопје. (8X0,6 = 4,8) | 4,8 |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор - Z. Trajanov, Lj. Nestorovski, P. Trajkov*:”Influence of some factors on the density of forest roads in skidding with animals”*, International scientific journal Forest review nr. 43, 2012, page 33-36. (4X0,8) | 3.2 |
| | **Вкупно** | 24,2 |

**СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** (од изборот во доцент до сега) | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | З. Трајанов: „Посебен план за стопанисување со шумите „Криво брдо“, Скопје 2009. (1X4) | 4 |
| 2 | П. Трајков, Љ. Несторовски, З. Трајанов и други: „Општ план за одржливо управување со шумите во Националниот Парк „Маврово“, Скопје, 2010. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на екотуризам во Националниот парк Маврово, | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA. (1X2) | |
| 3 | П. Трајков, Љ. Несторовски, З. Трајанов и други: Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Дешат“, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на екотуризам во Националниот парк Маврово, финансиран од - Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA. (1X2) | 2 |
| 4 | П. Трајков, Љ. Несторовски, З. Трајанов и други: Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Кораб “, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на екотуризам во Националниот парк Маврово, финансиран од - Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA. (1X2) | 2 |
| 5 | П. Трајков, Љ. Несторовски, З. Трајанов и други: Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Горна Радика “, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на екотуризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA. (1X2) | 2 |
| 6 | П. Трајков, Љ. Несторовски, З. Трајанов и други: Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Маврово“, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот Заштита на животната средина, економски развој и промоција на екотуризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA. (1X2) | 2 |
| 7 | П. Трајков, Љ. Несторовски, З. Трајанов и други: Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Бистра 1“, стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на екотуризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA. (1X2) | 2 |
| 8 | П. Трајков, Љ. Несторовски, З. Трајанов и други: Посебен план за одгледување и заштита на шумите во Шумско-просторна единица „Бистра 2“,стручен труд, Скопје, 2011. Изработен во рамките на проектот: Заштита на животната средина, економски развој и промоција на екотуризам во Националниот парк Маврово, финансиран од Владата на Република Италија и Националниот парк Маврово, реализиран преку OXFAM ITALIA. (1X2) | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | З. Трајанов: „Посебен план за стопанисување со шумите „Св. Богородица Пречиста“, Скопје, 2012. (1X4) | 4 |
| 10 | З. Трајанов: „Посебен план за стопанисување со шумите „Свети Наум Љубаништа – с. Стипона“, Скопје, 2012. (1X4) | 4 |
| 11 | З. Трајанов: „Посебен план за стопанисување со шумите „Смиленоски - Готен“, Скопје, 2013. (1X4) | 4 |
| 12 | З. Трајанов, П. Трајков: „Анекс - Посебен план за стопанисување со шумите „МПЦ Црква Света Богородица“, Скопје, 2013. (1X4) | 4 |
| 13 | Стручно мислење за состојбата на дрвјата во централното градско подрачје на општина Радовиш, (бр. 13-103/1 од 31.1.2012) (1X1) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Претседател на факултетска комисија за попис на средствата и изворите на средствата на Шумарскиот факултет во Скопје за 2008 година (Одлука бр. 03-1062/1 од 15.7.2008) (1x0,5) | 0,5 |
| 2 | Член на издавачки обор на научно/стручно списание „Шумарски преглед“ – 2008 год. (Одлука бр. 0201-44/7-3 од 24.12.2008) (1X0,5) | 0,5 |
| 3 | Претседател на факултетска Комисија за попис на средствата и изворите на средствата на Шумарскиот факултет во Скопје за 2009 година (Одлука бр. 03-1078/1 од 3.07.2009) (1x0,5) | 0,5 |
| 4 | Член на факултетска Комисија за спроведување на постапка за издавање под закуп на недвижен имот (Одлука бр. 03-807 од 28.10.2010) (1X0,5) | 0,5 |
| 5 | Член на факултетска Комисија за попис на средствата и изворите на средствата на Шумарскиот факултет во Скопје за 2010 година (Одлука бр. 0202-67/5-9 од 27.5.2012) (1x0,5) | 0,5 |
| 6 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание „Шумарски преглед“ – 2011 год. (Одлука бр. 0201-21/7-6 од 16.11.2011) (1X0,5) | 0,5 |
| 7 | Член на уредувачки обор на научно/стручно списание „Наши шуми“ – 2007-2009 год. (1X0,5) | 0,5 |
| 8 | Член на факултетска Комисија за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2011/12 (Одлука бр. 0201-21/7-1 од 09.5.2011) (1x0,5=0,5) | 0,5 |
| 9 | Член на факултетска Комисија за запишување студенти на втор циклус студии во учебната 2011/12 (Одлука бр. 0201-21/IX-4.2 од 27.6.2011) (1x0,5=0,5) | 0,5 |
| 10 | Член на факултетска Комисија за јавни набавки. (Одлука бр: 0206-178/1 од 10.3.2011; 0206-374/1 од 05.6.2012; 0206-370/1 од 04.6.2012) (3x0,5= 1,5) | 1,5 |
| 11 | Претседател на факултетска Комисија за примопредавање на вредносни бонови ваучери (Одлука бр.: 03-923/1 од 20.7.2012) (1x0,5= 0,5) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Претседател на факултетска Комисија за избор на професори за најдобри научници (Одлука бр. 0203-896/1 од 07.12.2012) (1х0,5=0,5) | 0,5 |
| 13 | Претседател на факултетска Комисија за состојбата со запишување студенти на трет циклус студии (Одлука бр. 0203-909/I од 14.7.2012) (1х0,5=0,5) | 0,5 |
| 14 | Член на комисија за изработка на елаборат за прв циклус студии на Шумарскиот факултет во Скопје (Одлуки бр. 0202 – 180/4 од 21.2.2013) (1х0,5= 0,5) | 0,5 |
| 15 | Претседател на факултетска Комисија за запишување студенти на втор циклус студии во учебната 2012/13(Одлука бр. 0202-19/I-10 од 10.1.2013) (1х0,5=0,5) | 0,5 |
| 16 | Член на факултетска Комисија за решавање по мобилност на студентите од областа на наставно образовниот процес (Одлука бр. 0201 – 244/8 од 25.3.2013) (1х0,5= 0,5) | 0,5 |
| 17 | Претседател на факултетска Комисија за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2013/14(Одлука бр. 0201-447/6 од 27.5.2013) (1х0,5=0,5) | 0,5 |
| 18 | Член на факултетска Комисија за утврдување на еквиваленција (Од. бр. 0201-746/7 од 7.10.2013)(1х0,5= 0,5) | 0,5 |
| 19 | Член на факултетска Комисија за самоеваулација (Одлука бр. 0201-305/4 од 8.4.2013) (1х0,5= 0,5) | 0,5 |
| 20 | Продекан за настава | 4.0 |
| | **Вкупно** | 49,5 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 68,78 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 24,20 |
| **СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 49,50 |
| **Вкупно** | 142,48 |

Комисија

Д-р Љупчо Несторовски, ред. професор. с.р.

Д-р Кирил Крстевски, ред. проф. во пензија, с.р.

Д-р Панде Трајков, ред. професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕВАЛУАЦИЈА НА ЕФИКАСНОСТА НА КЕРАМИЧКО-ЦЕМЕНТНОТО ПОВРЗУВАЊЕ КАЈ ЦЕЛОСНО КЕРАМИЧКИТЕ СИСТЕМИ – студија in vitro“**

**ОД АС. Д-Р ЕМИЛИЈА БАЈРАКТАРОВА ВАЉАКОВА ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 115/10, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13) и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 13. редовна седница одржана на 27.12.2013 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација од м-р Емилија Бајрактарова Ваљакова под наслов **Евалуација на ефикасноста на кермичко-цементното поврзување кај целосно керамичките системи – студија in vitro,** во состав: проф. д-р Јагода Бајевска, проф. д-р Никола Гиговски, проф. д-р Силвана Георгиева, проф. д-р Анита Грозданов и проф. д-р Љубен Гугувчевски.

Комисијата ја прегледа поднесената докторската дисертација и го доставува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Докторската дисертација под наслов **Евалуација на ефикасноста на кермичко-цементното поврзување кај целосно керамичките системи – студија in vitro**, поднесена од д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, е комплетна научна студија претставена во 9 поглавја: Вовед, Преглед на литература, Цел на трудот, Материјали и метод, Резултати, Дискусија, Заклучоци, Литература, Прилог. Сознанијата, резултатите и нивната анализа се прикажани во 172 страници напишан текст, 68 табели (и 58 во Прилог), 16 графикони, 44 слики и 114 фотомикрографии од различни третмани на керамиките и 8 од фрактурни површини на репрезентативни примероци (презентирани на 8 страници).

**Вовед и преглед на литературата**

Уште во воведот, кандидатката ја покажува актуелноста и важноста на проблемот на решавањето на ефикасното керамичко-цементно поврзување во целосно керамичките реставрации, што многу детално го разработува во целата негова комплексност. Всушност, ефикасноста на целосно керамичките реставрации во голема мера зависи од јачината на врската изградена помеѓу керамиката и средството употребено за цементирање. Врз градењето на солидна, ефикасна керамичко-цементна врска влијаат: хемискиот состав на керамиката и цементот (компатибилноста на двата материјала), изборот и изведувањето на третманите за подготовка на керамичката површина и самата постапка на цементирање. Најновите светски сознанија за современите протетски реставративни материјали и техники, земајќи ја предвид важноста на керамичко-цементното поврзување (влијанието на различни фактори: нови типови на хибридни керамики, цементи, различни комбинации на постапките за подготовка на керамичката површина, оралниот медиум, стареењето на материјалите), поврзано со потребата за

континуираното унапредување на квалитетот и ефикасноста на кермичките реставрации, се поттик и отворено поле на постојан предизвик за нови истражувања.

Во литературниот преглед, преку проследување на огромен број од 184 трудови (главно за последните 15 години) дадена е детална обработка и преглед на современите сознанија за феномените, материјалите и техниките, како и технологијата, кои се предмет на докторскиот труд. Литературниот преглед, исто така, е поделен на 7 поглавја, при што тој е направен во однос на секоја од доминантните фактори и компонентите како керамиките, CAD/CAM технологи- јата, средствата за цементирање, техниките за подготовка на кермичките површини, средствата за алтерација, денталните атхезиви, стареењето на материјалите, мерењето на силата на врзување.

Од овде произлегуваат и целите кои кандидатката ги поставила во оваа докторска дисертација.

## Цел на трудот

Главна цел на научноистражувачката работа на докторската дисертација е да се испита јачината на поврзување меѓу керамиките различни по состав и средствата за цементирање, во зависност од третманот на кермичката површина. При тоа, направени се испитувања за определување на влијанието на одделни фактори/третмани врз ефикасноста на кермичко-цементното поврзување, и тоа:

1. да се утврди влијанието на пескарењето на керамичката површина со зрна од алуминиум триоксид врз јачината на врзување;
2. да се утврди влијанието на пескарењето на керамичката површина со зрна од алуминиум триоксид обложени со силициум диоксид –силикатизирање - врз јачината на врзување;
3. да се утврди влијанието на нагризувањето на керамичката површина со флуороводородна киселина врз јачината на врзување;
4. да се утврди влијанието на силанизирањето на керамичката површина врз јачината на врзување;
5. да се утврди улогата на киселиот фосфатен мономер (10-MDP) како конституент во композитниот цемент врз јачината на врзување;
6. да се утврди влијанието на пролонгираното чување во дестилирана вода – стареење на материјалот врз јачината на врзување;
7. да се утврди количината на изгубен материјал во текот на алтерација на керамичката површина;
8. да се утврди типот на фрактура како резултат на различниот третман на керамичките површини;
9. да се утврди морфологијата на третираната керамичка површина;
10. да се утврди влијанието на времетраењето на нагризување со флуоро-водородна киселина врз морфологијата на керамичката површина;
11. да се утврди степенот на полимеризација на композитните цементи;
12. да се утврдат корелациите помеѓу испитуваните фактори.

## Материјал и метод

Во ова поглавје претставени се материјалите користени во истражувачкиот процес: керамиките - Vitablocks Mark II, IPS Empress CAD, IPS e.max CAD, Vita Enamic, Lava Ultimate CAD/CAM Restorative и Celtra Duo, композитните цементи - Clearfil Esthetic Cement и Panavia Self Adhesive Cement, средствата за механичка алтерација, механичко-хемиска алтерација и хемиска алтерација на керамичките површини, дентален атхезив и методите - подготовка на примероците, мерење на микрозатегнувачката сила на

врзување, одредување на типот на фрактура со помош на стерео-микроскопија, скенирачка електронска микроскопија – SEM, одредување на просечното губење на керамичкиот материјал и Фурие трансформирачка инфрацрвена спектроскопија - FTIR.

Како подготовка на керамичката површина, спроведени се основни третмани: обработка со силициум карбидна /SiC/ хартија, пескарење со $Al_2O_3$ зрна и силикатизација - CoJet третман и дополнителни третмани: нагризување со HF (флуороводородна) киселина, силанизирање и третман што се состои од нагризување со HF киселина и силанизирање. Подготвени се вкупно 180 „сендвич" керамички блокови - две керамички плочки, што се третирани на ист начин, се спојувани/цементирани меѓусебно со композитен цемент - дел од примероците со Clearfil Esthetic Cement, дел со Panavia SA Cement. Од блоковите се добиени вкупно 2880 микростапчиња (од секој блок по 16 микростапчиња) со димензии од 1.6 x 1.6 x 10 mm, со атхезивна површина од околу 2.56 $mm^2$. Сите микропримероци дополнително се подложени на третман за намалување на обемот во ниво на атхезивната зона при што е добиен напречен кружен пресек со дијаметар од околу 1.1 mm. Микростапчињата од секој вид на површински третман, по случаен избор, се поделени во две подгрупи, зависно од спроведените третмани за стареење на материјалот. Тестирањето за одредување на микрозатегнувачката сила на врзување кај половина од примероците е вршено по 7-дневно чување во дестилирана вода, а кај другата половина, тестот е спроведен по пет месеци за примероците цементирани со Clearfil Esthetic Cement, односно четири месеци за оние што биле цементирани со Panavia Self Adhesive Cement. Тестот за одредување на микрозатегнувачката сила на врзувањето - μTBS е спроведуван со универзалната машина за тестирање на материјали Lloyd (Lloyd Hampshire, UK).

Обработени се примероци од вкупно 256 различни групи кои меѓусебно се разликуваат по типот на керамиката, композитниот цемент, третманот на керамичката површина и времето на тестирање.

Типот на фрактурата - *атхезивна, кохезивна и мешовит тип фрактура* (што опфаќа четири подтипови) е одредуван со стерео-микроскопија. Скенирачката електронска микроскопија (SEM) е користена за анализа на фрактурната површина на репрезентативни примероци, како и анализа на морфологијата на керамичките површини на 114 стапчиња (дополнително подготвени за сите 6 типови керамики) по спроведување на различни третмани, како и по нивното третирање со флуороводородна киселина со различно време на дејствување: 20, 30, 60, 90 и 120 секунди. Просечната маса на изгубениот материјал, како резултат на третирање на керамичките површини – пескарење со алуминиум оксидни зрна или силикатизација е одредувано гравиметриски: тежината на керамичките пресеци е мерена пред и по нивното третирање, со помош на вага за мерење со прецизност од 0.0001 g. Спектрите од примероците подготвени од композитните цементи со различен начин на полимеризација се добиени со помош на Фурие – трансформирачка инфрацрвена спектроскопија – FTIR.

**Резултати**

Резултатите од реализираните истражувања и експерименти се прикажани табеларно (68 табели), на графикони (16 графикони) и со соодветни слики (44).

Добиените податоци се статистички обработени и при тоа се одредени средната вредност, стандардната девијација и стандардната грешка, one-way ANOVA, Tukey HSD-тест и Студентовиот t-тест за значајност на разликите помеѓу независни примероци.

Испитувањата покажаа дека без дополнителен третман на керамичката површина, врската која се гради помеѓу керамиките и цементите (Clearfil Esthetic Cement или Panavia SA Cement) е исклучително слаба, независно од основниот третман со исклучок на керамиките Lava Ultimate CAD/CAM Restorative и Vita Enamic. Различни комбинации од

третмани (основни и дополнителни) се ефикасни кај различните керамики, зависно од видот на употребениот цемент.

Третман што обезбедува најјака керамичко-цементна врска помеѓу *Vitablocks Mark II* и Clearfil Esthetic Cement и по 7-дневно тестирање и по 5-месечно стареење на материјалите е обработката на керамичката површина со силициум карбидна хартија, нагризување со флуороводородна киселина и силанизирање.

Најсоодветен третман на реставрациите изработени од Vitablocks Mark II, што обезбедува најсолидни керамичко-цементни врски со Panavia SA Cement (по 7 дена од подготвувањето на примероците) е силикатизацијата на керамичката површина проследена со силанизирање, а по 4-месечно складирање во водена бања, градење на најјака врска покажа третманот што вклучува обработка со силициум карбидна хартија и силанизирање.

Дополнителен третман што обезбедува најјака керамичко-цементна врска помеѓу *IPS Empress CAD* и Clearfil Esthetic Cement утврдена 7 дена по подготовката на примероците е силанизирањето на керамичката површина спроведено по пескарење, а силанизирањето спроведено по силикатизирање на површините - кога тестирањето се изведува по 5-месечно чување на примероците во водена бања. Вака создадените хемиски врски се стабилни, долготрајни и најмалку подложни на хидролиза со текот на времето. Најјака керамичко-цементна врска меѓу IPS Empress CAD и Panavia SA Cement гради третманот со силициум карбидна хартија и силанизирање. Со сличен позитивен ефект е и третманот од пескарење и силанизирање.

Најефикасен третман за градење на најјаки керамичко-цементни врски помеѓу *IPS e.max CAD* и Bis-GMA цементот (Clearfil Esthetic Cement) е силикатизацијата проследена со нагризување на керамичката површина со флуороводородна киселина и силанизирање, кога тестирањето се изведува по 7 дена од подготовката на примероците; по 5-месечно стареење на материјалите, најефикасна/најстабилна се покажа врската обезбедена со истите дополнителни третмани, спроведени по претходна обработка на керамичката површина со силициум карбидна хартија. Овој комбиниран третман гради најјака врска кај IPS e.max CAD керамиката и со 10-MDP цементот (Panavia Self Adhesive Cement).

Третманот што вклучува силикатизирање на керамичката површина, нагризување со флуороводородна киселина и силанизирање (по 7-дневно чување во водена бања) гради најјаки керамичко-цементни врски кај *Vita Enamic,* без разлика на употребениот цемент (Clearfil Esthetic Cement или Panavia Self Adhesive Cement). По 5-месечно стареење на материјалите, пескарењето на керамичката површина со алуминиум оксидни зрна и силанизирањето придонесуваат за градење на најјаки и најстабилни врски со CL EC, а овој третман е најефикасен (по 4-месечно чување на примероците во водена бања) и кога цементирањето е извршено со Panavia Self Adhesive Cement.

Помеѓу *Lava Ultimate CAD/CAM Restorative* и Clearfil Esthetic Cement (по 7-дневно чување во водена бања), најефикасно к-ц врзување се постигнува со пескарење на КП со алуминиум оксидни зрна модифицирани со силициум диоксид, проследено со нагризување со киселина и силанизирање; по пролонгирано (5 месеци) чување во водена бања, најефикасен е третманот од пескарење на врзните површини со алуминиум оксидни зрна, нагризување со флуороводородна киселина и силанизирање.

За цементирање на реставрации изработени од Lava Ultimate CAD/CAM Restorative најдобро е да се користи цемент што во својот состав содржи 10-MDP мономер, како што е Panavia Self Adhesive Cement; за обезбедување на најдобра врска, врзната површина на реставрацијата треба само да се пескари со алуминиум оксидни зрна. Пескарењето гради најјаки керамичко-цементни врски по 7-дневно чување во водена бања, а ако вака подготвената керамичка површина се третира и со флуороводородна киселина,

создадените врски се стабилни и јаки и по 4-месечно стареење на материјалите (примероците).

Најјаки, но не и најстабилни врски помеѓу керамиката *Celtra Duo* и Clearfil Esthetic Cement (по 7-дневно чување во водена бања) гради третманот што вклучува пескарење на керамичката површина со алуминиум оксидни зрна проследено со нагризување со флуороводородна киселина. Овој третман е најефикасен (за оваа керамика и цемент) и по 5-месечно стареење на примероците во водена бања, меѓутоа јачината на врската е значајно намалена.

Обработката на керамичката површина со силициум карбидна хартија проследено со нагризување со флуороводородна киселина и силанизирање е третманот што гради најјаки врски помеѓу Celtra Duo и Panavia Self Adhesive Cement, по 7 дена од подготвувањето на примероците. По 4-месечно складирање во водена бања, најјаки керамичко-цементни врски (зајакнати со стареењето) обезбедува третманот што опфаќа обработка на керамичките површини со силициум карбидна хартија и нагризување со флуороводородна киселина.

Лабораториското стареење на материјалите (како симулација на клиничкото стареење) влијае врз јачината на воспоставените керамичко-цементни врски; ефектот е различен кај различните керамики, а зависи и од видот на цементот и спроведениот третман на врзните керамички површини пред цементирањето. Стареењето на материјалите генерално негативно влијае врз керамичко-цементната врска – се намалува јачината на врзувањето, во поголема или помала мера, статистички незначајно; ова е посебно изразено за керамиката IPS e.max CAD, како и за хибридните керамики Lava Ultimate CAD/CAM Restorative и Vita Enamic. Извесно зголемување на јачината на керамичко-цементното врзување се забележува за одредени третмани кај керамиките Vitablocks Mark II, IPS Empress CAD и Celtra Duo. Позабележително јакнеење на врските се забележува кај фелдспатната керамика Vitablocks Mark II, кога цементирањето е извршено со 10-MDP цементот (Panavia SA Cement).

Стереомикроскопската анализа на површините добиени при кршењето на примероците покажа присуство на атхезивни, кохезивни и мешовит тип фрактури во керамичко-цементниот супстрат. Типот на фрактура не секогаш се совпаѓа со јачината на изградената врска; тој може да зависи од хемискиот состав на керамиката, но и композитниот цемент употребен за атхезивно цементирање.

СЕМ-микроскопијата покажува дека третманите на керамичките врзни површини ја менуваат нејзината површинска морфологија; поагресивните третмани резултираат со поголеми морфолошки промени. Создадената релјефност влијае на ретенцијата на средството за цементирање, а ова пак, врз јачината на керамичко-цементната врска. СЕМ-микрофотографиите покажува- ат дека јачината на керамичко-цементното врзување (анализирано кај одделните третмани), главно се совпаѓа со видот и изразеноста на предизвиканите морфолошки промени.

Како последица на третманот на керамичките површини со пескарење или силикатизација, доаѓа до загуба на керамичкиот материјал. Пескарењето на врзните керамички површини со алуминиум оксидни зрна (27 μm) резултира со поголема загуба на материјалот, во споредба со силикатизацијата што се изведува со алуминиум оксидни зрна обложени со силициум диоксид (30 μm, CoJet); ваквиот наод се објаснува со механизмот на дејствување на двата метода. Загубата на керамичка маса зависи од хемискиот состав и структурата на керамиката, и е поголем кај т.н. „меки“ керамики – кои имаат полимерен состав; полимерната мрежа доведува до намалување на тврдоста на материјалот, а со тоа и поизразен ефект од пескарењето. Загубата е најмала кај т.н. „зајакнати“ керамики што имаат поголема тврдост.

**Дискусија**

Во овој дел од дисертацијата, докторантката ги дискутира добиените резултати и сознанија при што нив ги споредува и ги корелира со оние од литературата. Дискусијата на резултатите за секој феномен во овој дел е организирана и направена во однос на секој од испитуваните шест системи на керамичко-цементно поврзување разработени во дисертацијата. Детално е продискутирано и анализирано остварувањето на солидна керамичко-цементна врска, како дел од севкупната ефикасност на една целосно керамичка протетска реставрација, во зависност од испитувани фактори: хемискиот состав на керамиката и цементот, изборот на соодветен третман на керамичката површина пред цементирањето и коректното изведување на постапките. Сите овие фактори се испреплетени, во меѓусебна интеракција и со одреден ефект, што треба да се знае кога се планира изработка на вакви реставрации.

Прикажани се резултати од бројни студии кои во поголем или помал соодност се во согласност со резултатите добиени со оваа студија.

Од посебна важност е фактот што истражувачките резултати добиени во рамките на оваа докторска дисертација се базираат на in vitro - испитувања, имајќи ги предвид нивните предности и научна релевантност како императив што мора да биде задоволен поради претензиите за неговото имплементирање во практиката, во овој случај – да најде практична клиничка употреба.

**Заклучоци**

Заклучоците се изведени од прикажаните резултати и потврдуваат дека остварувањето на солидна керамичко-цементна врска, како дел од севкупната ефикасност на една целосно керамичка протетска реставрација, е комплексен феномен кој зависи од повеќе фактори: хемискиот состав на керамиката и цементот, изборот на соодветен третман на керамичката површина пред цементирањето и коректното изведување на постапките. Резултатите од оваа дисертација укажуваат токму на тоа: според избраната керамика да биде селектиран и соодветен цемент, а од дополнителните третмани да биде избран оној, што ќе овозможи формирање на најјака врска меѓу двата супстрата.

**Библиографија**

Се состои од 184 релевантни референци од домашни и странски автори, главно од понов датум за последните 15 години.

## З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација под наслов **Евалуација на ефикасноста на кермичко-цементното поврзување кај целосно керамичките системи – студија in vitro**, поднесена од д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, претставува извонредна научноистражувачка и детална студија на ефикасноста и јачината на поврзувањето помеѓу керамиките различни по состав и средствата за цементирање, во зависност од третманот на керамичката површина. Докторската дисертација е изработена со висока техничка прецизност, детално, прецизно и статистички документирано, а кандидатката покажува висока научна и техничка зрелост во толкувањето на резултатите и нивното корелирањето со современите референци од многубројната библиографија.

Резултатите од овој дисертациски труд имаат посебен научен придонес бидејќи вклучуваат и испитување на нови хибридни и нанокерамики промовирани во 2013 год.

како и нивна споредба со традиционалните стандардни керамики. Воедно, стекнатите сознанија можат да послужат како база за понатамошни истражувања и унапредување на квалитетот на керамичките реставрации.

Бидејќи резултатите презентирани во оваа докторска дисертација се добиени преку истражувања - експерименти реализирани во референтната лабораторија за испитување на дентални материјали BIOMAT - Leuven Research Cluster, оддел на Стоматолошкиот факултет при Католичкиот универзитет KU Leuven, во Лувен, Белгија, кандидатката се здобива со солидно искуство и во меѓународната истражувачка соработка која е од посебно значење за изградувањето на секој истражувач, особено од медицинските науки.

**Врз основа на овие заклучоци, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја продолжи процедурата за одбрана на овој докторски труд.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Јагода Бајевска с.р.**

**Проф. д-р Никола Гиговски с.р.**

**Проф. д-р Силвана Георгиева с.р.**

**Проф. д-р Анита Грозданов с.р.**

**Проф. д-р Љубен Гугувчевски с.р.**

**ПРЕГЛЕД**
на прифатена тема за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје,

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| 1. дипл инж. Веселинка Панева | „Фактори на мотивација на вработените при производството на мебел во Р.Македонија “. | д-р Виолета Ефремовска, редовен професор |

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ПО ПРЕДМЕТИТЕ ДИДАКТИКА, ПЕДАГОГИЈА НА СЛОБОДНО ВРЕМЕ И АУДИОВИЗУЕЛНИ СРЕДСТВА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс објавен во весниците „Дневник”, на 28 декември 2013 година и „Коха”, на 28 декември 2013 година за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања од областа на педагошките науки, по предметите: *дидактика*, за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, *педагогија на слободно време* (изборен предмет), за студиската група одделенска настава, на македонски наставен јазик и *аудиовизуелни средства во воспитно-образовната работа* (изборен предмет), за студиската група предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје, на редовната седница одржана на 23.1.2014 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентската комисија за изготвување на реферат, во состав: проф. д-р Вера Стојановска, проф. д-р Снежана Адамческа и проф. д-р Владо Тимовски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавил само еден кандидат, и тоа д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска, вонреден професор на Педагошкиот факултет “Св. Климент Охридски” во Скопје. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет “Св. Климент Охридски” во Скопје да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Основни биографски податоци*

Д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска е родена на 1.XII 1966 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, со одличен успех. Во 1985 годинасе запишала на Институтот за педагогија, при Филозофскиот факултет во Скопје, каде што дипломирала во 1989 година, со висок просечен успех. Во истата година се запишала на постдипломските студии на Институтот за педагогија на дидактичко-методска насока. Постдипломските студии успешно ги завршила со просечен успех 9,00, а со звањето магистер на педагошки науки се стекнала со одбрана на магистерскиот труд со наслов *Образовната телевизија - методска поставеност, воспитно-образовни вредности и примена во наставата*, на 30.VI 1994 година.

Докторирала 2004 година на Филозофскиот факултет во Скопје, на тема *Професионалните компетенции на наставниците во основното образование во Република Македонија* и се стекнала со научен степен доктор на педагошки науки.

Никодиновска-Банчотовска, во 1991 година, го започнала работниот стаж како воспитувач во предучилишната установа „Раде Јовчевски Корчагин” во Скопје. Во 1996 година се вработила на Педагошкиот факултет “Св. Климент Охридски” во Скопје, како асистент по предметите: дидактика, училишна педагогија и педагошка практика. Со голема посветеност работи на својата академска кариера, така што во 2004 година напредува во наставно-научното звање доцент, по предметот дидактика за студентите на

одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик. На 1 јули 2009 година, избрана е во наставо-научното звање вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје.

Во изминатиот период, активно била вклучена во повеќе научноистражувачки проекти од областа на воспитанието и образованието кај нас и во некои европски земји. Со свои излагања учествувала на повеќе семинари, симпозиуми, научни собири и конгреси, организирани во функција на развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието. Во педагошката периодика има објавено поголем број на статии и прикази. Има пишувано и рецензии на учебникарска и прирачна литература, како и на литература за деца. Во јавните гласила учествувала со излагања и дискусии на тема од областа на образовната технологија. Во рамките на меѓународни проекти има остварено неколку студиски престои во странство.

### ***Наставна и стручно-научна дејност***

Како асистент, во периодот од јуни 1996 до ноември 2004 година, Сузана Никодиновска-Банчотовска, редовно, совесно и мошне успешно ги изведува семинарските и практичните вежби по предметите *дидактика* и *училишна педагогија* на групите за одделенска настава и за предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, како и *педагошка практика* на насоката за одделенска настава. Со студентите редовно изведува консултации во врска со изработката на нивните семинарски работи и совладувањето на програмските содржини по предметите за кои е ангажирана. Од ноември 2004, како доцент, со голема умешност ги реализира предметните програми по *дидактика* на двете насоки, а потоа и по *педагогија на слободно време* на групата за одделенска настава и по *аудиовизуелни средства* во воспитно-образовната работа на групата за предучилишно воспитание. По изборот во звањето, вонреден професор, од 2009 година па наваму, таа реализира настава по предметите: *дидактика*, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик; *педагогија на слободно време (изборен)*, за групата одделенска настава на македонски наставен јазик и од областа изборни предмети, по *аудиовизуелни средства во воспитно-образовната работа*, за групата предучилишно воспитание на македонски наставен јазик. Како наставник покажува забележителен педагошки пристап во едукацијата на младите кадри, преку воспоставување на непосредна и квалитетна комуникација со студентите. Нејзиниот темелен и сериозен однос во тој домен резултира со менторство или учество во комисии на поголем број дипломски работи.

Образовниот ангажман во текот на целиот професионален развој на кандидатката претставува продукт на високиот квалитет на компетенции кои таа ги стекнала, и кои и овозможиле да се занимава не само со наставна туку и со научноистражувачка дејност.

Покрај наставната дејност, д-р Сузана Никодиновска – Банчотовска покажува забележителни резултати и на планот на стручно-научната работа. Таа е автор или коавтор на голем број стручни и научни трудови, прикази на книги, објавени во домашни и меѓународни научни списанија, од кои ги издвојуваме:

1. *Мас-медиумската комуникација и перманентното образование,* Зборник на трудови - книга 1, Педагошки факултет, Скопје, 1997;
2. *Местото и улогата на одделенскиот наставник во современата настава*, Зборник на трудови - книга 2, Педагошки факултет, Скопје, 1998;
3. *Мас-медиумската комуникација во воспитно-образовниот процес*, Годишен зборник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” Скопје, 1998;
4. *Можности за примена на образовната телевизија во процесот на наставата,* Просветно дело, Скопје, 1998, бр.2 ;

5. *Испитување на брзината на читањето кај учениците од основното училиште,* Просветно дело, Скопје, 1999, бр.1;
6. *Системот на образование на наставници и воспитувачи на Liverpool Hope University College - Department of Education, во Ливерпул, Велика Британија*, во коавторство со м-р Татјана Котева, Просветно дело, Скопје, 2000, бр.2;
7. *Практични согледувања и визии за подобрување на педагошката практика и стажирањето на студиите за одделенски наставници и воспитувачи*, во коавторство со м-р Татјана Котева, Просветно дело, Скопје, 2000, бр.4;
8. Приказ на книгата: *Предучилишното воспитание и образование како отворен систем* од м-р Билјана Велјановска-Камчевска, Просветно дело, Скопје, 2000, бр.4;
9. *Правилно оценување на успехот на учениците*, Годишен зборник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2000;
10. *Комуникацијата меѓу педагогот и одделенскиот наставник во реализацијата на курикулумот,* Просветно дело, Скопје, 2001, бр.4;
11. *Мотивацијата на учениците како претпоставка за успешна наставна работа*, Просветно дело , Скопје, 2001, бр.5;
12. *Воспитно-образовните вредности на образовната телевизија*, Педагошка практика, Педагошки факултет, Скопје, 2002, бр.1;
13. *Барања за правилно оценување на успехот и постигнувањата на учениците,* Просветно дело , Скопје, 2002, бр.3;
14. *Субјектите во наставата при примената на образовната телевизија*, Просветно дело, Скопје, 2002, бр.4;
15. *Priprema nastavnika za primenu savremene obrazovne tehnologije u nastavi*, Zbornik: „Tehnologija, informatika, obrazovanje 2", Institut za pedagoška istraživanja i Centar za razvoj i primenu nauke, tehnologije i informatike, Beograd – Novi Sad , 2003;
16. *Мислења и ставови на студентите за особините на наставникот, З*орник „Современото предучилишно воспитание и основно образование - состојби и перспективи", Педагошки факултет, Скопје, 2003;
17. *Дидактичко-методски аспекти на создавањето на ТВ програмите и нивна примена во наставата*, Воспитание, Штип, 2003/4, бр. 4-5;
18. *Mogucnosti primene obrazovne televizije u nastavi prirode*, Zbornik „Komunikacija i mediji u savremenoj nastavi", Učiteljski fakultet u Jagodini i Institut za pedagoška istraživanja u Beogradu, Jagodina, 2004;
19. *Современата образовна технологија во процесот на наставата*, Просветно дело , Скопје, 2004, бр.1;
20. *Основни елементи на примената и развојот на образовната технологија*, Педагошка практика, Педагошки факултет, Скопје, 2004, бр.1;
21. *Некои аспекти на перманентното образование*, Просветно дело, Скопје, 2005, бр.1;
22. *Особеностите на професијата наставник, според студентите - идни наставници,* Зборник „Воспитно - образовните функции на предучилишното и на основното образование во современи услови", Педагошки факултет "Св. Климент Охридски", Скопје, 2005;
23. *Informacijska i komunikacijska tehnologija (ICT) – integralni deo inicijalnog obrazovanja nastavnika*, Zbornik: „Tehnologija, informatika, obrazovanje 3", Institut za pedagoška istraživanja i Centar za razvoj i primenu nauke, tehnologije i informatike, Beograd – Novi Sad, 2005;
24. *Model standarda za edukaciju kvalitetnog nastavnika*, Zbornik: „Tehnologija, informatika, obrazovanje 3", Institut za pedagoška istraživanja i Centar za razvoj i primenu nauke, tehnologije i informatike Beograd – Novi Sad, 2005;

25. *The intercultural as a basis for cooperation of the school with the Broader community"* Зборник: The third international Balkan scientific congress, Педагошки факултет - Штип, Педагошки факултет - Стара Загора, Бугарија и Педагошки факултет - Едрене, Турција, 2005;
26. Приказ на книгата *Педагогија развоја или рефлексија педагошке традиције* од д-р Оливера Кнежевиќ-Флориќ (во коавторство со д-р Татјана Котева-Мојсовска), Просветно дело, Скопје, 2005, бр.4;
27. *Стекнувањето и развојот на компетенциите во иницијалното образование на наставниците*, Образовни рефлексии, Биро за развој на образованието, Скопје, 2005, бр. 3;
28. *E-learning as an assumption for quality education*, Zbornik "The third international Conference on Informatics, Educational Technology and New Media in Education", Pedagoski fakultet, Sombor, 2006;
29. *Интеракцијата како фактор за успешна настава*, Педагошка практика, Педагошки факултет, Скопје, година 3, 2006, бр.1-2;
30. *Појава и развој на професијата наставник во Република Македонија*, Педагошка практика, Педагошки факултет, Скопје, година 3, 2006, бр.1-2;
31. *Continuous Education and Advanced Training as a Possibility for Development of Teachers' Competencies"*, Zbornik "Educational sciences", University of Zagreb, Faculty of teacher education, Zagreb, No 1 (11), Vol. 8 (2006);
32. *Аналитички приказ на дел од образовните стандарди во Велика Британија*, Воспитание, година 4, Скопје, 2005-06, бр. 6-7;
33. *Вредновање и самовредновање - процеси усмерени ка ефективној настави*, Педагошка стварност, Нови Сад, Република Србија, 2006, бр. 1-2;
34. *Komunikacija između nastavnika i ucenika - razvoj, aktuelna stanja i perspektive,* Zbornik radova sa međunarodne naučne konferencije održane 23-24 septembra 2005 godine na Učiteljskom fakultetu u Jagodini, Republika Srbija, Jagodina, 2006;
35. Приказ на книгата *Семејното воспитание и социјалното однесување на децата* од д-р Татјана Котева-Мојсовска, Просветно дело, Скопје, 2006, бр.5;
36. *Стандарди за образование на квалитетен наставник*, Зборник на трудови „Наставниот и квалитетот на образованието", Скопје, 2007;
37. *Развој на компетенциите на наставниците низ разни форми на континуирано образование и усовршување*, Зборник од научен собир со меѓународно учество „Современи тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишно воспитание и одделенска настава", Педагошки факултет, Скопје, 2007;
38. *Interaction between the teacher and the student – factor for successful teaching"*, congress proceedings – volume 2, Traditions and innovations in the pedagogical technologies, Fourth Balkans Congress "Education, The Balkans, Europe", Faculty of education, Stara Zagora, Bulgaria, 2007;
39. *Taxonomy of teachers competencies*, IV International Scientific Conference", Volume 1, 13-15.06.2008, Pedagogical Faculty "St. Kliment Ohridski", R. Macedonia, Skopje, 2008;
40. *Relevant questions related to the curriculum*, The 5th International Balkan Education and Science Congress, Edirne – Turkey, October 1-3, 2009;
41. *Стратегии за реализација на воспитните компетенции на наставникот,* Зборник на трудови од тематска расправа: „Реафирмација на воспитната функција на училиштето", во издание на Домот на просветните работници, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" и Филозофскиот факултет – Институт за педагогија, Скопје, 2009;
42. *Потреба, начини и форми на соработка меѓу училиштето и општествената средина*, Педагошка ревија – научно списание за образовни прашања, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" Скопје, година 1,бр.1/2010;

43. *Quality education – imperative of the new time***,** VI Balkan Education and Science Congress: The Modern Society and Education, Ohrid, 2011, Faculty of pedagogy "St. Kliment Ohridski" Skopje, 2011;
44. *Educational technology as a way of teacher's work*, III Međunarodna naučno-stručna konferencija, Unapređenje kvaliteta života dece i mladih, Tematski Zbornik, Udruženje za podršku i kreativni razvoj djece i mladih, Edukacijsko rehabilitacijski fakultet Univerziteta u Tuzli, Tuzla 2012;
45. *Курикулумот во воспитно-образовниот процес*, списание „Просветно дело", Скопје, бр. 2-3, 2013;
46. *Opportunities and values of the educational software,* Education between tradition and modernity, International Symposium Ohrid, 22-24 September, 2011, Institute of pedagogy, University "SS. Cyril and Methodius" Faculty of philosophy – Skopje, Skopje 2013;
47. *Inicijalno obrazovanje nastavnika u R. Makedoniji*, Tematski Zbornik: „Unapređenje kvalitete života djece i mladih", Udruženje za podršku i kreativni razvoj djece i mladih, Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet Univerziteta u Tuzli, Tuzla 2013;
48. *The school media library and the multimedia classrooms keeping up with the technical – technological development*, conference proceedings of International Conference "Innovations, Challenges and Tendencies in the post modern education 12-13 september 2013, Stara Zagora, Bulgaria;
49. *Современото училиште и предизвиците на наставата,* списание „Просветно дело", Скопје, бр. 5, 2013.

Д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска ги има објавено следниве книги:

- *Телевизијата како медиум за едукација"* , Биангл, Битола, 1999;
- *Професионалните компетенции на наставниците*, Академски печат, Скопје, 2008;
- *Таксономија на професионалните компетенции на наставниците*, Академски печат, Скопје, 2008.

Од објавените публикации, како посебно значајна би ја издвоиле книгата со наслов: *Професионалните компетенции на наставниците.* Овој труд третира едно мошне интересно и актуелно прашање кое ги согледува и анализира сите можни фактори кои влијаат врз објективната идентификација на професионалните компетенции на наставниците во основното образование кај нас. Во трудот, идентификацијата на вредносните категории како професионални компетенции на наставникот се презентирани од речиси сите аспекти и димензии на процесот на формирање на наставникот, физиономијата и програмската поставеност на неговото иницијално образование, моделите на неговото професионално усовршување и развој, законските основи и норми, како и потребите од индивидуален и колективен карактер, анализирани од аспект на нивните ставови и мислења. Трудот има значајно нагласена научна тежина, бидејќи основниот проблем на истражување во него, е проучен и елабориран сеопфатно и со конзистентна научна аргументација. Во таа смисла, овој труд претставува прв обид кај нас да се постават основите на стандардизирање на дејноста на наставникот во задолжителниот и најмасовниот степен на образование.

Труд чијашто вредност, исто така, треба посебно да се нагласи е *Таксономија на професионалните компетенции на наставниците.* Во овој труд, Никодиновска-Банчотовска изработила таксономија од над 300 вредносни категории кои претставуваат основа за сериозен пристап кон етаблитање на национални/државни стандарди во однос на професионалните компетенции на наставниците. Јасно дефинираните професионални компетенции на наставниците се драгоцени за поуспешно реализирање на евалуацијата

на ефектите од професионалниот ангажман на секој наставник во нашето основно образование.

Разгледувајќи го опусот на објавени стручни и научни трудови публикувани во Р. Македонија и во странство, се констатира дека д-р Сузана Никодиновска - Банчотовска е сериозен и плоден научен работник со респектабилен библиографски опус.

Покрај досега објавените стручни и научни трудови, кандидатката има напишано и повеќе рецензии на литература за деца и учебници, меѓу кои:

- *Сказна за Тумбија* од Александар Кујунџиски, ТДС, Скопје, 1994;
- *Од септември до септември* - боенка со песни, гатанки и брзозборки од Александар Кујунџиски, Просветно дело, Скопје, 1995;
- *Буква до буква - букварка* од Рајко Јовчески, Просветно дело, Скопје, 1997;
- *Учебник и работни листови по општество за IV одделение. Татковино - убавино* (на конкурс за учебници) Просветно дело, Скопје, декември 1998;
- *Учебник по општество за IV одделение* (на конкурс за учебници) Просветно дело, Скопје, 2000.

Таа била рецензент на неколку поднесени статии за објавување во педагошките списанија: Образовни рефлесии и Педагошка ревија, рецензент на трудови за Годишниот зборник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје. Била член во рецензентски комисии за избор на соработници и наставници во наставнонаучни звања, има напишано и авторезиме за докторска дисертација и има давано стучни мислења за проектни активности.

Во работата и функционирањето на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, во изминатиот период, била вклучена во повеќе комисии и други стручни активности на Факултетот. Назначена е за раководител на Дидактичко-методичкиот центар при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, кој е во фаза на основање.

Од анализата на целокупната стручно-научна дејност на д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска, евидентно е дека во фокусот на нејзиниот истражувачки интерес, пред сѐ, се суштински проблеми од областа на дидактиката, како и педагошките модели на примената на современите образовни технологии во процесот на учењето и поучувањето. Но, евидентно е и тоа, дека кандидатката во текот на нејзиниот образовен и професионален развој не се занимава само со проучување на голем број на тесно стручно-научни прашања од областа на дидактиката, туку и со поопфатни воспитно - образовни, актуелни педагошки прашања. Имено, во своите трудови, поставува и разрешува актуелни дидактички и педагошки проблеми во функција на осовременување и унапредување на воспитно-образовниот процес.

***Учество на стручни и научни собири***

Според приложената документација, д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска покажува посебен афинитет за научноистражувачка работа и има исклучително богата биографија во однос на учеството на стручни и научни собири. Со свои излагања учествувала во работата на голем број домашни и меѓународни семинари, работилници, симпозиуми, конгреси, од кои ги издвојуваме следниве:

⇒ *Перманентното образование и учење на прагот на XXI век како филозофски и педагошки основи на теоријата и практиката во сферата на едукацијата,* одржан во Скопје на 5-6 декември 1996 година, со излагање на тема *Мас-медиумската комуникација и перманентното образование*;

- ⇒ *Профилирањето, образованието и оспособувањето на воспитувачките и наставничките кадри како носители на едукациските процеси во Република Македонија,* одржан во Скопје на 8 и 9 декември 1997 година, со излагање на тема *Местото и улогата на одделенскиот наставник во современата настава*;
- ⇒ Циклус семинари за обука за проектот *Со читање и пишување до критичко мислење*одржани во Охрид, 3-6 декември 1998, 25-28 февруари 1999, 15-18 април 1999, 3-6 јуни 1999 година;
- ⇒ Научниот симпозиум *Улогата на педагогот во воспитно-образовниот процес*, одржан во Штип на 24.12.1999 година, со излагање на тема *Комуникацијата меѓу педагогот и одделенскиот наставник во реализацијата на курикулумот*;
- ⇒ Семинарот *European TeacherTraining Project for the Republic of Macedonia* во рамките на Темпус Фаре проектот за реконструирање на образовниот процес на педагошките факултети, одржан во Скопје во период од 6-11 февруари 2000 година, со излагање на тема *Педагошката практика- водич низ искуствата на студентот (School attachment – a guide toward student's experiences),* во коавторство со м-р Татјана Котева;
- ⇒ Семинарот *European TeacherTraining Project for the Republic of Macedonia* во рамките на Темпус Фаре Проектот за реконструирање на образовниот процес на педагошките факултети, одржан во Скопје во јуни 2000, со излагање на тема *Поврзаноста на педагошките факултети со училиштата (Partnership with school),* во коавторство со м-р Татјана Котева;
- ⇒ Работната група *Образовна технологија*, во рамките на семинарот на ETEN, (European Teacher Education Network), одржана средба во Бриж, Белгија од 1-4 февруари 2001 година ;
- ⇒ Меѓународните педагошки средби *Учителот на 21 век,* одржани во Охрид во организација на Педагошкиот факултет од Битола, со излагање на тема *Наставникот и современата образовна технологија;*
| | 29.Нешковска М., Костовски А., Бојаџиева С., Нешкова С., Неалкохолен стеатохепатитис. III конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 9-13 септември 2003 г, стр.187. | 0.5 |
| | 30.Костовски А., Влашки Е., Николовски Љ., Бојаџиева С., Демерџиева А., Нормални вредности од компјутеризирана 24-часовна pH метрија кај деца со рецидивантен опструктивен бронхитис. III конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 9-13 септември, 2003 г, стр.186. | 0.5 |
| | 31.Грујовска С., Тодоровски Г., Василевски В., Бојаџиева С. Хронични инфламаторни болести на црева кај деца, VII македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, 15-18 септември 2004, стр.163. | 0.5 |
| | 32.Тодоровски Г., Грујовска С., Бојаџиева С. Некои биохемиски параметри кај деца болни од инфламаторни цревни болести. VII македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, 15-18 септември, 2004, Книга на апстракти, стр. 313. | 0.5 |
| | 33.Тодоровски Г., Грујовска С., Василевски В., Димов А., Бојаџиева С. Холелитијаза кај дете со хередитарна сфероцитоза. VII македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, 15-18 септември, 2004. Книга на апстракти, стр. 311. | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 34.Грујовска., Тодоровски Г., Бојаџиева С., Василевски В., Нешковска М. ERCP во дијагностичка и тераписка процедура кај холестаза предизвикана од ехинококна циста. VII македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, 15-18 септември, 2004. Книга на апстракти, стр. 221. | 0.5 |
| | 35.Костовски А., Влашки Е., Демерџиева А., Бојаџиева С., Нешковска М. Компјутеризирана 24 часовна pH-метрија во проценка на гастроезогагеалниот рефлукс кај деца со респираторна болест и евалуација на лекувањето. VII македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид,, Македонија, 15-18 септември, 2004. Книга на апстракти, стр. 166. | 0.5 |
| | 36.Тодоровски Г., Грујовска С., Бојаџиева С. Бактериски изолати кај деца болни од акутни гастроентеритис. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Р.Македонија, 17-20 мај 2006. Мак. Мед. преглед 60:(67), стр.108. | 0.5 |
| | 37.Грујовска С., Тодоровски Г., Бојаџиева С. Echinococosis Hepatis во детската возраст. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Р.Македонија, 17-20 мај 2006,Мак. Мед. преглед 60:(67), стр.129. | 0.5 |
| | 38.Грујовска С., Тодоровски Г., Бојаџиева С. Секундарна интолеранција кон лактоза. III конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Р. Македонија 13-16 септември 2007, Мак. мед. преглед 61: (69), стр.59. | 0.5 |
| | 39.Тодоровски Г., Грујовска С., Бојаџиева С., Абази Н. Акутни гастроентерити кај хоспитализирани деца во текот на 2006 година. III конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид Македонија 13-16 септември, 2007, Мак. мед. преглед 61:(69), стр.60. | 0.5 |
| | 40.Тодоровски Г., Грујовска С., Ацевска А., Бојаџиева С. Акутен панкреатит кај девојче болно од хемолитична анемија. IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 18-22 септември, Р.Македонија 2007, Книга на апстракти, стр.219-220. | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | 41.Наунова С. Софијанова А. Којиќ Љ. Воиновска Т. Тимовски В. Бојаџиева С. Гломерулонефрити во детска возраст и нивната клиничка презентација. V конгрес на Здружението на педијатрите на Медонија со меѓународно учество, Охрид, 2011, Зборник на апстракти и трудови, стр.325-326 | 0.5 |
| | 42.Костовски А.,Петрушевска Г. Здравеска Н. Бојаџиева С. Сукциона ректална биопсија за дијагностицирање Hirscprung-ова болест. V конгрес на здружението на педијатрите на Медонија со меѓународно учество, Охрид 2011, Зборник на апстракти и трудови, стр.302-303. | 0.5 |
| | 43.Костовски А., Грујовска С. Тодоровски Г. Здравеска Н. Бојаџиева С. Евалуација на холестатска жолтица кај бебиња. V конгрес на Здружението на педијатрите на Медонија со меѓународно учество, Охрид, 2011, Зборник на апстракти и трудови, стр.303-304. | 0.5 |
| | 44.Kostovski A, Zdraveska N, Bojadzieva S, Petrushevska G, Haas D, Santer R. Liver Biopsy-an important procedure for diagnosing glycogen storage disease- Case report of GSD type IX-b and a novel mutation report. 1st Macedonian Congress if Pathology with International Participation 22-16 October 2011 Ohrid R.of Macedonia | 0.5 |
| | | **Вкупно 22** |
| **11.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународен)** | |
| | 1.Соња Бојаџиева. Мускулната маса на подлактицата како можен показател за проценка на исхранетоста. 34 Конгрес студената медицине и стоматологије, Ниш, Април, 1992 г. | 1 |
| | 2.Bojadzieva S., Kuturec M., Lukarevska V., Importance of quantitative albumine and immunoglobulin G in cerebrospinal fluid in children with bacterial meningitis.15th European Immunology Congress, Rhodes Greece 2003 abstract book p.176-177. | 1 |
| | 3.Соња И. Бојаџиева, Ацо Костовски, Николина Здравеска, Калина Гривчева Старделова. Malnutrition in children with inflammatory bowel disease-frequnecy and nutritional assessment. 33rd ESPEN Congress, Gothenburg, Sweden 3-6 September 2011 | 1 |
| | 4.Kostovski A. Zdraveska N. **Bojadzieva S.** Demerdzieva A. Congenital choledochal cyst associated with extrahepatic biliary atresia- antenatal diagnosis from promt management and favorable outcome. J.Inherit Metab Dis (2011) 34 (Suppl 1):S1-S16 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 5.Zdraveska N.Kostovski A., Haas D, Kuchr J. Eschrich K., Santer R. **Bojadzieva S**. Novel splice site mutation in the PHKB gene in a patient from Macedonia with glycogenesus type IX-B. J.Inherit Metab Dis(2011)34(Suppl 1):S1-S1 | 1 |
| | 6.Radica Muratovska, Aleksandar Sajkovski, Katica Piperkova, Aspazija Sofijanova, Ljiljana Kojic, Simonida Spasevska, Natasha Aluloska, **Sonja Bojadzieva**, Katerina Dimovska PP-159. Nosocomial infections (NI) in surgically treated newborn *Early Human Development*, 2010; (86):81 | 1 |
| | 7.Којич Љ., Сајковски А., Шукарова Е., Трајковски З., Фидановски Д., Христовски А., Софијанова А., Чоневска Б., Бојаџиева С. Spondylocostal dysostosis in a full term male neonate-a case of Jarcho-levin's sindrome V World Congress of Perinatal Medicine, Барцелона, Шпанија 2001.29(2001). | 1 |
| | 8.A.Kostovski, N.Zdraveska, N.Ristoska-Bojkovska, V.Cvejovska, S.Bojadzieva, N.Nikolovska-Angelkova, A.Janchevska.Clinical characteristics of hospitalized children with 2009 H1N1 influenza virus infection in a single tertially pediatric centre.30 annual meeting of the ESPID, Thessaloniki, May 2012 | 1 |
| | 9.A.Kostovski, N.Zdraveska, V.Perisic, G.Petrusevska, S.Bojadzieva.Wilson's disease misdiagnosed as autoimmune hepatitis.Med Razgl. 2011;50,S5:132 | 1 |
| | 10. Грујовска С., Тодоровски Г., Бојаџиева С., Хроничне инфламаторне болести црева код деце, III Југословенски Педијатриски Конгрес со интернационално учество Херцег Нови 22-26 Септември Југославија 2002г. стр.285. | 1 |
| | 11.Костовски А., Бојаџиева С., Кимова М. Familiar polyposis coli, III Југословенски Педијатриски Конгрес со интернационално учество Херцег Нови 22-26 Септември Југославија 2002, p. 286. | 1 |
| | 12.Костовски А., Гламочанин С. Бојаџиева С. Nodular lymphoid hyperplasia as etiologic factor for severe anaemia, III Југословенски Педијатриски Конгрес со интернационално учество Херцег Нови 22-26 Септември Југославија 2002, p.533. | 1 |
| | 13.Lukarevska V., Bojadzieva S., Grujovska S., Todorovski S., Biochemical markers of nutrition status in children 37$^{th}$ Annual meetint of the European Society for Clinical investigation.Verona, Italy 2003 abstract book p.22 | 1 |
| | 14.Simonida Spasevska, Radica Muratovska Delimitova, Aleksandar Sajkovski, Ljiljana Kojic, Aspazija Sofijanova, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Snezana Palcevska Kocevska, Natasha Alulovska, Sonja Bojadzieva. Early managing of a newborn with caudal regression syndrome.*Early Human Development, 2010;(86):103-104* | |
| | 15.Sonja Bojadzieva, Aco Kostovski, Nikolina Zdraveska. Intestinal infestation with Giardia Lamblia in childhood-Epidemiological data and Clinical manifestations. Abstracts of the 5 th Europediatrics Congress. Evid.-Based Child Health 1011; 6 (Suppl.1):57-185 | 1 |
| | | **Вкупно 15** |
| | | |
| **Вкупно** | | **113.6 бода** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Вкупно поени |
|---|---|---|
| 1. | 1.Завршена специјализација по педијатрија | 2 |
| 2. | 2. Доделено звање **примариус** | 3 |
| 3. | Воведување на лабораториска клиничка или јавно здравствена метода во областа на медицинските науки и здравството<br>-првпат во државата воведена метода<br>-првпат во институцијата воведена метода | |
| | Воведени се нови методи за рутинска дијагностика на Инфламаторна болест на цревото (ИБД):Antisacharomices cerevisae (ASCA), p-ANCA, (MPO, PR3) и NOD2/CARD15 при изработката на докторската дисертација. | 4 |
| | За првпат воведена метода за квантитативно одредување на албумин и ИгГ во ликвор на Клиниката за детски болести и во државата. Воведена со изработката на магистерскиот труд од 2003 година. | 4 |
| | Доплер - ултрасонографија на абдоминални органи.<br><br>Ултрасонографска метода за дијагностика на пилорна стеноза во доенечка возраст - за првпат воведени во институцијата. | 4 |
| 4. | Раководител на внатрешна организациона единица (Шеф на отсек) | 3 |
| | Изработка на клиничко упатство за акутен гастроентеритис во детската возраст за Министерство за здравство на Р.Македонија, 2011 година. | 2 |
| 5. | **Експертски активности: стручна ревизија, супервизија** | |
| | Член на Комисија за вршење на надзор на стручната | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | работа на ЈЗУ Клиничка болница во Битола | |
| 6. | **Награда за научни постигнувања од струкова организација**<br>**- самостоен**<br>Благодарница од Македонско лекарско друштво x 2 | 3x 2=6 бода |
| 7. | **Стручен престој во странство до три месеци x 8** | |
| | 1.Стручно усовршување во Central Hospital Nainsten Clinic Pediatric Department, Helsinki, Finland, 1 месец 1993 година. | 0.5 |
| | 2.Стручно усовршување во Универзитетската детска клиника во Белград. Ултразвучна радиологија во тек на еден месец, Белград, Србија, 1-30 декември 2007 год. | 0.5 |
| | 3.Стручно усовршување од областа на гастроентерохепатологијата и хепаталната трансплантација во St.Luc Hospital во Брисел, Белгија, 1 месец, 1- 30 јули 2008 година | 0.5 |
| | 4.Стручен престој во Универзитетската детска клиника во Грац, Австрија, во тек на еден месец, 25 јуни-20 јули 2007 | 0.5 |
| | 5. The Children's Hospital of Philadelphia. Salzburg–Philadelphia seminar in Pediatric Gastroenterology 2002 July. | 0.5 |
| | 6.The Children's Hospital of Philadelphia. Salzburg–Philadelphia seminar in Pediatric Gastroenterology 2004 Februar | 0.5 |
| | 7.Annual Course in Paediatric Gastroenterology, Centre for Paediatric Gastroenterology, Royal Free University College Medical school London. December 2002 | 0.5 |
| | 8.5th Masterclass in Modern Paediatric Endoscopy, Centre for Paediatric Gastroenterology, Royal Free University College Medical school London, December 2002. | 0.5 |
| | | **Вкупно=33** |

**Дејности од поширок интерес**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир ESPEN Охрид 2005 | 1 |
| 2. | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност** | |
| | ESPEN Council member на генерално собранието на The European socity for Clinical Nutrition and Metabolism (ESPEN) во тек на 2 години (2011 и 2012 година). | 2 x 2=4 |
| | Член на ESE генерално собрание | |

| | | |
|---|---|---|
| | Од 2007 година Training член на Европското здружение за педијатриска гастроентерохепатологија и нутриција (ESPGHAN).<br>Член на ESPEN од 2003 година. | 2 |
| 4. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>Претседател на тендерска комисија при Клиниката за детски болести | 1 |
| | Член на работната група за клинички патеки при Министерство за здравство на РМ и координатор за имплементација на патеките на Клиника за детски болести | 1 |
| | Координатор и член на тимот за формирање на специјалистичко консултативни поликлинички пакети при Клиниката за детски болести, 2009-2013 година.<br>Член на координатовното тело за формирање на цени на услугите при Клиниката за детски болести. | 1 |
| | Координатор за имплементација и организација на ДРГ системот при Клиниката за детски болести, 2008-2013 | 1 |
| | Член во комисија за изработка и дополнување на закон; изработка на подзаконски акт и уредби за трансплантација на ткива и органи во Р.Македонија. Министерство за здравство на Р.Македонија. | 2 |
| 5. | **Претседател на организационен или програмски одбор на научен /стручен собир** | |
| | Претседател на Организациониот одбор на 27. Меѓународен конгрес на студенти по медицина, Охрид-1993 | 2 |
| | Член на Организациски одбор на Први национални денови по неонатологија на РМ, 17-20 септември 2008 година. | 0.5 |
| | Член на Организациониот одбор на „Новини во педијатријата”, годишна ревија, 2013 | 0.5 |
| | Член на тимот за хепатална трансплантација од 2007 година | 1 |
| | Член на Lions International, координатор на сервис за деца, 2008-2010. Coordinator GMT Global Membership Team 2011-2013. Носител на проектот од LCIF Лионс - фондацијата од Чикаго за изградба на игротека при Клиниката за детски болести во Скопје 2009-2011 година. | 1<br><br>1 |
| | | **Вкупно=19** |

| **Професионални референци на кандидатот за избор во звање** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **139,76** |

| | |
|---|---|
| **НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **113,6** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **33** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **19** |
| **ВКУПНО** | **305,36** |

Членови на Комисијата:

Проф. д-р Зоран Гучев , Претседател, с.р.

Проф. д-р Софијанка Гламочанин, член, с.р.

Проф. д-р Стојка Нацева Фуштиќ, член, с.р.

Проф. д-р Велибор Тасиќ, член, с.р.

Проф. д-р Ацо Костовски, член, с.р.

**ЗАКЛУЧОК**

**На конкурсот се јавија две кандидатки: д-р Марина Крстевска Константинова и д-р Соња Бојаџиева.**

**Комисијата детално ги разгледа материјалите и подготви бодовни листи.**

**Заради значителната разлика во бодовите, како и подплгиот стаж, Комисијата ја предлага д-р Марина Крстевска Константинова да биде избрана во звањето доцент по предметот педијатрија.**

**Членови на Комисијата**

1. **Проф. д-р Зоран Гучев, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Софијанка Гламочанин, член, с.р.**
3. **Проф. д-р Стојка Нацева Фуштиќ, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Велибор Тасиќ, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Ацо Костовски, член, с.р.**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАУЧНИ РАБОТНИЦИ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАУЧНА ОБЛАСТ ОРАЛНА ХИРУРГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

На својата 13. редовна седница одржана на 27.12.2013 година, а по предлог на Кадровскиот одбор, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија по конкурсот за избор на четворица научни работници во сите научни звања по група предмети од научната област орална хирургија, во состав: проф.д-р Борис Величковски, проф.д-р Оливер Димитровски, доц. д-р Марија Пеева Петреска, проф.д-р Славе Наумовски и проф.д-р Даница Поповиќ Моневска. На конкурсот за избор на научни работници објавен во дневниот весник „Вечер" од вторник, 17 декември 2013 год., се јавија: ас.д-р Едвард Јанев, ас.д-р Марина Кацарска, ас.д-р Даниела Велеска - Стевковска, ас.д-р Љуба Симјановска и ас.д-р Билјана Евросимовска.
По разгледувањето на приложената документација, Комисијата го донесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Ас.д-р Едвард Јанев** вработен на Клиниката за орална хирургија ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св.Пантелејмон" во Скопје, е роден на 23.0 9.1972 година во Скопје.
**Универзитетско образование:**
**Доктор-стоматолог:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет-Скопје, во 1995 година дипломира со среден успех 9,53.
**Магистер на стоматолошки науки од областа на оралната хирургија:** Универзитет „ Св.Кирил и Методиј" во Скопје , Стоматолошки факултет-Скопје, со магистерскиот труд „ Рендгенолошка евалуација на коскениот ткивен одговор на вилиците по апликација на алопластични материјали"одбранет во 2004 година.
**Доктор на стоматолошки науки:** Универзитет „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, со докторска дисертација под наслов „Импликација на континуираната антитромбоцитна терапија врз интраоперативното и постоперативното крвавење при изведувањето на оралнохируршкте интервенции"одбранета во 2012 година.
**Работно искуство:** Во периодот по дипломирањето, во 1995 година стажирал на Стоматолошкиот клинички центар „Св Пантелејмон" по што го положил стручниот испит и заминал на отслужување на воениот рок во АРМ. Во 1996 година се запишал на постдипломски студии по предметот орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Првото вработување го остварил во 1998 година на неопределено време, како клинички лекар на Стоматолошкиот клинички центар, на Клиниката за орална хирургија. Истата година ја започнал специјализацијата од областа орална хирургија, а во 2000 година ја завршил, и се здобил со звањето специјалист по орална хирургија. Во звањето помлад асистент на Катедрата за орална хирургија бил избран во 2000 година. Во звањето асистент на Катедрата за орална хирургија бил избран во 2004 година. Во 2007 година бил реизбран за асистент на истата Катедра.
**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**
Од 2000 година, преку изведување на практични вежби по орална хирургија активно работи на едукација на студентите по стоматологија– орална хирургија претклиника (2+3),2000-2003;орална хирургија клиника (2+3),2000/2003; Орална и

максилофацијална хирургија (1+3), 2003-2013; орална и максилофацијална хирургија II (3+4), 2003-2013; орална и максилофацијална хирургија (1+3), орална и максилофацијална хирургија II (3+4), 2006/2007 и анестезиологија со реанимација (1+1); вежби I циклус студии орална хирургија- претклиника (1+2)2013, зимски семестар. Автор е и на дел од испитните прашања на Катедрата за орална хирургија, анестезија и имплантологија (2003, 2004, 2005, 2006, 2007) при изготвување на програмата на ЕКТС.

**СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

Своите стручни и научни интереси**,** кандидатот ги насочил кон современите техники на коскена и мекоткивна регенерација, ткивен инженеринг во обласата на стоматологијата и имплантологијата.

Коавтор е во стручно – научните книги:

1. ,,Современи дострели" - Стоматолошки факултет- Скопје, 2009;
2. ,,Дијагностички и тераписки протоколи"- Скопје, 2010.

Автор и коавтор е на објавени стручно-научни трудови во домашни и странски списнија. Со усмени или постер презентации учествувала на конгреси во земјата и во странство, но и како предавач на симпозиуми и семинари за континуирана едукација.

Во 2004 година, како малад истражувач учествувал во научноистражувачкиот проект под раководство на проф д-р С.Костовска со наслов ,,Фибринолитичка активност на крвта кај пациенти со орално-хируршки интервенции". Од 2011 година назначен за лиценциран едукатор за имплантологија во Македонија на фирмата "Мегаген" (MegaGen). Во овој период, како едукатор реализира два практични курса. Бил ментор на четири студентски теми по орална хирургија. **Студиски престој:** Од февруари 2003 година до август истата година учествува во шестмесечен научноистражувачки проект под наслов: ,,Употреба на коскено супститутивни графт материјали: автогена коска, алографтови, и алопластични материјали" на Клиниката за орална и максилофацијална хирургија при Универзитетот во Анкара, Турција под покровителство на НАТО-ТУБИТАК (NATO-TUBITAK), а под менторство на проф. Неџат Бора Сајан. Учествувал на повеќе курсеви: Во 2001 година партиципирал на Курс по остеологија-орална имплантологија во Барселона, Шпанија, запознавајќи се со основните и фундаменталните услови, фактори и критериуми за денталните импланти и примена на алопластичните материјали во оралната имплантологија. Во 2002 година учествувал на Курсот за примена на коскени графтови и алопластични материјали на Медитеранскиот конгрес за орална имплантологија во Грција, Крф. Во 2004 година во Бремен, Германија партиципирал на Меѓународниот курс по имплантологија организиран од Оралтроникс (Oraltronics),каде што преку предавања и практична работа на модели се запознал со трите различни типови на импланти и имплантолошки системи. Во 2004 година на Клиниката за орална хирургија при СКЦ ,,Св.Пантелејмон" во Скопје земал активно учество на интензивен Курс по имплантологија под водство на д-р Пиере Винкелман (Dr.Pierre Winkelmann) ,од фирмата Оралтроникс (Oraltronics).

-Во 2005 година учествувал на 11 Меѓународниот симпозиум за имплантологија во Дрезден, Германија, организиран од Фриадент (Friadent), запознавајќи ги најновите Фриалит (Frialit) и Анкилос (Ankylos) импланти и имплантолошки системи. Во 2007 година под покровителство на фирмата БиБ Дентал (B&B Dental) партиципира активно во напредниот курс за имплантологија воден од проф д-р Клаудио Банзи (Prof.D-r.Klaudio Banzi). Во Скопје, 2008 година, учествувал на Курсот за постава на мини импланти наменети за анкараза во ортодонцијат, под водство на д-р Томас Лец (Dr.Tomas Lec) од фирмата"Дентаурум" (Dentaurum). Во Росбах-Франфуркт, Германија, во 2009 година партиципирал на Курсот за тродимензионално планирање на постава на импланти 3Д-навигација, организиран од" Шутз Дентал" (Schutz Dental). Во 2011

година на Стоматолошкиот факултет,во Скопје го организира и активно учествувал на едукативниот Семинар по имплантологија под покровителство на “МегаГен” (MegaGen). Во 2012 година учествувал на едукативен курс/работилница под наслов ,,Различни аугментативни техники со автологни коскени графтови и коскени супституенти во третманот на атрофиран алвеоларен гребен” воден од Наташа Хрен, Словенија. Во април 2012 година учествувал на курс/работилница за пародонтална хирургија под наслов„Мукографтови при мекоткивни рецесии-тунел техника” воден од др.Танасковиќ,Србија. Во ноември 2013 година учествувал на Курс по орална имплантологија, организиран од фирмата” Straumann” под водство на проф. др Алекса Марковиќ, Србија и Давид Диас,Белгија. На 16 ноември 2013 година присуствува на курс по 3-Д техники за блокграфтирање во Монтањана, Италија под водство на др Микеле Џакоти. **Дејности од поширок интерес:** Од 2006 до 2009 година ја извршуваше функцијата раководител на ноќна служба и инфективниот оддел на Стоматолошкиот клинички центар ,,Св Пантелејмон”. Доделени му се признанија од поширок интерес (прилог: анекс 2).

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Д-р Јанев за првпат во Македонија ја воведува методата на екстракција на заби кај пациенти со антитромбоцитна терапија без нејзино прекинување со намалување на ризикот од тромбоемболички испади и третирање на хеморагичните компликации преку воспоставување на локални мерки за хемостаза.

Од 2010 година, како член на Управниот одбор на Здружението на специјалисти по орална хирургија при МСД, учествува во спроведување и реализирање на стручно-научниот дел на Здружението.

**За тековниот конкурс ги пријави следниве трудови:**

1. Јанев Е. БИОМАТЕРИЈАЛИ И БИОКОМПАТИБИЛНОСТ, Македонски стоматолошки преглед 2004 год., XXVIII,бр. 1-4,стр.3,(1-129);

а.Современата стоматологија,заедно со имплантологијата, не може да се замисли без употребата на биоматеријалите. Авторот прави своевидна класификација на материјалите во согласнот со нивното потекло, начин на изработка и карактеристики,односно остеоиндуктивноста и остеокондуктивноста.Широкото поле на индикации во оралната и максилофацијалната хирургија наоѓа се поголема потреба од примена на биоматеријалите преку докажаната форсирана коскена регенерација, од изведените научни студии во времетраење од 3, 6 до 12 месеци.

б.Трудот има научно –апликативна вредност.

2. Димова Ц, Костовска С., Јанев Е .,Нечева В. ВЛИЈАНИЕ НА ЗАБНАТА ЕКСТРАКЦИЈА КАКО СТРЕСОГЕН ФАКТОР ВРЗ ФИБРИНОЛИТИЧКИОТ ОДГОВОР НА КРВТА II , Конгрес на трансфузиолозите на Македонија,Охрид 2004
Книга на абстр. 266-267.

а. Авторите потенцираат дека во современата научна литература се почесто се застапени суштествената улога и учеството на t-PA и PAI-1 од системот на фибринолизата во многубројните физиолошки процеси кај човекот. Влијанието на оралнохируршките интервенции врз нивото на специфичните параметри на фибринолитичкиот систем беше определено со Elissa-тестот пред и по екстракциите.Резултатите укажуваат дека забната екстракција како стресоген фактор има влијание врз фибринолизата преку ослободување на t-PA и PAI-1 што се манифестира со појава на едем во постекстракциониот период. Параметрите на фибринолитичкиот систем на t-PA и PAI-1 претставуваат најсезитивни маркери на реакција кон оралнохируршкиот стрес.

б. Трудот има стручно-научен придонес.

3. Димова Ц, Костовска С.,Ковачевска И., Јанев Е ВЛИЈАНИЕ НА ЗАБНАТА ЕКСТРАКЦИЈА КАКО СТРЕСОГЕН ФАКТОР ВРЗ ФИБРИНОЛИТИЧКИОТ ОДГОВОР НА КРВТА , Македонски стоматолошки преглед. 2004; 28 (1-4): 9-16.
а.Во современата научна литература се почесто се застапени суштествената улога и учеството на t-PA и PAI-1 од системот на фибринолизата во многубројните физиолошки процеси кај човекот.Авторите си поставиле за цел да испитаат дали оралнохируршките интервенции како психофизиолошка и оперативна траума влијаат врз одговорот на фибринолитичкиот систем на крвта и дали промените во нивото на активаторите и инхибиторите на фибринолитичкиот систем се манифестираат со препознатлива клиничка слика.Резултатите укажуваат дека забната екстракција како стресоген фактор има влијание врз фибринолизата преку ослободување на t-PA и PAI-1Ag, што се манифестира со појава на едем во постекстракциониот период.
б. Трудот има научно-апликативна вредност.
4. Димова Ц, Јанев Е., Андоновска Б . INTERNATIONAL NORMALIZED RATIO IN EXTRACTIVE DENTAL SURGERY IN PATIENTS TREATED WITH ORAL ANTICOAGULANTS.10th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Belgrade, 2005; 57.
а. Целта на испитувањето била да се процени инциденцата на постоперативното оралнохируршко крвавење кај пациенти со орални антикоагуланси,без прекин на нивната терапија. Во трудот се потенцира употребата на интернационалниот нормализирачки соодност(INR).Локалната хемостаза е воспоставена со примена на желатински препарати и сутури, што се покажало како солиден избор на локален метод за воспоставување локална хемостаза по оралнохируршките интервенции.
б.трудот има стручен и практичен придонес
5. Јанев Е., Менчева Ж.,Јанев Р., Д.Јосифов.,Франгов М.,Бојковска Д. ОРАЛНОХИРУРШКИ АСПЕКТ НА ТРАНСПОЗИЦИОНАЛНО ПОСТАВЕНИ МАКСИЛАРНИ МОЛАРИ, Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија,Зборник на апстракти, Научен одбор Охрид, 22-25 јуни, 2006 год.
а.Во стоматолошката практика најчесто се среќаваме со пациенти со транспозиција на максиларните канини,инцизиви и премолари,многу поретко оваа појава е присутна кај моларите.Атипичната локализација на овие заби може да доведе до колизија со соседните анатомски структури како што се sinus maxillaris,apertura piriformis и canalis incisivus. Авторите во оваа студија, преку презентирање на индивидуа на 22- годишна возраст со палатинално поставен втор молар(индициран за оперативна екстракција),и букално локализиран трет молар, сакаат да истакнат дека постапката во вакви случаи може да варира од едноставна рутинска амбулантна постапка до комплексна оперативна екстракција со евентуални компликации.
б. Трудот има стручен и практичен придонес.
6. Јосифов Д.,Пеева М.Каранфилски,Герасимова С.,Јанев Е.;MORBUS HODGKIN-ОРАЛНОХИРУРШКИ АСПЕКТИ, Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, Зборник на апстракти, Научен одбор, Охрид, 22-25 јуни, 2006 год.
а.Најновите сознанија во поглед на дијагностиката и прогресијата на ова малигно заболување ,како и современиот концепт во однос на терапијата кај овие пациенти, допринесува повеќето оралнохируршки интервенции да можат да се изведуваат непречено и без посебна подготовка.Авторите истакнуваат дека само четвртиот стадиум претставува исклучок во поглед на хемостазата поради зафатеност на слезинката, коскената срцевина и хепарот пради лимфоидната хиперплазија.Покрај нарушената функција на хепарот,хематопоезата,нмалениот имунитет и честите инфекции се придружни компликации кај овие пациенти.
б.трудот има стручно- научно значење

7. Јанев Е. ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ ПРИ ИМЕДИЈАТНОТО ИМПЛАНТИРАЊЕ ВО ФРОНТАЛНАТА МАКСИЛАРНА РЕГИЈА, Македонски стоматолошки преглед, 2006 год.,XXX,бр.2,стр.230,(175-290).
а.Популаризацијата на имплантолошката терапија е значително зголемена преку методата на имедијатното вградување на импланти,непосредно по изведената екстракција,а потоа и нивно брзо функционално оптеретувана со протетски конструкции.Прикажан е случај на имедијатно поставен дентален имплант во постекстракционата рана(фронтална максила- регија 11),кај пациент на 28- годишна возраст,графтуван со синтетски биоматеријал и ресорптивна мембрана.Авторот во оваа студија истакнува дека зависно од состојбата на околното располагачко меко и тврдо ткиво, оваа метода има свои предности и недостатоци.Покрај успешноста на осеоинтеграцијата и долгорочноста на имплантолошкиот третман,имплантирањето во високоестетските регии претставува дополнителен предизвик за стоматолозите.
б. Трудот има стручно- научно значење
8. Јанев Е., Димова Ц., Менчева Ж., Д.Јосифов. ODONTOGENIC MYXOFIBROMA IN FRONTAL MAXILLARY REGION. 12th congress of the BaSS Istanbul,turkey 12-14 April 2007.
а. Во овој труд се опишува приказ на случај кај индивидуа на 14- годишна возраст,со необична лезија на миксофибром од одонтогено потекло кој деструира поголема коскена маса во фронталната максила оштетувајќи ги централните и латералните инцизиви.Авторите истакнуваат дека овие лезии се ретки во детската популација.Патохистолошките наоди укажуваат дека туморозната маса содржи епителни клетки со различна големина и форма, аморфни калцифицирани тела во јасно демаркиран дентален емајл.Наодот јасно потенцира дека патолошката лезија е од одонтогено потекло.
б.Трудот има стручно научно значење
9. Е.Јанев. Ј.Јанев ,Н.ЈаневОРАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИ СО ТОТАЛНА И СУПТОТАЛНА ЕДЕНТАЦИЈА СО ПОМОШ НА ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество, Тетово 11-13 Мај 2007- усна презентација
10. М.Франгов,С.Поп Ристов,Е.Јанев РЕТЕНЦИЈА НА ДОЛНА ТОТАЛНА ПРОТЕЗА СО ПОМОШ НА ИМПЛАНТИ Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество, Тетово, 11-13 Мај 2007- усна презентација
11. Јанев Е. ОПТИМАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ИМПЛАНТИРАЊЕ ВО ЕСТЕТСКИ ЗОНИ Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество, Струга, 2007- усна презентација
12. Јанев Е., Димова Ц. ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ ПОД КОНТИНУИРАНА АНТИТРОМБОЦИТНА ТЕРАПИЈА, Македонски стоматолошки преглед 2007 год.,XXXI,бр.3- 4,стр.179, (101-196).
а. Иницијативата на оваа студија е да се евалуира ефектот на антитромбоцитните агенси врз крвавењето кај испитаниците во текот на оралнохируршките зафати.Испитуваната група броела 40 индивидуи поделени во 2 групи, и тоа: една со прекината антитромбоцитна терапија и другата со продолжена.Сите испитаници го мереле времето на крвавење еден час пред интервенциите,а за време на оралнохируршките зафати количината на загубената крв.Кај пациентите со стопирана антиагрегациска терапија времето на крвавење било 1.8-0.47, во споредба со тестираната група каде што изнесувало 3.1-0.65,што е статистички сигнификантно (P= 0.04), но е сепак во границите на нормалните вредности.Локалните мерки на хемостаза се покажале за суфициентни во контролирањето на хеморагијата,не биле забележани епизоди на неконтролирано интраоперативно и постоперативно крвавење.
б.Трудот има стручна и апликативна вредност

13. Е.Јанев. Ј.Јанев ,Н.Јанева ПРИМЕНА НА МИНИ ИМПЛАНТИ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА НА ТОТАЛНИ ПРОТЕЗИ, Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество,Свети Николе, 2008 - усна презентација.
14. Ц.Димова,С.Ристеска,Л.Поповска,Е.Јанев, И.Ковачевска ВЛИЈАНИЕ НА КАНАЛНОТО ПОЛНЕЊЕ НА ПОСТОПЕРАТИВНАТА КЛИНИЧКА СЛИКА. V Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Зборник на апстракти,Охрид , 2009; бр.016,стр.32.
а.Целта на овој труд е да го прикаже влијанието на преоперативното и постоперативното канално полнење врз постоперативниот клинички статус.Авторите во оваа студија вклучиле вкупно 20 испитаници,поделени во две групи според времето на изведување на каналното полнење,(пред и во тек на интервенциите).Според добиените резултати, заклучено е дека не постои сигнификантно влијание на видот на изведеното канално полнење врз постоперативниот клинички период.
б.трудот има стручна и апликативна вредност
15. Д.Јосифов ,Е.Јанев,М.Пеева,Г.Апостолова,Н.Писевска,Ж.Менчева ХИРУРШКИ ПРИСТАП КАЈ СЛУЧАЈ СО НАМАЛЕНО ИНТЕРАЛВЕОЛАРНО РАСТОЈАНИЕ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. V меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид, 2009; бр.050,стр.55.
а.Кај пациентите со зголемен максиларен тубер,како резултат на фиброматозно хипертрофирана гингива, имаат реална потреба од изведување на претпротетски оперативен третман како би се постигнала адеквана протетска рехабилитација. Авторите прикажуваат пациентка на 40-годишна возраст со тотална анодонција и билатерално зголемени максиларни тубери. Со помош на конвенционална хируршка техника била намалена големината на туберите и воспоставени се нормални меѓувилични односи.
б.Трудот има стручно- научен придонес.
16. Е.Јанев,Е.Петрова,С.Ристеска ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ИМПАКТИРАН ЦЕНТРАЛЕН МАКСИЛАРЕН ИНЦИЗИВ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРЕВАЛЕНЦИЈА НА ДВА ПРЕКУБРОЈНИ ЛАТЕРАЛНИ ИНЦИЗИВИ, V меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Зборник на апстракти,Охрид 2009, бр.051,стр.55.
а.Авторите прикажуваат исклучително редок случај кај пациент на 11- годишна возраст со импактиран централен инцизив во горната вилица, како резултат на присуство на два прекубројни латерални инцизиви.Неколку месеци по започнатиот ортодонтски третман, изведена е оперативна екстракција на двата прекубројни латерални инцизиви и кортикотомија на централниот.Координиран мултидисциплинарен ортодонтски и оралнохируршки пристап овозможил формирање на слободен простор и правилно позиционирање на импактираниот централен инцизив.Авторите истакнуваат дека хируршкиот третман треба да биде во корелација со претходното ортодонтско планирање.
б.Трудот има стручно- научен придонес
17 .Ж.Менчева ,Е.Јанев, Ц. Димова, Н.Цветановски, Д.Бојкова ЗНАЧЕЊЕ НА РТГ-ДИЈАГНОСТИКА ВО ПРЕДОПЕРАТИВНИОТ ПРИСТАП НА РАДИКУЛАРНИТЕ ЦИСТИ, V меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти, Охрид, 2009; бр.052,стр.5.
а.Целта на овој труд е да прикаже случај со дискретен рендгенолошки наод на радикуларна циста, во регија кај прв десен максиларен молар, кај пациент на 24-годишна возраст.Ретроалвеоларната снимка покажала непрецизна и неспецифична контура на радикуларна циста со возможна комуникација на подот од максиларниот синус.Со подигнувањето на флап, направена е цистектомија и апикотомија на вториот

премолар со ретроградно полнење (поради ширењето на патолошкиот процес), и синуспластика.Водејќи се од вакви искуства, авторите сакаат да посочат на фактот дека РТГ- наодот,како дијагностичка метода треба да биде во секундарен план и доминација, и дека може, ама и не мора да коренспондира со интраоперативните фактички состојби.
б.Трудот има апликативна вредност
18. Јанев Е. STIMULATED BONE REGENERATION AFTER REMOVAL CYSTIC LESIONS IN MANDIBULA 15[th] congress of the BaSS Thessaloniki 22-25April 2010
а.Радикуларните цисти во вилиците статистички се со околу 60% застапеност,уште познати како периапикални или апикални цисти.Тие се со периапикална локализација како резултат на инфламаторни појави на пулпиното ткиво,пратени со некроза и формирање на грануломи,кои како високо васкуларизирани ткива содржат воспалително имунолошки компетентни клетки како што се лимфоцитите,плазма клетките и макрофагите.Авторот во овој труд прикажува индивидуа на 26 годишна возраст со огромна циста локализирана во мандибуларната премоларна и моларна регија,каде е изведена оперативна екстракција на забите и цистектомија со графтирање на коскен субституенс.Благодарение на опсежните клинички испитувања и искуства,авторот препорачува пополнување на коскените дефекти со биостимулиралки графт материјали за постигнување на акцелерирана регенерација.
б.трудот има научно- стручен придонес
19. Е.Јанев, М.Пеева ХЕМОРАГИЈА ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА, Научен симпозиум за орална хирургија и општите стоматолози со меѓународно учество, Скопје, 2011 - усна презентација
20. Е.Јанев КОМБИНИРАНА ПРОТЕТСКА РЕСТАВРАЦИЈА ПОДДРЖАНА ОД ЕДНОФАЗНИ ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ ПРИ ТОТАЛНА АНОДОНЦИЈА ВО МАНДИБУЛА 6-ти Меѓунардоен конгрес на стоматолозите од Македонија, 4-27 Мај,2012 Охрид –усна презентација
21. М.Пеева,Е.Јанев,Д.Велевска,Н.Писевска,Г.Кристиновски,Д.Спасов КОСКЕНИ ГРАФТ МАТЕРИЈАЛИ И КЛИНИЧКИ МОЖНОСТИ 6 Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, 24-27 мај ,2012,Охрид - усна презентација
22. Е.Јанев, Р.Јанев, Д.Јосифов, С.Герова, З.Шушек ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ОДОНТОМ ЛОКАЛИЗИРАН ВО ДОЛНА ВИЛИЦА-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ 6 Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, 24-27 Мај ,2012 ,Охрид,бр.стр.290-291 .
а.Одонтомите се најчести тумори од одонтогено потекло,кои кога се потполно развиени во себе содржат емајл,дентин со различна густина на пулпа и цемент.Тие не се вистински неоплазми туку се сметаат како развојни аномалии- хемартоми.Според степенот на диференцијација и распоредот на забните ткива се делат на повеќеделни(сложени), и едноделни сложени(комплексни).Компонираните одонтоми содржат мултипни структури кои наликуваат на заби, додека комплексните се составени од големи напластувања на емајл и дентин кои не покажуваат сличност со забите.Авторите презентираат случај кај индивидуа на 15- годишна возраст каде што рендгенографски се дијагностицира атипична структура во фронталната мандибуларна регија со перзистенција на млечен и ретиниран канин.Интраоперативниот наод оди во прилог на компонираните одонтоми.
б.Трудот има стручно- научен придонес
23. Д.Јосифов, М.Пеева, Е.Јанев, Б.Цафери, З.Шушек, ПАРЕСТЕЗИЈА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИЛИЧНА ЦИСТА, 6 Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, 24-27 мај, 2012Охрид,бр.стр.274-275.
а.Растот и развојот на виличните цисти се одвива во подолг временски период и најчесто е асимптоматски проследен.Карактеристично е појава на оток на вестибуларната ламина и промена на бојата во таа регија, од кога цистата ќе добие прилично голема

димензија.Дипитреновиот феномен, флуктуацијата заедно со рендгенолошките наоди се сигурни дијагностички симптоми кои се јавуваат во доцниот стадиум како резултат на масивна коскена деструкција и афектирање на околното ткиво.Целта на овој труд е да се прикаже радикуларна циста со експанзивен раст во постериорната регија во долната вилица кај пациентка на 43 годишна возраст со присуство на унилатерална парестезија на долната уста(Vincent-ов знак).
б.Трудот има стручно научно значење
24. Н.Маркоски, Д.Бизевски, Е.Јанев, Н.Цветановски СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА ХИРУРШКО ПРОТЕТСКО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ОБОСТРАНА ТЕРМИНАЛНА БЕЗАБОСТ КАЈ МЛАДИ ПАЦИЕНТИ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ, 6 Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, 24-27 мај ,2012,Охрид,бр: стр.264-265.
а.Билатералната терминална анодонција претставува сериозен хендикеп кај младата популација кога треба да се употреби мобилна реставрација, затоа поставувањето на дентални импланти во таа регија треба да биде императив кај овие пациенти.Целта на овој труд е да се прикажат хируршко-протетските методи при постоење на вакви индикации.Авторите презентираат два посебни случаи на возраст од 27 и 40-годишна возраст,каде што мобилните протези не ги задоволувале стандардите во поглед на естетиката и функцијата кај индивидуите.Со поставувањето на имплантите во трансканинската регија и изработката на металокерамичките фиксни конструкции,пациентите го постигнале посакуваниот ефект и резултат.Со тоа авторите сугерираат секогаш кога е можно во поглед на анатомоморфолошкиот и финансискиот аспект, недвосмислено да се изработуваат фиксни протетски реставрации поддржани од импланти кај младата популација.
б.Трудот има научно- апликативна вредност
25. Д.Бизевски, Е.Јанев, Н.Цветановски, Н.Маркоски СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА ХИРУРШКО ПРОТЕТСКО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ПРИ ГУБЕЊЕ НА ПРВ ТРАЕН МОЛАР КАЈ МЛАДИ ПАЦИЕНТИ, 6 Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, 24-27 мај, 2012, Охрид, бр: стр.266-267.
а.Губењето на првиот траен молар како најчеста појава кај младата популација предизвикува нарушување во поглед на оклузалната хармонија,мастикацијата и Годоновиот феномен.Целта на овој труд претставува прикажување на современ концепт со оперативно протетско решавање на поединечната загуба на моларите преку постава на дентален имплант, без притоа да се наруши интегритетот на соседните заби.Со изработка на самостојна, соло металкерамичка коронка кај пациентка на 35- годишна возраст, авторите го истакнуваат бенефитот од имплементирањето на овој принцип кај младите индивидуи како едноставна постапка со добра прогноза.
б.Трудот има стручно- научно значење
26. Ас. д-р Едвард Јанев, СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ ВО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО КОНТИНУИРАНА АНТИТРОМБОЦИТНА ТЕРАПИЈА, Семинар со наслов „Современи хируршки концепти во стоматологијата", Скопје, 2013.
27. Ас. д-р Едвард Јанев ТЕРАПИСКИ МОДАЛИТЕТИ ПРИ ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТИ СО КОНТИНУИРАНА АНТИТРОМБОЦИТНА ТЕРАПИЈА, VII стоматолошки стручен состанок на ЗПЗСУ, септември 2013, Кавадарци.

**АНЕКС 2 ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Едвард Јордан Јанев**

**Институција: Стоматолошки факултет Скопје**

**Научна област: орална хирургија**

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр** | **Назив на активноста:** | **поени** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| | **Докторска дисертација:** ,,Импликација на континуираната антитромбоцитна терапија врз интраоперативното и постоперативното крвавење при изведувањето на оралнохирурушкте интервенции"- Стоматолошки факултет, Универзитет ,,Св Кирил и Методиј"- Скопје, 2012 година. | |
| | **Магистерска работа:** ,, Рендгенолошка евалуација на коскениот тивен одговор на вилиците по апликација на алопластични материјали" Стоматолошки факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2004 година. | |
| **1.** | **Коавтор во книга со стручно-научни референци:** | |
| **1.**<br><br><br>**2.** | - Современи достерели,Стоматолошки факултет,Скопје, 2009: 78-88 Пеева М, Величковски Б, Јанев Е, Писевска Н. Коскена аугментација во оралната хирургија.<br>-Современи достерели,Стоматолошки факултет,Скопје, 2009: 98-106 Јанев Е, Величковски Б, Пеева М. Современи имплантолошки тераписки модалитети во оралната хирургија. | 3,2<br><br><br>3,6 |
| **2.** | **Учесник во национален научен проект:** | |
| 1.<br><br><br>2. | - Костовска С., Димова Ц., Јанев Е.,,Фибринолитичка активност на крвта кај пациенти со орално-хируршки интервенции", Медицински Факултет,Скопје,2000-2003 година,научно-истражувачки проект.<br>-Јанев Е., USAGE OF BONE SUBSTITUES GRAFT MATERIALS: AUTOGENOUS BONE,ALLOGRAFTS AND ALLOPLASTIC MATERIALS Department of oral and maxillofacial surgery,Faculty of Dentistry,Ankara University;Research programe perfomed from 03-08-2003; Научно-истражувачки проект | 3<br><br><br>5 |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| 1. | **Јанев Е**.,БИОМАТЕРИЈАЛИ И БИОКОМПАТИБИЛНОСТ. Македонски Стоматолошки преглед 2004 год.,XXVIII,бр. 1-4,стр.3 (1-129); | 4 |
| 2. | **Јанев Е**. ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ ПОД КОНТИНУИРАНА АНТИТРОМБОЦИТНА ТЕРАПИЈА, Македонски Стоматолошки преглед 2007 год.,XXXI,бр.3- 4,стр.179 (101-196). | 4 |
| 3. | **Јанев Е.** ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ ПРИ ИМЕДИЈАТНОТО ИМПЛАНТИРАЊЕ ВО ФРОНТАЛНАТА МАКСИЛАРНА РЕГИЈА, Македонски стоматолошки преглед 2006 год.,XXX,бр.2,стр.230 (175-290) | 4 |
| 4. | Димова Ц, Костовска С.,Ковачевска И., **Јанев Е.** ВЛИЈАНИЕ НА ЗАБНАТА ЕКСТРАКЦИЈА КАКО СТРЕСОГЕН ФАКТОР ВРЗ ФИБРИНОЛИТИЧКИОТ ОДГОВОР НА КРВТА , Македонски стоматолошки преглед . 2004; 28 (1-4): 9-16 | 2,4 |
| 5. | Јанев Ј.,Пеева М.,Грнчаровски А.,**Јанев Е**.,Ристевски Д. КЛИНИЧКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ХИДРОКСИЛАПАТИТОТ (ALGIPORE) ЗА РЕСТАВРАЦИЈА НА КОСКЕНИТЕ ДЕФЕКТИ НА ВИЛИЦИТЕ. Македонски стоматолошки преглед 1997; 21 (3-4): 101-7. | 2,4 |
| 6. | Јанев Ј.,Величковски Б.,**Јанев Е**.,Јанев Р. ХИРУРШКО-ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН НА ИМПАКТИРАНИ МАКСИЛАРИ КАНИНИ. Македонски | |

| | | |
|---|---|---|
| | стоматолошки преглед 1999; 23(1-4): 5-13. | 2,4 |
| **4.** | **Трудови со оргинални научни/стручни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (6 поени+иф)** | |
| 1. | Димова Ц., **Јанев Е**.,Поповска Л.,Ковачевска И.,Георгиевски З.,Андоновска Б.СОВРЕМЕН СТОМАТОЛОШКИ И ОРАЛНОХИРУРШКИ КОНЦЕПТ ВО ТРЕТМАНОТ НА ПАЦИЕНТИ СО ВЕШТАЧКИ СРЦЕВИ ВАЛВУЛИ.Apolonia 2009,21:57-70. | 3,6 |
| 2. | Redzep E.,**Janev E.**CHALLENGE IN DIAGNOSIS:CUTANEOUS SINUS TRACT OF DENTAL ORIGIN (CASE REPORT).Balk J Stom, 2010,18:178-180. | 5,4 |
| **5.** | **Пленари предавања на научен стручен собир со меѓународно учество:** | |
| 1. | **Е.Јанев**, ХЕМОРАГИЈА ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА Научен симпозиум за Орална хирургија и општите стоматолози со меѓународно учество,Скопје 2011 - усна презентација | 3 |
| 2. | **Е.Јанев,** КОМБИНИРАНА ПРОТЕТСКА РЕСТАВРАЦИЈА ПОДДРЖАНА ОД ЕДНОФАЗНИ ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ ПРИ ТОТАЛНА АНОДОНЦИЈА ВО МАНДИБУЛА 6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија 24-27 мај ,2012, Охрид –усна презентација. | 3 |
| 3. | **Е. Јанев** СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ ВО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО КОНТИНУИРАНА АНТИТРОМБОЦИТНА ТЕРАПИЈА Семинар со наслов ,,Современи хируршки концепти во стоматологијата”, Скопје, 2013. | 3 |
| 4. | **Е. Јанев** ТЕРАПИСКИ МОДАЛИТЕТИ ПРИ ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТИ СО КОНТИНУИРАНА АНТИТРОМБОЦИТНА ТЕРАПИЈА, VII стоматолошки стручен состанок на ЗПЗСУ, септември 2013, Кавадарци. | 3 |
| **6.** | **Секциско предавање на научен стручен собир со меѓународно учество:** | |
| 1. | **Јанев Е**. ОПТИМАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ИМПЛАНТИРАЊЕ ВО ЕСТЕТСКИ ЗОНИ, Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество, Струга 2007- усна презентација. | 2 |
| **7.** | **Секциско предавање на научен стручен собир**: | |
| 1. | **Е.Јанев**, ПРИМЕНА НА МИНИ ИМПЛАНТИ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА НА ТОТАЛНИ ПРОТЕЗИ, Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија, Свети Николе, 2008 - усна презентација. | 1 |
| **8.** | **Апстракт објавен во зборник на конференција- меѓународна:** | |
| 1. | Димова Ц, **Јанев Е**., Андоновска Б . INTERNATIONAL NORMALIZED RATIO IN EXTRACTIVE DENTAL SURGERY IN PATIENTS TREATED WITH ORAL ANTICOAGULANTS. 10th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Belgrade, 2005; 57. | 1 |
| 2. | **Јанев Е**., Менчева Ж.,Јанев Р., Д.Јосифов.,Френгов М.,Бојковска Д. ОІ ХИРУРШКИ АСПЕКТ НА ТРАНСПОЗИЦИОНАЛНО ПОСТАВЕНИ МАКСИ МОЛАРИ. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија ,Збор апстракти,Научен одбор Охрид, 22-25 јуни, 2006, год. | 1 |
| 3. | -Јосифов Д.,Пеева М.Каранфилски,Герасимова С.,**Јанев Е.;** MORBUS HO ОРАЛНО-ХИРУРШКИ АСПЕКТИ, Меѓународен конгрес на стоматолоз Македонија, Зборник на апстракти,Научен одбор, Охрид, 22-25 јуни, 2006 гс | 1 |
| 4. | **Јанев Е**., Димова Ц., Менчева Ж., Д.Јосифов. ODONTOGENIC MYXOFIBR FRONTAL MAXILLARY REGION. 12$^{th}$ congress of the BaSS Istanbul,turkey 12 | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2007 | 1 |
| 5. | Ц.Димова,С.Ристеска,Л.Поповска,**<u>Е.Јанев</u>**, И.Ковачевска, ВЛИЈАНИЕ НА КАНАЛНОТО ПОЛНЕЊЕ НА ПОСТОПЕРАТИВНАТА КЛИНИЧКА СЛИКА. V меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид , 2009; бр.016,стр.32 | 1 |
| 6. | Д.Јосифов ,**<u>Е.Јанев</u>**,М.Пеева,Г.Апостолова,Н.Писевска. ХИРУРШКИ ПРИСТАП КАЈ СЛУЧАЈ СО НАМАЛЕНО ИНТЕРАЛВЕОЛАРНО РАСТОЈАНИЕ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. V меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество,Зборник на апстракти,Охрид 2009; бр.050,стр.55 | 1 |
| 7. | **<u>Е.Јанев</u>**,Е.Петрова,С.Ристеска. ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ИМПАКТИРАН ЦЕНТРАЛЕН МАКСИЛАРЕН ИНЦИЗИВ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРЕВАЛЕНЦИЈА НА ДВА ПРЕКУБРОЈНИ ЛАТЕРАЛНИ ИНЦИЗИВИ, V меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид, 2009, бр.051,стр.55 | 1 |
| 8. | - Ж.Менчева ,**<u>Е.Јанев</u>**, Ц. Димова, Н.Цветановски, Д.Бојкова, ЗНАЧЕЊЕ НА РТГ-ДИЈАГНОСТИКА ВО ПРЕДОПЕРАТИВНИОТ ПРИСТАП НА РАДИКУЛАРНИТЕ ЦИСТИ, V меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество,Зборник на апстракти,Охрид, 2009; бр.052,стр.5 | 1 |
| 9 | **<u>Janev E</u>**.,et all. STIMULATED BONE REGENERATION AFTER REMOVAL CYSTIC LESIONS IN MANDIBULA. 15th congress of the BaSS Thessaloniki 22-25April 2010 | 1 |
| 10. | **<u>Е.Јанев</u>**, Р.Јанев, Д.Јосифов, С.Герова, З.Шушек. ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ОДОНТОМ ЛОКАЛИЗИРАН ВО ДОЛНА ВИЛИЦА-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ,6 Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, 24-27 мај 2012,Охрид,бр.стр.290-291 | 1 |
| 11. | Д.Јосифов, М.Пеева, **<u>Е.Јанев</u>**, Б.Цафери, З.Шушек. ПАРЕСТЕЗИЈА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИЛИЧНА ЦИСТА, 6 Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија 24-27 мај ,2012,Охрид,бр.стр.274-275 | 1 |
| 12. | Н.Маркоски, Д.Бизевски, **<u>Е.Јанев</u>**, Н.Цветановски. СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА ХИРУРШКО ПРОТЕТСКО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ОБОСТРАНА ТЕРМИНАЛНА БЕЗАБОСТ КАЈ МЛАДИ ПАЦИЕНТИ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ, 6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, 24-27 мај ,2012,Охрид,бр. стр.264-265 | 1 |
Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет, во научно звање научен соработник за група предмети од областа орална хирургија на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје да бидат избрани следниве кандидати: **ас.д-р Марина Кацарска, ас.д-р Љуба Симјановска, ас.д-р Едвард Јанев и ас.д-р Даниела Велеска-Стевковска.**

**Членови на Комисијата:**

**1.** Проф. д-р Борис Величковски с.р.

**претседател**

**2.** Проф. д-р Оливер Димитровски с.р.

**член**

**3.** Доц. д-р Марија Пеева-Петреска с.р.

**член**

**4.** Проф. д-р Славе Наумовски с.р.

**член**

**5.** Проф. д-р Даница Поповиќ –Моневска с.р.

**член**

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **"ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОСТОПЕРАТИВНИТЕ РЕЗУЛТАТИ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ ЗА ФУНКЦИОНАЛНА И ЕСТЕТСКА СЕПТОРИНОПЛАСИКА"**, ИЗРАБОТЕНА ОД МР. СЦИ. Д-Р. ГАБРИЕЛА КОПАЧЕВА БАРСОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 7. 11. 2013, а по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет, врз основа на членот 63 од Законот за високото образование и членот 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, донесе одлука со која се дреди Рецензентска комисија за одбрана на докторската дисертација по доставената пријава на д-р. Габриела Копачева-Барсова, сци.мед, специјалист-оториноларинголог, вработена на клиниката за оториноларингологија во Скопје, под наслов:

**“Евалуација на постоперативните резултати кај пациентите за функционална и естетска септоринопластика”**

во состав:

1. проф.д-р Ѓорѓе Џокиќ
2. науч.сор.д-р Никола Николовски
3. науч.сор.д-р Јане Нетковски

Врз основа на законските определби за високото образование на РепубликаМакедонија, а по детално разгледување на доставената документација, Комисијата има чест до Наставно-Научниот совет да го достави следниов:

**1. Извештај:**

Поднесокот за докторски труд "Евалуација на постоперативните резултати кај пациентите за фунционална и естетска септоринопластика” е напишан на 120 страници и се состои од неколку компактни целини: вовед, цели на испитување, материјал и методи на испитување, очекувани резултати и дискусија, како и библиографија на користената литература.

Во воведниот дел е истакната улогата на оперативната техника септоринопластика која има за цел да го ремоделира и редизајнира носот, да ги отстрани екцесивните коскени или `рскавични структури, и/или со неа да се коригираат носните инсуфициенции, со цел носот да претставува хармонична единица во однос на останатите лицеви структури.Таа воедно претставува една од најфреквентните естетско хируршки отоларинголошки процедури.

Нагласена е централната улога на носната преграда која претставуава конекција на структурите во носната празнина со останатите делови од надворешноста на носот. Воедно, картилагинозниот дел на назалниот септум претставува интегрален дел во регионот на истмусот и има значајна улога во струењето и турбуленцијата на воздухот. Поради оваа централна улога на носната преграда, многу е важна адекватноста на преземената оперативна техника како клуч за успешен третман како во функционалната, така и во естетската ринохирургија.

Нагласено е дека септалните деформитети можат да бидат локализирани во коскениот или во `рскавичниот дел, но најчесто се комбинација на двете. `Рскавичните девијации имаат најголем удел во нарушувањето на назалниот респираторен проток.Затоа направена е нивна адекватна класификација.

Накратко е опишана анатомијата на носот и носната преграда, како и патофизиологијата на назалниот респираторен циклус, особено улогата на назалниот отпор кој според внесениот воздух примарно е детерминиран од неколку елементи: коскената и `рскавичната пирамида, состојбата на венските крвни садови во носната мукоза, особено околу долната носна школка, и носната преграда. Особено е важно тој да биде сочуван при естетска и функционална корекција на носот.

Во оваа опсежна студија главните цели на авторката беа:

1. риноманометриски, да се објективизира назалната воздушна резистенција (назална опструкција) во селекција на пациентите за септоринопластика;
2. да се изврши евалуација на фреквенцијата и интензитетот на назалните симптоми кај пациентите за септо/ринопластика пред и по интервенцијата;
3. да се класифицираат девијациите на носната преграда во однос на септалните структурно-анатомски промени врз база на КТ на нос и параназални синуси и интаоперативниот наод;
4. да се одреди адекватен психолошки модел на личност при селекција на пациентите за септо/ринопластика.

Поддржана од клинички важни информации, целта на оваа студија беше да биде прифатена како протокол во селекцијата на пациентите за септо/ринопластика.

Во материјалите на докторската студија, авторката наведува дека оваа студија е проспективна рандомизирана каде што статистички беа анализирани вкупно 140 пациенти со девијација на носната преграда (deviatio septi nasi) одделно или во склоп со деформитети на носната пирамида: rhinokyphosis, rhinoscoliosis, rhinolordosis-,, седлест нос, "долг нос" (анг: functional tension nose).

Испитуваните пациенти беа ставени на оперативната листа за септо/ринопластика која беше изведена на Клиниката за уво, нос и грло-Клинички центар во Скопје. Риноманометриските испитувања беа изведувани на Институтот за медицина на трудот во Скопје, а психолошките тестирања беа извршени со помош на клинички психолог и психијатар на Клиниката за психијатрија.

Испитуваните групи беа поделени според следниве параметри:

Според степенот на назална опструкција, пациентите беа поделени во 3 групи:

- група IA – испитаници кои имаа тежок степен на назална опструкција (тежок степен на назална резистенција);
- група IБ – испитаници кои имаа среден степен на назална опструкција (среден степен на назална резистенција);
- група II– испитаници кои имаа лесен степен на назална опструкција (лесен степен на назална резистенција), а кои беа опсервирани клинички една година, а потоа се донесе одлука за оперативна интервенција.

Кај сите пациенти-кандидати за септо/ринопластика, предоперативно беа следени назалните симптоми: назална опструкција, ринореја, назална болка, главоболка, хипосмиа, хрчење, назален говор епистакса и др., и беа евидентирани на скалата на назални симптоми.

По извршената оперативна интервенција, испитаниците беа анкетирани колку се задоволни од извршената корекција, при што им беа понудени 5 скорови, односно модалитети: 1-многу задоволни, 2-задоволни, 3-неодредени, 4-незадоволни и 5-екстремно незадоволни.

Според видот на оперативната техника, при изведба на оперативната интервенција, пациентите беа поделени во две групи:
- групаI -1: каде се изведе само септопластика; тоа беа пациенти со Dg: Deviatio septi nasi.
- група I-2: каде се изведе септоринопластика: тоа се пациенти кои освен девијација на носната преграда имаат и деформитет на носната пирамида од типот на: rhinokyphosis, rhinoscoliosis, rhinolordosis-,, седлест нос, "долг нос" (анг: functional tension nose).
Од двете групи, пациентите беа поделени во две подгрупи:
-подгрупа I2-а : каде што се изведе латерарна и медијална остеотомија
-подгрупа I2-б: каде што не се изведе остеотомија.

Психолошка анализа се направи само на пациентите -кандидати за септоринопластика кои доброволно прифатија да го пополнат прашалникот за селекција на пациентите-кандидати за септоринопластика и нивните психолошки склоности. Врз базата на повеќе светски стандардни тестови и прашалници кои би ги пополнил пациентот кандидат за интервенција, докторантката се обиде да формира сличен прашалник, се разбира адаптиран за нашето поднебје, во кој влегоа следниве параметри: селекција на пациентот за септо/ринопластика и неговите психолошки склоности (психолошко тестирање-прашалник за self body image), Brief Symptom Inventory (BSI) тест – со кој беа анализирани добиените резултати добиени од прашањата поставувани на пациентите-кандидати за септо/ринопластика. Преку Brief Symptom Inventory (BSI) тестот, кој претставува еден стандарден психолошки тест беа следени следниве психолошки симптоми кај пациентот: соматизација, опсесивно-компулсивни реакции, интерперсонален сензибилитет, депресивност, анксиозност, фобична анксиозност и параноидни идеи, а беа евидентирани и пациентитите без симптоми.
Во методи на испитување беа користени: риноманометријата како метода за објективизирање на назалната воздушна резистенција и компјутеризирана томографија на носот и параназалните синуси. Испитуваните назални симптоми беа евидентирани и групирани во скалата на субјективни назални симптоми.
Интраоперативно, структурните деформитети на носната преграда беа класифицирани во шест групи.
Психолошките тестирања за селекција на пациентите за септоринопластика и неговите психолошки склоности беа извршени преку употреба на посебни прашалници.
Беше утврден хируршкиот протокол, како и хируршки процедури и постапки при септо/ринопластика. При тоа докторантката не се држеше на некоја ригидна насока при вршењето на естетската и функционална ринохирургија.Која хируршка процедура ќе биде преземена најмногу зависеше од патологијата на септумот.
Наведени се и статистичките методи кои се употребија во анализа на добиените резултати.
Резултатите кои се очекуваа во оваа студија се:
Риноманометријата претставува метод за објективно мерење на степенот на назалната опструкција, а клинички е многу важна како метода со која може реално да се објективизира степенот на назална опструкција предоперативно. Во студијата, бенефитот од риноманометријата беше што се постигнува важна

клиничка цел: се направи дистинкција и се групираа пациентите на кои навистина им е потребна септо/ринопластика и пациентите кои требаа да бидат следени или третирани медикаментозно. Исто така, се докажа дека постои индикација за септопластика и кај оние пациенти кај кои постои лесен степен на назална резистенција (блага девијација на носната преграда), која и покрај тоа што е следена во период од една година, без лекови или со употреба на назални тописки стероиди, назалната резистенција била се уште присутна, па препраката за септопластика била неизбежна.

Во докторската студија е покажано дека риноманометријата како објективна метода има и клинички бенефит, бидејќи може да се користи и при правење на клинички студии кај пациенти кандидати за септо/ ринопластика, како и во редовната рутинска процедура кај пациентите од овој вид, бидејќи досега направените иследувања од овој вид се малку, а со тоа се докажа дека риноманометријата е корисна не само за научни испитувања, туку и за клинички.

Во докторската студија, бенефитот од риноманометријата беше што се постигна важна клиничка цел: беше направена дистинкција и пациентите беа групирани на оние на кои навистина им е потребна септо/ринопластика и пациентите кои треба да бидат следени или третирани медикаментозно.

Докторската студија ја потврдува хипотезата дека кај некои пациенти со назална опструкција кај кои покрај назалната септална девијација доминира и последователна хипертрофија и инфламација на назалната мукоза проследена со ринореја, по оперативната интервенција, пациентите повеќе немаа симптоми од таков тип.

Докторската студија овозможи да се донесе правовремена и егзактна одлука за оперативна интервенција на носната преграда, како и методот по кој таа би се изведувала.

Девијацијата на носната преграда беше најчест причинител на назална респираторна опструкција и се јавуваше паралелно со низа тегоби кои дополнително влиаеја на психичката и здраствената состојба на пациентот, како и ја нарушуваа неговата секојдневна активност и работа.

Логично на претходното, кај многу пациенти кои се јавуваат како за функционална така и за естетско-функционална септоринопластика се поставува прашањето дали постои поврзаност помеѓу степенот на назалната опструкција и инциденцата и јачината на појавата на назалните симптоми кои се јавуваат како резултат на девираната носна преграда.

Разбирливо е очекувањето дека најголем број од овие пациенти имаат асиметричен назален проток низ двете ноздрви асоцирано со девијацијата на носната преграда и доколку девијацијата на носната преграда е потешка и назалната резистенција е појака, назалните симптоми доминираа, а тоа доведувало до еднострана или двострана хипертрофија на носната школка.

Чувството на отежнато дишење, пациентите-кандидати за септо/ринопластика го чувствуваа како доминантен симптом при назалната опструкција.

Резултатите од истражувањето покажаа дека и предоперативно, и на контролите 3, 6 и 12 месеци најмал е бројот и процентот на испитаници кои назалната опструкција ја чувствуваа како слаба и која не им ги попречува секојдневните активности и спиењето.

Таа беше скоро константна и доминантна во сите степени на назална опструкција, но поради тоа што беше од “коскен” тип, односно поради девијација на одредени сегменти на назалната преграда (`рскавични или коскени) таа покажа драстично намалување постоперативно. Во случаите каде назалната опструкција беше од “мукозен” тип, односно ако придружно постоеја и промени во назалната мукоза (хипертрофија на назалната мукоза, носните конхи или пак пропратна инфламација), назалната опструкција покажа постепено намлаување постоперативно, односно требаше дополнително постоперативно да се третира и со медикаментозна терапија (најчесто со назални тописки кортикостероиди).

Укажувањето на главоболката како доминантен симптом кај пациентите со назална септална девијација и нејзината константност и во постоперативниот период укажа на тоа дека таа кај пациентите се појавува и од одредени субјективни причини кои се најчесто од психогена природа: анксиозност, немир и преголеми очекувања од интервенцијата.

Ринорејата беше драстично намалена, поради тоа што со корекцијата на носната преграда се ублажи едемот и хипертрофијата на назалната мукоза, особено промените во назалните конхи, па последователно доведе до намалување на ексудацијата на назалниот секрет. Појавата на епистакса беше повеќе детектирана кај назални септални девијации во предните и предно-задните партии, но без сигнификантнот. Тоа доведе до мислење дека и други причинители, функционални, инфламаторни, субјективни и др., можат да доведат до појава на овие симптоми.

Докторската студија ги евалуира резултатите пред и по извршената септопластика во неколку различни follow-up периоди. Овие информации се корисни како за хирургот така и за пациентот, обезбедувајќи реални очекувања за бенефитот на оперативната интервенција. Резултатите од клиничкото иследување ја прикажуваа релативната поврзаност меѓу анатомските, психолошките и субјективните категории кои се испреплетуваа при мерењето на назалните симптоми.

Резултатите сигнификантно ја прикажуваа корелацијата помеѓу анатомските (објективни) и психолошките (субјективни) причини кои ја одредуваа фреквенцијата и тежината на присутноста на назалните симптоми.

Затоа, без соодветна предоперативна назална функционална дијагностика, оперативната интервенција септопластика не секогаш ќе беше успешна.

Во обемната дискусија по секое поглавје концизно се објаснети добиените резултати и нивното значење во контекст на темата.Коментирајќи ги резултатите од сопственото истражување, авторот истовремено ги споредува со веќе објавените резултати во литературата од оваа област.

Беа разгледани поделбите на назалната септална девијација на Младина, како и поделбата врз основа на короналните пресеци на назалниот септум добиени со направени коронални и аксијални пресеци на носната преграда добиени со компјутеризирана томографија.

Исто така се направи компарација во однос на корелација на носната девијација и консеквентните промени во средната носна школка, споредувајќи ги испитувањата што ги направиле Бауман (Baumann) и соработниците во студијата на класификација на назалната септална девијација.

Во девијациите тип 4 и тип 6 траумата беше водечки етиолошки фактор кој довел до девијација на септумот со преваленца од 46%.
Септопластиката и риносептопластиката биле изведени по принципите на модерните оперативни техники.
Заклучоците се коректно формулирани и даваат прецизни одговори на целите на докторската дисертација.

1. Во дисертацијата се покажа дека риноманометријата како објективна метода има и клинички бенефит, бидејќи може да се користи и при правење на клинички студии кај пациенти кандидати за септо/ ринопластика, како и во редовната рутинска процедура кај пациентите од овој вид, бидејќи досега направените иследувања од овој вид се малку, а со тоа се докажа дека риноманометријата е корисна не само за научни испитувања, туку и за клинички. Во докторската студија, бенефитот од риноманометријата е што се постигна важна клиничка цел: се направи дистинкција и се групираа пациентите на оние на кои навистина им е потребна септо/ринопластика и пациентите кои треба да бидат следени или третирани медикаментозно.
2. Чувството на отежнато дишење, пациентите кандидати за септо/ринопластика го чувствуваа како доминантен симптом при назалната опструкција. Изработувајќи ја скалата за степенот на интензитет на назалните симптоми му се помогна на хирургот во неговите очекувања во постоперативниот период. Односно, освен правилната процена и иследувања предоперативно, во постоперативниот период треба да обрне внимание на нивниот интензитет, па според нив да пристапи и кон постоперативен допилнителен третман ако е тоа потребно.
3. Значајно е и тоа дека кај девијациите на носната преграда од тип 3 и тип 4 во висок процент беше застапена concha bulosa ( хипертрофија на средната носна школка). Системската поделба на девијацијата на носната преграда има доста предности во однос на претходно наведените поделби, бидејќи поранешните, најчесто ги опфаќаа поделбите во пределот на картилагинозниот септум, воедно не земајќи ја во предвид улогата на поставеноста на носната преграда во однос на надворешната конфигурација на носост. Оваа класификација се цели да ги опфати сите патолошки алтерации на носната преграда и да ги документира, со цел да се имплементира адекватна оперативна техника.
Оваа класификација се стреми и кон тоа, систематската обука на младите ринохирурзи во вршењето на септопластиката да биде олеснета, како и да тежнее таа да биде интересна и прифатлива за работа.
4. Во поглавијето за хируршкиот протокол при изведба на септо/ринопластика, целта на докторската дисертација била да се одредат и утврдат хируршките процедури и постапки при изведба на оперативната интервенција септо/ринопластика. При тоа, докторантката не се придржуваше до некоја ригидна насока при вршењето на естетската и функционална ринохирургија.
Преку одредени оперативни техники беше прикажан еден современ пристап при вршењето на оперативната техника септопластика.

Крајната цел на оперативната процедура беше да се посочи дека не само медиопонирање на носната преграда, туку и просторот помеѓу септумот и носните школки е неопходно важен за правилна назална респирација.

Мотото и бенефитот на адекватно изведената интервенција во септалната хирургијатана носните конхи е: “Не септумот, не носните конхи, но просторот помеѓу нив е вистинскиот погодок”.

Деформираниот септум е најчеста причина за назалната обструкција. Затоа, септалната корекција е фундаментална компонента и во двете, функционални и естетски аспекти на ринохируругијата.

Поради тоа, преку хируршките процедури за септо/ринопластика беше покажано дека не може строго да се водиме по некој ригиден курс, туку каква хируршка интервенција ќе се преземе зависи од патологијата на септумот, која многу варира од еден до друг пациент.

5. Преку тестирањето на психолошкиот профил на личноста, обидот беше пациентот да препознае и да добие зрела одлука за евентуална промена која би настанала, која не само телесно, туку и душевно би му го променила животот.

Со тоа, беше формиран профил на личности кои беа сметани за “добри” и “ лоши” кандидати при изборот за септо/ринопластика.

Тоа би било од голема корист и за хируpгот во донесување на правилна одлука околу оперативниот тек на интервенцијата, како и исклучително во постоперативниот тек во разграничувањето на објективните очекувања на хирургот од реализираната хируршка процедура и очекувањата на пациентот.

Се очекуваше да се формира една добра комуникација меѓу хирургоот и пациентот, т.е пациентот да чувствува дека хирургот навистина се грижи за него.

Но критериумот беше субјективен и сосема различен кај секој пациент и хирург.

Преку Brief Symptom Inventory (BSI) стандардниот тест се увиде дека оперативната интервенција септо/ринопластика позитивно му влијаеше на пациентот да се најде во својата професија, во социјалниот и емотивниот живот.

Беше покажано дека преку испитувањето направено со Прашалник за селекција на пациентите-кандидати за септопластика и нивните психолошки способности, како и преку “Brief Symptom Inventoryтестот (БСИ) му се помага на пациентот да донесе правилна, реална и разумна одлука за естетска интервенција која би му била извршена.

Воедно, тоа би било од голема корист и за хирургот во однесувањето на правилна одлука околу оперативниот тек на интервенцијата, како и исклучително во постоперативниот тек во разграничувањето на објективните очекувања на хирургот од реализираната хирушка процедура и очекувањата на пациентот.

Литературата е оптимално селектирана, прегледана и цитирана по прифатените стандарди.Изборот на референци е соодветен и доминираат современи референци кои имаат значителен придонес во истражувањето на проблематиката која е цел на овој научен труд. Во секое поглавије се цитираат референци кои претставуваат солидна теоретска основа за изнесените сознанија.

Врз основа на приложената анализа на докторската дисертација,
Комисијата го донесе следниов,

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на изнесените податоци и мислењето за одбрана на темата на д-р. Габриела Копачева-Барсова м-р.сци, Комисијата смета дека кандидатката ги исполнува условите за самостојна научна работа, а предложената тема е актуелна, и има апликативна истражувачка вредност. Таа има практична важност и ќе

претставува научен придонес во областа на оториноларингологијата. Поставените цели на трудот се во целост остварени, а добиените резултати се адекватно презентирани и обработени.

**ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија позитивно ја оцени предложената тема за одбрана на докторска дисертација со наслов: "Евалуација на постоперативните резултати кај пациентите за функционална и естетска септоринопластика" и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја усвои рецензијата и предлогот да го проследи во понатамошна постапка до конечна јавна одбрана.

Рецензентска комисија:

1. проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, с.р.
2. науч.сор. д-р Никола Николовски, с.р.
3. науч.сор. д-р Јане Нетковски, с.р.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, по објавениот конкурс за избор во звања на 6.12.2013 година во дневните весници *Утрински весник и Коha*, на својата редовна седница одржана на 4.2.2014 година, избра Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Валентина Божиновска во звањето виш научен соработник/вонреден професор, во состав: академик Катица Ќулавкова, редовен професор, д-р Маја Ангелова Панова, редовен професор и д-р Лилјана Гушевска, вонреден професор. По добивањето на материјалите за рацензирање, придружени со копија од *Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (усвоен на 26.06.2013) во Скопје, и после нивното разгледување го подготвивме следниов:

ИЗВЕШТАЈ

1. Основни информации за кандидатката:

Валентина Божиновска е родена на 13 април 1967 година во Скопје. Основно средно и високо образование завршила во Скопје. На Факултетот за драмски уметности, Отсек за драмски актери, дипломирала во академската 1999/2000 година Скопје. Во 2006 година ги завршила постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на Катедрата за македонска книжевност, а титулата магистер на филолошки науки ја добила со одбраната на магистерскиот труд „Стилот на говорот и изговорот на македонската современа поезија“ (1.7.2008), на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик. Титулата доктор на историски науки од обласа на историја на литературата ја стекнала по одбраната на докторската дисертација „Развојните стилски изразни средства на обредната книжевност во 19 и 20 век“, на Институтот за национална историја во Скопје, на 26.4.2012 година.

Во 1993 година работела како актер во Македонскиот народен театар каде што има реализирано голем број главни ликови во соработка со голем број режисери од различни генерации, а во периодот 1990-1993, како водител и сценарист на образовната емисија „Ѕуница“ при Македонското радио во Скопје.

Во периодот од 1997 до 2004 година, д-р Валентина Божиновска држела настава со студентите на Факултетот за драмски уметности, по предметот правоговор на македонскиот литературен јазик, како и настава со студентите на Медицинскиот факултет, по предметот Јавно говорење, во звањата помлад асистент, асистент и доцент.
Од 2008 година до денес, д-р Валентина Божиновска работи како именуван директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на Р. Македонија. Д-р Валентина Божиновска вршела и бројни други јавни функции во државни органи на Р. Македонија. Ќе наведеме некои од нив: пратеник во Собранието на Република Македонија во два мандата; советник на Град Скопје; член на Националниот совет за евроинтеграции;

член на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците; член на Комисијата за европски прашања; член на Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација; член на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Канада; член на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Словенија.

**2. Наставна дејност на кандидатката**:

Д-р Валентина Божиновска се занимава со наставнообразовна и научно истражувачка дејност од 1999 до 2001 г., кога е избрана за помлад асистент на Факултетот за драмски уметности по предметот Правоговор на македонскиот литературен јазик. Од 2001 до 2002 година работела како асистент на Факултетот за драмски уметности по предметот Правоговор на македонскиот литературен јазик. Во 2006 година е избрана во наставно научното звањето *доцент* по предметот правоговор на македонскиот литературен јазик на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2007 година е избрана за визитинг-професор на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предметот „Јавно говорење“. Во 2010 година е избрана во наставно-научното звање *доцент* по предметот македонски јазик со правоговор на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Д-р Валентина Божиновска има одржано, во два наврата, едномесечни работилници - курсеви по јавно говорништво, со учесници од неколку градови од Република Македонија, а во рамките на проектите на Меѓународната колекција „Разноликост“ во Скопје.

**3. Научноистражувачка дејност на кандидатката:**

Освен компаративните и интердисциплинарни истражувања поврзани со изработката на магистерскиот труд „Стилот на говорот и изговорот на македонската современа поезија“ (2008) и на докторската дисертација под наслов „Равојните стилски изразни средства на обредната книжевност во 19-от и 20-от век“, д-р Валентина Божиновска се има посветено и на неколку други подрачја поврзани со актуелни аспекти на театрологијата (2012), реториката (2012, 2013), етиката (2013) и религијата и нејзините односи со книжевноста, културата и уметноста.

Д-р Божиновска била, исто така, координатор, учесник и организатор на повеќе проекти со научноистражувачка и едукативна димензија, организирани од значајни и релевантни научни институции во земјава. Таа, во текот на 2012 година е носител на реторичкиот дел на проект од областа на реториката (реторички предавања и вежби). Завршниот јавен реторички настан е одржан во Кинотеката на Р. Македонија, на 15 ноември 2013 година. Д-р Божиновска зема учество и во научноистражувачкиот проект „Македонскиот и бугарскиот театар во 20 век: компаративни истражувања“, чијшто носител е Институт за македонска литература, а раководител проф. д-р Наташа Аврамовска. Истата година, учествува и во вториот курс од областа на креативните практики, креативно пишување беседа и тренинг (вежби) по јавен говор, на тема „Дигиталната слобода и писателот“. Проектот е одржан во периодот 3 октомври – 3 декември 2003, во соработка меѓу Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (Катедрата за општа и компаративна книжевност) и Канцеларијата на Меѓународната колекција „Разноликост“.

Исто така, д-р Божиновска организира, во 2013 година, неколкумесечен истражувачки проект под покровителство на УНЕСКО, посветен на проблемите на етиката и

образованието на младите во Р. Македонија, кој е заокружен со завршна конференција во Скопје.

***3.1 Учество на научни собири, симпозиуми, конференции и работилници***

Д-р Валентина Божиновска во изборниов период има учествувано со свои реферати, обраќања или во својство на модератор, на следниве собири со научен карактер:

- II светска верска конференција „Дијалог меѓу религиите и цивилизациите", во организација на Министерството за култура и Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (6.-8.5.2010);
- конференција на тема „Меѓусебното разбирање и толеранција во Република Македонија како основен фундамент за следните 20 години", во организација на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, одржана по повод 20 годишнината од независноста на Република Македонија (8.9.2011);
- конференција во организација на Фондацијата „Конрад Аденауер" (7.12.2012);
- Црковно-народниот собор по повод 45-годишнината од возобновувањето на автокефалноста на Охридската Архиепископија (6.10.2012);
- III светска верска конференција „Слободата и достоинството-основни вредности во меѓучовечките, меѓурелигиските и интеркултурните односи", во организација на Министерството за култура и Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (10.-12.5.2010);
- симпозиум на тема "Да живееме едни со други, а не едни покрај други" (15.11.2013);
- меѓународна конференција посветена на Сефардската приказна (30.09.2013) - "Евреите на Балканот";
- „Национална конференција за политички и меѓурелигиски дијалог и култура на толеранција" (15.11.2013), организирана по повод Меѓународниот ден на толеранцијата, од страна на Македонската академија на науките и уметностите, а со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## 4. Објавени книги (печатени и во дигитална/електронска форма) и други изданија:

**4.1.** ***Авторски изданија (монографии):***

- *Стилот на говорот и изговорот*, Скопје, ИК „Менора", 2009;
- *Поетика на обредното*, Скопје, ИК „Соларис принт", 2013;
- Е-Книга (прирачник), аудио ЦД издание *Реторика на говорни стилови*, 2009;

**4.2.** ***Преводи, уредени изданија, член на издавачки и уредувачки одбори:***

- превод на драмата „Марија Магдалена" од Фридрих Хел, ИК „Менора", 1999;

- член на редакцискиот одбор за подготовка на монографијата за II светска конференција за меѓурелигиски и меѓукултурен дијалог „Културата и религијата - нераскинлива врска на народите“, 2008;
- главен и одговорен уредник на монографијата *Порта Македонија;*
- уредник на неколку изданија на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи: *Верски алманах, Верска мапа, Библија за Македонија и Македонците, Евреите во Македонија 14-19 век*;
- соработник на Дипломатскиот билтен во издание на Министерството за надворешни работи;
- член на Редакцискиот одбор за подготовка на монографијата за Мајка Тереза, издание на Спомен куќата на Мајка Тереза, Скопје, 2011.

***4.3. Позначајни проекти и ангажмани во областа на уметноста, режијата, сценариото и драматургијата:***

- автор на сценариото и режисер на театарската претстава „Псалми“ од Михаил Ренџов, реализирана во МНТ;
- автор на сценариото на документарниот филм „Отворени гробови“;
- автор на сценариото на еколошкиот документарен филм „Сјајот и бедата на Преспа“;
- автор на сценариото на ТВ - серијалот „Македонски балади“ во 8 епизоди;
- реализација на документарниот филм „Скопјанката Мајка Тереза“;
- коавтор (косценарист и корежисер) на детската драмска ТВ серија на МРТ „Мајсторот јазичар“ (во 30 епизоди);
- бројни актерски улоги за театарски претстави.

***4.4. Констатации на Комисијата за објавените трудови на кандидатката:***

Од повеќето авторски изданија и проекти на д-р Валентина Божиновска, ќе се задржиме на нејзината монографија *Поетика на обредното* (Скопје, ИК „Соларис принт“, 2013), која претставува редактирана верзија на нејзината докторска дисертација „Историскиот развој на изразните стилови во обредната книжевност во XIX-XX век“. Оваа монографија е парадигматична за повеќегодишниот научноистражувачки и наставнообразовен интерес и ангажман на д-р Валентина Божиновска. Монографијата го проектира распонот на истражувачкиот интерес на доцент д-р Божиновска - од потесното подрачје на правоговорот на македонскиот литературен јазик, поврзан со актерството и драматургијата, преку теоријата, историјата и практиката во областа на стилистиката и реториката, до историското и социо-културното толкување на проблематиката на македонските обреди (ритуали) и соодветните жанрови (дискурси) во усната, народната и

сакралната култура на македонскиот народ (фолклорот), во Р. Македонија и надвор од границите на Р. Македонија. Дијапазонот на нејзиниот истражувачки интерес вклучува и аспекти на историјата на македонската книжевност на 19 и 20, посебно на поезијата (романтизам/преродба, современа книжевност), на обредните жанрови во македонската поезија и на македонската усна книжевна традиција.

Монографијата *Поетика на обредното* е осмислена како синтеза на историските, теориските, стилистичките и културолошките сознанија за обредната традиција во македонската културна и книжевна историја на 19 и 20 век, следени низ значајни и парадигматични примери (и обрасци) од македонската книжевност, низ примери од народната, сакралната/црковната и современата книжевна продукција.

Д-р Божиновска покажува особена компетенција во интерпретацијата на обредните дискурси, односно во толкувањето на митско – обредните елементи низ стилот на говорот и изговорот во обредните жанрови. Во овој труд се продлабочува нејзиниот теориски и практичен интерес за говорните и изразни стилови кој ја обележува нејзината магистерска теза „Стилот на говорот и изговорот на македонската современа поезија“. Овој пат таа се фокусира врз историскиот развој на изразните стилови во обредната книжевност XIX-XX век во контекст на македонската културна историја. Таа е една од ретките во македонската книжевно-историска наука која ги синтетизира стилските специфики на обредниот говор и изговор во македонското културно минато и современост.

5. Заклучок на Рецензентската комисија:

При донесувањето на својот заклучок, Рецензентската комисија ги имаше предвид одредбите на *Правилникот* за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, според којшто, за вонреден професор може да биде избрано лице кое има: научен степен доктор на науки од научната област во која се избира; самостојни научни и стручни трудови објавени одделно или во публикации, учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници и способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.

Врз основа на добиената документација, можеме да заклучиме дека д-р Валентина Божиновска, во периодот од последниот избор во звањето доцент до пријавата на конкурсот за вонреден професор, има објавено две монографски научни студии, еден електронски прирачник/учебник по правоговор и стилови на говорот и изговорот, има учествувано на неколку научни конференции, собири и проекти, а има и остварено повеќе уметнички проекти кои се комплементарни на нејзината досегашна едукативна и научна дејност.

Имајќи ги предвид овие факти, Рецензентската комисија смета дека кандидатката д-р Валентина Божиновска ги исполнува наведените услови од *Правилникот*, по сите основи, за да биде избрана во звањето вонреден професор во областа на историјата на македонската книжевност, стилистиката и реториката.

**6. Предлог на Рецензентската комисија**:

Врз основа на изнесените констатации за образовната, наставната, педагошката и научната работа на кандидатката за вонреден професор, Рецензентската комисија во состав: академик Катица Ќулавкова, редовен професор, д-р Маја Ангелова Панова, редовен професор и д-р Лилјана Гушевска, вонреден професор, има чест да му предложи на Научниот совет на Институтот за историја - да ја избере доц. д-р Валентина Божиновска во звањето ***вонреден професор во областа на историјата на македонската книжевност, стилистиката и реториката***.

**Образец за одредување на целокупната активност во поени**
**за звањето ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**
**на проф. д-р Валентина Божиновска**

| Научноистражувачка дејност | Поени | |
|---|---|---|
| | во земјата | во странство |
| Докторски труд | 8 | |
| Монографија или научна книга | 24 | |
| Труд со оригинални научни резултати , објавен во научно списание | 14 | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир | 12 | |
| Учество на научен собир со реферат | 28 | 8 |
| Учество во научен проект | | 8 |
| Раководител на проект | 8 | |
| Дел од монографија или научна книга | 16 | |
| Учество во радио, ТВ-емисии и др. јавни настапи | 12 | 10 |
| Член на редакциски одбор | 12 | |
| Стручно-апликативна и образовна дејност | 26 | |
| Општествен ангажман и награди | 12 | |
| | 172 | 26 |
| Вкупно | 198 | |

**Рецензентска комисија**:

Акад. Катица Ќулавкова, редовен професор с.р.

Д-р Маја Ангелова Панова, редовен професор с.р.

Д-р Лилјана Гушевска, вонреден професор с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ОСМАНЛИСКО-ТУРСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО МАКЕДОНИЈА (XVIII-XIX в.)" ОД КАНДИДАТОТ М-Р СЕЛВЕР ЏЕМАИЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

Врз основа на Одлуката на Научниот совет на Институтот за национална историја, бр. 10-637/1 донесена на седницата одржана на 30.12.2013 година, бевме избрани за членови во Комисијата за оцена и одбрана на докторска дисертација, под наслов: „Улогата и значењето на османлиско-турското законодавство во Македонија (XVIII-XIX в.)“, од кан-дидатот м-р Селвер Џемаили, во состав: проф. д-р Јован Јанев, проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Амет Шериф, проф. д-р Ќани Несими и проф. д-р Силвана Сидоровска-Чупов-ска. По прегледувањето на поднесената докторска дисертрација, Комисијата до Настав-ничкиот совет на ИНИ го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Поаѓајки од нормите на постојниот факт дека изработената тема за докторска дисертација на кандидатот м-р Селвер Џемаили, под наслов: „Улогата и значењето на османлиско-турското законодавство во Македонија (XVIII-XIX в.), припаѓа кон темите кои во македонската историографија досега не се доволно обработувани, посебно во времето на турското владеење во Македонија, таа претставува еден значаен чекор напред кон проучувањето на историјата на правото и државата, кое се однесува на историјата на македонскиот народ и народностите кои живеат во Република Македонија.

Покрај другото, затоа сме на мислење дека оваа тема дава еден реален придонес во македонската историографија и ќе претставува една новина, поради научните елементи на фактот, што досега, сè уште не се доволно истражени и простудирани улогата и значењето на османлиско-турското законодавство во Македонија, гледано од аспект на заштитата на христијаните и Евреите, од страна на османлиското судство. Наведените историски вредности се однесуваат на периодот од воведувањето на реформите, кои започнале во вре-ме на владеењето на султаните Селим III (1879-1807) и Махмуд II (1808-1839), а потоа продолжиле и во времето на нивните наследници, султаните Абдулмеџид (1839-1861) и Абдулазиз (1861-1876), кои го кодифицирале, верифицирале и објавиле познатиот „Ѓулхански хати шериф“ на 3 ноември 1839 година, како и останатите османлиски закони, кои припаѓале на „Танзиматските реформи“, - сè до прокламирањето и свечаното објавување на Првиот осамнлиски устав (Kanun-i Esasi) на 23 декември 1876 година.

Горенаведениот период од османлиското владеење во Македонија, на одреден начин, од страна на докторандот паралелено е проследен и со глобалните состојби и настани, кои се одигрувале и рефлектирале на историската сцена во Османлиската Империја и процесот од нејзиното социјално-економско и политичко разложување, пред ударите на водечкиот капитализам на земјите од Западна Европа.

Како што е генерално познато, токму во времето на наведените султани, посебно на султанот Махмуд II., за првпат христијаните во голема мера ги добиваат своите социјално-економски и верски права, а нешто подоцна следувало и нивното изедначување со пра-

вата на муслиманите; полна заштита на нивниот живот и имот; еднаквост пред форумот на судовите; право на државна служба и заштита на нивната трговија, еснафи и останатите видови на стопански дејности.

Во врска со развојот на процесот од реформирањето на правниот систем и судското законодавство во рамките на Османлиската Империја, а со тоа и во Македонија, во секој случај гледано, треба да се дефинира и нагласи дека од страна на западните сили, на систематски начин и континуирано се вршело политички, воени и дипломатски притисоци врз официјалните османлиски власти на чело со султанот. Нивната стратешка, тактичка и оперативна задача и цел, од друга страна гледано, имала план за решавање на едно кардинално прашење: постојано да се наметнуваат нивните идеи на закони и правни теории во делокругот на османлискиот правен систем, под изговор за заштита на немуслиманското население во границите на Османлиската Империја. Така, на пример: Франција била заинтересирана за заштита и почитување на правата на католиците, Велика Британија ги земала под заштита протестантите, а Русија барала давање на поголеми верски слободи, за православните христијани. Објективните причини за наведените видови меѓународни притисоци во голема мера ги одразувале и ги рефлектирале економските потреби и интереси на земјите од Западна Европа, за да изнајдат соодветни и евтини пазари, каде ќе можеле да ги пласираат нивните колонијални и индустриски производи, во замена за ефтини суровини црпени од заостанатата економија на Османлискта Империја. Во суштина гледано, нивната експанзионистичка политика континуирано водела кон одржувањето на една постојана социјално-економска и политика криза во Осамнлиската Империја, кој историски процес потоа, како последица водел кон нејзината конечна поделба и ликвидација.

Методолошки гледано, докторската дисертација во целина ги задоволува критериумите, кои се однесуваат на трудови од областа на историската наука и таа концепциски се остои од: Предговор, Вовед, четири глави, Заклучок, Извори и литература и на крајот Терминолошки речник. Во предговорот и воведот, кандидатот м-р Селвер Џемаили, од своја страна се осврнува на мотивите и научната оправданост за обработката на наведената тема и дава краток преглед на општите историски состојби во врска со улогата и значењето на османлиско-турското законодавство во Македонија во текот на XVIII и XIX век.

Во рамките на првата глава под наслов: „Османлиско-турското право во XVIII век“, анализирани се неколку прашања во врска со функционирањето на наведеното право, каде што во првата точка се разгледани изворите на османското право како што биле: ки-табот ( книгата ), сунетот, иџмата, кијасот (аналогијата), маслахатот, обичајот или тради-цијата, ферманот, адалетнамето, бератот, кануннамето, какунами со султански закони, санџачките канунами, канунами што се однесуваат за одредени групации, канунами пов-рзани со државната организација и општи канунами. Во втората точка се разгледани се ор-ганизацијата на судовите и работата на кадиите, односно реформите во судството, меша-ните судови, регуларните судови, должностите на кадиите, помошници на кадиите, наиби-те, сведоците, мухтесибот (правобранителот), касимот и писарите. Во третата и четвртата точка од истата глава проучени се конституцијата на улогата и значењето на исламското право и односите помеѓу исламското и обичајното право.

Во содржината на втората глава под наслов: „ странските влијанија врз формирањето на правниот систем во Османлиската Империја во XVIII-XIX век “, даден е еден општ преглед врз развојните етапи од формирањето на новото, пред сè реформираното османлиско законодавство и новиот правен поредок, кои се наоѓале под огромно влијаните

на земјите од Западна Европа, посебно на Франција и Велика Британија. Во наведената глава, исто така, оценети се активностите на османлиските султани, почнувајќи од првите обиди за воведување на целосни реформи во државата, па сè до нивната практична реализација, покрај другото и во сферата на судскиот систем, кој се формирал врз основа на европското законодавство.

Во третата глава под наслов: „Реформите во османлискииот правен систем во XIX век“, опфатени се следниве елементарни проблеми: причините кои поттикнувале на промени, непосредно поврзани со развојот на внатрешната состојба во државата, потоа следува втората точка преку која се објаснуваат тешкотиите при реформирањето на правниот систем, каде што на прво место се истакнува отпорот на конзервативните сили во османлис-кото општество, против воведувањето на реформите и на крајот, во последната точка од оваа глава во врска со делувањето на идеолозите на реформите во правниот систем на државата, меѓу кои најмногу се истакнале: Мустафа Решид-паша, Мехмед Емин Али-паша, Фуад-паша и Ахмед Џевдет-паша.

Во последната четврта глава под наслов: „Влијанието на османлиското законодавство врз реформите“, во голема мера се разгледани на поединачен начин неколку главни закони. Тие биле следните: Кривичниот закон, Земјоделскиот закон, Зборникот на правни одлуки и Првиот османлиски устав. Притоа, интересно е да се нагласи дека наведените закони биле формулирани и кодифицирани врз основа на влијанието од судското законодавство на земјите од Западна Европа, но исто така биле во голема мера употребени и исламските и османлиските закони, како и исламското обичајно право.

Докторската дисертација е работена според редоследот и дијаграмот на научните норми и критериуми застапени во светската ориенталистика и сообразно одговараат на историските настани и состојби, кои се одигрувале на правен план на територијата во Македонија, како составен дел на Османлиската Империја, дотолку повеќе што кандидатот пристапил мошне сериозно кон дефинирањето на поставените прашања и научни проблеми, кои на објективен начин го претставуваат предметот на обработка на оваа докторска дисертација.

## З А К Л У Ч О К

Со својот сериозен и одговорен пристап кон разгледувањето и анализата на документацијата и историографската литература, како и понудените одговори на поставените прашања што произлегуваат од содржината на темата, од наша страна можеме да констатираме дека докторандот м-р Селвер Џемаили ни се претставува како сериозен и објективен научен работник, кој може да се носи со предизвиците на научноистаржувачката работа во целина.

Врз основа на дадените оценки и заклучоци, а согласно со нормите на законските барања, содржани и истакнати во рамките на Правилникот за едниствените основи за организирање на послтипломските и докторските студии на Уневерзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за национална историја во Скопје, докторската дисертација на м-р Селвер Џемаили со наслов: „Улогата и значењето на осман-лиско-турското законодавство во Македонија (XVIII-XIX в.)“ да ја прифати за одбрана.

Комисија

1. Проф. д-р Јован Јанев, с.р.
2. Проф. д-р Драги Ѓоргиев, с.р.
3. Проф. д-р Амет Шериф, с.р.
4. Проф. д-р Ќани Несими, с.р.
5. Проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска

## РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„АНАЛИЗА НА ПЕРИФРАСТИЧНИТЕ ПРЕДИКАТИ ВО АНГЛИСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК“** ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р НАТАША СТОЈАНОВСКА-ИЛИЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата четириесет и прва редовна седница одржана на 29.01.2014. избра Рецензентска комисија за оцена на докторскиот труд на тема „Анализа на перифрастичните  предикати во англискиот и во македонскиот јазик“, изработен од м-р Наташа Стојановска-Илиевска, во состав: д-р Елени Бужаровска, редовен професор, д-р Зозе Мургоски, редовен професор, д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, д-р Анета Дучевска,  вонреден професор, д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јаневска, вонреден професор.

Комисијата му се заблагодарува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ за доверената задача и по разгледувањето на трудот го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Во докторскиот труд на тема „Анализа на перифрастичните  предикати во англискиот и во македонскиот јазик“, м-р Наташа Стојановска-Илиевска се зафати да обработи една многу сложена тема за која се водат дискусии во научниот свет. Перифрастичните предикати (ПП) се двокомпонентски конструкции составени од глаголски и именски дел што се семантички и синтаксички неразделно поврзани. Значењето на целата структура е нерамномерно распоредено:  глаголот го изгубил својот автосемантички  статус и станал синсематички бидејќи е испразнет од своето лексичко значење, а значењето ПП го носи глаголската именка. Како резултат на тоа, именката, иако ја зафаќа позицијата на директниот објект, не е погодена од глаголското дејство. Заради тоа се усложнува синтаксичката структура на конструкцијата: се нарушуваат протипните транзитивни релации меѓу глаголот и неговото именско дополнение така што контрукцијата е само формално транзитивна. Во таквата синтаксичка рамка со две позиции се распоредува една семантичка целина. Оттука произлегуваат сите типолошки тешкотии за правилно разбирање и категоризирање на овие разложени предикати. Од друга страна, на семантичко рамниште, двокомпонентската структура на перифрастичниот предикат составен од еден глаголски и еден именски дел овозможува  користење и на глаголските и на именските категории за нијансирање на значењето. На тој начин, како што утврдува кандидатката, перифрастичниот предикат (на пр. *дава дозвола*) дозволува поголема прецизност и експресивност во изразувањето во однос на соодветниот автосемантички глагол (*дозволува*) и затоа не постои апсолутна синонимија меѓу нив.

Со оглед на обемноста и сложеноста на оваа тема, а со цел за поголема темелност во обработката на податоците и постигнување порелевантни нови сознанија кандидатката, м-р Стојановска-Илиевска ги контрастира тие ПП што претставуваат протитипни претставници на овие конструкции, а тоа се предикатите градени од глаголите *дава* и *зема* во англискиот и во македонскиот

јазик. Потребата за ваквото проучување произлегува не само од недостиг на таквите трудови за македонските конструкции, но и од непостоење на контрастивна анализа на македонските перифрастични предикати (во случајот со англиските) која би овозможила подлабоко разбирање на овој јазичен феномен. Дополнителна причина за потребата да бидат проучени е широката застапеност на перифрастичните предикати во говорниот и во пишаниот јазик, особено во јазикот на администрацијата, печатот, политиката и други видови формален дискурс. Во денешно време, перифрастичните предикати доживуваат експанзија која, како што истакнува авторката, делумно се должи на општо присутната тенденција во многу европски јазици за номинализација на исказот.

Основната цел на истражувањето на м-р Стојановска-Илиевска е проучувањето на причините за појавата и употребата на перифрастични предикати во јазикот. Во трудот се документираат околностите што го поттикнуваат перифрастичното структурирање на предикатот врз автентични примери и се истакнуваат разликите во опсегот на дејствувањето на тие причини. Преку разгледување на појавите како што се отсуството на синонимија меѓу перифрастични предикати (ПП) и соодветниот автосемантички глагол (АГ), видската разлика меѓу перифрастичниот предикат и соодветниот АГ, можноста за промена на комуникативната хиерархија на аргументите, можноста за модификација на именката со придавка, можноста за квантификација на именката и сл., кандидатката ги открива типолошките одлики на македонскиот јазик (наспрема англискиот), пред сè по прашањето дали кај перифрастичните предикати има елементи на граматикализација или лексикализација. Затоа трудот може да се смета и како студија од лингвистичка типологија.

За да ги спроведе поставените цели и задачи, кандидатката се служи со истражувачката метода на контрастивна анализа на англиските и македонските ПП градени од глаголите *дава* и *зема*. Контрастивната анализа се базира на описи на испитуваните структури во широк спектар на теориска литература (општи и посебни граматики за двата јазика, научни статии за испитуваните структури и типолошки студии). Како основен извор за контрастивната анализа, кандидатката користи примери од следниве корпуси: Електронскиот корпус на македонскиот јазик (ЕКМЈ) и Британскиот национален корпус (БНК).

Во поглед на структурата, трудот е строго организиран според светските стандарди, па затоа истажувањето е прикажано на еден прегледен и логичен начин. И од методолошката страна, трудот е многу издржан: истражувачката постапка е унифицирана и доследно се применува во анализата на сите ПП. Анализата не е површна, односно само формална, напротив, кандидатката, поаѓајќи од сличната форма овие предикати, спроведува семантичка анализа и на тој начин ги открива важните типолошки сличности и разлики на ПП во двата јазика. Мора да се истакне јасниот стил на изразувањето и убавиот македонски јазик на кандидатката неоптоварен од никакви англизми и конфузни објаснувања: сè е јасно и темелно образложено.

Трудот на кандидатката м-р Стојановска-Илиевска содржи вкупно 226 страници во кои се вклучени 5 поглавја и обемен список на користена литература (околу стотина единици) кои покриваат широк спектар на дисциплини врз кои се

базира ова истражување, а на крајот се дадени прилозите (табеларни прегледи со класификации на фразеолошки изрази и хиерархиите на семантичките улоги, како и со графички прикази на семантички проширувања на глаголот *give/дава*). Подолу следува подетален опис на трудот.

Во в*оведот* се образложени предметот и целта на истражувањето, а се одредува и неговата структурна рамка. Се дефинира поимот перифрастичен предикат, како и присутноста на перифрастичните предикати во јазикот од дијахрониска и од синхрониска перспектива. Се поставува основната хипотеза - дека англиските ПП не претставуваат една хомогена класа, туку тие се развиваат во два комплементарни процеса: лексикализација (заради можноста за квантификација и модификација) и граматикализација (заради можноста на ПП да изразуваат телични ситуации и да градат видска опозиција со АГ). Македонските ПП претставуваат лексикализирани колокации и затоа се поврзуваат главно со лексикализација, а не со граматикализација.

Во *второто поглавје* се систематизирани највлијателните научни согледувања за перифрастичните предикати и се објаснуваат блискозначните термини што се користат во лингвистиката. Во овој дел се дискутираат граматичките категории карактеристични за глаголскиот и именскиот дел на ПП и посебно се анализира одглаголската именка во ПП од морфолошка и семантичка перспектива. Се разгледуваат причините за употребата на ПП преку повлекување паралели меѓу ПП и блискозначните АГ.

Во *третото поглавје* се образложува методолошкиот пристап при селекцијата и обработката на јазичниот материјал од двата корпуса, како и постапките применети при анализата на тој материјал.

Во *четвртиот*, централниот дел на дисертацијата, анализирани се резултатите од истражувањето. Примерите од корпусот (ПП) се класифицирани според семантиката на синсемантичниот глагол во повеќе групи. Прво во секоја група се утврдуваат метафоричките проширувања на прототипските глаголи *give/дава* и *take/зема* и присуството/отсуството на синонимија меѓу ПП и АГ. Потем се дискутираат следниве карактеристики на ПП: можностите за хиерархизацијата на аргументите, за придавска модификација на именскиот дел, за референцијална определеност, за квантификација на именката и сл. Врз основа на сите параметри се заклучува дали кај ПП има елементи на граматикализација или лексикализација. Кандидатката исцрпно ги коментира сите категоријални особини на ПП со свои лични ставови кои произлегуваат од спроведената анализа на собраниот материјал и ги споредува со искажувањата на различни автори на оваа тема. Сето тоа го поткрепува со примери од жанровски разновиден корпус. Таквата постапка покажува големи аналитички способности на кандидатката: таа не само што собрала опширен јазичен материјал и прочитала обемна предметна литература туку и го синтетизирала знаењето од прочитаното и успешно го применила во анализата на собраниот материјал за да дојде до нови и важни сознанија.

Во *заклучокот* се сумирани најсуштинските резултати кои произлегуваат од истражувањето и се посочуваат области за понатамошно истражување.

Овој труд претставува оригинална студија која на ефикасен начин обединува испитувања од повеќе лингвистички области: теориите за граматикализација и лексикализација, теориите за глаголскиот и лексичкиот аспект, контрастивната анализа и теоријата за номинализација. Кандидатката покажува големо теориско познавање на сите аспекти од предметот на истражување и во примената на соодветна методологија на емпириското истражување. Таа одлично се снаоѓа во комплексната база на податоци и покажува систематичност во прикажувањето на резултатите кои ги класифицира според повеќе семантички и граматички параметри. Сите добиени резултати статистички се квантифицираат за да се согледаат карактеристиките кај секоја семантичка класа. Анализата на резултатите е исцрпна и релевантна, а заклучоците се во согласност со поставените прашања и хипотези, па затоа нудат конкретни одговори и насоки.

Заклучок:

Врз основа на изнесеното, Комисијата констатира дека од теориски аспект овој труд значително ќе придонесе за разбирањето на улогата на перифрастичните предикати во јазикот како во домашната така и во светската лингвистика. Тој претставува оригинален придонес во македонската наука за јазикот, особено заради фактот што оваа проблематика кај нас не е доволно проучена. Трудот има и свој практичен придонес за педагошката практика во англистиката. Познавањето на суштината на перифрастичните предикати ќе им помогне на наставниците да ги разберат овие конструкции и да креираат правилно насочени вежби за нивна презентација и увежбување.

Имајќи го предвид сето претходно кажано и со оглед на извонредно високото академско ниво на трудот што се гледа од креативната организација, квантитетот на обработените податоци, квалитетот на обработка на проблемот со сеопфатна статистичка и длабока теориска анализа на собраните податоци, оригиналноста и релевантноста на новите научни сознанија, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје да ја одобри и да ја закаже одбраната на докторскиот труд на тема „Анализа на перифрастичните предикати во англискиот и во македонскиот јазик“, изработен од м-р Наташа Стојановска-Илиевска.

Рецензентска комисија

Д-р Елени Бужаровска, редовен професор с.р.

Д-р Зозе Мургоски, редовен професор с.р.

Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор с.р.

Д-р Анета Дучевска, вонреден професор с.р.

Д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска, вонреден професор с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на теми за изработка на докторски дисертации (III циклус на студии)
прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје
на седницата одржана на 30.01.2014 година

| **Докторанд** | **Тема – работен наслов** |
|---|---|
| М-р Филип Здравески | *Динамичко однесување на високи витки метални конструкции под дејство на ветар со вграден динамички апсорбер на вибрации* |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА МЕТАЛНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со конкурсот за избор на еден асистент од областа на металните конструкции, распишан во весникот „Дневник" од 4.XII,2013 година, Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 407. седница одржана на 26.XII,2013 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија.

На распишаниот конкурс се пријави само кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., кој ги достави потребните документи (арх. бр. 0801/974-1 од 11. XII,2013 година).

По прегледот на приложените документи од кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., е роден на 30.III,1985 година во Струмица. Основното образование го завршил во ОУ „Сандо Масев" во Струмица. Средното образование го завршил, исто така, во Струмица во УСО „Јане Сандански", на природно-математичката насока.

На Градежниот факултет во Скопје се запишал во учебната 2003/2004 година на конструктивната насока. Дипломирал на 4.VII,2008 година, во предвидениот рок за студирање, со просечен успех 9,24. Дипломската работа, „Главен проект за носечка конструкција на трабродна индустриска хала со кран во средниот брод", ја одбрани со највисока оценка 10.

Во учебната 2008/2009 година се запиша на втор циклус студии - постдипломски студии на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока - област метални конструкции и ги положи сите предвидени предметни програми со просечен успех 9,83. На 343. седница на ННС на Градежниот факултет, одржана на 16.VI,2008 година, кандидатот пријави магистерска тема со работен наслов „Методи за конструкција и пресметка на јазли кај решеткасти носачи од цевкасти профили", која успешно ја одбрани на 13.XI.2010 година, со што се стекна со научен степен - магистер на технички науки од областа на градежништвото.

Од јуни 2011 година вработен е на Катедрата за метални конструкции при Градежниот факултет во Скопје како помлад асистент. Кандидатот, покрај учеството во изведувањето на вежбите, активно беше вклучен и во научно-истражувачката и стручната дејност на Катедрата за метални конструкции.

Во учебната 2012/2013 година кандидатот се запиша на трет циклус - докторски студии по градежништво, констуктивна насока, област: метални

конструкции, на Градежниот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**2. Научноистражувачка дејност**

Во изминатиот период, од изборот за помлад асистент, кандидатот м-р Миле Партиков, како автор и коавтор на трудови, учествувал на конгреси, симпозиуми и стручни собири:

1. М.Партиков, Д.Поповски, П.Цветановски ,,Пешачки мост на езеро Матка”, ДГКМ, 14. Симпозиум, Струга, Македонија, 2011, Книга 1.
2. М.Партиков, П.Цветановски, Д.Поповски ,,Влијание на конструкција на јазлитеврз однесувањето на решеткастите носачи”, ДГКМ, 14. Симпозиум, Струга, Македонија, 2011, Книга 1.
3. Д.Поповски, П.Цветановски, М.Партиков, ,,Влијание на спуштање на потпора кај спрегнатите континуирани носачи ”, ДГКМ, 14. Симпозиум, Струга, Македонија, 2011, Книга 1.
4. А.Филиповски, Ф.Плана, Р.Хадри, Д.Поповски, Ш.Зејнели, М.Партиков ,,Проектирање на заварени гредни носачи изведени од алуминиум според Еврокод 9”, ДГКМ, 15. Симпозиум, Струга, Македонија, 2013.
5. А.Филиповски, Ф.Плана, Р.Хадри, Д.Поповски, Ш.Зејнели, М.Партиков ,,Нумерички пример за проектирање на заварени гредни носачи изведени од алуминиумски лимови според Еврокод 9”, ДГКМ, 15. Симпозиум, Струга, Македонија, 2013.
6. Д.Поповски, М.Партиков, П.Цветановски, А.Филиповски ,,Пресметување на центрично притиснат елемент според Еврокод 9”, ДГКМ, 15. Симпозиум, Струга, Македонија, 2013.

Кандидатот активно учествуваше и даде значаен придонес во тимот за стручна ревизија на преводот на Еврокод 3, дел 1.5 и 1.8.

Трудовите на кандидатот од научноистражувачката дејност, до изборот за помлад асистент, објавени се во Билтенот бр.1008 на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

**3. Наставно-образовна дејност**

По изборот за помлад асистент, кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., со успех ги извршува своите обврски во изведувањето на вежбите од групата предметни програми во областа на металните конструкции.

Кандидатот активно го владее англискиот јазик. Од компјутерскиот софтвер владее со: MS Office, SAP2000, Radimpex, ArmCAD, CorelDraw, 3D ProSteel, AutoCAD, ArchiCAD, Robot Structural Analysis, AutoCAD Structural Detailing, Graitec AdvanceSteel и др.

Користејќи ги своите широки познавања на компјутерскиот софтвер, кандидатот дава особен придонес и во консултациите со студентите при изработката на дипломските работи на Катедрата за метални конструкции.

Работата на кандидатот во наставно-образовната дејност високо е оценета од страна на студентите во анкетите од самоевалуацијата на Факултетот.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Во изминатиот период, од изборот за помлад асистент, кандидатот м-р Миле Партиков продолжува активно да работи и на полето на стручно-апликативната дејност во рамките на Катедрата за метални конструкции како проектант и соработник. Кандидатот ги поседува Б овластувањата за проектирање, ревизија и надзор на објекти издадени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Р.Македонија.

Со стекнатото искуство и стручната посветеност, кандидатот дава голем придонес во квалитетот на апликативната работа на Катедрата за метални конструкции.

Овде ќе бидат наведени поважните активности на кандидатот во периодот од неговиот избор за помлад асистент.

1. Основен проект за носечка челична конструкција на базен во Куманово (учесник во проектот).
2. Основен проект за носечка челична конструкција на државчи за соларни панели (учесник во проектот).
3. Ревизија на преводите на Еврокод 3 - Дел 1-5: Полноѕидни лимени носачи
4. Ревизија на преводите на Еврокод 3 - Дел 1-8: Проектирање на врски
5. Основен проект за носечка челична конструкција на Апартман во Охрид (учесник во проектот).
6. Статичка пресметка на далноводен столб Тип „ТА1-120“ (учесник во проектот).
7. Испитување на далноводен столб Тип „AD150“ (учесник во проектот).
8. Основен проект за носечка челична конструкција на Магазин за сточна храна во Делчево (учесник во проектот).
9. Основен проект за носечка челична конструкција на Млекара во Битола (учесник во проектот).
10. Ревизија на Основен проект за производен погон за доработка на челични профили со настречница за складирање на репроматеријали и административен објект (ревидент).
11. Основен проект за носечка челична конструкција на внатрешни скали, противпожарни скали, лантерни и натстрешница за театар во Тетово (учесник во проектот).

Трудовите на кандидатот од стручно-дејност, до изборот за помлад асистент, објавени се во Билтенот бр.1008 на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

**5. Заклучок**

Како што може да се согледа од погоре изнесеното, кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., покажува афинитет и видни резултати во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на Катедрата за метални конструкции. Кандидатот со особен успех ги извршува и задачите во наставно-образовната дејност за кои е високо оценет од студентите. Познавајќи го кандидатот подолг период сметаме дека поседува евидентни квалитети и желба да се развие во солиден наставно-научен кадар во областа на металните конструкции.

Имајќи го предвид континуираниот напредок на кандидатот во сите сфери на дејствување, со особено задоволство, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., да биде избран за асистент од областа на металните конструкции, односно за групата предметни програми на Катедрата за метални конструкции.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Петар Цветановски с.р.

2. Проф. д-р Атанас Филиповски с.р.

3. Проф. д-р Грозде Алексовски с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИКАТА И ИНФОРМАТИКАТА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 406. седница одржана на 3.XII 2013 година, нѐ именува за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на математиката и информатиката, а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Лајме“ на ден 13. XI 2013 година.

По извршениот преглед на приложената документација, констатирано е дека на конкурсот се пријави д-р Силвана Петрушева, досегашен доцент на Катедрата за математика на Градежниот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатката, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Силвана Петрушева е родена на 16.1.1961 год. во Кавадарци. Основно и средно образование има завршено во Штип со одличен успех. Во основно и средно образование има добиено републички награди на натпреварите од областа на астрономијата (основно) и физиката (средно) и има учествувано на неколку летни школи за физика во Охрид.

На Математичкиот факултет, насока информатика се запишала во 1979 год., а дипломирала во 1985 год. со одбрана на дипломската работа ***Просторни криви*** од областа на компјутерската графика, со што се здобила со звањето дипломиран математичар-информатичар.

Од 1.9. 1984 до 30.8. 1986 година работела како професор по математика и информатика во училиштето за средно образование ,,Славчо Стојменски” во Штип.

Од 1.9.1986 година е вработена како помлад асистент за предметите: математика, математика I и математика II на Градежниот факултет во Скопје.

Неколку години учествува во Комисијата за спроведување на натпревари по математика за основните и средните училишта организирани од Сојузот на друштвата на математичари на Македонија.

Во 1986 година е запишана на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Белград на насоката информатика, од областа вештачка интелигенција. Во 1994 год. ги завршила студиите со одбрана на магистерскиот труд ***Сегментација со помош на региони и развој на софтвер за издвојување облици од сложена сцена*** (на српски). Во овој

труд е изработен софтвер за препознавање на печатни букви и читање на ракописно напишани зборови.

Во 1995 е избрана за асистент по предметите: математика, математика I и математика II на Градежниот факултет во Скопје, а 1998 и 2001 година реизбрана е за асистент по истите предмети.

Од 2000 година, две години учествува во изведувањето на вежбите по предметот информатика на Шумарскиот факултет во Скопје.

На Природно-математичкиот факултет во Скопје, при Институтот за информатика во 2001 година е пријавена темата ***Невродинамичко програмирање и последично водени системи*** *за изработка* на докторска дисертација. Дисертацијата е одбранета во 2008 година, со што се стекнала со звањето доктор на информатички науки.

Во дисертацијата се извршени истражувања од областа вештачка интелигенција / агентно учење. Работено е на примени на невронската мрежа наречена Кросбар Адаптивна Површина (Crossbar Adaptive Array) на алгоритми на барање пат во околини со пожелни, непожелни, и неутрални состојби. Со теореми за комплексност се докажува брзината на нивната конвергенција.

Во мај 2009 е избрана за доцент, врз основа на објавениот Реферат за избор во Билтен број 963 од 30 април 2009 година. Во овој Билтен се прикажани стручните и научните трудови објавени до изборот во звањето доцент.

Од 2009 до сега е раководител на Катедрата за математика.

Научната работа од изборот за доцент до сега е претежно насочена на примената на невронските мрежи во градежништвото.

Наставно-научната и стручната активност од изборот за доцент е детално прикажана подолу и во Анексот 2, кој е приложен кон овој извештај.

## 2.НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од изборот во звањето доцент до сега, кандидатката наставната дејност ја остварува преку организирање на предавања и вежби, консултации, писмени и усни испити на додипломски и постдипломски студии

Од 2011 година д-р Силвана Петрушева е член на Наставната комисија при Градежниот факултет, во рамките на дефинирањето на новите студиски програми (3+2) на Градежниот факултет, кои започнаа во учебната 2013/14 година. На Катедрата за математика дефинирани се следниве нови предмети: *операциони истражувања (2+2), бази на податоци (2+2) (*кој порано се држеше на Катедрата), *одбрани поглавја по математика (4+4) (*за втор циклус, стариот предмет е дополнет со нова содржина). Постојниот предмет *математика II (4+4)* е скратен во програмската содржина и сега е со часови (3+3).

На Природно-математичкиот факултет (ПМФ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје дополнета е содржината на предметот *компјутерска*

*графика* (2+2) (задолжителен) и дефинирана е содржината на предметот *комплексност на алгоритми и вештачка интелигенција* (2+2) (изборен), во рамките на новата студиска програма математика-информатика на Институтот за математика, а по барање на раководителот на Институтот за математика при ПМФ.

Од изборот во звањето доцент до сега на првиот циклус студии на Градежниот факултет има одржувано настава по следниве задолжителни предмети: математика 1 (4+4), математика (4+4), математика 2 (4+4), како и изборни предмети: веројатност и статистика (1+1), математика 3 (2+2) (менторски). На ПМФ од 2012 одржува настава по предметот компјутерска графика (за прв циклус).

На вториот циклус студии на Градежниот факултет во учебната 2009/10 година ги има одржувано вежбите по предметот одбрани поглавја по математика (2+2), а од 2010 до 2012 држи настава по истиот предмет. Оваа школска година 2013/14 одржува настава за вториот циклус по предметите: математика 2 (3+3) и одбрани поглавја по математика (4+4).

Од 2009 до 2010 година е подготвена скрипта решени задачи по предметите математика 1 и математика во коавторство со колегите од Катедрата: ас. м-р Мисајлески Зоран и ас. м-р Даниел Велинов, кои во дигитална форма за студентите се ставени на сајтот на Катедрата.

За потребите на наставата по предметот компјутерска графика (на ПМФ) подготвени се предавања во вид на скрипта во дигитална форма кои студентите ги добиваа во текот на наставата.

За потребите на наставата по предметот компјутерска графика на ПМФ, подготвен е учебникот *Компјутерска графика,* кој е даден на рецензија во април 2013 и добиени се двете позитивни рецензии од рецензентите.

Д-р Силвана Петрушева од 2011 до сега била член на комисиите за преглед и одбрана на следниве магистерски трудови:

1. *Постапка за дефинирање на бази податоци за подземните води во Република Македонија,* од кандидатот Зоран Качески, 2011.

2. Пристап за програмирање на истражни работи кај свлечишта, од кандидатот Сунчица Љубевска, 2012

3. *Методологија за екстраполација на параметри кај карпи со низок квалитет,* од кандидатот Зоран Ѓорѓиевски, 2013.

Сите активности од областа на наставно-образовната дејност на кандидатката за периодот од нејзиниот избор за доцент до сега се наведени во Анексот 2 , кој е составен дел на овој извештај.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во изминатиот период од изборот за доцент до сега, д-р Силвана Петрушева научноистражувачката работа ја продолжува главно во примената на невронските мрежи за решавање разни задачи од науката и техниката во изработка и публикување на научни трудови, како и нивна презентација на мегународни научни конференции.

Во јули 2009 година е објавен трудот *Forward Chaining Algorithm for Solving the Shortest Path Problem in Arbitrary deterministic Environment in Linear Time – Applied for the Tower of Hanoi Problem* во Зборникот на 32-рата Годишна меѓународна конференција за вештачка интелигенција во Падерборн, Германија, каде што учествува од 15 до 18 септември 2009. Трудот е печатен во книгата ,,KI 2009: Advances in Artificial Intelligence”, во рамките на едицијата ,,Lecture Notes of Artificial Intelligence (LNAI) – Springer-Verlag Berlin Hailderberg, 2009.

Во јули 2013 е објавен трудот *Neural Networks and their Application in Civil Engineering. Isothreshold Adaptive Network (IAN)* во списанието „Scientific Journal of Civil Engineering (SJCE)”, Volume 2, Issue 1 - при Градежниот факултет во Скопје. Во овој труд е даден преглед на разни примени на невронските мрежи во градежништвото и даден е предлог за конкретна невронска мрежа која може да се користи за разни проблеми во градежништвото кои можат да се сведат на класификација или препознавање на облици.

Во ноември 2013 е објавен трудот *Neural Network Prediction Model for Construction Project Duration* во коавторство со проф. д-р Валентина Жилеска-Панчовска од Катедрата за организација при Градежниот факултет во Скопје и проф. д-р Вахида Жујо од Градежниот факултет во Мостар, Босна и Херцеговина, во списанието International Journal of Engineering Research & Technology (IJERT) , со фактор на влијание 1,76 .

Во овој труд е презентиран модел за предвидување време на градба со невронска мрежа (повеќеслоен перцептрон).

Во ноември 2013 е објавен и трудот *Predicting Construction Project Duration with Support Vector Machine*, во списанието International Journal of Research in Engineering and Technology (IJRET), со фактор на влијание 1,96 во коавторство со проф. д-р Валентина Жилеска-Панчовска од Катедрата за организација при Градежниот факултет во Скопје и проф. д-р Вахида Жујо од Градежниот факултет во Мостар, Босна и Херцеговина. Во овој труд се презентира модел на предвидување со еден од најпрецизните модели за предвидување во последниве години (support vector machine), кои претставуваат модификација на невронска мрежа.

Во процес на печатење е и трудот *Landslide Inventory Map of the Republic of Macedonia: statistic and Description of Main Historical Landslide Events* (автори: Игор Пешевски и Милорад Јовановски (Градежен факултет), Благоја Марковски (Институт за географија- Скопје), Силвана Петрушева и Бојан Сусинов (Градежен факултет). Трудот е прифатен за објавување во Зборникот трудови за

симпозиумот: Regional Symposium on Landslides in the Adriatic-Balkan Region, Zagreb, 2013.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, изнесени се детали за научноистражувачката дејнот.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Силвана Петрушева во периодот од 2009 година до сега има рецензирано неколку труда и има дадено мислење за резиме на докторска дисертација.

На барање од Техничкиот факултет од Битола има дадено мислење за авторезимето на докторската дисертација под наслов ,,ИКТ во образованието - ефикасна интеграција на ИКТ со информатичко-математички пристап“ од кандидатот м-р Зоран Трифунов (2012).

На барање од уредникот на списанието ,,Journal of Intelligent Manufacturing –Springer (JIMS)” ги има рецензирано следниве 4 труда:

1. *An Integrated Emotional Learning – Network Based Fuzzy Inference System – Computer Simulation – DOE Algorithm for Forecasting Waiting Times in Complex and Uncertain Queuing System with Machine Breakdowns*” (2011)
2. *Simulation and Parameter Optimisation of Flux Cored Arc Welding Using Artificial Neural Network and Particle Swarm Optimisation Algorithm* (2012)
3. *Computational Intelligence based Model for Optimizing Welding process Parameters* (2013 април)
4. *Optimisation of swing-up control parameters for a robot gymnast using the Bees Algorithm* (2013 октомври)

## 5. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатката е раководител на Катедрата за математика од 2009 до сега (2,5 мандата), член е на Комисијата за настава и евалуација на Градежниот факултет, а била и член на Комисијата за уписи на нови студенти за учебните 2009/10 и 2010/11 година, како и во Комисијата за изработка на Информатор за Градежниот факултет.

За член на Комисијата за избор во звања била избрана 2010 година (за избор во звање - асистент на колегата м-р Зоран Мисајлески), 2012 (за избор во звање - помлад асистент на колегата м-р Даниел Велинов) и во 2013 година (за реизбор во звање - асистент на колегата м-р Зоран Мисајлески).

Листата на активности од поширок интерес е наведена во Анексот 2, кој е составен дел на извештајот.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесените активности за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност може да се заклучи дека д-р Силвана Петрушева, доцент на Градежниот факултет во Скопје, е афирмиран наставно-образовен и научно-стручен работник за областа за која конкурира.

Од изборот за доцент до денес, д-р Силвана Петрушева активно учествува во реализацијата на наставата од прв и втор циклус на студии како на Градежниот факултет така и на ПМФ, притоа воспоставувајки со студентите близок и професионален однос - подготвувајќи им материјали (скрипти, учебник) во дигитална форма и за полесно совладување на содржините. Покрај тоа, во изминатиот период кандидатката објавила научни трудови во странски списанија, и учествувала на меѓународни конференции од областа.

Врз основа на севкупниот ангажман кој ги задоволува критериумите дадени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и од личното познавање на кандидатката, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатката д-р Силвана Петрушева да биде избрана во звањето вонреден професор од областа математика и информатика.

Рецензентска комисија

1. Д-р Стево Божиновски, редовен професор, с.р.
Државен Универзитет на Јужна Каролина, САД

2.Д-р Слободанка Георгиевска, редовен професор во пензија, с.р.
Градежен факултет, Скопје, Република Македонија

3.Д-р. Велентина Жилеска-Панчовска, редовен професор, с.р.
Градежен факултет, Скопје, Република Македонија

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Силвана Ванчо Петрушева**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Градежен факултет - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: математика, информатика**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **учебна 2009-2010** | 5,984 |
| | (I циклус ) (предавања) | |
| | математика 1 (4+4) | 2,4 |
| | математика 2 (4+4) | 2,4 |
| | (II циклус) | |
| | одбрани поглавја по математика (2+2) (вежби) | 0,72 |
| | консултации (2009-зимски) | 0,248 |
| | консултации (2010-летен) | 0,216 |
| | **учебна 2010-2011** | 9,860 |
| | (I циклус ) (предавања) | |
| | математика 1(4+4) | 2,4 |
| | математика (4+4) | 2,4 |
| | математика за проект 45 (12 часа) | 0,48 |
| | математика2 (4+4) | 2,4 |
| | (II циклус ) (предавања) | |
| | одбрани поглавја по математика (2+2) | 1,2 |
| | консултации (2010 – зимски) | 0,656 |
| | консултации (2011 – летен) | 0,324 |
| | **учебна 2011-2012** | 11,686 |
| | (I циклус ) (предавања) | |
| | математика 1(4+4) 2 групи | 4,8 |
| | математика2 (4+4) 2 групи | 4,8 |
| | (II циклус ) (предавања) | |
| | одбрани поглавја по математика (2+2) | 1,2 |
| | консултации (2011 – зимски) | 0,480 |
| | консултации (2012 – летен) | 0,406 |
| | **учебна 2012-2013** | 13,068 |
| | (I циклус ) (предавања) | |

| | | |
|---|---|---|
| | математика 1(4+4) 2 групи | 4,8 |
| | компјутерска графика (2+2) | 1,2 |
| | математика 3 (2+2) (менторски) | |
| | математика2 (4+4) 2 групи | 4,8 |
| | (II циклус ) (предавања) | |
| | одбрани поглавја по математика (2+2) | 1,2 |
| | консултации (2012 – зимски) | 0,588 |
| | консултации (2013 – летен) | 0,480 |
| | **зимски семестар учебна 2013/14** | 10,272 |
| | математика 1(4+4) 2 групи | 4,8 |
| | компјутерска графика (2+2) (менторски) | |
| | математика 3 (2+2) (менторски) | |
| | веројатност и статистика (1+1) | 0,6 |
| | (II циклус ) (предавања) | |
| | одбрани поглавја по математика (4+4) | 2,4 |
| | математика 2(3+3) | 1,8 |
| | консултации (2013 – зимски) | 0,672 |
| | **подготовка на нови предмети** | 8,5 |
| | одбрани поглавја по математика (2+2) (вежби) | 0,5 |
| | одбрани поглавја по математика (2+2) предавања (II циклус) | 1 |
| | одбрани поглавја по математика (4+4) предавања (II циклус) | 1 |
| | математика 2 (4+4) предавања | 1 |
| | математика1 (4+4) | 1 |
| | математика (4+4) | 1 |
| | веројатност и статистика(1+1) | 1 |
| | компјутерска графика(2+2) | 1 |
| | Математика 3(2+2) | 1 |
| | | |
| | Интерна скрипта предавања по Компјутерска графика | 4 |
| | Интерна скрипта од вежби (решени задачи по математика 1 и математика , ставени на сајтот на Катедрата ), во коавторство со асис. М-р Зоран Мисајлески, асис. М-р Даниел Велинов | 1 |
| | Член на комисија за оценка и одбрана на магистерска *Постапка за дефинирање на бази на податоци за подземните води во Република Македонија*, од кандидатот Зоран Качески 2011 | 0,3 |
| | Член на комисија за оценка и одбрана на магистерска *Пристап за програмирање на истражни работи кај свлечишта*, од кандидатот Сунчица Љубевска, 2012 | 0,3 |
| | Член на комисија за оценка и одбрана на магистерска *Методологија за екстраполација на параметри кај карпи со низок квалитет*, од кандидатот Зоран Ѓорѓиевски, 2013 | 0,3 |
| | Позитивно рецензиран универзитетски учебник: Силвана Петрушева: **Компјутерска графика, 2013** (за предметот Компјутерска графика на ПМФ, студиска | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | програма математика –информатика) | |
| | **Вкупно** | 73,270 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Silvana Petruseva: "*Forward Chaining Algorithm for Solving the Shortest Path Problem in Arbitrary deterministic Environment in Linear Time – Applied for the Tower of Hanoi Problem*" - Proceedings of 32 nd Annual Conference on Artificial Intelligence, Paderborn, 15-18 Sept. 2009 , Germany, објавен во Зборникот KI- 2009: Advances of Artificial Intelligence, во рамки на едицијата Lecture Notes in Artificial Intelligence (LNAI), Springer-Verlag Berlin Hailderberg, 2009<br>(меѓународна конференција со меѓународен уредувачки одбор , учество со постер презентација) | 3,5 |
| 2 | Silvana Petruseva: " *Neural Networks and their Application in Civil Engineering. Isothreshold Adaptive Network (IAN)*", Scientific Journal of Civil Engineering (SJCE), Volume 2, Issue 1, July, 2013<br>(часопис со меѓународен уредувачки одбор) | 3 |
| 3 | Silvana Petruseva, Valentina Zileska-Pancovska, Vahida Zujo:<br>" *Neural Network Prediction Model for Construction Project Duration*", International Journal of Engineering Research & technology (IJERT), November 2013<br>(со имакт фактор 1,76 и меѓународен уредувачки одбор) | 6,208 |
| 4 | Silvana Petruseva, Valentina Zileska-Pancovska, Vahida Zujo: " *Predicting Construction Project Duration with Support Vector Machines*" , International Journal of Research in Engineering and Technology (IJRET), November 2013<br>(со имакт фактор 1,962 и меѓународен уредувачки одбор), | 6,370 |
| 5 | Igor Peshevski, Milorad Jovanovski, Blagoja Markovski, Silvana Petruseva, Bojan Susinov:"*Landslide Inventory Map of the Republic of Macedonia: statistic and Description of Main Historical Landslide Events*", Proceedings of Regional Symposium on Landslides in the Adriatic-Balcan region, Zagreb, 2013 ( во фаза на печатење)<br>(меѓународна конференција со меѓународен уредувачки одбор | 1,8 |
| | | |
| | **Вкупно** | 20,878 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Рецензија на труд: "*An Integrated Emotional Learning – Network Based Fuzzy Inference System – Computer Simulation – DOE Algorithm for Forecasting Waiting Times in Complex and* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Uncertain Queuing System with Machine Breakdowns" (2011)*<br><br>на барање од уредникот на часописот Journal of Intelligent Manufacturing –Springer (JIMS) | |
| 2 | Рецензија на труд: "*Simulation and Parameter Optimisation of Flux Cored Arc Welding Using Artificial Neural Network and Particle Swarm Optimisation Algorithm*" (2012)<br><br>на барање од уредникот на часописот Journal of Intelligent Manufacturing –Springer (JIMS) | 1 |
| 3 | Мислење за авторезимето на докторската дисертација "*ИКТ во образованието – ефикасна интеграција на ИКТ со информатичко-математички пристап*"<br>од кандидатот м-р Зоран Трифунов (2012)<br><br>на барање од Техничкиот факултет од Битола | 1 |
| 4 | Рецензија на труд: "*Computational Intelligence based Model for Optimizing Welding process Parameters" (2013 април)*<br><br>на барање од уредникот на часописот Journal of Intelligent Manufacturing –Springer (JIMS) | 1 |
| 5 | Рецензија на труд: "*Optimisation of swing-up control parameters for a robot gymnast using the Bees Algorithm" (2013 октомври)*<br><br>на барање од уредникот на часописот Journal of Intelligent Manufacturing –Springer (JIMS) | 1 |
| | | |
| | **Вкупно:** | 5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Раководител на Катедра 2 мандата | 6 |
| 2 | Член на Комисија за настава | 0,5 |
| 3 | Член на Комисија за евалуација | 0,5 |
| 4 | Член на Комисија за уписи 2009/10 | 0,5 |
| 5 | Член на Комисија за уписи 2010/11 | 0,5 |
| 6 | Член на Комисија за изготвување Информатор на Градежен факултет | 0,5 |
| 7 | Член на Комисија за избор во звање (2010) | 0,2 |
| 8 | Член на Комисија за избор во звање (2012) | 0,2 |
| 9 | Член на Комисија за избор во звање (2013) | 0,2 |
| | | |
| | **Вкупно:** | 9,1 |
| | **Вкупно** | 14,1 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА | Поени |
|---|---|

| ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 73,270 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 20,878 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 14,1 |
| **Вкупно** | 108,248 |

**Членови на комисијата**

1.Проф.д-р Стево Божиновски, ср. , претседател
2.Проф. д-р Слободанка Георгиевска, ср. , член
3. Проф.д-р Валентина Жилеска-Панчовска, ср. , член

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИЛОГ КОН РЕШАВАЊЕТОНА СТРМНИ КОСИНИ НА НАСИПИ ВРЗ СЛАБОНОСИВИ ПОЧВИ, АРМИРАНИСО ГЕОСИНТЕТИЦИ“ОД М-Р ЌАНИ В. КАДИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно - научниот совет на Градежниот факултет, донесенана 399.седница одржана на 28.3.2013 год., беше именувана Комисија за преглед и оцена надокторската дисертација под наслов„ПРИЛОГ КОН РЕШАВАЊЕТО НА СТРМНИ КОСИНИ НА НАСИПИ ВРЗ СЛАБОНОСИВИ ПОЧВИ, АРМИРАНИСО ГЕОСИНТЕТИЦИ“, изработена од кандидатот м-р Ќани В. Кадири.Комисијата беше именувана во состав: проф. д-р Љупчо Димитриевски,дипл. град. инж., проф. д-р Васил Витанов, дипл. град. инж., проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, дипл. град.инж., проф.д-р Милорад Јовановски, дипл. геол., проф. д-р Фикрет Ахмеди,дипл. град. инж.
Комисијата, по извршениот преглед на доставената докторскадисертација, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му го доставува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација е предадена и заведена во архивата на Градежниот факултет.Проблематиката проучувана со дисертацијата е изложена на 188 страници. Содржи кратко резиме на македонски и англиски јазик. Во прилогот користена литература наведени се 138 библиографски единици. Во дисертацијата се презентирани голем број табеларни прегледи, дијаграми и 182 слики со кои се објаснуваат постапките на истражувањето и се презентираат добиените резултати.

### 1. Предмет на истражувањето

Изградбата на објекти врз слабоносиви почви претставува комплексен инженерски и геотехнички проблем. Дополнителна комплексност отвора изградбата на насипи како објекти врз слабоносиви почви, а особено во урбани средини кадешто просторот е ограничен. Слабоносивите почви се главно ситнозрнести почви, глини и прашини во течна и пластична конзистентна состојба,ситнозрнести песоци во растресита состојба и органски почви, тресет и мил. Оптоварувањето од објекти пренесено на слабоносивите почви предизвикува големи деформации и појава на процес на консолидација  и претставува голем ризик за стабилноста на самиот објект.

За да се намалат ризиците за лом, нестабилност, големи деформации и долготрајна консолидација, неопходно е да се подобрат карактеристиките на слабо носивите почви. Тоа претставува сложен процес кој бара длабоки познавања на однесувањето на почвените материјали, познавање на нови материјали и

технологии што се користат во светот за решавање на вакви проблеми, но и на инвентивност.

Насипите како објекти претставуваат комплексен систем што зависи од видот на почвените материјали од кои се изградени. Вообичаените наклони на косините нанасипите не се секогаш можни при ограничувањена просторот како што најчесто е случај во урбаните средини. Поради тоа, неопходна е изведба на насипи со стрмни косини што не е можно без примена на дополнителни материјали за подобрување на карактеристиките на почвените материјали, како што се геосинтетиците.
При примената на материјали за подобрување на почвените карактеристики, како што се геосинтетиците, PVD-дреновите и слично, неопходно е проучување и запознавање на интеракцијата помеѓу овие материјали и почвите. Тука се вклучени и параметрите на интеракција од аспект на јакост и деформабилност, но и параметрите на водопропусност и консолидација.

Предметот на докторската дисертација е истражување на можностите за решавање на проблемот со изградба на стрмни насипи врз слабоносиви почви со армирање со геосинтетици. Во докторската дисертација се анализирани методологии за подобрување на носивоста на слабоносиви почви со армирање со геосинтетици, потоа забрзување на консолидацијата со PVD-дренови и изработка на стрмни косини на насипот со армирана земја со геосинтетици.

## 2. Содржина на дисертацијата

Обработуваната проблематика во докторската дисертација е изложена во 9 поглавја.

Во првото воведно поглавје накратко е образложен поимот и историјатотна армираната земја, како и општиот концепт на дисертацијата низ описот на содржината на поглавјата.

Во второто поглавје се прикажани основните карактеристики на геосинтетиците како клучни материјали во применетата методологија на истражување во доктроската дисертација. Прикажана е накратко хронологијата на примената на геосинтетиците во светот и во нашето поблиско опкружување, суровините и начинот на производство, видовите геосинтетици и нивните функции. Поголем акцент е даден на геомрежите и ткаенитегеотекстили поради нивната конкретна примена во дисертацијата. Опишани се и методите за определување на долгорочнатајакост на геосинтетиците, како и нивната крутост.

Во Глава 3 е објаснет системот армирана земја со примена на геосинтетиците како арматура и посебно е објаснета интеракцијата почва-геосинтетици.Анализирани се факторите што влијаат на системот армирана земја и на интеракцијата почва-геосинтетици. Образложен е опитот на извлекување како еден од основните опити за дефинирање на параметрите на јакост на контактот почва-геосинтетик.

Во Глава 4 се издвоени делови од механиката на почвите кои го објаснуваат однесувањето на почвените материјали, односно моделирањето на почвите. Подетално е опишан концептот на критична состојба и еластопластичниот модел Cam Clay како најчесто применуван модел во теоријата и практиката на механиката на почвите. Образложена е терминологијата и начинот на добивањена неопходните материјални параметри што се користат во овој модел низ лабораториските опити.

Во Глава 5 детално е анализирана терминологијата и суштината на проблемот што е предмет на дисертацијата: слабоносиви почви и стрмни насипи врз слабоносиви почви. Објасието е што се подразбира под слабоносиви почви и видовите слабоносиви почви,како и кои се ризиците од градење насипи врз слабоносиви почви. Објаснет е поимот стрмни насипи и детално е објаснет системот на стрмни насипи со армирана земја со геосинтетици. Детализирана е улогата на геосинтетиците во системот армирана земја при изградба на насипите и објаснети се системите и механизмите на лом при анализа на стабилноста на косините и димензионирањето на стрмните насипи од армирана земја со методите на гранична рамнотежа и со користење готови дијаграми за поедноставни случаи. На крајот посебно се објаснети критериумите при проектирање на армирани насипи со стрмни косини низ неколку последователни чекори. Презентирана е и можноста за изградба на армирани насипи на слабоносиви почви со колови темели со примена на геомрежи со голема јакост на затегање врз нив.

Во Глава 6 детално е образложен процесот на консолидација како специфичност во однесувањето на почвените материјали. Презентирани се неколку теории за објаснување на еднодимензионалната консолидација, тродимензионалната и аксијално симетричната консолидација. Посебен детален осврт е даден на проблемот на забрзување на консолидациониот процес во слабоносивите ситнозрнести почви. Забрзувањето напроцесот на консолидација е претставено со вертикални песочни дренови и со PVD-дренови на кои е посветено најголемо внимание како материјали и механизми применети во дисертацијата. Примената на PVD-дреновите е сѐ позначителна во геотехничката практиката во светот за забрзување на процесот на консолидација. Прикажана е теоријата на консолидација со примена на вертикални PVD-дренови, опишани се методите што најмногу се користат во светската литература и факторите што влијаат на ефикасноста на вертикалните дренови.

Во Глава 7 се презентирани два концепта за решавање на проблемот на изградба на насипи со стрмни косини врз слабоносиви почви. И во двата концепта насипот со стрмни косини е анализиран со системот армирана земја со примена на геомрежи. Првиот концепт е со темелење на насипите на колови врз кои се поставуваат геомрежи со голема јакост на затегање, кои заедно со коловите формираат систем што ги прифаќа оптоварувањата од насипот.
Презентирани се неколку методи за пресметување на геомрежите врз коловиот темел по различни стандарди за проектирање. Анализирани се и стоечки и лебдечки колови во презентираниот систем.

Вториот концепт е со замена на слабоносивиотпочвен материјал во зоната под насипот со систем армирана земја со геосинтетици и со почвен материјал со подобри јакосни карактеристики. Во вториот концепт во системот се додадени вертикални PVD-дренови во слабоносивата почва под зоната на подобрување со армирана земја. Зоната со PVD-дренови овозможува забрзување на консолидациониот процес и зголемување на крутоста на почвата. Системот образложен во вториот концепт, според тоа, се состои од насип со стрмни косини со армирана земја со геомрежи, подобрена подлога со армирана земја со геосинтетици и почвен материјал со добри јакосни карактеристики и зона со вертикалниPVD-дренови. Сите три зони: насипот, подобрената подлога и слабоносивата почва со PVD-дреновите се со различни крутости, па во дисертацијата детално е анализиран овој систем како целина во која може да се менуваат крутостите со изборот на распоредот, геометриските и материјалните карактеристики на геосинтетиците и PVD-дреновите за да се добие оптимална конструкција врз база на барањата, граничните услови и неопходните проектни параметри. За да може еден ваков комплексен систем да се анализира и да ги даде бараните истражувачки резултати, неопходно е користење на современи геотехнички софтверски пакети со нумерички методи за пресметување (МКЕ, МКР) и со можност за примена на нелинеарни еластопластични конститутивни моди на однесување на почвените материјали. Авторот во дисертацијата го посочува и го користи PLAXIS 2D како еден од најмоќните геотехнички софтверски пакети во светот.

Во Глава 8 се презентирани резултатите од истражувањата за решен конкретен пример од практиката за изградба на насип со висина 8m, со стрмни косини (70°),на слабоносива подлога во градот Ораховец во Косово. Во склоп на истражувањето направени се наменски геомеханички истражни дупчења и лабораториски испитувања со цел добивање на неопходните материјални параметри за користење на еластопластичниот Cam Clay модел. Одбрани се видови геомрежи со соодветни јакости и крутости и видови PVD-дренови. За извршување на предвидените анализи, користен е геотехничкиот софтвер PLAXIS 2D со МКЕ, а самиот практичен проблем е соодветно моделиран со неопходните гранични услови.За слоевите на ситнозрнестите почви-глините применет е еластопластичниот Cam Clay модел, а за песокливите чакали и крупнозрнестите почвени материјали за подобрување на насипот користен е Mohr-Coulomb-овиот конститутивен модел.Анализите се направени со варирање на одбрани параметри како што се крутоста на геомрежите, еквивалентната водопропусност на PVD-дреновите и симулирана е изградба на насипот по фази со различни времетраења на секоја фаза. Добиени се резултати без користење на PVD-дреновии со нивно користење. Презентирани се влијанијата на промената на крутоста и густината на поставување на геомрежите и влијанијата од користењето na PVD-дреновитеврз резултатите од пресметувањето, главно преку големината на деформациите, напрегањата на смолкнување, мобилизираната сила на затегање во геомрежите и порниот притисок.

Во Глава 9 се сумирани резултатите од извршените истражувања во вид на заклучоци и отворени се насоки за понатамошни истражувања согледани во

процесот на изработката на дисертацијата, како што се истражувањата на карактеристиките на контактот почва-геомрежа,влијанието на распоредот и геометриските карактеристики на PVD-дреновите врз забрзувањето на консолидацијата,однесувањетото на предложениот систем при сеизмични влијанија итн.

3. Придонес на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ќани В.Кадири претставува значаен придонес при решавањето на комплексен геотехнички проблем како што се насипите со стрмни косини врз слабоносиви почви. Кандидатот обработил и истражувал огромен фонд на библиографски единици,податоци и искуства во оваа област, и детално ги анализирал сите елементи важни за решавање на истражуваниот проблем, како што се:стрмни почвени косини со армирана земја со геосинтетици, геосинтетиците како се понеизбежни материјали во геотехниката, PVD-дреновите за забрзување на консолидацијата, системот армирана земја со геосинтетици за подобрување на слабоносивите почви. Во склоп на дисертацијата, кандидатот направил наменски геомеханички истражувања и лабораториски испитувања за дефинирање на материјалните параметри и применил современ еластопластичен конститутивен модел Cam Clay за глинестите почвени материјали. Особен придонес на дисертацијата претставува методологијата за анализа на конкретниот проблем преку моделирање и симулација во моќен геотехнички софтвер PLAXIS со МКЕ, со која методологија се овозможува варирање на различни влијателни параметри, процена на тие влијанија врз однесувањето на конструктивниотсистеми добивање на оптимално решение за дадени гранични услови.
Кандидатот со своето истражување отворил и нови прашања и насоки во предметната област во кои може да се продолжи истражувањето како што се влијанијата на карактеристиките на контактот почва–геосинтетик,влијанието на геометриските карактеристики на PVD-дреновите, однесувањето на предложениот систем при сеизмички оптоварувања итн.

## Заклучок

Докторската дисертација на м-р Ќани В. Кадири„ПРИЛОГ КОН РЕШАВАЊЕТО НА СТРМНИ КОСИНИ НА НАСИПИ ВРЗ СЛАБОНОСИВИ ПОЧВИ, АРМИРАНИСО ГЕОСИНТЕТИЦИ“,анализира многу актуелна проблематика на проектирање на насипи со стрмни косини на слабоносиви почви и со својата содржина дава придонес во развојот на натамошни научни истражувања, современата градежна и геотехничка пракса и унапредување во истражувањето во наведената област.
Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, да ја усвои позитивната оцена на Рецензентската комисија на поднесената докторска дисертација со наслов

„ПРИЛОГ КОН РЕШАВАЊЕТО НА СТРМНИ КОСИНИ НА НАСИПИ ВРЗ СЛАБОНОСИВИ ПОЧВИ, АРМИРАНИ СО ГЕОСИНТЕТИЦИ“, изработена од м-р Ќани В. Кадири, и даја спроведе натамошната постапка за нејзинаодбрана.

Членови на Комисијата:

1. Проф.д-р Љупчо Димитриевски, дипл.град. инж.
2. Проф. д-р Васил Витанов, дипл. град.инж.
3. Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, дипл. град.инж.
4. Проф. д-р Милорад Јовановски, дипл. геол.
5. Проф. д-р Фикрет Ахмеди, дипл. град.инж.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ЗАКОНИТОСТИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО СИСТЕМИТЕ ВО ЕКОНОМИЈАТА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЗЛАТКА ПОПОВСКА И ДОЦ- Д-Р ПРЕДРАГ ТРПЕСКИ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет vo Скопје број 0202-201/3 од 6.2.2104 година, донесена на седницата одржана на 31.1.2014 година, определен сум за рецензент на учебникот „Законитости во управувањето со системите во економијата“, од проф. д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески. Согласно со член 19 од Правилникот за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а по внимателното читање и проучување на трудот го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### ПРВ ДЕЛ

Ракописот со наслов „Законитости во управувањето со системите во економијата“, од проф.д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески, претставува интегрална целина на содржините предвидени како наставна материја по предметотуправување со системите на студиската програма економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Затоа, оваа книга треба да се користи како учебник кој и по обем одговара на предметната програма што носи 8 ЕКТС - кредити и со настава чиј годишен фонд на предавања е 90 часа.

Впрочем, ракописот со наслов „Законитости во управувањето со системите во економијата“, од проф.д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески, претставува преструктурирана материја на книгата на проф. Златка Поповска, „Системи, управување, економија“ (2006), која се користеше како учебник по предметот управување на системите. Во понудениот материјал за рецензија „Законитости во управувањето со системите во економијата“ од проф. д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески, евидентно е дека во голем дел се базира на содржината од претходниот учебник на проф. Златка Поповска, „Системи, управување, економија“ (2006),како и графичките прикази дадени во неа. Но, во новиот понуден материјал што е предмет на оваа рецензија, обемот на новата книга е намален и изнесува 350 страници, и што е најважно,нагласени се законитостите претставени преку општите правила, принципи и насоки кои се јавуваат во движењето и растот на економските системи, збогатени со нивното толкување во теоретската економска мисла. Понудениот материјал е структуриран во три дела.

### ВТОР ДЕЛ

Проблематиката е опфатена во три дела, во кои се поместени вкупно 13 точки. Nа крајот од секој дел е наведена литература која е претежно од странски автори. Структурата на ракописот е следна:

***Прв дел***

***Кон интердисциплинарен пристап***

1. Управувањето како универзален феномен
2. Интердисциплинарен пристап кон современите појави

***Втор дел***

***Информации, одлучувае и управување***

1. Системскиот пристап - нов пристап кон реалните појави и проблеми
2. Нов пристап кон управувањето со економските системи
3. Информацискиот систем како основа на управувувањето
4. Одлучувањето како најважна управувачка активност

***Трет дел***

***Објективните сили на законот на растот на економските системи***

1. Економската наука за динамиката на економските процеси
2. Самокоригирачки сили на економијата - невидливата рака на Адам Смит
3. Слабеење на саморегулирачките сили и неуспехот на пазарот
4. Движење и развој на економијата - економски циклуси
5. Управувањето со системот на развојните промени во економијата
6. Основни управувачки повратни врски во економијата
7. Систем на управувачки инструменти

*Во првиот дел* се објаснува управувањето како универзален феномен, како и интедисциплинарниот пристап во анализирањето и истражувањето на сложените појави во современиот свет. Се посветува внимание на интердисциплинарните науки кои се од значење за управувањето со системите: теоријата на системите, кибернетиката, системската динамика и најновата, науката за комплексноста. Системското мислење, видовите на системско мислење и процесите на учење преку повратни врски се претставуваат како основен пристап во разбирањето на сложените појави.Во овој дел, исто така, се презентирани основните категории кои претежно се во апаратурата на споменатите интердисциплинарни науки.Се поаѓа од прашањето што е систем, и потоа се продолжува со анализа на системските категории и со нивната поврзаност со управувањето. Наведуваме некои: окружување, влез-излез, структура, состојба, однесување, раст и развој, информации, управување со повратни врски, видови повратни врски, регулација, контрола, адаптација, хиерхиски системи, начини на однесување на динамичните системи итн. Се разгледуваат различните видови управување и различните функции на управувачките повратни врски.Од богатството на системски категории извршен е избор на оние кои се битни за управувањето со системите во економијата, иако се дадени и основните карактеристики на нивните теоретски основи.

Вториот дел од учебникот е именуван како: информации, одлучување и управување. На почетокот од овој дел е презентиран системскиот пристап, како нов пристап кон управувањето со економските системи, за да се продолжи со посебна глава која се однесува на значењето на информациските системи и инфорацискoто поврзување во современата практика.Информациските системи се разгледуваат од аспект на информациските потреби за управувањето со развојот на највисоко ниво, и од аспект на информациските потреби на претпријатието.Се поаѓа од фунциите на економските, односно деловните системи.Се разгледуваат компонентите, видовите информациски системи, принципите и структуирањето на овие системи по области. Одлучувањето како најважна управувачка активност е опфатено во посебна глава каде што подетално се обработени: рационалното и

научно одлучување, систем на одлучување, како и релативизацијата на конфликтите во одлучувањето – теорија на игри (основни категории, видови игри, стратегиска форма екстензивна форма, кооперативни игри, кредибилеитет на партнерите).

Третиот дел од учебникот се однесува на насоките и правилата при управувањето со системите. Во овој дел се обработени двата клучни, но опозитни концепти преку кои се објаснува функционирањето на економијата – класичниот и кејнзовиот концепт, како и проблематиката на движење и развој на економијата - економските циклуси.Економските системи се третирани како комплексни системи, пришто адаптацијата на промените има посебно место.Во посебни потточки од овој дел се обработени управувањето со системот на развојните промени во економијата, како и основните управувачки повратни врски во економијата и можните нарушувањашто можат да настанат кај повратните кола.Третиот дел завршува со обработка на системот на управувачки инструменти, каде што се опфатени економските политики и можностите за правилна комбинација на нивните инструменти.

Интердисциплинарниот карактер се изучува и на други факултети и во други дисциплини – секако од аспектот значаен за формирањето на одредени образовни профили.Презентиранаta материјата го става системскиот пристап во центарот на вниманието во донесувањето управувачки одлуки на различни нивоа.Во повеќе глави, презентираните категории и односи имаат своја завршница преку примерите кои се однесуваат на економската реалност. На тој начин учебникот се доближува до основниот интерес на студентите: да стекнат ново и применливо економско знаење.

Ги истакнувам посебните предности на материјалот кој е предмет за рецензија кои го квалификуваат како учебник единствен од оваа материја во државата.

1. Материјата која се третира се повеќе го привлекува вниманието не само на современиот менаџмент во претпријатијата, туку и на оние што донесуваат одлуки на ниво на една држава.Студентите по економија треба да поседуваат знаење за современите теоретски сознанија од оваа област кои добиваат верификација во практиката на развиениот свет.

2. Третирањето на интердисциплинарните науки како што се кибернетиката, системската динамика и науката за комплексноста во контекст на разгледување на управувањето со економските системи дава ретка можност на поврзување на економските законитости со законитостите кои се истражуваат и од други науки. При презентацијата на оваа сложеност на поврзување на економските со „неекономските законитости“ избегнати се опасностите од пренагласување на „детерминираностите“, напротив, нагласена е важноста на „човечкиот фактор во управувањето со сложените појави во економијата. Проширувањето на знаењето на идните економисти со оваа материја влијае врз нивната способност за разбирање, комуницирање и соработка на мултидисциплинарни и интердисциплинарни теми.

3.Теоријата на игрите станува област за која се интересираат доносителите на стратешки одлуки, како и науката од различни области. Оваа теорија станува посебна научна област и дисциплина која е застапена на различни образовни степени и во различни научни области. Затоа, разгледувањето на основите на

теоријата на игри во вториот дел на материјалот претставува осовременување на знаењето на економисите во оваа област. Го издвојуваме образовниот придонес преку воведувањето на теоријата на игрите како посебна материја која се третира. Начинот на нејзината презентација го поттикнува интересот на економистите да навлезат подлабоко во можностите за примена на теоријата на игри во различни области на економската практика.

4. Третирањето на информациските системи во контекстот на информациското вмрежување претставува ретко единство на глобалните и поедначни промени во оваа област.Во такво единство се даваат класичните поставки за функциите на информациските системи согласно со информациските потреби на деловните системи и на системите на јавната администрација, односно на јавниот сектор.Преку овој пристап се верифицира апликативоста на теоретските сознанија за значењето на информациите, не само при донесување одлуки, туку и при обезбедување на нивното претворање во акција.

5. Третирањето на повратните врски (на начин кој е приемчив за економистите, но пред се на начин кој ги воведува економистите во логиката на функционирање на економските процеси), помага да се навлезе во суштината на динамичниот карактер на процесите во економијата. Динамичниот карактер на процесите во економијата е нагласен пристап и при разгледувањето на функционирањето на пазарот.Основните повратни врски кои се избрани како илустрација на силите кои го овозможуваат движењето, растот и развојот на економијата, се доближува до традиционалните економски знаења кои вообичаено се стекнуваат во високообразовните процеси.

6. Начинот на прикажување на материјата е доволно едукативен и доволно јасен иако самата материја има сложена структура. Особена вредност е изобилството на примери и слики кои ги дообјаснуваат анализираните категории.Примерите, кратки или поопширни, се поврзани со економијата, но има и примери кои се со генеричко значење за самите категории кои се објаснуваат.Стилот кој се применува во интерпретацијата на материјата нема да ги остави рамнодушни студентите во смисла на иницирање на нивниот понатамошен интерес за продлабочување на знаењето во оваа област.

Потенцирам некои од темелните квалитети на ракописот кои се битни за неговото издавање како учебник:

1. Презентираната материја веќе три децении е наставна материја на Економскиот факултет чиј континуитет е потврден со издадените учебници од проф.д-р Златка Поповска, „Системи, управување, економија“ (1995) и „Управување со системите – економија“ (2006). Новата книга ги елаборира истите содржини врз основа на исти методолошки правила како и во претходните учебници (особено на учебникот издаден во 2006), дополнета со теоретски анализи на одредени економски процеси.Несомнено, оваа книга е презентент на долгиот континуитет на третирање на оваа проблематика во научно-наставниот процес на Факултетот.

2. Презентирана материја во основа веќе е потврдена како наставна материја која студентите ја прифаќаат како продлабочување и проширување на економските знаења. Учебникот третира аспекти на управувањето со системите на начин кој е достапен за студентите по економија и во мера која е предвидена со фондот на часови според наставниот план на Економскиот факултет во Скопје.

3. Презентирана материја е резултат на користењето широка литература.Во неа се застапени автори кои придонесле во теоретските основи на управувањето како интердисциплинарен феномен, но и автори кои имаат потврден придонес во развојот на економската наука.

4. Високиот квалитет на учебникот гарантира дека тој ќе одговори на поширок круг  заинтересирани за оваа материја, кои се наоѓаат на различни управувачки нивоа, и кои се среќаваат со различни управувачки проблеми без разлика во која сфера се ангажирани.

5. Учебникот е редок по своето богатство од информации, содржински иновации, афирмирање на знаењето за управувањето и конзистентниот педагошки пристап.

Според согледаните научни, методолошки, апликативни и педагошки вредности на овој ракопис, имам посебно задоволство на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го препорачам ракописот „Законитости во управувањето со системите во економијата“ од проф. д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески за редовен универзитетски учебник, без да има каква билопотреба од дополнителни корекции.

Рецензент,

Проф д-р Бобек Шуклев с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ЗАКОНИТОСТИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО СИСТЕМИТЕ ВО ЕКОНОМИЈАТА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЗЛАТКА ПОПОВСКА И ДОЦ- Д-Р ПРЕДРАГ ТРПЕСКИ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје број 0202-201/3 од 6.2.2104 година, донесена на седницата одржана на 31.1.2014 година, определен сум за рецензент на учебникот „Законитости во управувањето со системите во економијата“, од проф. д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески. Согласно со член 19 од Правилникот за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а по внимателното читање и проучување на трудот го доставувам следниов

### ИЗВЕШТАЈ

### ПРВ ДЕЛ

Ракописотсонаслов „Законитости во управувањето со системите во економијата“, од проф. д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески, претставува интегрална целина на содржините предвидени како наставна материја по предметот управување со системите на студиската програма економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје. Затоа, оваа книга треба да се користи како учебник кој и по обем одговара на предметната програма што носи 8 ЕКТС-кредити и со настава чиј годишен фонд на предавања е 90 часа.

Впрочем, ракописот со наслов „Законитости во управувањето со системите во економијата“, од проф. д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески, претставува преструктурирана материја на книгата на проф. Златка Поповска „Системи, управување, економија“ (2006), која се користеше како учебник по предметот управување на системите. Во понудениот материјал за рецензија „Законитости во управувањето со системите во економијата“ од проф. д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески, евидентно е дека во голем дел се базира на содржината од претходниот учебник на проф. Златка Поповска, „Системи, управување, економија“ (2006), како и графичките прикази дадени во неа. Но, во новиот понуден материјал што е предмет на оваа рецензија, обемот на новата книга е намален и изнесува 350 страници, и што е најважно, нагласени се законитостите претставени преку општите правила, принципи и насоки кои се јавуваат во движењето и растот на економските системи, збогатени со нивното толкување во теоретската економска мисла. Понудениот материјал е структуриран во три дела.

### ВТОР ДЕЛ

Ракописот е поделен во три дела во кои се поместени 13 точки, кои понатаму се расчленуваат на потточки. Структурата на трудот е следна:

**Прв дел**

*Кон интердисциплинарен пристап*

1. Управувањето како универзален феномен

2. Интердисциплинарен пристап кон современите појави

2.1. Теорија на системите

2.2. Кибернетика - наука за управувањето

2.3. Системска динамика

2.4. Наука за комплексноста

2.5. Основни категории: од систем до динамични повратни кола

**Втор дел**

*Информации, одлучување и управување*

1. Системскиот пристап - нов пристап кон реалните појави и проблеми

2. Нов пристап кон управувањето со економските системи

2.1. Учењето како потреба и правило кај економските системи

2.2. Системско мислење во функција на решавање напроблемите

3. Информацискиот систем како основа на управувувањето

3.1. Учењето како современ предизвик

3.2. Информацискиот систем како потсистем на економскиот систем

3.3. Информацискиот систем како потсистем на системот на управување

3.4.Структурирање на информацискот систен за управување по функционални области

3.5. Животен циклус на развојот на системот

4. Одлучувањето како најважна управувачка активност

4.1. Рационално и научно одлучување

4.2. Одлучување во услови на извесност, ризик и неизвесност

4.3. Систем на одлучување

4.4. Релативизација на конфликтите - теорија на ири

**Трет дел**

*Објективните сили на законот на растот на економските системи*

1. Економската наука за динамиката на економските процеси
2. Самокоригирачки сили на економијата - невидливата рака на Адам Смит
3. Слабеење на саморегулирачките сили и неуспехот на пазарот
4. Движење и развој на економијата - економски циклуси

4.1. Рамнотежата како динамична состојба

4.2. Стабилноста како динамична состојба

4.3. Осцилациите, хаосот и катастрофата

4.4. Динамична комплексност

5. Управувањето со системот на развојните промени во економијата

5.1. Економијата како адаптивен систем

5.2. Економијата како вмреженхиерархиски систем

6. Основни управувачки повратни врски во економијата

6.1. Нарушувања кај повратното коло информации - одлучување - акција

6.2. Нарушувања кај повратното коло понуда-побарувачка

6.3. Нарушувања кај повратното коло: економски циклуси

6.4. Улогата на позитивните повратни врски во дестабилизацијата на економскиот систем

6.5. Улогата на негативните повратни врски во стабилизацијата на економскиот систем

7. Систем на управувачки инструменти

7.1. Економски политики: дискреции или правила

7.2. Комбинација на инструментите на економските политики

Во предговорот на трудот, авторот нагласува дека соочувањето со сложените економски промени во светот на економската глобализација бара разбирање за филозофијата на управувањето со целината. Започувајќи со оваа констатација, па се до последната глава на овој труд, системското мислење е доминантниот пристап во анализирањето, истражувањето и формализирањето на законите на управувањето со системите. Ваквиот пристап овозможува полесно да се пренесе интердисциплинарното знаење за управувањето со системите во економијата.

Во *првиот дел* од трудот се даваат теоретските и методолошките основи на кои се темели современиот пристап кон управувањето како универзален феномен и интердисцилинарниот пристап во изучувањето на современите појави и ги обработува: значењето на интердисциплинарниот пристап во проучувањето на системите, теоријата на системите, кибернетиката како наука за управувањето, системската динамика, науката за комплексноста, системското мислење и процесите на учење како наша потреба за промени. Овој дел ги разгледува основните категории на споменатите науки (особено на теоријата на системите и кибернетиката) битни за управувањето на системите во економијата. По објаснувањето што е систем, системски пристап, се разгледуваат другите системски категории: видови на системи, окружување на системот, влез-излез на системот, структура на системот, однесување на системот, движење и развој на системот, информациите и размена на информации, системите без и со повратна врска, управувањето преку повратна врска, карактеристиките на позитивната и негативната повратна врска, хиерахиското уредување на системите, основните и покомплексни начини на однесување на системите. Од особено значење е разгледувањето на начините на однесување на динамичните системи условени од дејствувањето на повратните врски. Во прикажаните начини се препознаваат и однесувањата на економските системи во ситуации на просперитет, но и во ситуации на рецесија.

Во *вториот дел* се разгледува управувањето и управувачките активности кај економските системи при што се земаат предвид и конфликтните интереси. Претежно се користи софт системското мислење. Значителен простор во вториот дел е преотстапен на значењето на информацискиот систем како основа на управувачките одлуки. Во овој дел е обработено и одлучувањето како најважна управувачка активност, при што се опфатени рационалното и научно одлучување, одлучувањето во услови на извесност, ризик и неизвесност, како и системот на одлучување. Изучувањето на теоријата на игри, како пристап за релативизирање на конфликтите е од особено значење за студентите кои студираат економија, но и оние кои студираат бизнис - дисциплини. Во ракописот се наведуваат основите категории на оваа теорија кои треба да го насочат интересот на читателот за перспективно користење на игрите во решавањето на конкретни проблеми во стратешкото одлучување.

*Третиот дел* најмногу се приближува до правилата во управувањето на големиот економски систем. Во него се презентирани објективните сили на законот на растот на економските системи и законитостите во управувањето во комплесно окружување. Во овој дел се вметнати двата, вечно спротивставени концепти за начинот на функционирање на економијата, концептот на класична економија на Адам Смит и кејнзијанскиот. Во трудот на доста успешен начин се презентирани основните управувачки повратни во економијата и можните нарушувања што можат да настанат кај нив. На крајот од третиот дел е обработен и системот на управувачките инструменти, при што посебен осврт се прави на макроекономските политики (фискалната и монетарната политика), дискрециите или правилата при нивното водење, комбинацијата на нивните инструменти и ефектите што ги постигнуваат.

Како рецензент на претходните учебници „Системи, управување, економија“ (1995) и „Управување со системите – економија“ (2006), од проф. др. Златка Поповска за предметот управување со системите можам да констатирам дека ракописот ги задржува содржините и методологиите на учебникот од 2006 година, но тој ја иновира материјата на начин со кој се постигнува повисока синтеза на правилата, принципите и одредниците во управувањето со економските системи. Студентите ќе добијат учебник кој ќе ги мотивира да го прошират својот интерес за управувачките процеси кои се типични за системската ера.

Богатството на различни аспекти кон управувањето, и особено богатството на примери со кои се илустрираат, дава можност да се препорача секој студент според својот афинитет да избере на кои примери ќе се задржи. Ова им го препорачуваме на авторите од две причини: студентите да го покажат својот креативен однос кон материјата и студентите да навлезат подлабоко во одбрани примери преку вежби и оцена на нивната практична корисност.

**Оцена и предлог**

Третираната материја е широка по опфатноста на категориите, законитостите и појавите кои ги третира. Затоа, можни се различни пристапи кон неа. Одбраниот пристап во трудот кој води од општи кон посебни, од глобални кон локални, од теоретски кон практични аспекти е оној што дава симбиоза на

различните агли на гледање на управувањето. Студентот ќе добие интегрално знаење за управувањето со системите, градено врз трансферибилноста и примената на интердисциплинарниот пристап во третирањето на економските појави, процеси и проблеми.

Учебникот ќе биде корисен и за менаџерите како во бизнис – секторот, така и во јавниот сектор. Тој е корисен за донесувањето управувачки одлуки во претпријатието, но и за економската политика. Дава широка основа за разбирање на единството на економските и неекономските фактори во управувањето со системите. Трудот покрај научната и образовната функција, може да има и значење за управувачките структури во практиката.

Материјата содржи теоретски но и апликативни аспекти, универзални, но и специфични проблеми врзани за управвувањето со економските системи. Апликативните аспекти стануваат побројни со се подлабокото навлегување во материјата. Скоро во секоја глава има слики (табели, графички прикази) и ознаки за приоритетни делови од текстот. Сликите се во функција на објаснување на текстот и претставуваат негова успешна поддршка. Споредбите со системите од другите области се во функција за извлекување на генералните законитости на растот и развојот на системите. Начинот на презентација е приспособен на еден класичен учебник каде што самата материја во најголем дел ја диктира терминологијата и организацијата на материјата. За разлика од претходниот учебник, бројот на страниците е намален, но не е изоставена ниту една од битните категории за објаснување на различните аспекти на управувањето со системите. Од структурен аспект, приоритет добиваат деловите кои имаат поголема корисност во практичното подготвување и донесување стратешки управувачки одлуки.

Стилот преку кој се приближува до читателот, начинот на потенцирање на важни делови и нивно илустрирање, давање насоки во интерпретацијата на учењето и провоцирање на креативното учење, се доволни карактеристики ракописот да го издигнат на ниво на современ и квалитетен учебник пред се за студентите на кои е наменет.

Имајќи ги предвид изнесените констатации за квалитетот на трудот што во најголем дел се должи на континуитетот со претходниот учебник и иновирањето што во најголем дел се должи на избраниот агол на гледање, а тоа се законитостите во управувањето и економијата, со убедување сум дека како учебник ќе одговори на образовната намена за предметот управувањето со системите на Економскиот факултет во Скопје. Затоа, имам чест да му предложам на Наставно научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, ракописот „Законитости во управувањето со системите во економијата“, од авторите проф. д-р Златка Поповска и доц. д-р Предраг Трпески, во постојната форма, без каква било потреба од дополнителни корекции, да го прифатиза редовен универзитетски учебник.

Рецензент

Проф. д-р Димитрија Новачевски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА МЕТОДИКА НА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ЗПО, ЗП И ЗО, ЗА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, И МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВАТА РАБОТА ПО ЗПО, ЗА ГРУПАТА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, ПРИ ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“,ВО СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 02-92/11 од 27 јануари 2014 год., избрани сме за рецензенти по пријавата на д-р Аднан Ќахил, на конкурсот објавен на 26 декември 2013 год. во весниците „Дневник“ и „Лајм“, за избор во сите наставно-научни звања на еден наставник од областа методика на наставно-научните области по предметите: методика на наставата по ЗПО, ЗП и ЗО, за групата одделенска настава, на турски наставен јазик, и методика на воспитно-образовната работа по ЗПО, за групата предучилишно воспитание, на турски наставен јазик.

По прегледот на доставената документација, а и врз основа на личното познавање на кандидатот, чест ни е да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Аднан Ќахил е роден на 3.2.1960 година во Скопје. Основно и средно училиште завршил во Скопје. На Природно-математичкиот факултет во Скопје, група хемија, се запишал во учебната 1978/79 година. Дипломирал во 1984 година со среден успех 8,55. Од 1984 до 1986 година работел како наставник во основното училиште „Тефејуз“ во Скопје. Во 1988 година работел во „ОХИС“ – Скопје како процесен инженер, а потоа и како главен инженер во погонот „Бахем“. Од 1990 до 1998 година формирал приватна фирма и работел како нејзин директор. Паралелно предавал хемија во Гимназијата „Јосип Броз – Тито“ во Скопје. Од 1998 година е предавач на Педагошкиот факултет во Скопје по предметот методика на настава по запознавање на природата и општеството. Од 1998 до 2000 година и од 2006 до 2008 година бил именуван за министер без ресор во Владата на Република Македонија. Од 2002 до 2006 година бил пратеник во Собранието на Република Македонија.

Во 2003 година го одбранил својот магистерски труд со наслов „Фурие трансформни инфрацрвени спектри на метални тиосахаринати - споредба со соодветните сахаринати“. Својата докторска дисертација со наслов „Вибрациони спектри на некои метални фосфати“ ја одбранил во 2008 година во Скопје.

Во 2009 година е вработен како доцент на Педагошкиот факултет во Скопје.

Досега учествувал во реализацијата на 4 научноистражувачки проекти: „Изолација, идентификација и анализа на компонентите од разни видови мента од подрачјето на СРМ“, „Испитувања, со помош на вибрациони спектроскопски и дифракциони методи, на одбрани неоргански и органски супстанци“, „Синтеза, структурна и спектроскопска

карактеризација на метални фосфати со потенцијални протон спроводнички својства“ и „Протон динамика во хидрати на метални фосфати: спектроскопски студии“. Досега има објавено 12 научни труда, од кои осум во списанија со фактор на влијание, а презентирал и 14 соопштенија на разни научни собири.

Д-р Аднан Ќахил е и активен спортист со резултати на европско ниво, носител на 5-ти дан црн појас во карате, и меѓународен инструктор, а во периодот од 1991-2001 бил избран за потпретседател на Карате асоцијацијата на Македонија.

### Список и анализа на активноста во извештајниот период

Откако е избран за доцент, кандидатот ги објавил трудовите дадени подолу, кои се подробно анализирани, а трудот презентиран на научен собир е само наведен.

### 1. Објавени научни трудови

1. V. Koleva, V. Stefov, A. Cahil, M. Najdoski, B. Šoptrajanov, B. Engelen, H.D. Lutz, INFRARED AND RAMAN STUDIES OF MANGANESE DIHYDROGEN PHOSPHATE DIHYDRATE, $Mn(H_2PO_4)_2{\cdot}2H_2O$. I. REGION OF THE VIBRATIONS OF THE PHOSPHATE IONS AND EXTERNAL MODES OF THE WATER MOLECULES , *J. Mol. Struct.*, **917**, 117-124 (2009).
2. V. Koleva, V. Stefov, A. Cahil, M. Najdoski, B. Šoptrajanov, B. Engelen, H.D. Lutz, INFRARED AND RAMAN STUDIES OF MANGANESE DIHYDROGEN PHOSPHATE DIHYDRATE, $Mn(H_2PO_4)_2{\cdot}2H_2O$. II. THE REGION OF THE INTERNAL OH GROUP VIBRATIONS, *J. Mol. Struct.*, **919**, 164-169 (2009).
3. V. Stefov, A.Cahil, B. Šoptrajanov, M. Najdoski, F. Spirovski, B. Engelen, H.D. Lutz[3], V. Koleva, INFRARED AND RAMAN SPECTRA OF MAGNESIUM AMMONIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE (*STRUVITE*) AND ITS ISOMORPHOUS ANALOGUES. VII. SPECTRA OF PROTIATED AND PARTIALLY DEUTERATED HEXAGONAL MAGNESIUM CAESIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE, *J. Mol. Struct., J. Mol. Struct.*, **924-926**, 100-106 (2009).
4. B. Šoptrajanov, A. Cahil, M. Najdoski, V. Koleva and V. Stefov, INFRARED AND RAMAN SPECTRA OF MAGNESIUM AMMONIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE (*STRUVITE*) AND ITS ISOMORPHOUS ANALOGUES. VIII. SPECTRA OF PROTIATED AND PARTIALLY DEUTERATED MAGNESIUM RUBIDIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE AND MAGNESIUM THALLIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE, *Acta Chim. Slov.*, 58, 478-484 (2011).
5. V. Koleva, V. Stefov, M. Najdoski, A. Cahil, VIBRATIONAL SPECTRA OF COBALT DIHYDROGEN PHOSPHATE DIHYDRATE, $Co(H_2PO_4)_2{\cdot}2H_2O$, *Vib. Spectrosc.*, **62**, 229-237 (2012).

### 2. Соопштенија презентирани на научни собири

1. A. Cahil, V. Stefov, B. Šoptrajanov, M. Najdoski, F. Spirovski, B. Engelen and V. Koleva, FOURIER TRANSFORM INFRARED AND RAMAN SPECTRA OF $NiKPO_4{\cdot}6H_2O$, *XXI Congress of chemists and technologists of Macedonia, p. 22,* SSC-8M, Ohrid, Macedonia, 2010.

## 2. Учество во реализација на научно-истражувачки проекти

1. “ПРОТОН ДИНАМИКА ВО ХИДРАТИ НА МЕТАЛНИ ФОСФАТИ: СПЕКТРОСКОПСКИ СТУДИИ” (билатерален проект со Бугарија)

Научноистражувачката работа на д-р Аднан Ќахил се одвива во областа на структурната хемија и молекулската спектроскопија. Кандидатот во периодот откако е избран за доцент успешно и активно продолжил да работи во спомнатите области, за што зборува и приложениот список на 5 објавени трудови и 1 соопштение презентирано на научна манифестација. Она што е за одбележување е дека сите 5 труда се објавени во реномирани интернационални списанија со фактор на влијание. Во трудовите се обработувани комплексни соединенија и тоа на различни метални дихидроген фосфати и на метални фосфати со струвитен тип на структура.

Сите испитувани соединенија содржат кристална вода во нивната структура која учествува во образувањето на водородни врски со различна јачина. Заради тоа, д-р Аднан Ќахил особено внимание им посветил на инфрацрвените спектри, а дел и на раманските спектри, на протираните соединенија, снимани на различни температури, и тоа од собна температура (RT) до температура на вриење на течен азот (LNT), како и на серија на делумно или целосно деутерирани аналози. Притоа е извршена целосна анализа на инфрацрвените и раманските спектри.

Во трудовите под број 1, 2 и 5 се проучувани вибрационите спектри на два дихидроген фосфата, и тоа: $Mn(H_2PO_4)_2 \cdot 2H_2O$ и $Co(H_2PO_4)_2 \cdot 2H_2O$. Во инфрацрвените спектри на двата комплекса покажано е дека во областа на OH валентните вибрации се појавува т.н. ABC трио на ленти, што е во согласност со присуство на многу силни водородни врски во испитуваните системи. И во двата система посебно внимание е обрнато на вибрационите спектри снимени на собна и ниска температура на малку деутерираните соединенија, особено во областа на валентните OD вибрации и добиените резултати се корелирани со структурните податоци на двете соединенија. При ова, анализирано е и влијанието на кооперативниот ефект. Исто така, во оваа област се снимани и изучувани и спектрите на серија од парцијално деутерираните аналози. Во овие трудови презентирана е детална анализа на внатрешните вибрации на $H_2PO_4^-$ јоните и на надворешните вибрации на молекулите вода. Дискутирани се спрегањата на некои валентни и деформациони $PO_4$ модови. Покажано е дека доаѓа до спрегање помеѓу валентните $PO_4$ вибрации и во рамнина, $\delta$(OH), и надвор од рамнина, $\gamma$(OH), деформациони POH модови, додека деформационите $PO_4$ модови се спрегнати со либрации на молекулите вода. Во трудовите е анализирана и големата фреквентна разлика помеѓу $\gamma$(OH) вибрациите од двете POH групи. Од анализата на инфрацрвените и раманските спектри најдени се три ленти кои припаѓаат на либрации на молекулите вода. Исто така, најдена е силна интеракција помеѓу $\nu_4$ и $\nu_2$ модовите на $PO_4$ и $H_2O$ и $D_2O$ либрациите.

Во рамките на трудовите под број 3 и 4 дадени се испитувањата на фуриетрансформните инфрацрвени и рамански спектри на $MgM^IPO_4 \cdot 6H_2O$ ($M^I$ = Rb, Cs, Tl) на собна температура (RT) и на температура на вриење на течен азот (LNT). Како и кај претходно испитуваните метални фосфати со струвитен тип на структура, укажано е дека испитуваните системи се карактеризираат со многу силни водородни врски, кога станува збор за кристалохидрати, што е потврдено и со анализата на вибрационите спектри.

Појавата на интензивна и широка лента во областа на валентните OH вибрации помеѓу 3600 и 2200 $cm^{-1}$ е објаснето со силното водородно сврзување помеѓу молекулите вода и $PO_4^{3-}$ јоните. Користени се спектри на соединенијата со мала содржина на деутериум за да може да се добијат информации за валентните O–D вибрации од изотопски изолираните HDO молекули. Внимателната анализа на LNT инфрацрвените спектри на протираните соединенија и нивните парцијално деутерирани аналози покажала дека во регионот на $\nu_3(PO_4)$ модовите се појавува интензивна и несиметрична лента на околу 1000 $cm^{-1}$, додека во регионот на $\nu_4(PO_4)$ вибрациите и надворешните модови на молекулите вода се најдени повеќе ленти. Истакнато е дека лентите на околу 550 $cm^{-1}$ се асигнирани како резултат на $\nu_3(PO_4)$ модови, а лентите помеѓу 470 и 430 $cm^{-1}$ на $\nu_3(PO_4)$ вибрациите, додека другите ленти на чисти или спрегнати либрации и транслации на молекулите вода. Исто така, покажано е дека надворешните модови на фосфатните јони и оние на молекулите вода се мешани.

Доц. д-р Аднан Ќахил учестувал во еден меѓународен научноистражувачки проект, а исто така помагал при изготвување на два научни национални проекта и еден билатерален проект. Исто така, учествувал во изработката на три апликативни студии.

Особено е за истакнување големата наставна активност на доц. д-р Аднан Ќахил. Имено, кандидатот држел настава и вежби по пет предмети на прв циклус студии од областа за која бил избран за доцент. Исто така, држел настава по три предмети на втор циклус студии. Во овој период држел и консултации со студенти, а подготвил предавања и вежби од нов предмет. Бил ментор на 33 дипломски работи, како и член во комисија за одбрана на 27 дипломски работи.

Доц. д-р Аднан Ќахил учествувал во три комисии за избор во звања и 15 разни други факултетски комисии.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во изминатиот период ,д-р Аднан Ќахил остварил многу добри резултати во сите аспекти на својата работа. Како резултат на тоа, кандидатот објавил 5 труда и тоа сите во реномирани меѓународни списанија со фактор на влијание, презентирал научни резултати на 1 конгрес и учествувал во 1 научноистражувачки проект. Големата наставна активност ја потврдува неговата желба за поголемо образовно наставно ангажирање и усовршување. Сите овие резултати потврдуваат дека се работи за добар и сериозен наставно-научен работник кој многу напреднал во својата струка.

Поради сето претходно наведено, рецензентите со големо задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет да го избере д-р Аднан Ќахил во звањето вонреден професор, звање што тој врз основа на презентираната активност и искуство во целост го заслужува.

Членови на Рецензентската комисија
Д-р Виктор Стефов, редовен професор на
Природно-математичкиот факултет, во Скопје, с.р.
Д-р Билјана Камчевска, вонреден професор на
Педагошкиот факултет, „Св. Климент Охридски“ во Скопје, с.р.
Д-р Аида Ислам, редовен професор на
Педагошкиот факултет, „Св. Климент Охридски“ во Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Аднан Ќахил**

**Институција:** **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје**

**Научна област: методика на ЗПО**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на наставата поприрода и општество I<br>2+2 (2009/2010), одделенска настава | 1,2 |
| 2 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на наставата поприрода и општество II<br>2+2 (2009/2010), одделенска настава | 1,2 |
| 3 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на наставата поприрода и општество III<br>3+2 (2009/2010), одделенска настава | 1.8 |
| 4 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на воспитно-образовната работа по природа и општествена средина I<br>2+2 (2009/2010), предучилишна настава | 1,2 |
| 5 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на воспитно-образовната работа по природа и општествена средина II<br>2+2 (2009 и 2010), предучилишна настава | 1,2 |
| 6 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на воспитно-образовната работа по природа и општествена средина III<br>3+2 (2009/2010), предучилишна настава | 1,8 |
| 7 | Настава од I циклус студии:<br>Основи на природата<br>3+3 (2009 и 2010), одделенска настава | 1,8 |
| 8 | Настава од I циклус студии:<br>Основи на природата<br>3+3 (2009/2010), предучилишна настава | 1,8 |
| 9 | Настава од I циклус студии:<br>Еколошко воспитување 2+2 (2009/2010), одделенска настава | 1,2 |
| 10 | Настава од I циклус студии:<br>Еколошко воспитување 2+2 (2009/2010), предучилишна настава | 1,2 |
| 11 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на наставата по запознавање на околната природа и општество I | 4,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), одделенска настава | |
| 12 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на наставата по запознавање на околната природа и општество II<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), одделенска настава | 4,8 |
| 13 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на наставата по запознавање на околната природа и општество I<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), предучилишна настава | 4,8 |
| 14 | Настава од I циклус студии:<br>Методика на наставата по запознавање на околната природа и општество II<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), предучилишна настава | 4,8 |
| 15 | Настава од I циклус студии:<br>Основи на природата<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), одделенска настава | 4,8 |
| 16 | Настава од I циклус студии:<br>Основи на природата<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), предучилишна настава | 4,8 |
| 17 | Настава од I циклус студии:<br>Еколошко воспитување<br>2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), одделенска настава | 4,8 |
| 18 | Настава од I циклус студии:<br>Еколошко воспитување<br>2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), предучилишна настава | 4,8 |
| 19 | Настава од I циклус студии:<br>Креативна работилница по запознавање на општествената средина<br>2+1 (2013/2014), одделенска настава (нов предмет) | 1,2 |
| 20 | Настава од II циклус студии:<br>Методолгија на научното истражување<br>60 часа - 4 часа неделно (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013), одделенска настава | 9 |
| 21 | Настава од II циклус студии:<br>Методски модели на наставата по природа и општество<br>60 часа - 4 часа неделно (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013), одделенска настава | 9 |
| 22 | Настава од II циклус студии:<br>Наставни екскурзии и училиште во природа<br>Методски модели на наставата по природа и општество<br>60 часа - 4 часа неделно (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013), одделенска настава | 9 |
| 23 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на наставата поприрода и општество I | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2+2 (2009/2010), одделенска настава | |
| 24 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на наставата поприрода и општество II<br>2+2 (2009/2010), одделенска настава | 0,9 |
| 25 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на наставата поприрода и општество III<br>3+2 (2009/2010), одделенска настава | 0,9 |
| 26 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на воспитно-образовната работа по природа и општествена средина I<br>2+2 (2009/2010), предучилишна настава | 0,9 |
| 27 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на воспитно-образовната работа по природа и општествена средина II<br>2+2 (2009 и 2010), предучилишна настава | 0,9 |
| 28 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на воспитно-образовната работа по природа и општествена средина III<br>3+2 (2009/2010), предучилишна настава | 0,9 |
| 29 | Вежби од I циклус студии:<br>Основи на природата<br>3+3 (2009 и 2010), одделенска настава | 1,35 |
| 30 | Вежби од I циклус студии:<br>Основи на природата<br>3+3 (2009/2010), предучилишна настава | 1,35 |
| 31 | Вежби од I циклус студии:<br>Еколошко воспитување 2+2 (2009/2010), одделенска настава | 0,9 |
| 32 | Вежби од I циклус студии:<br>Еколошко воспитување 2+2 (2009/2010), предучилишна настава | 0,9 |
| 33 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на наставата по запознавање на околната природа и општество I<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), одделенска настава | 5,4 |
| 34 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на наставата по запознавање на околната природа и општество II<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), одделенска настава | 5,4 |
| 35 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на наставата по запознавање на околната природа и општество I<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), предучилишна настава | 5,4 |
| 36 | Вежби од I циклус студии:<br>Методика на наставата по запознавање на околната природа и општество II<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), предучилишна настава | 5,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 37 | Вежби од I циклус студии:<br>Основи на природата<br>2+2+1 (2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014), одделенска настава | 5,4 |
Цел на студијата е да се одреди дијагностичката вредност на анти-ЦЦП антителата (АЦПА) кај РА и истата да се спореди со дијагностичката вредност т.е. специфичноста и сензитивноста на ИгМ РФ. Во студија на пресек беа вклучени 160 пациенти од Клиниката за ревматологија: 60 пациенти со РА, 50 со системски сврзноткивни и други ревматски болести (нон-РА), како и 50 здрави контроли. Пациентите со РА ги исполнуваа класификационите критериуми на АЦР. За одредување на АЦПА беа употребени комерцијални ЕЛИСА китови, а за одредување на ИгМ РФ , Латекс тест. Како што се очекуваше, АЦПА покажаа компарабилна сензитивност (66,8% вс. 68,3%) и повисока специфичност од ИгМ РФ (98% вс. 87%), при оптимални cut off вредности. РОК-кривата беше изработена за двата теста и ареата под кривата (АУЦ) изнесуваше 0,92 за АЦПА и 0,82 за ИгМ РФ. Присуството на едно од двате антитела доведе до зголемување на дијагностичката сензитивност на 76.6% при специфичност од 86%. Постоеше сигнификантна корелација меѓу АЦПА и ИгМ РФ р =0.459, п<0,001.

**16.Geisser ME, Glass JM, <u>Rajcevska Damjanovska L</u>, Claw DJ, Williams DA, Kileny PR, Gracely RH. A psychophysyologic study of auditory and pressure sensitivity in patients with fibromyalgia and healthy controls. Journal of Pain 2008; 9 (5): 417-22.**

Фибромијалгија(ФМ) се карактеризира со изразена хиперсензитивност. Истражувањата исто така, објавија дека лицата со ФМ се чувствителни на други стимули, како што се аудитивните сензации. Претпоставуваме дека субјектите со ФМ ќе се прикажат поголема чувствителност на двете сензации, притисок и

аудитивни тонови и пријавуваат поголема чувствителност на звуци кои се среќаваат во секојдневните активности . Кај 30 испитаници со ФМ и 28 здрави испитаници од контролната група беа администрирани аудитивни стимули и притисок со користење на истите психофизичка методи и заеднички начин на бодирање на одговори. Испитаниците пополнија прашалник во врска со чувствителноста на секојдневните звуци. Учесниците со ФМ покажаа значително поголема чувствителност на сите нивоа на аудитивна стимулација. Разликата во аудитивната чувствителност на ФМ пациентите,во однос на контролните субјекти, беше слична на разликата во чувствителноста на притисокот кај испитуваната и контроланата група. Пациентите со ФМ беа почувствителни на секојдневните звуци ( $t = 8{,}65$ , $p < 0{,}001$ ).

**17. Ljubic A, Trajkovski V, Kuturec M, Damjanovska L. The correlation between epilepsy and strabismus in children with cerebral palsy. Svet Rada 2008; 6 (5): 601-704.**

Целта на студијата е да се анализира поврзаноста помеѓу појавата на страбизам и на епилепсија кај децата со церебрална парализа, со цел да се укаже на клиничко значење на клиничката тријада: страбизам, епилепсија и церебрална парализа. Дваесет и три (47,5%) пациенти од испитаните група имаа присуство на страбизам.

**18. Кафеџиска И, Грличков М, Чаловски Ј, Божиновски Г, Перчонкова С, Антова Д. Дамјановска Љ, Бојаџиоска М, Спасоцжвски Д. Корелација на ДАС индексот со функционалниот капацитет и Sharp-овиот радиографски индекс на дланките кај ревматоидниот артритис. Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество МААР 2009; 10:53-54.**

Целта на трудот е да се процени меѓусебната корелација на инфламаторниот синовитис со функционалниот капацитет и радиографското зглобно оштетување на шаките, кои истовремено се анализирани во одреден временски период кај пациенти со РА. Во проспективна контролна студија на Клиниката за ревматологија беа проследени 119 пациенти со РА. Кај секој пациент беше евалуиран инфламаторниот синовитис со оригиналниот ДАС-индекс со три варијабли (Ричиев индекс, сет на 44 отечени зглобови и седиментација), функционалниот капацитет преку модифицираниот ХАК-прашалник (МХАК) и радиографската зглобна оштетеност на шаките со оригиналниот Шарпов индекс. Меѓусебната корелација беше одредена со Персоновиот коефициент на корелација. Помеѓу ДАС индексот и МХАК- прашалникот постоеше позитивна силна корелација. ($p = 0{,}62$) Помеѓу ДАС-индексот и Шарповиот скор постои умерена позитивна корелација ($p=0{,}34$). Резултатите од оваа студија ги потврдија сознанијата од други извештаи кои покажуваат постоење на позитивна корелација на ДАС-индексот со МХАК, како и со радиографското оштетување кај пациентите со ревматоиден артритис.

**19. Thabet MM, Damjanovska L, Levarth EVN, Stoeken-Rijsbergen G, van der Voort EIH, Toes REM, Huizinga TWJ, van der Helm –van Mil. The diagnostic value of anti-MCV antibodies in differentiating early inflammatory arthritis. Annals of Rheumatic Diseases 2009; 68 (Suppl 3): 515.**

Неодамна, во употреба влегоа неколку нови тестови за детекција на антитела против цикличните цитрулинирани протеини и пептиди (ACPA) за дијагноза и диференцијална дијагноза на ревматоиден артритис (РА). Овие тестови вклучуваат анти-CCP2 и анти-CCP3 тестови, како и антителата против мутираниот цитрулиниран виментин, т.н. анти-МЦВ тест. Повеќето од студиите за споредување на овие тестови покажаа конфликтни резултати, имаа мал примерок на испитаници или ги споредуваа дијагностичките перформанси кај РА пациентите наспроти здравите контроли.
Целта на трудот е да се оценат дијагностичките перформанси на три тестови во диференцирање на РА од другите воспалителни ревматски болести кај пациентите со ран воспалителен ревматизам. Кај 917 пациенти со ран недиференциран артритис и 99 здрави контроли беа направени анти-CCP2 , анти-CCP3 и анти-МЦВ тестот со цел да се компарираат нивните карактеристики.

**20. Calovski J, Spasovski D, Marina N, <u>Damjanovska Rajcevska L</u>. Dose dependent intraarticular treatment with triamcinolone acetonide injections in idiopathic carpal tunnel syndrome. Congress of nefrologist of Macedonia with international participation Abstract Book 2008; P50:96-97.**

Целта на студијата е да се оцени ефикасноста на инјекција од 10 mg наспроти 40 mg триамцинолон ацетонид инјекции кај пациенти со КТС. Ние не најде никакви статистички значајна разлика помеѓу двете дози (клиничкото подобрување во 78,6 наспроти 76,6%, соодветно). Поради тоа наша препорака е да го користите 10 mg триамцинолон ацетонид за локална третман на КТС.

**21. Spasovski D, Marina N, Calovski J, <u>Damjanovska Rajcevska L</u>, Antova D. The diagnostic value of anti-ds-DNA and ANA in patients with CNS Lupus. Congress of nefrologist of Macedonia with international participation Abstract Book 2008; P70: 112-113.**

Целта на оваа студија е да се евалуира дијагностичката вредност на anti=ds-DNA и ANA антителата во предикција на засегањето на централниот нервен систем (ЦНС) кај пациентите со системски лупус (СЛЕ). Применети се MEIA и ANA-HEp-2 со цел да се тестираат 70 пациенти со СЛЕ и 35 здрави контроли (ЗК). Сензитивноста на anti-ds DNA беше повисока за пациенти со СЛЕ и ЦНС симптоми и изнесуваше 65,7%. Сензитивноста за СЛЕ со ЦНС симптоми беше пониска кај АНА антителата и изнесуваше 48,75%. Постоеше позитива сигнификантна корелација помеѓу титарот на двете антитела (r=0,46 p<0,001).

**22.Spasovski D, Gruev T, Marina N, Calovski J, <u>Damjanovska Rajcevska L</u>, Sandevska E, Bojadzioska M, Osmani B, Bogdanovska s, Cakalarovski K.**

**Alanin aminopeptidase, Y-Glutamil transferase and β2 microglobulin as tubular markers in rheumatoid arthritis. Journal of Medical Biochemistry 2008; 27: 59-63.**

Целта на оваа студија беше да се одредат вредностите на аланин аминопептидазата, Y-глутамил-трансферазата (Y-GT) и β2 микроглобулинот во урината на претходно нелекувани пациенти со ревматоиден артритис (РА), за да се истражи ефектот на РА врз тубуларната функција и т.н. „brush border" регионот. Од вкупно 35 пацинти со РА, 24 пациенти имаа зголемени вредности на ензимите во урината.

**23. Damjanovska-Rajcevska L. The association between anti-cyclic citrullinated peptide antibodies and other laboratory and clinical markers of rheumatoid arthritis. Annals of Rheumatic Diseases 2008; 67 (Suppl II):599.**

Целта на оваа студија е да се оцени поврзаноста помеѓу анти- цикличните цитрулинирани пептидни антитела (анти-CCP) и другите лабораториски и клинички маркери на ревматоиден артритис (РА). Направена е студија на пресек со 60 пациенти со РА, кај кои беше одредено серумското ниво на анти-CCP антителата со ELISA техника. Средните вредности за лабораториските и клинички маркери за активноста на болеста изнесуваа: анти-ЦЦП 60,4 U/ml ИгМ RF 515,8 IU/ml ; седиментација на еритроцитите 48,9 mm / час ; Ц-реактивен протеин 54,6 mg / L. Триесет шест ( 60 %) од RA пациенти покажа висока активност на болеста со DAS 28 > 5.1. Во групата на високо активни пациенти, 77,7 % односно 85,2 % беа анти -CCP и IgM RF позитивни. Постојат значителни разлики во висината на седиментацијата и бројот на тромбоцитите кај анти-CCP позитивните и негативните пациенти. Постоеше позитивна значајна корелација помеѓу анти -CCP антителата и IgM RF. ($R = 0{,}46$ $p < 0.001$). Корелација помеѓу анти -CCP антителата и CRP беше слаба и незначајна за разлика од позитивната и статистички значајна корелација помеѓу ИгМ RF и ЦРП.

**24. Marina N, Spasovski D, Damjanovska L, Percinkova SM, Gruev T, Calovski J. Clinical utility of anti-cyclic citrullinated peptide antibody assay in patients with rheumatoid arthritis. Annals of Rheumatic Diseases 2009; 68 (Suppl 3): 734.**

Анти-CCP антитела се одличен серолошки маркер за дијагноза на РА. Тие покажаа поголема специфичност и компарабилна во споредба со ИгМ RF. Сепак, дополнителни испитувања се неопходни со цел да се разјасни поврзаноста помеѓу анти-CCP антитела и другите лабораториски и клинички маркери за РА активност на болеста.
Целта на студијата беше да се оцени корисноста на анти-CCP антитела кај пациенти со ревматоиден артритис во амбулантски услови.

**25. Антова Д, Кафеџиска И, Котевска М, Трајаноска М, Стојановска А, Павлова С, Видиниќ С, Османи Б, Сандевска Е, Дамјановска Љ, Бојаџиоска М, Спасовски Д. Потенцијалот на антителата од IgA класата**

**против нативната ds-DNA во мониторирање на активноста на болеста кај болните со системски еритемски лупус. Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество МААР - 2009; 1: 69-70.**

Антителата кон нативната ДНК се суппопулација на АНА од посебно значење за поставување на дијагнозата и менацирањето на пациентите со системски лупус. Тие се најчесто присутни како IgG. Целта на оваа студија е да се утврди потенцијалот на IgA-класата на анти-ДНК антителата во следењето на активноста на болеста кај 60 пациенти со СЛЕ. IgA анти-ДНк беа позитивни кај 17 од 19 пациенти со активен СЛЕ и тие корелираа со висината на SLEDAI-скорот за активност на болеста.

**26. Кафеџиска И, Грличков М, Чаловски Ј, Божиновски Г, Перчинкова СМ; Антова Д, Дамјановска Љ, Бојаџиоска М, Спасовски Д. Корелација на ДАС индексот со функционалниот капациетет и SHARP радиографскиот индекс на дланките кај ревматоидниот артритис. Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество МААР 2009; П30 53-54.**

Во проспективна контролна студија на Клиниката за ревматологија беа проследени 119 пациенти со ревматоиден артритис. Кај секој пациент беше изработен ДАС-индекс со 3 варијабли, MHAQ и беше одреден Sharp-овиот скор на радиографската зглобна оштетеност. Постоеше добра позитивна корелација меѓу ДАС-индексот и MHAQ (p=0,62) и умерена позитивна корелација меѓу ДАС-индексот и Sharp-овитот скор (p=0,34).

**27. Damjanovska L, Thabet MM , Levarth EWN, Stoecken-Rijsbergen G, van der Voort EIH, Toes REM, Huizinga TW, Van der Helm-van Mil. The diagnostic value of anti-MCV antibodies in differentiating early inflammatory arthritis. Annals of Rheumatic Diseases 2010; 69: 730-732.**

Да се проценат дијагностички перформанси на анти-CCP2 , анти-CCP3 и антителата против мутираниот цитрулиниран вимeнтин (анти-МЦВ антитела)за диференцирање на кај пациенти со ран артритис. Кај 917 пациенти со ран артритис ( 566 РА, 351 други болести ) и кај 99 здрави контроли беа изработени анти- МЦВ , анти- CCP2 и анти- CCP3.1 тестовите и нивните карактеристики беа споредени. Антти-МЦВ тестот покажа пониска специфичноста ( 82,9 % ), во однос на анти- CCP2 ( 93,4 %) и анти- CCP3.1 (90,0 %). Анти- МЦВ тест покажа повисока сензитивност од другите тестови (62 % наспроти 56,9 % и 58,1 %,соодветно). Кај псоријатичен артритис, спондилоартропатиите и другите артритиси анти-МЦВ антителата беа присутни кај 15,2 %, 13,9 % и 19,4 %, респективно. Дијагностички перформанси на анти-МЦВ тестот во диференцијалната дијагноза на раниот артритис се слични но не и подобри од перформансите на другите тестови.

**28.Characteristics of joint involvement and relationsheeps with systemic inflammation in systemis clerosis: Results from EULAR Scleroderma trial and Research Group (EUSTAR) database. Avouac J, Walker U, Tyndall A and EUSTAR Co-authors. J Rheumatol 2010; 37 (7):1488-501.**

Во оваа студија на пресек се обработени податоците од пациентите со системска склероза (ССц) вклучени во регистарот на European League Against Rheumatism (EULAR) Scleroderma Trials and Research (EUSTAR). Ние ја истражувавме оваа датабаза со цел да направиме глобална евалуација на пациентите со системска склероза како и процена на клиничкото засегање на зглобовите: синовитис (број на отечени и болни зглобови), крепитации на тетивите за време на нивното движење како и присуството на зглобни контрактури (здрвеност на зглобовите со намален опсег на движење). За таа цел евалуиравме 7286 пациенти со ССц на возраст од 56 +/- 14 години, со просечно траење на болеста од 10 +/- 9 години, како и 4210 (58%)пациенти со лимитирана форма на болеста. Честотата на синовитисот, крепитациите на тетивите и зглобните контрактури беше присутна кај 16%, 11%, и 31%, случаи. Зглобните манифестации беа почести кај пациентите со ССц и беа асоцирани со тешки васкуларни, мускулни, бубрежни и белодробни симптоми.

**29.Damjanovska L, Rajcevski R. Antiphospholipid syndrome in patients with portal vein thrombosis-case report, Macedonian Journal of Medical Sciences 2011 ; 4(2):192-195.**

Антифосфолипидниот синдром (АПС) е дефиниран со присуство на артериски и венски тромбози, рекурентна фетална смрт, цереброваскуларни акциденти, хемолитична анемија , тромбоцитопенија и различни манифестации на различни органи во присуство на противкардиолипински антитела (ACL) и или лупус антикоагуланс (LA) . Овој синдром е најчеста причина за стекната тромбофилија за која не постои консензус за третман меѓу лекарите. Општо земено, постои општа согласност дека пациентите со рекурентни тромботични епизоди бараат доживотна антикоагулантна терапија. Пациентките со рекурентен спонтан абортус бараат антикоагулантна терапија (хепарин со ниска молекуларна тежина) и ниска доза на аспирин во текот на поголемиот дел од бременоста. Имуносупресивната терапија најверојатно е неефикасна освен кај пациентите со откажување на повеќе витални органи, односно т.н. катастрофален антифосфолипиден синдром кај кои може да се користи и плазмафереза.
Ние прикажуваме случај на 31 годишна жена со примарен АПС и портална венска тромбоза (ПВТ) без друга автоимуна болест. Таа има 4 спонтани абортуси, тромбоза, гангрена на еден прст и улкус на стапалото.

**30. Дамјановска Љ. Поврзаност на антицитрулинираните пептидни антитела и активноста на ревматоидниот артритис. Vox Medici 2011; 10: 161-163.**

Целта на оваа студија е да се утврди дали постои поврзаност на анти-ЦЦП антителата со активноста на ревматоидниот артритис во моментот на прегледот.
Кај 60 пациенти кои ги исполнуваат ACR-критериумите за РА, изработени се IgM РФ, анти-ЦЦП тест, ЕСР, ЦРП, комплетна крвна слика и одреден е ДАС28-скорот и траењето на утринската вкочанетост. Кај анти-ЦЦП позитивните и негативните пациенти постои статистички сигнификантна разлика во однос на ЕСР, РФ и бројот на тромбоцитите. Во однос на присуството на РФ, кај РФ позитивните и негативните пациенти постои статистички сигнификантна разлика во однос на ЦРП, анти-ЦЦП, Тр, бројот на болни и отечени зглобови и ДАС28.

**31. Damjanovska L. Performances of three composite disease activity indices (DAS28, CDAI and SDAI) in patients with rheumatoid arthritis. Svet Rada 2012; 9 (3): 335-340.**

Целта на студијата е да се евалуираат перформансите на 3 композитни индекси за одредување на активноста на болеста кај пациенти со ревматоиден артритис (РА) лекувани на Клиниката за ревматологија во Скопје. За таа цел, 95 пациенти со РА со просечна возраст од 59 години и просечно беа прегледани од страна на ревматолог. Беше одреден бројот на отечени и болни зглобови, степенот на болката според визуелна аналогна скала кај секој пациент. Потоа беа пресметани Disease Activity Score (DAS28), Simplified Disease Activity Index (SDAI) и Clinical Disease Activity Index (CDAI). Просечните вредности на сите три индекси покажаа умерена активност на болеста: DAS28=4,83 SDAI=25,4 CDAI=20,3 респективно. Постоеше висока позитивна корелација како и умерена до добра согласност меѓу нив.

**32. Дамјановска Љ. Инфликсимаб за третман на ревматоиден артритис Vox Medici 2012; 3: 198-200.**

Инфликсимаб е ТНФα антагонист, химерно IgG1I к моноклонално антитело кое се врзува за слободниот и трансмембранскиот ТНФ α. Инфликсимаботот од 1999 година е одобрен како втор ТНФα антагонист за третман на умерено до силно активен ревматоиден артритис (РА) ако се прима заедно со метотрексат. Одобрен е и за третман на активен и прогресивен нелекуван РА.
Кај пациентите со РА, инфликсимаботот покажува брзо намалување на инфламацијата, подобрување на клиничките симптоми, функционалната способност и квалитетот на живот, го менува текот на болеста и ја превенира прогресијата на зглобните оштетувања.
Го прикажуваме случајот на пациент со рефрактерен РА на два болест модифицирачки агенси кој во тек на една година беше лекуван со 3 мг/кг инликсимаб. Пациентот добро ја поднесе терапијата и покажа значајно намалување на активноста на болеста.

**33.Damjanovska L. Evaluation of rheumatoid arthritis patients with Health Assessment Questionnaire Disability Index. Physioacta 2012; 6 (2): 7-14.**

Прашалникот за проценка на функционалната способност Health Assessment Questionnaire-Disability Index (HAQ-DI) е најчесто и најшироко применуван прашалник за мерење на функцијата кај пациентите со ревматоиден артритис (РА). HAQ-DI е компонента на скратената форма на HAQ (куса форма) кој е публикуван во 1980 година од страна на ARAMIS како инструмент за самоевалуација на пациентите со РА. HAQ-DI е преведен на повеќе од 60 јазици. Се состои од 20 прашања кои се распоредени во 8 категории на функционирање. Целта на студијата беше да се направи процена на функционалната способност на пациентите со РА на Клиниката за ревматологија во Скопје. Просечниот HAQ-DI скор на 95 пациенти со РА изнесуваше 1,35 што покажува значајна функционална неспособност на нашите пациенти.

**34 . Дамјановска Љ. Антитела против модифициран цитрулиниран виментин- нов тест за ревматоиден артритис. Македонски медицински преглед. 2012; 66 (1): 13-17.**

Антителата против модифицираниот цитрулиниран виментин (т.н. анти-МЦВ антитела) припаѓаат на фамилијата анти-цитрулинирани пептидни/протеински антитела (АЦПА) заедно со анти-перинуклеарниот фактор (АПФ), анти-кератинските антитела (АКА), анти-филагринските антитела (АФА) и анти-цикличните цитрулинирани пептидни антитела (анти-ЦЦП). За детекција на анти-МЦВ антителата се користи МЦВ ЕЛИСА тест кој од пред неколку години е и комерцијално достапен. Се смета дека дијагностичките перформанси на анти-МЦВ се слични со дијагностичките перформанси на ЦЦП2 ЕЛИСА, но сепак дијагностичкиот спектар на МЦВ ЕЛИСА тестот се разликува од спектарот на ЦЦП2. Се очекува анти-МЦВ тестот да биде посебно корисен кај пациентите кои се РФ и анти-ЦЦП негативни. Целта на оваа студија е да се евалуираат перформансите на МЦВ тестот во дијагностиката и прогностиката на ревматоидниот артритис преку преглед на објавената литература.

**35. Дамјановска Љ. Антитела против модифициран цитрулиниран виментин кај пациенти со други ревматски болести Vox Medici 2012, 9:226-228.**

Антителата против цитрулинираните протеини/пептиди (АЦПА) се високо специфични антитела за ревматоиден артритис и најчесто се детектираат со анти-ЦЦП тест. Антителата против модифицираниот цитрулиниран виментин (анти-МЦВ) се исто така АЦПА антитела и се детектираат со анти-МЦВ тест. Неговите дијагностички карактеристики се недоволно познати и се од интерес.
Целта на оваа студија е да се утврди присуството на анти-МЦВ антителата со детектирани со анти-МЦВ тест кај пациентите кои немаат ревматоиден артритис,

но имаат артритис како резултат на колагеноза или друга воспалителна ревматска болест (Нон-РА).
Во студијата се вклучени се 70 Нон-РА пациенти, 61 жена и 9 мажи со просечна старост од 41,9 години и просечно траење на болестите од 5,17 години. Кај овие пациенти изработени се анти-МЦВ, анти-ЦЦП и ревматоиден фактор (РФ) како и основни лабораториски анализи.
Анти-МЦВ антителата беа позитивни кај 12 (17,1%), РФ кај 10 (14,3%), а анти-ЦЦП кај 8 (11,4%) Нон-РА пациенти и кај 4 (11,4%) од 39 пациенти со системски лупус еритематозус (СЛЕ).

**36. Дамјановска Љ. Васкулитисни синдроми - Третман со биолошки агенси на хоризонтот. Втор македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество МААР 2013 ; 1: 19-20.**

Во изминатите години е направен значаен прогрес во третманот на АНКА асоцираните васкулити (ААВ) во смисла на оптимизирање на стандардниот тераписки режим со истовремено намалување на експозицијата и токсичноста на применетата терапија. Супкласификацијата на ААВ помогна да се скројат тераписки режими чија моќ соодветствува на тежината на васкулитот. Препораките за третман на ААВ произлегоа од бројни мултицентрични студии направени со меѓународна соработка бидејќи се работи за ретки заболувања.
Ритуксимаб е најдобро проучениот биолошки агенс кај ААВ. Две рандомизирани контролирани студии RITUXVAS (Rituximab versus cyclophosphamide in ANCA – associated renal vasculitis) и RAVE (Riituximab in ANCA associated vasculitis) покажаа дека ритуксимабот е ефикасен во индукција на ремисијата кај ААВ, споредено со интравенскиот и оралниот циклофосфамид. Интермитентниот ритуксимаб е поефикасен од дневниот циклофосфамид и азатиоприн кај тежок ААВ во тек на 18 месеци. Ритуксимабот е поефикасен од циклофосфамидот кај пациенти со релапсирачка болест како и кај генерализиран, тежок ААВ, рефрактерен на терапија или кај пациенти кај кои циклофосфамидот е контраиндициран.
Постојат уште некои неодговорени прашања во однос на одржувањето на ремисијата, како и превенирањето на релапсите, но сепак резултатите од овие две и неколку помали студии се охрабрувачки.

**ОБРАЗЕЦ**

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Љубинка Кирил Дамјановска-Крстиќ
**Институција:** Медицински факултет, Универзитетска клиника за ревматологија, Скопје
**Научна област:** интерна медицина

## Наставно-образовна дејност

| Реден број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Додипломска настава (од прв циклус на студии )** | |
| | Одржување вежби по предметите Интерна медицина и Интерна пропедевтика 3 x 15 x 0,03 x 20 | 27 |
| | Одржување вежби по семејна медицина 8 x 1 x 0,03 x 3 | 7,2 |
| | Одржување вежби по клиничка пракса 8 x 5 x 0,06 x 12 | 28,8 |
| | Консултации со студенти по клиничка пракса 3 x 0,2 x 12 | 7,2 |
| | Консултации со студенти 20 x 0,002 x 20 | 0,8 |
| 2. | **Настава во школи и работилници:** | |
| | 8th EULAR) Postgraduate Course in Rheumatology, Prague, CR, 11/2004<br>Курс за МРИ и остеоартритис Ниш, Србија 2004 | |
| | 1st EUSTAR ( EULAR Scleroderma Trials and Research Group ) Course in Assessment of Patients with Systemic Sclerosis, Budapest, Hungary 01/2005 | |
| | EULAR Online Course (Pilot Course) 09/2006-04 /2007 | |
| | EULAR Postgraduate Online Course 09/2007 – 04/2009 | |
| | EULAR Ultrasound Course Basic Belgrade 03 2011 | |
| | EULAR Ultrasound Course Advanced Belgrade 05 2012 | |
| | European League against Rheumatism (EULAR) Musculoskeletal Ultrasound Online Basic Course 09/2012 – 05/2013 | |
| | Академии за ревматоиден артритис (2) | |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | Едукатор<br>Учесник<br><br>**Научно популарна статија во стручно-популарно списание ,,Народен лекар”** | **1,5**<br>**10**<br><br>**10** |
| | **Вкупно:** | **92,5** |

## Научноистражувачка дејност

| Реден број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални резултати објавени во научно-стручни списание:** | |
| 1. | Damjanovska L. Atanasovska V, Gruev T. The Diagnostic Value of Anticyclic citrullinated Peptide Antibodies (Anti-CCP) in Patients with Rheumatoid arthritis. Journal of Medical Biochemistry 2007; 26: 285-288. | **2,4** |
| 2. | Кафеџиска И, Грличков М, Чаловски Ј, Антова Д, Марина Н, Перчинкова С, Дамјановска-Рајчевска Љ. Paulus–ови критериуми за проценка на терапискиот одговор од метотрексат кај пациенти со ран ревматоиден артритис. Македонски медицински преглед 2007; 73. | **2,4** |
| 3. | Дамјановска Љ. Поврзаност на антицитрулинираните пептидни антитела и активноста на ревматоидниот артритис. Vox Medici 2011; 10: 161-163. | **4** |
| 4. | Damjanovska L. Performances of three composite disease activity indices (DAS28, CDAI and SDAI) in patients with rheumatoid arthritis. Svet Rada 2012; 9 (3): 335-340. | **4** |
| 5. | Дамјановска Љ. Инфликсимаб за третман на ревматоиден артритис Vox Medici 2012; 3: 198-200. | **4** |
| 6. | Damjanovska L. Evaluation of rheumatoid arthritis patients with Health Assessment Questionnaire Disability Index. Physioacta 2012; 6 (2): 7-14. | **6** |
| 7. | Дамјановска Љ. Антитела против модифициран цитрулиниран виментин- нов тест за ревматоиден артритис. Македонски медицински преглед. 2012; 66 (1): 13-17. | **6** |
| 8. | Дамјановска Љ. Антитела против модифициран цитрулиниран виментин кај пациенти со други ревматски болести Vox Medici 2012, 9:226-228. | **4** |

| Реден број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Трудови со оригинални резултати објавени во референтно научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:**<br>Walker UA , Tyndall A, Czirják L., DentonC , Farge‐Bancel D, Kowal‐Bielecka, Müller‐Ladner U, Bocelli‐Tyndall C, Matucci Cerinic M. EUSTAR Co‐authors* Clinical risk assessment of organ manifestations in systemic sclerosis: a report from the EULAR Scleroderma Trials And Research group database. Ann Rheum Dis. 2007; 66(6): 754–763. | **9,1** |
| 2. | Geisser ME, Glass JM, Rajcevska Damjanovska L, Claw DJ, Williams DA, Kileny PR, Gracely RH. A psychophysyologic study of auditory and pressure sensitivity in patients with fibromyalgia and healthy controls. Journal of Pain 2008; 9 (5): 417-22. | **5,54** |
| 3. | Damjanovska L, Thabet MM , Levarth EWN, Stoecken-Rijsbergen G, van der Voort EIH, Toes REM, Huizinga TW, Van der Helm-van Mil. The diagnostic value of anti-MCV antibodies in differentiating early inflammatory arthritis. Annals of Rheumatic Diseases 2010; 69: 730-732. | **9, 1** |
| 4. | Avouac J, Walker T, Tyndall A and the EUSTAR Co-authors. Characteristics of joint involvement and relationsheeps with systemic inflammation in systemic sclerosis: Results from EULAR Scleroderma Trial and Research Group (EUSTAR) database. J. Rheumatology 2010 ; 37 (7):1488-501. | **5,82** |
| 5. | Damjanovska L, Rajcevski R. Antiphospholipid syndrome in patients with portal vein thrombosis-case report, Macedonian Journal of Medical Sciences 2011 ; 4(2):192-195. | **5,5** |
| 6. | **Труд објавен во научно популарно списание:**<br>Дамјановска-Рајчевска Љ. Васкулитисни синдроми-Современо лекување. Зборник на научни трудови Медицина 2005. | **2** |
| | **Секциско предавање на научно -стручен собир:**<br>-Ревматолошка секција Струга 2010<br>Анти-ЦЦП антитела во дијагностика на РА | **2** |
| | -Ревматолошка секција Берово 2010<br>Инфликсимаб во третман на ревматоиден артритис | |
| | -Предавања на катедра по интерна медицина (2) | **2** |
| | **Секциско предавање на научно-стручен собир со меѓународно учество:**<br>Chronic Pain and Fatigue Research Center, University of Michigan Auditory Perceptions in Patients with Fibromyalgia Feb 2006<br>University of Leiden , Anti-CCP antibodies in review Dec 2008 | **2** |
| **Реден број** | **Назив на активности** | **Поени** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Учество на научен-стручен собир со реферат:**<br><br>-Усна презентација 1 (Апстракти 2, 16,17,18)<br>-Постер 0,5 ( 14 x 0,5)<br><br>**Апстракт објавен во зборник на конференција:** | **4**<br>**7,5** |
| **1.** | Дамјановска-Рајчевска Љ, Грличкова Е. Психосоматски заболувања кај претшколски деца Македонски медицински преглед , Конгрес на лекари по општа медицина 2003. | **0,5** |
| **2.** | Дамјановска-Рајчевска Љ, Грличкова Е, Кафеџиска И, Петрушевска Г, Ивковски Љ. Саркоидоза со ренално засегање и секундарен Сјогренов синдром-Приказ на случај. Трет конгрес на Македонското респираторно здружение 2003; 3: 127. | **0,5** |
| **3.** | Грличков М, Дамјановска Љ. Анемии кај автоимуните сврзно-ткивни болести. Македонски медицински преглед 2003; 54: 143. | **0,5** |
| **4.** | Чаловски Ј, Марина Н, Котевска М, Трајаноска М, Дамјановска-Рајчевска Љ, Павлова С, Арсиќ С. Паранеопластичен синдром кај карцином на белите дробови. Трет конгрес на Македонското респираторно здружение 2003; 3: 212. | **0,5** |
| **5.** | Дамјановска-Рајчевска Љ, Грличков М, Кафеџиска И. Примарен антифосфолипиден синдром кај пациентка со портална венска тромбоза: Приказ на случај. Конгрес на Ревматолозите ба Србија и Црна Гора 2004; 28 (2): 84. | **1** |
| **6.** | Дамјановска-Рајчевска Љ. Грличков М, Марина Н, Божиновски Г, Чаловски Ј, Пушевски А, Перчинкова С. Клинички карактеристики на 16 пациенти со идиопатски инфламаторни миопатии. Annals of Rheumatic Diseases 2005; 64. | **1** |
| **7.** | Bozinovski G, Arsic S, Percinkova S, Antova D, Nikolovska M, Rajcevska L, Karadzova A. Quantitative analysis of Raunaud's phenomenon changes. Annals of Rheumatic Diseases 2005 ; 64 (3): 198. | **1** |
| **8.** | Damjanovska-Rajcevska L, Patrick B, Chriscinske SJ, Gracely RH, Claw DJ. Auditory perceptions in patients with fibromyalgia: Is fibromyalgia due to a more global problem with sensory processing? America College of Rheumatology /ARHP Annual Scientific Meeting 2005 ; F74. | **1** |
| **Реден број** | **Назив на активности** | **Поени** |

| | | |
|---|---|---|
| **9.** | Damjanovska-Rajcevska L, Sen A, Kileny P, Gracely RH, Clauw DJ. Increased sensitivity to sound as a feature of disturbed global sensory processing in patients with fibromyalgia. Annals of Rheumatic Diseases 2006; 65 (2): 553. | **1** |
| **10.** | Damjanovska-Rajcevska L, Jovanovska V, Spasovski D, Marina N, Bozinovski G, Grlickov M, Calovski J, Ognenovski V. The diagnostic value of anti-CCP antibodies in patients with rheumatoid arthritis. Annals Rheumatic Diseases 2007 ; 66 (Suppl II): 585. | **1** |
| **11.** | Damjanovska-Rajcevska L. The association between anti-cyclic citrullinated peptide antibodies and other laboratory and clinical markers of rheumatoid arthritis. Annals of Rheumatic Diseases 2008; 67 (Suppl II):599. | **1** |
| **12.** | Marina N, Spasovski D, Damjanovska L, Percinkova SM, Gruev T, Calovski J. Clinical utility of anti-cyclic citrullinated peptide antibody assay in patients with rheumatoid arthritis. Annals of Rheumatic Diseases 2009; 68 (Suppl 3): 734. | **1** |
| **13.** | Антова Д, Кафеџиска И, Котевска М, Трајаноска М, Стојановска А, Павлова С, Видиниќ С, Османи Б, Сандевска Е, Дамјановска Љ, Бојаџиоска М, Спасовски Д. Потенцијалот на антителата од IgA класата против нативната ds-DNA во мониторирање на активноста на болеста кај болните со системски еритемски лупус. Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество МААР 2009; 1: 69-70. | **1** |
| **14.** | Thabet MM, Damjanovska L, Levarth EVN, Stoeken-Rijsbergen G, van der Voort EIH, Toes REM, Huizinga TWJ, van der Helm –van Mil. The diagnostic value of anti-MCV antibodies in differentiating early inflammatory arthritis. Annals of Rheumatic Diseases 2009; 68 (Suppl 3): 515. | **1** |
| **15.** | Кафеџиска И, Грличков М, Чаловски Ј, Божиновски Г, Перчинкова СМ; Антова Д, Дамјановска Љ, Бојаџиоска М, Спасовски Д. Корелација на ДАС индексот со функционалниот капациетет и SHARP радиографскиот индекс на дланките кај ревматоидниот артритис. Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество МААР 2009; П30 53-54. | **1** |
| **16.** | Дамјановска Љ. Васкулитисни синдроми - Третман со биолошки агенси на хоризонтот. Втор македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество МААР 2013 ; 1: 19-20 | **1** |
| **17.** | L. Damjanovska. Evaluation of RA patients with Health Assessment Questionnaire disability index Втор македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество МААР 2013; 1: 59. | **1** |

## Стручно-апликативна дејност

| Реден број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Воведување нова лабораториско/клиничка или јавно-здравствена метода во областа на медицинските науки и здравството :**<br><br>-Првпат во државата воведена метода<br><br>Анти-циклични цитрулинирани пептидни антитела<br><br>Антитела против модифициран цитрулиниран виментин<br><br>-Првпат во институцијата воведена метода<br><br>Третман со инфликсимаб (Remicade) во траење од една година | **8**<br><br><br><br><br><br>**1** |
| 2. | **Превод:**<br><br>-Дел од книга Cecil Textbook of Medicine, Rheumatology<br>- 2 RA33 прашалници за ревматоиден артритис на T. Sokka | **1**<br>**1** |
| 3. | **Предавања на институции од јавен интерес и културно-информативни центри**<br>Црвен Крст на Република Македонија –Прва помош, Инфекции, Дисеминација - ПХВ проект ) | **5** |
| 4. | **Раководител на физикална терапија:** | **1** |
| 5. | **Клиничка или научно апликативна студија од област на медицинските науки и здравството**<br><br>- Дијагностичка вредност на anti-CCP антителата кај пациентите со ревматоиден артритис<br>- Дијагностичка вредност на anti-MCV антителата и нивната асоцираност со активноста на ревматоидниот артритис | **4** |
| 6. | Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството-интерна медицина: | **2** |
| 7. | Завршена субспецијализација во областа на медицинските науки и здравството – ревматологија : | **1** |
| | **Вкупно:** | **24** |

## Дејности од поширок интерес

| Реден број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно-стручно списание Journal of Autoimmune Diseases and Rheumatology | 1 |
| 2. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 1 |
| 3. | Награда од Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” Најдобар студент на универзитетот 1994/1995 | 5 |
| 4. | Награда одМакедонско Лекарско Друштво Најдобар студент 1994/1995 | 3 |
| 5. | Студиски престој во странство<br>- до 3 месеци<br>Observership, Internal Medicine /Pediatric Medicine, Hurley Medical Center, Flint. Michigan, USA 10-11 /2006<br>University of Leiden, Netherlands 10/2008-01/ 2009 ( 3 месеци)<br>-повеќе од 6 месеци<br>University of Michigan, Rheumatology Division, 06/2005 – 03/2006 (10 месеци) | <br><br>0,5<br>0,5<br>2 |
| 6. | Изготвување и пријавување на научен / образовен меѓународен проект | 1 |
| 7. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>Комисија за ревизија на инвалидски пензии при Министерство за труд и социјала | 1 |
| | **Вкупно:** | **15** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 92,5 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 104,3 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 24 |
| ДЕЈНОСТ ОД ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС | 15 |
| ВКУПНО | 235,8 |

Рецензентска комисија:

10. Проф. д-р Снежана Мишевска Перчинкова, с.р.

______________________________

11. Проф. д-р Јелка Давчева Павловска, с.р.

______________________________

12. Проф. д-р Горица Брешковска, с.р.

______________________________

13. Проф. Д-р Александар Шиколе, с.р.

______________________________

14. Проф. д-р Цветанка Божиновска, с.р.

______________________________

Биографски податоци

**Ирена Кафеџиска е родена во Скопје, на 7. 9. 1955 год. Основно и средно образование завршила во родниот град, со одличен успех. Во 1983 год. дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје, а стручниот испит го положила во ноември 1984 год. Во 1985 год. се вработила како лекар на Клиника за ревматологија. По исполнувањето на соодветните услови, односно 2 - годишно работно искуство и положен државен испит, во 1987 година добила специјализација по предметот Интерна медицина. Во 1989 година  била избрана за помлад асистент на Медицинскиот факултет во Скопје, по предметите интерна медицина и интерна пропедевтика. Во 1992 год. ја завршила специјализацијата и со тоа се стекнала со звањето специјалист по интерна медицина на Клиниката за ревматологија. Во 1993 год. била избрана за асистент на Медицинскиот факултет, додека во 1997 и 2001 год. потвреден е изборот за асистент по истиот предмет до 2005 година. Во 1997 год. назначена е за шеф на Отсекот по термографија, а од 1999 год. до 2006 год. била назначена за раководител на Одделението за амбулантно- поликлиничка дејност при Клиниката за ревматологија. Во 2004 год. се стекнала со звањето суспецијалист-ревматолог. Од 2005 год. има работно искуство со ултразвучна дензитометрија во Кабинетот за остеопороза и ултразвучна сонографија. Од мај 2006 год. назначена е за раководител на Одделението за воспалителни ревматизми.**

**Докторската дисертација со наслов „ АРТИКУЛАРНИ И ДРУГИ ИНДЕКСИ НА АКТИВНОСТ КАКО КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕВМАТОИДНИОТ АРТРИТИС И ТЕРАПИСКИОТ ЕФЕКТ НА ИМУНОМОДУЛАТОРНАТА ТЕРАПИЈА”, со успех ја одбранила на 6. 11. 2007 год. и се здобила со звањето доктор на медицински науки. Од овој период датира и практичната примена на квантитативната процена на активноста на ревматоидниот артритис во клиничкото следење на пациентите на Клиниката за ревматологија. Во јуни 2012 година назначена е за насловен доцент по предметот интерна медицина.**

**Вклучена е во стручната работа на Клиниката за ревматологија, учествувала на научни и стручни конгреси, симпозиуми и интерсекциски состаноци на просторите на поранешна Југославија, Македонија и надвор од неа. Активно учествувала на 2 Југословенско-грчки состанок во Загреб 1985 год., X конгрес на ревматолози во Белград 1988 год., 8 Медитерански конгрес во Истанбул, 1996 год., учествувала на италијански интердисциплинарен состанок во Abano Therme-Италија, светски EULAR конгрес во Сингапур, 1997 год., EULAR-конгрес во Париз, 2008 год., EULAR конгрес во Берлин, 2012 год., EULAR -конгрес во Мадрид 2013 год .**

**Во тек на 1997 година и 1998 год. била секретар на Македонската асоцијација во состав на EULAR-Европска асоцијација на ревматолози. После 1998 година е член на МААР во состав на EULAR. Член е на Македонското здружение на лекари и на лекарската комора на Македонија.**

Наставно-образовна дејност

**Во 1989 год. била избрана за помлад асистент на Медицинскиот факултет во Скопје по предметите интерна медицина и интерна пропедевтика. Во 1993 год. била избрана за асистент на Медицинскиот факултет, додека во 1997 и 2001 год. се до 2005 год. потврден е изборот за асистент по истиот предмет. Јуни 2012 год. назначена е за Насловен Доцент по предметот Интерна Медицина и ангажирана е како коментор и**

**едукатор во едукација на специјализанти, одржување на вежби на студенти по медицина и стоматолози, клиничка пракса на студенти по медицина, вклучена е во предавања за студенти и специјализанти.**
**На одржаниот стручен состанок организиран како работилница во соработка со фармацевтската куќа „Roche “( март 2009) како автор, а воедно и активен учесник, промовиран е прирачникот: ,,Процена на активноста на болеста кај ревматоидниот артритис (РА)”. На Првата академија на ревматолози под наслов „Алатки за процена на ревматоидниот артритис”, одржана од 28 до 30 април 2010 год. во Охрид, била активен учесник во теоретската настава за едукација на лекари специјалисти за адекватно справување со болеста.**

Научно-истражувачка дејност

**Стручните и научните публикации како автор и коавтор на трудови со оригинални научни резултати објавени во научно/стручни списанија, како и во референтни научно стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, трудови објавени во зборници, како и докторската дисертација, претставуваат научен придонес во областа на ревматологијата. 1999 год. била учесник во ”Пилот проект за континуирана медицинска едукација на лекари” организирано од Министерството за здравство на Р. Македонија со неколку дневен престој во КМЕ Центарот во Прилеп и Велес ( организирани како работилници).**
**Учесник е на два национални научни проекти и во два меѓународни научни проекти. Активно учествувала како истражувач во научниот проект- клиничко испитување за ” Тераписка ефикасност и подносливост на Риседронат (Алкалоид) во компарација со Actonel (Aventis) кај пациентки со постменопаузална остеопороза ” , 2006 год. ( во време траење од 2 год.)**
**Од февруари 2008 до 2011 година била вклучена како истражувач во клиничка студија ( проект на Roche) ,, MabThera опсервациона студија кај тежок облик на реуматоиден артритис”. Во 2010 год. вклучена е како истражувач во мултицентрична рандомизирана клиничка студија од меѓународен карактер за ефикасноста, постигнувањето на ремисија и превенцијата на структурното зглобно оштетување кај пациенти со ревматоиден артритис лекувани со Tocilizumab ( TCZ) како монотерапија и во комбинација со Methotrexate ( MTX) versus MTX во времетраење од 2 години (проект на Roche). Од 2012 год. повторно е вклучена како истражувач во продолжение од претходната студија со меѓународен карактер во време траење од наредни 2 години.**
**Активно учествувала и на секциски предавања на научно стручни собири.**

Стручно - апликативна дејност

**Во прирачникот ”Процена на активноста на болеста кај ревматоидниот артритис”, кој воедно претставува и стручна монографија чиј автор е кандидатката, изложени се 4 клинички методи за квантитативна процена на болеста и процена на терапискиот одговор, кои се применуваат во секојдневната клиничка практика на клиниката за ревматологија: DAS индекс за квантитативна процена на активноста на ревматоидниот артритис и квантитативна процена на терапискиот одговор;**

**ACR20, ACR50 и ACR 70 критериуми за квантитативна процена на активноста на болеста и процена на терапискиот одговор; HAQ-индексот за квантитативна процена на функционалниот капацитет на болеста и ВАС индекс-Визуелна Аналогна Скала (за квантитативна процена на болката кај ревматоидниот артритис. Прикажан е правилен пристап при клиничко испитување (процена на осетливи и отечени зглобови). Прикажани се и два радиолошки индекси Sharp-ов и Larsen-ов индекс за квантитативна процена на оштетеност на зглобовите и процена на радиографска прогресија на зглобната оштетеност на шаките кај ревматоидниот артритис. Била член на организационен одбор на Првиот македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество-МААР 2009 и член на претседателство на еден од програмските одбори на истиот конгрес, како и во Научен Одбор и член на претседателство на еден од програмски одбори на Вториот Ревматолошки Конгрес во 2013 год. Од 7 до 20 септември 1994 год. учествувала на Европски семинар од областа на ревматологијата кој бил организиран како студиски престој во Марсеј во организација на ЕУЛАР.**

**Од 1 до 30 март 2002 год. била на едномесечен стручен престој и стручно усовршување на Реуматолошкиот Институт во Сиена ( INSTITUTO DI REUMATOLOGIA, UNIVERSITA ' DEGLI STUDIO DI SIENA-ITALIA ).**

**Претходно рецензирани трудови објавени во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје:**
**-под реден број од 1 до 3 во Билтен број 526/1989;**
**-под реден број од 4 до 11 во Билтен број 600/1993;**
**-под реден број од 12 до 18 во Билтен број 691/1997;**
**-под реден број од 19 до 23 во Билтен број 785/2001**
**-рецензирана докторска дисертација објавена во Билтен број 924/2007;**
**-избор во насловен доцент во Вилтен број 1031/2012.**

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ирена Златко Кафеџиска**

Институција:

**Универзитет „Св.Кирил и Методиј” Медицински факултет,Скопје**
Научна област:**интерна медицина-ревматологија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава (вежби) | |
| 1а. | **Одржување на настава од прв циклус на вежби по Интерна медицина за медицинари, стоматолози и за пропедевтика од 1989 год. до 2005 год. (16 години или 32 семестри):<br>3 x 15 x0.03 x32** | 43.2 |
| 1б. | **Вежби по интерна медицина за зимски семестар 2012/13, летен семестар 2013, зимски семестар 2013/14год.:<br>за студенти по медицина 3 семестри:<br>3 x 15 x 0.03 x 3<br>За студенти по стоматологија:<br>3 x 15 x 0.03 x 3** | 4.05<br><br>4.05 |
| 1в. | **Вежби по клиничко испитување (пропедевтика по ново)<br>3 часа x 3 (нед) x 0.03 x 3 (сем).** | 0.81 |
| 1г. | **Ментор на студенти за Клиничка пракса по ревматологија од 11. 02 до 05. 04. 2013 год (4 групи) и од 16. 09. до 08. 11. 2013 год. (4 групи). Вкупно 8 групи од по 3 студенти, 8 часа дневно, 5 дена во неделата (вкупно 8 недели):<br>8 (часа) x 5 (дена во неделата) x 0.06 x 8 (групи)** | 19.2 |
| 1д. | **Консултација со студенти по клиничка пракса:<br>3 (број на студ. во група) x 0.2 x 8 (број на групи)** | 4.8 |
| 1ѓ. | **Консултација со студенти од 1989 год. до 2005 год. и од зимски семестар 2012 до зимски семестар 2013/2014 (вкупно 35 семестри::20(број на студ.) x 0.2 x 35 семестри** | 1.4 |
| 1е. | **Коментор и едукатор на здравствена едукација на специјализанти:<br>а)3 часа x 3месеци (12 недели x 0.08 x 2 специјализанти:<br>б)3 часа x 4 месеци( 16 недели)x 0.08 x 5 специјализанти:<br>в)3 часа x 2 месеци (8недели) x0.08 x 4 специјализанти:<br>г)3 часа x 1 месец(4 недели) x 0.08 x 1 специјализант:** | 5.76<br>19.2;<br>7.68;<br>0.96 |
| 1ж. | **Одржани предавања:<br>од прв циклус 4 часа x о.04;<br>од втор циклус 2 часа x 0.05** | 0.16<br><br>0.10 |
| 2. | Работилници, академии, школи | |

| | | |
|---|---|---|
| 2а. | **Работилница со наслов "Проценка на активноста на болеста кај ревматоидниот артритис(РА)". Промоција на прирачникот „Процена на активноста на болеста кај ревматоидниот артритис (РА).**<br>И. Кафеџиска**, М Грличков**<br>**Хотел Романтик, 13-14 март, Велес, 2009.** | 1 |
| 2б. | **Алатки за процена на активноста на болеста кај РА, ДАС скор-пресметување и интерпретација. Презентирање на ДАС калкулатор.**<br>И. Кафеџиска**.**<br>**Хотел Романтик, 13-14 март, Велес, 2009** | 1 |
| 2в. | **Алатки за процена на активноста на ревматоидниот артритис.**<br>И. Кафеџиска**.**<br>**Академија за ревматоидниот артритис. Македонска ревматолошка асоцијација**<br>**Хотел Тино, 29-30 Април, 2010, Охрид.** | 1 |
| 2г. | **Академија за ревматоиден артритис (работилница).**<br>**Македонска ревматолошка асоцијација. Хотел Тино, 07-09 Април, 2011, Охрид.** | 1 |
| 2д. | **Тренинг за добра клиничка пракса, Good Clinical Practice ( GCP), Workshop for Investigators. Хотел Holiday Inn, 27 Март, 2008.** | 1 |
| 2ѓ. | **Certificate of Attendance that I. Kafedziska attended the Roche WA 19926 Actemra in Early Rheumatoid Arthritis Study Investigators'/Study Coordinators' Meeting Marriott Park Hotel, 19-20 November, Rome, Italy 2009. Function, A Clinical Research Study for Adults with RA.** | 1 |
| 2е. | **Seminar Training of Clinical investigators on '' Ethical and Regulatory Aspects on Good Clinical Practice in Investigators Practices''. 21 Octomber 2005, Skopje, Macedonia.** | 1 |
| 2ж. | **Учество на Втора школа за Остеопороза: „Чекор напред„ . Македонско здружение за остеопороза. 07-09. 05. 2009, Охрид.** | 1 |
| 2з. | **4$^{th}$ Scool of Osteoporosis in R. of Macedonia: '' Togedher we are stronger''.**<br>**Интернационален симпозиум во соработка со ISCD ( The International Society for Clinical Densitometry, Bone Densitometry Course) ( со меѓународни предавачи ). 26-28 мај, 2011, Охрид.** | 1 |
| 2ѕ. | **Пилот проект за континуирана медицинска едукација на лекари„ организирано од Министерство за здравство на Р. Македонија. 27,28,29 септември 1999, КМЕ Центар, Прилеп. (организирано и како работилница со активно учество).** | 1 |
| 2и. | **Пилот проект за континуирана медицинска едукација на лекари„ организирано од Министерство за здравство на Р. Македонија. ( во времетраење од 3 дена ) КМЕ Центар, Велес. (организирано и како работилница со активно учество)** | 1 |
на сиромаштијата, политиката на заштита на животната средина, промоција на развојната соработка и хуманитарна помош, начинот на кој соработуваат САД и ЕУ како глобални партнери во рамките на ефикасното функционирање на меѓународните финансиски и трговски организации итн. Тука, кандидатот заклучува дека организацијата на Обединетите нации е местото кадешто се одвиваат најголемиот дел од мултилатерални активности во рамките на меѓународните организации, а кадешто САД и ЕУ бараат ефикасни заеднички решенија за поважните политички, економски и безбедносни прашања. Од особена важност за нивниот ангажман во постојаниот процес на промени и реформи е засилување на нивните активности кон ефикасно и ефективно испорачување на витални услуги на меѓународната сцена. САД и ЕУ генерално се согласуваат во однос на потребата за реформи на организациониот и функционален систем на ООН, без оглед на фактот дека нивниот пристап кон разните сегменти на предложените реформски чекори често може да биде и длабоко спротивставен.

Во **заклучокот на докторската дисертација**, меѓу другото, кандидатот утврдува дека сè повеќе станува јасно дека одржувањето на унилатералната стратегија како замисла за групирање на светските сили во регионални формации, преку економско производство, преку глобалното владеење за одржувањето на светскиот поредок или преку целосен воен и политички и економски диктат на САД не е целосно одржлив, особено не за подолг временски период. Кандидатот заклучува дека важноста на соработката меѓу двата трансатлантски партнера во контекст на политичкиот и економскиот развој на целиот свет се потврдува со издвојување на повеќе емпириски податоци.

## II. Оцена на трудот

Во докторската дисертација со наслов „Партнерството помеѓу Европската унија и САД во контекст на проширувањето на Унијата и соочувањето со глобалните предизвици", м-р Звонко Муцунски покажува целосно разбирање за комплексноста на односите меѓу евроатлантските сојузници, реформите и тешкотиите со кои се соочуваат во меѓусебните релации, како и рефлексијата на тој однос кон процесот на проширување на Унијата. Таквите релации несомнено имаат влијание и врз Република Македонија, која изразува силен интерес да се раздвижи процесот на европска интеграција и демократска трансформација со целосно почитување и приспособување кон правилата и принципите на ЕУ.

При истражувањето на темата на трудот кандидатот ги користел вообичаените методи на научно истражување од областите на правото и меѓународните односи, согласно со кои на најсоодветен и ефикасен начин е дојдено до очекуваните резултати од научното истражување. Употребени се историскиот и социолошкиот метод, потоа компаративниот метод, методите на анализа на содржина, анализа и приказ на меѓународни документи, но и национални документи поврзани со предметот на истражување. Кандидатот соодветно ги применил и методите на интердисциплинарна методологија, емпириско-квантитативниот метод и методот на формална анализа.

Приложените аргументи, официјални документи и соодветни описи на состојби, историски и актуелни процеси во рамките на докторската дисертација се

квалитетна подлога за извршените детални анализи и прикажаните постигнати цели во спроведеното истражување.

Треба посебно да се истакне декла посебно внимание во истражувањето е посветено и кон анализа на односите на ЕУ и САД во контекст на остварување на концептот за целосна, слободна, просперитетна, мирна и обединета Европа, со објективизирање на нивниот пристап кон проширувањето на ЕУ, а кој концепт скоро целосно се вклопува и со остварувањето на надворешнополитичката стратегија на РМ, односно потребата за поскоро започнување на процесот на преговори и дефинирање на позицијата на полноправен член на Унијата и НАТО.

Истражувањето на наведените прашања и давањето одговор на нив се само дел од оние што се обработени во рамките на тој дел од дисертацијата и можат да бидат соодветен и делумен придонес кон развојот на науката и кон разбирањето на глобалната надворешнополитичка и економска реалност во светот и посебно РМ.

**IV. Заклучок со предлог**

**Докторската дисертација „Партнерството помеѓу Европската унија и САД во контекст на проширувањето на Унијата и соочувањето со глобалните предизвици", од кандидатот м-р Звонко Муцунски, претставува одличен научен труд од областа на правните науки кој што служи за збогатување на правната мисла и наука во Република Македонија и пошироко. Оттука, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први" во Скопје да го прифати овој рецензентски извештај и да овозможи јавна одбрана на трудот.**

**Комисија за оцена и одбрана**

Д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, редовен професор, с.р.
Д-р Сашо Георгиевски, редовен професор, с.р.
Д-р Татјана Петрушевска, редовен професор, с.р.
Д-р Мишо Докмановиќ, доцент, с.р
Д-р Јулија Брсакоска Базеркоска, доцент, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ПРИМЕНА НА ЦЕЛОСНОТО УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“,

ОД М-Р КАТЕРИНА ХАЏИ НАУМОВА - МИХАЈЛОВСКА
ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска со наслов „Можности и перспективи за примена на целосното управување со квалитет во здруженијата на производители на органски производи во Република Македонија“, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 99. седница одржана на 19.11.2013 година, донесе Одлука бр. 02-2178/2 за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Наташа Данилоска
2. д-р Васил Поповски
3. д-р Ѓорѓи Ѓорѓевски
4. д-р Татјана Петковска
5. д-р Снежана Милошевска-Костадиноска.

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Општи согледувања**

Кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска во својата докторска дисертација „Можности и перспективи за примена на целосното управување со квалитет во здруженијата на производители на органски производи во Република Македонија“ обработува комплексна и интересна проблематика од областа на менаџментот во органското земјоделско производство. Притоа, во фокусот на истражување е анализа на едно мошне значајно гледиште во процесот на современо организирање и модернизирање на македонското земјоделство во сегментот на производство на органска храна.

При дефинирањето на докторската теза и нејзината актуелност, кандидатката ја апсолвирала важноста на секторот органско земјоделско производство во македонското земјоделство и економија, како и основните проблеми и тешкотии со кои се соочуваат производителите на органски производи. Во поткрепа на

актуелноста на сопственото истражување, кандидатката наведува дека и покрај тоа што самиот начин на органско производство во Република Македонија не претставува проблем бидејќи тоа се усвојува со постапката за сертификација која производителите на органски производи доследно ја почитуваат и ја применуваат, сепак тие се соочуваат со повеќе проблеми како недоволно количество на производство за сигурен пласман, неорганизиран извоз на органските производи како и расцепканост-постоење на повеќе здруженија на производители на органски производи за исти производи во ист регион. Во насока на решавање на изнесениот проблем, кандидатката пласира нов пристап на менаџментот во чија основа е поставена мултидимензионалноста на квалитетот, па него го набљудува од аспект на производите, но и од аспект на работењето и функционирањето во сите сфери на општественото живеење. Притоа, кандидатката ја пласира својата теза за примена на целосното управување со квалитет (TQM) како начин на организирање и работење на здруженијата на производители на органски производи со кој ќе добијат нова димензија и способност да постигнат освојување и одржување на пазарот, остварување на претпознатлив бренд и воопшто повисок степен на развој во поглед на обезбедувањето квалитет.

Основната цел на докторската дисертација е да се истражи можноста за примена на TQM како начин на организирање и дејствување во здруженијата на органските производители во Република Македонија со цел да се обезбеди подобрување и напредок во работењето и организирањето на здруженијата на органските производители. Примарен предмет во конкретново истражување е системот на TQM, односно намерата е да се истражат неговиот карактер, суштината, целите и задачите, а воедно да се претстават и конкретни модели кои ќе овозможуваат проектирање на системот за квалитет. Специфичен предмет на истражување е квалитетот, како аспект на системот за целосно управување и јасно да се прецизира на што се однесува квалитетот: на производ, на работење, на услуга, на информација, на технолошките процеси, на луѓето, на системите или на компаниите. Конкретно, идејата е да се истражи влијанието кое квалитетот на работење и организирање го има врз конкурентноста.

Методолошкиот приод на истражувањето во трудот е детерминиран од специфичноста на проучуваната проблематика и од потребата за користење на соодветни извори на податоци. Оттаму, при истражувањето се користат повеќе научностражувачки методи: метода на теоретска анализа, аналитичко-дескриптивна метода, аналитичко-компаративна метода, статистичка, историска, индуктивно-дедуктивна метода и методата на анализа и синтеза. Истражувањето во трудот се темели на анализа на податоците добиени преку интервјуа, анкетни листови со претседателствата и членовите на здруженијата на производители на органски производи врз однапред подготвен прашалник со квалитативни и квантитативни податоци, како и нивни публикувани информации.

Конкретно, оваа докторска дисертација претставува обид да се согледа можноста за примена на целосното управувње со квалитет како начин на организирање и работење во здруженијата на производители на органски производи како клучна стратегија.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација со наслов „Можности и перспективи за примена на целосното управување со квалитет во здруженијата на производители на органски производи во Република Македонија“, поднесена од кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, се состои од вкупно 260 страници компјутерски обработен текст. Основниот текст се состои од 250 страници кои структурно се поделени на: вовед, шест поглавја, заклучок и користена литература. Користената литература е наведена на тринаесет страници и содржи 150 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интерент - страници.

Во воведниот дел од трудот елаборирана е актуелноста на проблематиката од аспект на целосното управување со квалитетот како посебен пристап на менаџментот со кој се обезбедува разбрано и ефикасно менаџирање на секој аспект на здруженијата на производители на органски производи. Исто така, во воведот се претставени појдовните хипотези на истражувањето, целта и предметот на трудот и користениот методолошки приод.

Во првиот дел „Современ пристап на целосното управување со квалитетот“ објаснети се целите и задачите на TQM, суштината и концептот. Исто така разработени се основните принципи на целосното управување со квалитет-лидерство, задоволство кај вработените и клиентот, континуирано подобрување, учество на сите засегнати страни и познавање на фактите. Нивната зависност и меѓусебна поврзаност овозможува третман на TQM како начин на размислување за тоа како луѓето треба да работат, да се однесуваат и да веруваат дека за долгорочен успех потребно е посветеност кон квалитетот во сите нивоа на работење. Бидејќи TQM се третира како позитивна промена во работењето, во овој дел се прикажани базичните и изведените модели за проектирање систем за квалитет со нивните специфични принципи и придобивки.

Во вториот дел од трудот „Квалитетот како аспект на целосното управување со квалитет“ се посветува внимание на квалитетот од аспект на TQM. За таа цел се дава појаснување за карактерот и функцијата на квалитетот преку спиралата на квалитет, барањата за обезбедување на квалитет, развојот на концептот за обезбедување на квалитет и планирањето на квалитетот како основа за успешна имплеменатција на TQM. На крајот на овој дел станува збор и за комплексноста на системот за квалитет поради развојот на повеќе дејности-метрологија, стандардизација, методи и техники на менаџментот кои се појдовна основа за проектирање и имплементирање на систем за квалитет со кој може да се обезбеди дефинираното ниво на квалитет на производите со најмали трошоци на работење.

Во третиот дел „Општ третман на менаџерските функции во целосното управување со квалитет“ е даден општ осврт на менаџерските функции во TQM. За таа цел обработени се карактерот на менаџментот за квалитет, предностите кои произлегуваат во однос на контролата на квалитет, неговата улога во обезбедување на квалитет и особено внимание е посветено на функциите на менаџментот-планирање, организирање, раководење, координирање и контролирање во функција на TQM. Планирањето овозможува основно разбирање за TQM, поттикнување на менаџерски активности во сите тимови на организацијата или поединечно на секој член или вработен во организацијата, поставување на цел и мисија на компанијата. Организирањето во функција на

TQM овозможува креирање и создавање на организациска структура и организирање на работата со што се унапредува ефиксноста, квалитетот, иновацијата во компанијата и потребите на клиентите. Функцијата на водењето во TQM е да даде јасна и разбирлива визија, стимулација и да им овозможи на вработените во една компанија или организација, да ја сфатат улогата на квалитетот во нивното работење и во целокупното работење. Координирањето во функција на TQM има за цел да овозможи синхронизација на активностите со континуирано напредување и усовршување на вработените, одржување на постојан контакт со вработените и со надворешното опкружување и обезбедување на слободен проток на информации. Во TQM функцијата на контролата е сведена на минимум бидејќи овој пристап кон квалитетот бара чувството за квалитет во извршувањето на работата да биде присутно кај секој вработен, односно да постои мала потреба од контрола од друг, а поголема потреба од самоконтрола. На крајот на овој дел се посочува TQM како нов стил и начин на работење и дејствување со кој менаџментот се приспособува кон промените заснован на пристапот *планирај-реализирај-контролирај-подобри.*

Во четвртиот дел „Целосно управување со квалитет во агробизнисот“, најпрво е дефиниран бизнисот агробизнис и неговото значење во економскиот и општествениот развој. Важна карактеристика и составен дел на земјоделското производство е биолошкото производство-одгледувањето на растенија и животни, па оттука произлегува потребата да биде опишан органскиот карактер на земјоделските производи, проблемите и факторите кои влијаат за покачување на нивниот квалитетот. Во овој дел се посветува внимание на земјоделските здруженија како организациона форма во агробизнисот и нивната хоризонтална и вертикална поставеност. На крајот даден е приказ за потребата од изучување на квалитетот во агробизнисот, димензијата, задачите и принципите на TQM кои се однесуваат на агробизнисот.

Петтиот дел „Можности за примена на целосното управување со квалитет во здруженијата на производители на органски производи“ претставува емпирискиот дел од истражувањето. Најпрво се објаснува концептот на органското производство и неговото место во развојот на стопанството и општеството. За да се прикаже слика за состојбата на органското производство во Република Македонија, се анализира актуелната состојба во поглед на пристапот кон квалитетот и TQM. За таа цел спроведена е анкета до здруженијата на производители на органски производи во Република Македонија и направена е SWOT анализа за да се утврдат способностите и слабостите на здруженијата на производители на органски производи во однос на начинот на работење и организирање според принципите на TQM. Како резултат на анализите прикажана е состојбата за можностите за примена на TQM како начин на организирање и дејствување кај здруженијата на производители на органски производи.

Во шестиот дел од трудот „Проектирање и имплементација на системот со целосното управување со квалитет кај здруженијата на производители на органски производи“, посветено е внимание на тоа на кој начин практично може да се проектира и имплементира TQM кај здруженијата на производители на органско производство. Пред да се започне со имплементацијата потребно е

здруженијата да стекнат знаење за TQM и како се учи со TQM. За таа цел дадени се насоки на кој начин здруженијата да го применат сопственото знаење и искуство во учењето и успешно да го имплементираат TQM во работењето. TQM треба да има цел во работењето, а таа се остварува доколку здруженијата имаат соодветна политика и стратегија на дејствување. За таа цел во овој дел разработен е начинот на кој TQM ја креира и спроведува политиката и стратегијата на здруженијата. Како последица на промената во политиката на здруженијата прикажан е нов начин на нивно организирање - создавање на тимови и тимска работа во здруженијата. Во однос на начинот на организирање прикажани се реинженерингот како можност за реорганизирање на постојните здруженија, бенчмаркингот и континуираното подобрување како можност здруженијата да се споредат и да направат промени во своето работење, односно да го подобрат својот начин на работа за да ги постигнат своите цели.

На крајот, презентирани се заклучните согледувања во кои на концизен начин изнесени се клучните наоди, заклучоците и препораките. Тие произлегуваат од аналитичките наоди на трудот и се дадени конкретни препораки во насока на унапредување на состојбата на здруженијата на производители на органско производство во Република Македонија.

### 3. Оцена и предлог

Членовите на Комисијата внимателно ја проучија поднесената докторска дисертација на кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска под наслов „Можности и перспективи за примена на целосното управување со квалитет во здруженијата на производители на органски производи во Република Македонија“ и сметаат дека таа претставува содржаен труд поврзан со можностите за примена на TQM како начин на организирање и работење на здруженијата на производители на органски производи. Трудот содржи теориска основа и методолошка рамка кои обезбедуваат релевантна основа за соодветно третирање на поставените прашања.

Комисијата цени дека преку оваа дисертација, кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска одговорила на поставената хипотеза и придонесува за осознавање на можностите и перспективите од примена на целосното управување со квалитет во здруженијата на производители на органски производи во Република Македонија. Комисијата цени дека особен придонес на трудот е сознанието до кое стигнала кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска е дека примената на целосното управување со квалитет во практиките за развој на организирано функционирање на здруженијата на органски производители претставува можност и предизвик за здруженијата за да се зголеми конкурентската предност и да се подобрат резултатите во органското земјоделско производство. Во овој контекст, кандидатката со право констатира дека при процесот на примена на целосното управување на квалитет во работењето и организирањето на здруженијата на производители на органски производи, треба јасно и систематски да се креира стратегиска рамка која ќе ги поврзе органското производство и работењето и организирањето на производителите на органски производи и нивните здруженија.

Во истражувањето, кандидатката користи обемна домашна и странска литература. Дополнително, таа има солидно познавање на методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирање на појдовната теориско-методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето. Резултатите од истражувањето во дисертацијата можат да придонесат кон продлабочување на сознанијата за примена на целосното управување со квалитет на ниво на здруженија во Република Македонија, а воедно да помогнат во развој на агрокомплексот во Република Македонија воопшто, а не само во делот на органско производство.

Имајќи ги предвид претходно изнесените ставови, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, во својот труд, успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Комисијата цени дека докторската дисертација „Можности и перспективи за примена на целосното управување со квалитет во здруженијата на производители на органски производи во Република Македонија “ по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација од аспект на содржина, обем и постигнато ниво на квалитет.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација „Можности и перспективи за примена на целосното управување со квалитет во здруженијата на производители на органски производи во Република Македонија “;
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација, а на кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска да и се допушти јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена на докторската дисертација

Д-р Наташа Данилоска, с.р.

Д-р Васил Поповски, с.р.

Д-р Ѓорѓи Ѓорѓевски, с.р.

Д-р Татјана Петковска, с.р.

Д-р Снежана Милошевска-Костадиноска, с.р.

## Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДЕЛАТА ПРЕЛУДИУМИ I КНИГА ОД КЛОД ДЕБИСИ, ЕТИДА ОП. 52 БР. 3 ВО d-moll ОД СЕРГЕЈ ПРОКОФЈЕВ, *ПО ЧИТАЊЕТО НА ДАНТЕ*: FANTASIA QUASI SONATA ОД ФРАНЦ ЛИСТ И КОНЦЕРТОТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР ОП. 11 БР. 1 ВО e-moll ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН И ТЕОРИСКИОТ ТРУД „СОВЛАДУВАЊЕТО НА ТЕХНИЧКИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО КОНЦЕРТОТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР ОП. 11 БР. 1 ВО e-moll ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН ПРЕКУ ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОРМУЛИ" ОД М-Р КРИСТИНА СВЕТИЕВА

Почестени од Одлуката на Наставно-научниот и уметничкиот совет при Факултетот за музичка уметност во Скопје, кој донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Жени Захариева, проф. д-р Димитрије Бужаровски, проф. м-р Евушка Трпкова-Елезовиќ, проф. д-р Бојан Ортаков и проф. д-р Марија Ѓошевска за оцена на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата Прелудиуми I книга од Клод Дебиси, Етида оп. 52 бр. 3 во d-moll од Сергеј Прокофјев, *По читањето на Данте*: Fantasia quasi Sonata од Франц Лист и Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e-moll од Фредерик Шопен и теорискиот труд „Совладувањето на техничките проблеми во Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e-moll од Фредерик Шопен преку поставување на формули" од м-р Кристина Светиева, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација од областа на пијанистичката интерпретација од м-р Кристина Светиева се состоеше од изведба на два интерпретациски дела – при што во првиот дел беа изведени Прелудиумите од I книга од Клод Дебиси, Етидата оп. 52 бр. 3 во d-moll од Сергеј Прокофјев и *По читањето на Данте*: Fantasia quasi Sonata од Франц Лист, а во вториот дел беше изведен Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e-moll од Фредерик Шопен – како и изработката на теорискиот труд „Совладувањето на техничките проблеми во Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e-moll од Фредерик Шопен преку поставување на формули".

Рециталскиот дел од докторската дисертација од м-р Кристина Светиева со изведбата на Прелудиумите од I книга од Клод Дебиси, Етидата оп. 52 бр. 3 во d-moll од Сергеј Прокофјев и *По читањето на Данте*: Fantasia quasi Sonata од Франц Лист се одржа во Концертната сала на Факултетот за музичка уметност во Скопје на 20 декември 2011 година, со почеток во 20 часот.

При изведбата на овој репертоар, кандидатката м-р Светиева демонстрираше силен интелект при градењето на архитектониката на делата и суверено владееше со широката палета на пијанистички техники присутни во делата. Оваа нејзина виртуозност, педантната разработка на делата и интелектуалниот пристап кон изведбата придонесе за јасно доловување на стилските карактеристики на избраните дела кои се врвови во пијанистичката литература на романтизмот, импресионизмот и неокласицизмот. Со својата

вродена поетичност, кандидатката креираше оригинална интерпретација исполнета со пијанистичка рафинираност и тонско боење.

Вториот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Светиева со изведбата на Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e-moll од Фредерик Шопен се одржа во Концертната сала на Факултетот за музичка уметност во Скопје на 30 мај 2012 година, со почеток во 11:30 часот. Како пијано-соработник се претстави проф. м-р Тодор Светиев.

Кандидатката демонстрираше техничка прецизност и издржливост потребна за виртуозитетот на Шопеновите концерти за пијано. Покрај ова, изведбата успешно го долови и емотивното богатство карактеристично за романтичниот идиом на Фредерик Шопен. Во ова посебно се издвојуваше префинетото чувство за обликување на фразите.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Светиева покажа исклучително професионална, естетска и технички ангажирана изведба и во двата интерпретациски дела и со тоа во целост ги исполни музичко-уметничките стандарди за одбрана на рециталскиот и концертниот дел од докторската дисертација од областа на пијанистичката интерпретација.

Поднесениот теориски труд „Совладувањето на техничките проблеми во Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e-moll од Фредерик Шопен преку поставување на формули“ од м-р Кристина Светиева содржи вкупно 136 страници во кои се вклучени апстрактот, содржината, списокот на примери, списокот на шематски прикази, воведот, прегледот на литература, методот, резултатите, заклучокот, библиографијата и прилогот.

Библиографскиот дел содржи 63 единици во кои од извонредно богатата теориска литература за овој композитор се вклучени светски најавторитетните монографии, теориски трудови, зборници, дисертации и веб-страници. Овие единици се претставени и обработени и низ второто поглавје за прегледот на литературата за Шопеновиот лик и творештво. Библиографијата е надополнета и со литература од областа на пијанистичката интерпретација и методиката на наставата по пијано, трудови од проф. д-р Димитрије Бужаровски и трудови од областа на пијанистичката интерпретација (Ислам, 2001, 2002, Гацева, 2007, Потевска, 2013, Џорлева, 2013) исто така работени под негово менторство.

Кандидатката м-р Светиева во воведот го лоцира композиторот, пијанист и педагог Фредерик Шопен, кој има уникатно значење за пијанизмот во 19 век и чија комплексна дејност е постојано актуелна за истражување и анализа. Од друга страна, кандидатката забележува дека денешната пијанистичка практика неминовно ја следи и теориската елаборација на проблемите, не само заради теорискиот интерес да се согледа суштината на феноменот, туку и од практични причини да се олесни подготвителниот процес и да се подигне нивото на интерпретацијата. Оттаму и изработката на овој труд, покрај стекнувањето на искуство за методите на научна работа и нивната примена на конкретен теориски проблем, треба практично да помогне во подготовката на репертоарот вклучен во интерпретацискиот дел, во случајот Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e moll од Фредерик Шопен.

При дефинирањето на предметот на истражување, кандидатката поаѓа од претпоставката дека комплексните техничките проблеми на ова дело од Шопеновото творештво можат успешно да бидат совладани преку поставување на

соодветни пијанистички формули кои би се користеле во процесот на подготовка за изведба. На овој начин, предметот ги содржи двата главни сегмента: совладување на техничките проблеми во Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во е moll од Фредерик Шопен; и поставување формули за совладување на техничките проблеми.

Во натамошната разработка на сегментите на предметот, кандидатката ги зела предвид сопствените сознанија од пијанистичката едукативна и изведувачка практика, заклучоците од досегашните истражувања кои сметаат дека техничките проблеми можат да се надминат со помош на формули, како и трудовите на пијанистичките авторитети Корто, Бузони и Лист. Кандидатката ја употребува класификацијата на пијанистичките техники направена според *Рационалните принципи на пијанистичката техника* од Алфред Корто (1930) и класификацијата на плановите на музичкото дело во *Увод во анализата на музичкото дело* од Димитрије Бужаровски (1995).

На овој начин е формулирана основната претпоставка дека совладувањето на техничките проблеми во првиот концерт на Фредерик Шопен преку поставувањето на музичките формули игра улога во крајниот интерпретациски резултат и проблемот на истражувањето: улогата на техничките формули во совладувањето на техничките и интерпретациските проблеми во Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во е moll од Фредерик Шопен.

Прегледот на литературата кандидатката го организира во три дела: (а) литература за животот и творештвото на Фредерик Шопен – понатаму поделена во пет целини: 1) основна литература 2) историско-биографски податоци 3) творештво 4) Шопен како изведувач 5) Шопен како педагог; (б) литература за концертите за пијано и оркестар од Фредерик Шопен, при што кандидатката дава посебен осврт на делото на Џон Ринк, *Шопен: Концертите за пијано* (1997); и (в) литература за пијанистичките формули во која се опфатени сегменти од пијанистичките методи на Лист во трудот *Технички вежби*, Бузони во трудот *Пијанистички вежби* и споменатото дело на Корто.

Во третото поглавје, кандидатката го објаснува начинот на составување на примерокот за нејзиното истражување кој содржи 50 примери од целиот концерт (24 од првиот став, 8 од вториот став и 18 од третиот став), кои според нејзин субјективен избор се најрелевантни за решавање на интерпретациските задачи во овој Шопенов концерт. Избраните примери како одраз на одредена пијанистичка техника или комбинација на повеќе техники, кандидатката ги користи како основа за креирање на формули. Формулите се создадени врз основа на принципот на варирање на пијанистичките техники и нивните составни музички планови.

Процедурата на нејзиното истражување започнува со семплирање на примерите, по што следува: нивна анализа според пијанистичка техника, изработка на формули, примена и проверка на ефикасноста на формулите и анализа на формулите заради идентификација на моделот на употребената пијанистичка техника и планови на музичкото дело. Кандидатката ја потенцира комплементарноста на теорискиот дел со интерпретацискиот, со што бил олеснет и забрзан не само процесот на подготовката на интерпретацискиот дел, туку и анализите потребни за изведување на нејзиното истражување. Во нејзиното истражување е вклучена и детална структурална и хармонска анализа на

избраниот концерт, која исто така е дел од процедурата на истражувањето и е дадена во прилог на крајот на трудот.

Кандидатката истражувањето го лоцира во категоријата студија на случај, а со оглед на фактот дека делото е дел од докторската изведувачка програма, самата таа има двојна улога и како интерпретатор (инсајдер) и како истражувач (аутсајдер). Ова е видно и во фактот што истражувачот овде се јавува и како креатор на формулите и потоа како интерпретатор на нивната практична проверка во текот на подготовката на делото. Соодветно на генералниот квалитативен пристап се искористени квалитативните методи: интроспекција и субјективно толкување на спецификите и структурата на пијанистичките техники и креирањето на формулите за надминување на техничките проблеми во делото. Сепак, во натамошниот тек на истражувањето кандидатката применува анализа основана на категоризирани постапки (видови техники и планови на музичкото дело) и добиените резултати ги внесува во база на податоци кои натаму можат да се обработуваат со квантитативните техники на непараметриската статистика.

Во четвртото поглавје кое е посветено на резултатите од истражувањето, кандидатката најпрво дава опис на доминантните пијанистички техники во примерокот. Претставувањето на примерите заедно со соодветните формули кандидатката го изведува според редоследот на ставовите во концертот. Бројот на формулите варира во зависност од сложеноста на примерот. Кандидатката изготвила 184 формули на ниво на целиот примерок. Формулите, исто така, се проследени со коментар за нивната специфика, сложеност и функционалност, а на крајот е приложена табела со преглед на употребените пијанистички техники и планови за секој пример и формула посебно.

Од прегледот на употребените формули и соодветните техники, односно планови, може да се констатира разновидноста на решенија кои тие ги нудат. При тоа, кандидатката потенцира дека субјективниот критериум за успешноста произлегува од индивидуалниот однос, односно хабитус на интерпретаторот и креаторот на формулите. Во нејзиниот случај, успешната изведба на техничките проблеми на овој Шопенов концерт ја потврдуваат појдовната претпоставка за функцијата на формулите во подготовката на пијанистичкиот репертоар.

Посебно значајно е тоа што пристапот на кандидатката м-р Светиева кон темата и изборот на квалитативниот метод во кој се воспоставува директна врска меѓу практичниот (изработката на формулите) и теорискиот дел (анализа и коментар на употребените формули), отвора натамошен пат за квантитативна анализа на обработениот корпус кој би дал нова уште попродлабочена перспектива на анализираниот феномен.

Врз основа на сето досега кажано, со посебно задоволство можеме да констатираме, дека кандидатката м-р Светиева понудила драгоцен труд, почнувајќи од изборот на темата и поставувањето на проблемот, преку одредбата на методот/ите, до студиозно изработените формули со соодветните анализи и заклучоци. Со оглед на позицијата на Шопеновото творештво во пијанистичкиот репертоар, овој труд сигурно ќе најде широка примена во сите области поврзани со пијанистичката уметност, почнувајќи од пијанистичката педагогија, преку теоријата на интерпретацијата до музикологијата. Покрај ова, во македонската теориска мисла ова е прв пообемен труд кој се занимава со проблемот на

поставување на пијанистички формули, и со тоа тој неминовно ќе послужи како методолошка основа за натамошни истражувања.

Имајќи ги предвид сите изнесени заклучоци, најнапред за интерпретацискиот дел, а потоа и за теорискиот труд, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Кристина Светиева не само што ги исполнила, туку и ги надминала интерпретациските и теориските барања за изработка на докторска дисертација од областа на музичката интерпретација. Затоа, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет при Факултетот за музичка уметност во Скопје да ја одобри и закаже одбраната на последниот теориски дел од докторската дисертација на м-р Кристина Светиева.

Рецензентска комисија,

Проф. м-р Жени Захариева, с.р.

Проф. д-р Димитрије Бужаровски, с.р.

Проф. м-р Евушка Трпкова-Елезовиќ, с.р.

Проф. д-р Бојан Ортаков, с.р.

Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филолошкиот факултет “Блаже Конески”-Скопје

| *Име и презиме на кандидатот* | *Наслов на тема за магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|
| Сара Чепишевска | „Моторна алалија (од глас до реченица)“ | проф. д-р Татјана Гочкова-Стојановска |
| Емилија Величкова | „Крактеристични белези на јазичниот израз кај средношколската младина во електронската комуникација“ | проф. д-р Катерина Вељановска |
| Фросина Савевска | „Фраземите во насловите на печатените и на електронските медиуми“ | проф. д-р Катерина Вељановска |
| Кети Кацуровска | „Лексичките особености во делото на Драги Михајловски “Мојот Скендербег”-во превод на албански јазик“ | проф. д-р Агим Пољоска |
| Љупка Јакимовска | „Семантиката на глаголите за визуелна перцепција во македонскиот и во англискиот јазик“ | проф. д-р Елени Бужаровска |
| Мартина Ристеска | „Усвојувањето на родот и бројот на именките во италијанскиот како странски јазик од страна на македонски говорители“ | проф. д-р Радица Никодиновска |
| Бранка Гривчевска | „Преведувачките техники во македонскиот превод на романот Паломар од Итало Калвино“ | проф. д-р Радица Никодиновска |
| Сезен Сејфула | „Англицизми во информатичката и медиумската лексика во турскиот јазик“ | проф. д-р Назим Ибрахим и доц. д-р Иса Спахиу |

| | | |
|---|---|---|
| Нита Селими | „Структурни и културолошки аспекти на одговорите на комплиментите во македонскиот и во албанскиот јазик во споредба со англискиот“ | проф. д-р Елени Бужаровска |
| Ивана Михајлова | „Синонимијата во делото на Методија Фотев „Потомците на Кат“ во превод на албански јазик” | проф. д-р Агим Пољоска |
| Милкица Масева | „Контрастивна анализа на кулинарската терминологија во италијанскиот и во македонскиот јазик“ | проф. д-р Александра Саржоска |
| Марјанчо Стоилов | „Сложени придавки во германскиот и во македонскиот јазик“ | проф. д-р Силвана Симоска |
| Елена Христовска | „Основни принципи на германскиот и на македонскиот правопис“ | проф. д-р Силвана Симоска |
| Сабиха Лочи | „Тематско-мотивска анализа на расказите на Реџеп Мурат Бугарич“ | доц. д-р Фадил Хоџа |
| Сабиха Пиргози | „Тематско-мотивска анализа на поезијата на Илхами Емин“ | доц. д-р Фадил Хоџа |
| Марија Гуческа | „Поетизација на автобиографскиот жанр: Еволуција и трансформација на автобиографскиот дискурс во делата на Жан Жак Русо (од Исповедите, преку Дијалозите и Писмата, сè до Мечтаењата на осамениот талкач)“ | проф. д-р Елисавета Поповска |
| Моника Павловска | „Лавиринтот како творечки принцип во делата на Мишел Битор од циклусот за Новиот Роман“ | проф. д-р Елисавета Поповска |

| | | |
|---|---|---|
| Лидија Николова | „Интертекстуални транспонирања на додолските, ѓурѓовденските и божиќните ритуали во современата македонска поезија“ | акад. д-р Катица Ќулавкова |
| Мухамед Сулејман | „Рецепцијата на книжевното творештво на Илхами Емин во македонскиот културолошки контекст“ | проф. д-р Славица Србиновска |
| Душан Стојчев | „Кризата на значењето во фантастиката на Филип К. Дик“ | проф. д-р Венко Андоновски |
| Алмир Мељовиќ | „Прозата на Питер Акројд и Драги Михајловски како биофикција: Дикенс, Последниот тестамент на Оскар Вајлд, Англиска Музика, Мојот Скендер-беј и Раскази од шести кат“ | проф. д-р Соња Витанова-Стрезова |
| Андријана Петкоска | „Деконструкција на викторијанскиот идеал за жената во модерната проза на Вирџинија Вулф и Кетрин Менсфилд“ | проф. д-р Соња Витанова-Стрезова |
| Елена Мицевска | „Женското лудило како нов готски израз на потрагата по сопствениот идентитет во прозата на Дорис Лесинг и Џин Рис“ | проф. д-р Соња Витанова-Стрезова |
| Стојче Петровски | „Културните идентитети низ јас-нарацијата во прозата на Кацуо Ишигуро, Ханиф Куреиши и Кица Колбе“ | проф. д-р Соња Витанова-Стрезова |
| Кристина Костова | „Форми на субверзија на женските ликови против патријахалните норми во англиската ренесансна драма“ | проф. д-р Рајна Кошка-Хот |
| Александра Јурукоска | „Екфразата како реторичко средство во поезијата на В. К. | проф. д-р Зоран Анчевски |

| | | |
|---|---|---|
| | Вилијамс и Валас Стивенс“ | |
| Елена Михајлова | „Влијанието на когнитивниот товар при симултаното толкување и механизми за справување“ | проф. д-р Маргарита Велевска |
| Ивана Ванчевска | „Моделите на ангажираноста на толкувачот и нивната примена во симултаното толкување од англиски кон македонски јазик“ | доц. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ |
| Ѓурѓица Илиева | „Двонасочното толкување како дискурсен процес“ | проф. д-р Емилија Саржоска-Георгиевска |
| *Име и презиме на кандидатот* | *Наслов на тема за магистерски труд* | *Ментор* |
| Анета Трајковска | „Усогласување по род во македонскиот меѓујазик на албанските изучувачи“ | проф. д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јаневска |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОМЕНА НА ПАРАДИГМАТА И СТРАТЕШКИОТ ПРИСТАП КОН НАЦИОНАЛНИТЕ РЕСУРСИ – СИСТЕМСКИ МОДЕЛ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ЗА ХОЛИСТИЧКО ТРЕТИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р НИКОЛАЃОРГОН, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

На седницата одржана на 18.12.2013 година, Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје донесе решение за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација од кандидатот м-р Никола Ѓоргон со наслов „Промена на парадигмата и стратешкиот пристап кон националните ресурси – системски модел на креирање политики за холистичко третирање на одржливиот развој“, во состав: проф. д-р Панде Лазаревски, проф. д-р Мирјана Најчевска, проф. д-р Јорде Јаќимовски, проф. д-р Лидија Христова и проф. д-р Бранислав Саркањац.

СТРУКТУРА И СОДРЖИНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Дисертацијата содржи 252 страници компјутерски отчукан текст, со повеќе од 150 библиографски единици.

Концептот на докторската дисертација се состои од осум тематски единици, структурирани на начин што овозможува прегледно отсликување на темата и логична поврзаност на одделните делови со што се олеснува читањет на трудот:

1. ВОВЕД
2. ПОЈАВА, ПРОБЛЕМ, ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ
3. ПОИМНО-КАТЕГОРИЈАЛЕН АПАРАТ
4. ХИПОТЕТСКА РАМКА
5. ТЕОРИСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД
6. НАОДИ И ДИСКУСИЈА
7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА
8. БИБЛИОГРАФИЈА

Според концептуалната поставеност, тезата започнува со **вовед** во кој е дадено образложение за мотивот за третирање на темата, односно увереноста дека главниот предизвик за одржливиот развој е односот кон ресурсите за кој се претпостави дека зависи од парадигмата на општото менаџирање со ресурсите (ОМР - парадигмата).

Преку запазувањата во практиката, стручната литература и истражувачкиот пристап, во **првата глава** е дадено и образложение за општествената и научната оправданост на темата што е предмет на истражување. Притоа, се елаборира теоретската празнина што би се пополнила со истражувањето и последиците врз практиката.

**Втората глава** се фокусира на елаборирање на појавата, проблемот, предметот, целите и задачите на трудот.

Во **третата глава** се разработува поимно-категоријалниот апарат и клучните поими релевантни за темата на истражувањето: парадигмата, ентропијата, ресурсите, креирањето политики и стратешкото планирање, холизмот и одржливиот развој.

Во **четвртата глава** е дадена хипотетската рамка. Генералната хипотеза, во која се проектира предметот на дисертацијата, е разработена низ три посебни хипотези кои се однесуваат на трите клучни димензии: системскиот капацитет, културно-вредносната матрица и расположливите техничко-технолошки знаења и алатки.

Во **петтата глава** е претставен теориско-методолошкиот приод. Притоа, презентирани се и образложени теориските поаѓалишта, во кои спаѓаат системската теорија, теоријата на општествената ентропија, теориите за општествените циклуси и теоријата за промена на парадигмите. Во рамките на методолошкиот приод, образложени се методот на моделирање и парадигматската призма како методолошки патоказ.

Во **шестата глава** се наодите и дискусијата, во кои се разгледуваат условите за промена на парадигмата, циклусот на промената и неговата динамика. Имајќи предвид дека пристапот кон ресурсите е важен индикатор за утврдување на состојбата во која се наоѓа ОМР - парадигмата, разгледани се низа на примери на ентропија во процесот на креирање политика во односот кон ресурсите.

Во **седмата глава** се презентирани заклучните согледувања, и тоа преку укажување на релевантноста на појавата, проблемот и предметот на истражувањето, основаноста на претпоставката за промената на парадигмата под влијание на ентропијата, поврзаноста на одржливиот развој и ресурсите преку холистичкиот пристап, како и стратешкиот пристап кон ресурсите.

## МОТИВ, ПОЈАВА И ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основниот мотив за истражувањето произлезе од увереноста дека одржливиот развој се соочува со сериозен предизвик што е последица на човековиот однос кон ресурсите, однос за кој кандидатот предложи дека зависи од парадигмата на општото менаџирање со ресурсите (ОМР - парадигмата.)

Ограниченото сфаќање на ресурсот и можностите што ги дава, тесното теориско поле, недостатокот на одговорност на сегашната кон идните генерации, занемарувањето на меѓузависноста што постои меѓу ресурсите и вредностите, системската фокусираност на последиците наместо на причините за проблемите, ограничените решенија на процесот на креирање политики насочени на забавување на темпото на неодржливоста наместо создавање услови за замена на неодржливиот со одржлив развој се само дел од предизвиците со кои се соочува процесот на постигнување на одржлив развој. Оттука и препоставката дека промената во перципирањето на проблемот со третирањето на ресурсите и одржливиот развој е возможно доколку настане темелна промена на парадигмата, од што ќе произлезе и променет однос кон ресурсите, вклучително и човекот како клучен ресурс.

Надоврзувајќи се на основниот мотив за истражувањето, како општа појава е одредена корелацијата меѓу ОМР - парадигмата и човековиот однос кон ресурсите, вклучително и кон самиот себе како основен ресурс, кој се наоѓа во основата на пристапот во експлоатацијата на ресурсите и техничко-технолошките решенија во тој процес.

Појавата е разгледана низ призмата на официјалните и неофицијалните чинители во процесот на креирање политики, меѓу кои, за потребите на истражувањето, се издвоени носителите на политички одлуки на национално и меѓународно ниво,

интересните групи, политичките партии, истражувачките заедници и масовните медиуми. Се истакна дека парадигмата, преку разбирањето и толкувањето на појавата, влијае на способноста истата таа појава да се препознае како јавен проблем. Се укажа на генералниот недостаток на холистичкиот пристап кај наведените чинители поради ентропијата на парадигмата и вредностите врз кои таа се темели. Следствено, како основен проблем е посочен дисбалансот меѓу техничките знаења и можности и антропоцентричната перцепција на опкружувањето. Во таа смисла, предложено е дека надминувањето на проблемот и постигнувањето одржлив и рамномерен развој подразбира нови навики кои се дораснати на новите технологии.

## ПРЕДМЕТ, ХИПОТЕЗИ И ТЕОРИСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Поаѓајќи од појавата и проблемот, кои се разгледувани низ призмата на нивното манифестирање, разбирање и толкување на состојбите, процесите, структурите, врските и причинско-последичните спреги, изведен е и предметот на истражувањето, односно, конзистентноста на системскиот модел на креирање политики за холистичко третирање на одржливиот развој преку ОМР - парадигмата што ја имплицира, како претпоставка за стратешкиот пристап во ползувањето на националните ресурси. Со други зборови, ова истражување имаше за цел да ги утврди постулатите врз кои би се темелел стратешкиот пристап кон ползување на ресурсите, како претпоставка за конструирање на системски модел на креирање политики за холистичко третирање на одржливиот развој.

Изведената генерална хипотеза е дека постои корелација меѓу промената на ОМР - парадигмата поради ентропијата, како независна варијабла, и постигнувањето одржлив развој, како зависна варијабла, под претпоставка дека културно-вредносната матрица овозможува стратешкиот пристап и креирањето политики во односот кон ресурсите да соодветствуваат со техничко-технолошките знаења и односи.

Генералната хипотеза, во која се проектира предметот на дисертацијата, е разработена низ три посебни хипотези кои укажуваат дека: промената на односот кон ресурсите зависи од промената на парадигмата, условена од ентропијата; парадигмата го одредува креирањето политики (пристапот кон интерпретирањето на состојбите и изнаоѓањето решенија на проблемите) и преку нив влијае на одржливиот развој; холистичкиот одржлив развој е можен ако стратешкиот пристап кон ресурсите и креирањето политики поврзани со ресурите соодветствуваат со техничко-технолошките знаења и односи.

Самото истражување се водеше низ теориско-методолошки приод втемелен врз постпозитивистичкиот теориски пристап на Томас С. Кун за промената на парадигмите со застапени нормативни елементи. Имајќи ја предвид важноста на системската ентропија во циклусот на промената на парадигмите, пристапот се осврна и врз системски пристап и нео-функционалистичката теорија на општествена ентропија на Кенет Д. Бејли. Парадигматските промени на општествено ниво беа разгледувани низ системската призма на Томас Р. Дјуи. Влијанието на парадигмата во процесот на креирање политики беше разгледувано низ призмата на предизвиците со кои се соочува процесот на креирање политики, особено Брајан Хогвуд и Б. Гај Питерс. Во методолошка смисла, истражувањето е **квалитативно**, ја користи општонаучната **метода на моделирање**, со нагласен **холистички** пристап.

Согласно со системскиот пристап, понудениот модел на парадигматска промена се состои од конститутивни елементи, контекстуални чинители и функционални спреги. По своите карактеристики, станува збор за проектирачки, идеализиран, парадигматски, вредносен и еластичен (отворен) модел, што опфаќа парадигматска призма како методолошки патоказ, врз основа на која се утврдува односот кон ресурсите низ онтолошки, гносеолошки и инструментален компас.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И ПРЕДЛОГ

Одржувањето и промената на ОМР - парадигмата зависи од соодносот меѓу негентропијата како агенс на одржување и ентропијата како агенс на промена. Од овој соодност зависи способноста на системот да ги пренесува информациите

неопходни за негово функционирање и легитимизирање (преку образованието и навиките).

ОМР - парадигмата ги следи законитостите на парадигматска промена. За разлика од Куновиот циклус на промена на научните парадигми што започнува со прет - парадигматската состојба карактеристична за природните науки, а продолжува со воспоставување на парадигма, нејзина зрелост, криза и завршува со замена на старата со нова парадигма, беше укажано дека циклусот на промена на ОМР - парадигмата минува низ пет фази: (1) постоење на актуелна парадигма; (2) криза; (3) трансформација на парадигмата во пара*догма*; (4) трансформација на парадогмата во догма; (5) отфрлање на старата и прифаќање на нова парадигма. Во основата на овој циклус е процесот на ентропија.

Промената на ОМР – парадигмата, пред сè, значи промена на перцепцијата што човекот ја има кон ресурсите. Ресурсот што е надвор од парадигматското видно поле не се третира како ресурс. Во најдобар случај, за него може да се размислува како за потенцијален ресурс што сè уште е неприменлив, поради што и не го добива потребното внимание. Оттука, перцепцијата го одредува односот кон ресурсите, но и проблемите поврзани со ресурсите.

Парадигмата влијае на процесот на креирање политики низ сите функционални активности и фази на овој процес: перципирањето на тоа што претставува јавен проблем; утврдувањето на пристап кон јавниот проблем; формулирањето на политиките. Дополнително на тоа, парадигмата влијае и на прифаќањето, имплементацијата и евалуацијата на политиката за јавниот проблем.

Ентропираната парадигма се одликува со отсуство на холизам. Притоа, една од основните пречки за холистичкиот пристап кон ресурсите е во самата природа на системот дизајниран да ги штити функциите и доменот на работа на одредена институција или организација, наместо да ги поврзува функциите според потребите, доведувајќи до непотребно дуплирање и расипување на ресурсите. Основите на ваквиот нехолистички систем се лоцирани во нехолистичката ОМР - парадигма и нејзиниот парцијален однос кон ресурсите.

Наместо стратешки пристап, што е во функција на холистички пристап кон ресурсите, доминира таканареченото стратешко тактизирање што води до загуба на ресурсите. Меѓу појавите на нехолистичкото и неодржливо третирање на

ресурсите беа посочени следните: хиперактивна администрација, фокусирана на активностите наместо на резултатите; процедурализам, сфатен како придавање поголемо значење на формата наместо на суштината; атрофија, сфатена како запуштање на ресурсите; поголемо алоцирање на ресурси отколку што е реално потребно; одделување на средства за краткорочни цели; неразумно одржување во живот на неодржливото; постоење на нејасно поставени цели; поставување неостварливи цели.

Предложено е усогласување на процесот на креирање политики и стратешкиот пристап по линија на онтолошкиот, гносеолошкиот и инструменталниот компас. При дефинирањето на посакуваната иднина, неопходно е да се утврди што се подразбира под ресурс, и зошто се гледа на нештото како на ресурс. Само по (ре)дефинирањето на перцепцијата на ресурсите може да се пристапи кон промена на процесот на креирање политики и утврдување на стратешкиот пристап кон нив, односно утврдување зошто ќе се користат ресурсите и на кој начин ќе се користат. Тоа е од суштинска важност за постигнување на одржлив развој.

Заклучокот е дека промената на парадигмата и промената на односот кон ресурсите нужно се одразува на одржливоста на развојот. Развојот може да биде холистички и одржлив само доколку културно-вредносната матрица, што се наоѓа во сржта на ОМР - парадигмата, го овозможи следното: креирањето политики и стратешкиот пристап да соодветствуваат со нивото на техничко-технолошки знаења и односи. Согласно со системскиот пристап, културно-вредносната матрица на парадигмата има функција на системска граница што ги пропушта или блокира идеите што како инпути од околината влегуваат во системот; идеи кои се однесуваат и на перцепцијата и односот кон ресурсите. Имајќи го предвид значењето на перцепцијата и односот кон ресурсите за одржливиот развој, матрицата на холистичката ОМР - парадигма треба да овозможи синхронизирање на креирањето политики и стратешкиот пристап со нивото на техничко-технолошки знаења и односи, што во крајна линија треба да овозможи одржлив и рамномерен развој.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на текстот на докторската дисертација „Промена на парадигмата и стратешкиот пристап кон националните ресурси – системски модел на креирање политики за холистичко третирање на одржливиот развој“ од кандидатот м-р Никола Ѓоргон, Комисијата го констатира следново:

- дисертацијата третира исклучително значаен проблем што е клучен за разбирање на општествените промени низ призма на одржливоста на развојот како последица на човековиот однос кон ресурсите, определен со парадигмата на општото менаџирање со ресурсите;
- предложената дисертација содржи конзистентна структура и висок степен на научна прегледност;
- кандидатот демонстрира исклучителна упатеност во релевантната литература и истражувања и нив критички ги интегрира во дисертацијата како алатка за дескрипција на состојбите, анализа на факторите на влијание и синтеза на наодите со нагласен холистички пристап;
- кандидатот јасно го дефинирал предметот на истражувањето и успешно ја поставил општата и посебните хипотези;
- дисертацијата дава придонес кон разбирање на промената на парадигмата сугерирајќи дека холистичкиот карактер на развојот е функција на културно-вредносната матрица;
- дисертацијата е чекор во надоградувањето на системската теорија, нагласувајќи ја функцијата на културно-вредносна матрица на парадигмата како системска граница што ги пропушта или блокира идеите кои како инпути од околината влегуваат во системот; идеи кои се однесуваат и на перцепцијата и односот кон ресурсите;
- дисертацијата е теориски и методолошки издржана, се надоврзува врз релевантните теориски модели, дава критички осврт и нуди надоградување на теоријата за законитостите на парадигматска промена, што и дава особена научна вредност.

*******

Имајќи ги предвид изнесените констатации, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација под наслов „Промена на парадигмата и стратешкиот пристап кон националните ресурси – системски модел на креирање политики за холистичко третирање на одржливиот развој“ од кандидатот м-р Никола Ѓоргон и му предлага на Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје да закаже нејзина јавна одбрана.

Членови на Комисијата

проф. д-р Панде Лазаревски с.р.

проф. д-р Мирјана Најчевска с.р.

проф. д-р Јорде Јаќимовски с.р.

проф. д-р Лидија Христова с.р.

проф. д-р Бранислав Саркањац с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКИ ПРАВНИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 1.11.2013 година по повод распишаниот конкурс за избор/реизбор на наставник во сите наставно-научни звања на наставно-научната област воведни и теоретски правни науки, со Одлука бр. 02-1215/126 формираше Комисија за избор/реизбор на на ставник во сите наставно-научни звања на научната област воведни и теоретски правни науки на истиот Факултет, во состав: проф.д-р Симеон Гелевски, редовен професор, проф.д-р Драган Митровиќ, редовен професор и проф.д-р Сашо Георгиевски, редовен професор.

Комисијата ги разгледа поднесените конкурсни материјали и му го поднесува на усвојување на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ следниов

ИЗВЕШТАЈ

I

На објавениот конкурс за избор/реизбор на наставник во сите наставно - научни звања на научната област воведни и теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ на 12.10.2013 година, се пријави еден кандидат, д-р Добринка Тасковска, вонреден професор. Комисијата со внимание ги разгледа пријавата, прилозите, објавените трудови и другите активности на кандидатката д-р Добринка Тасковска.

1.Биографија до вработувањето на Правниот факултет (1991 година)

-основно и средно образование („Јоаким Крчовски“ и „Моша Пијаде“, Крива Паланка): среден успех 5,00, прогласена за најдобар ученик во историјата на двете училишта;

-двапати во основно и двапати во текот на средното образование прогласенаеж е за шампион на знаење на поранешна СФРЈ, во конкуренција на сите основни и средни училишта од целата држава (натпревар по историја на југословенските народи и општествено уредување на СФРЈ). Во трета година средно образование, заради тој кумулативен успех, добила посебна златна плакета на сојузно ниво;

-први награди во СРМ во областа на физиката, македонскиот јазик, историјата и литературата;

-прва награда, 1982 година, на Европскиот натпревар по француски јазик, организиран од Францускатa алијанса, по што се стекнала со право на едномесечен студиски престој во Париз заедно со претставници на сите тогашни европски држави;

-дипломирала на Правниот факултет во Скопје во април 1989 година, со просечен успех 9,89, како втор по успех студент во дотогашната историја на Факултетот, за што ја добива факултетската и универзитетска награда за најдобар студент;

-во учебната 1985/86 година, како студент на втора година, изведува вежби како демонстратор по предметот теорија на државата и правото на Правниот факултет во Скопје;

-учесник е на повеќе младински школи, работни акции, образовни и други натпревари, долгогодишен активист е на тогашната младинска организација за што добива бројни признанија и е автор на текстови во зборници од младински стручни школи;
-во текот на 1990 година е волонтер-стажант во Општинскиот суд Скопје 2 и во Окружниот суд во Скопје.
-во 1989 година се запишала на постдипломските студии по меѓународно право и меѓународни односи на Правниот факултет во Белград, а во 1990 година, истовремено, и на постдипломските студии на Правниот факултет во Скопје, на насоката правно-политички науки.
2.Степени, настава, трудови и други активности во звањето помлад асистент/асистент на Правниот факултет во Скопје (1991-2000 година)
-На 4 јануари 1991 година, избрана е за асистент на предметот теорија на државата и правото на Правниот факултет во Скопје.
-Во јуни 1991 година, изработила обемен труд: **Идентитет, континуитет и сукцесија на државите**, кај проф.д-р Миленко Креќа по предметот меѓународно јавно право. По положувањето на испитите со просечна оценка 10,00, во фаза на подготовка на завршен испит со променета насока (теорија на правото наместо меѓународно право) и по финализација на консулатциите за тема на магистерски труд, кандидатката, на барање на предметните професори на Правниот факултет во Скопје, ги прекинала постдипломските студии во Белград.
-Во периодот 1993/94 година, како еден од првите добитници на Фулбрајтовата стиипендија (подвид John Marshall, за млади истражувачи), кандидатката престојувала на Правниот факултет при Универзитетот "Џорџтаун" во Вашингтон, САД. Кандидатката се стекнала со звањето Master of Laws, Common Law Studies, honors – with distinction, one of the top five in the graduating class). Во текот на овие постдипломски студии, кандидатката се стекнала со посебно признание – најдобар студент на генерацијата по предметот право на Европската заедница II (интелектуална сопственост на ЕЕЗ), проф. Даниел Силвер (Daniel Silver). Ментор на магистерската теза (Критериуми за држаност и процесот на прием во ООН) е проф. Дејвид Шефер (David Scheffer), помошник на американскиот министер за надворешни работи, Медлин Олбрајт и подоцнежен американски Ambassador at Large for War Crimes, во периодот на основање на ICC.
-Заради промена на наставниот план, полагање на испитите на постдипломските студии на Правниот факултет во Скопје и е овозможено дури три години по нивното запишување, т.е. во 1992 година. Заради престојот во САД, овие постдипломски мируваат во периодот јули 1993-јули 1994 година. Испитите ги положила со просечна оценка 10,00, а во јули 1996 година ја одбранила магистерската теза со наслов **Судското (прецедентното) право како извор на правото во правниот систем на САД**.
-Во периодот 1991-2000 година, кандидатката како асистент ги изведувала сите вежби и колоквиуми по предметите теорија на државата и правото (по 1994 година преименуван во вовед во правото) и филозофија на правото на правните студии, наука за политика и вовед во правото на политичките студии и вовед во правото и наука за политика на студиите по новинарство.Таа целосно покрива седум предмети на три додипломски студии, шест од нив во прва година, вкупно 16 групи, сите задолжителни предмети.
-Во учебната 1995/96 година, кандидатката беше носител на подготовката и реализатор на наставата, испитната литература и спроведување на испитите по предметот европски

институции на политичките студии, меѓународна насока, што таа учебна година првпат беше воведен на Факултетот.
-Во периодот февруари – мај 1996 година одржувала предавања по англиска правна терминологија на студентите на специјалистичките студии по дипломатско и конзуларно право.
-Во 1996 година, со започнување на наставата за четврта година по наставниот план од 1993/94 година, ја изработува наставната програма и ја подготвува испитната литература, ги покрива и наставата и вежбите по предметот филозофија на правото и ги изведува сите испити по истиот предмет (и формално целосно самостојно).
-Во периодот 1991-1996 година, кандидатката е секретар на Институтот за политички и правно-политички науки и на постдипломските студи на истиот Институт.
-Во периодот февруари 1996-октомври 1996 година ја извршувала функцијата секретар на специјалистичките студии по дипломатско и конзуларно право.
-Во овој период (детално во претходните извештаи кои се наоѓаат во личното досие на кандидатката), таа извршува голем број задачи во факултетски комисии и други тела, секретар е на повеќето зборници кои ги издава Факултетот, секретар на сите одбрани на ИППНаН, како и учесник и/или иницијатор/организатор на бројни домашни и меѓунродни проекти, средби и конференции со цел осовременување на наставата на Правниот факултет.
-Кандидатката учествувала на бројни меѓународни семинари, конференции и остварила студиски престои во Хаг (Холандија), Фиренца (Италија), Салцбург (Австрија), Лондон (Велика Британија), Кастелгандолфо (Италија) и други;
-Во 1999 година, како асистент, кандидатката е коавтор на учебникот “Вовед во правото“ (правни студии), “Вовед во правото“ (средно образование) и “Политологија“ (политички студии) и самостоен автор на авторизирани предавања по предметот филозофија на правото.
-Во 1991 година, д-р Тасковска е автор на првиот труд во Република Македонија на тема “Правна кибернетика“.
-Во 1995 година, кандидатката е автор на првиот труд објавен во Република Македонија од областа на правото на Европската унија.
-На 26.10.2000 година, на Правниот факултет во Љубљана, под менторство на проф.д-р Марјан Павчник, д-р Тасковска успешно ја одбранила докторската дисертација на тема: **Начелото на пропроционалност како општо правно начело (неговата артикулација во теоријата на правото и компаративното јавно право).** Дисертацијата е изработена на англиски јазик, со резиме на словенечки и со тоа се стекнува со научен степен доктор на правни науки.
-Во 2001 година, кандидатката е визитинг професор на Правниот факултет во Гренобл, Република Франција.
-Во периодот февруари – декември 2000 година ја извршувала функцијата помошник-министер за меѓународна соработка во областа на образованието.
3.Наставник на Правниот факултет во Скопје (март 2001 – септември 2005 година)
-Во учебните 2001/02, 2002/03, 2003/04 и 2004/05 година изведувала настава, испити и консултации по предметите вовед во правото (правни, политички и студии по новинарство) и наука за политика (политички и студии по новинарство). Со оглед на тоа дека на овие предмети немало ниту асистент, ниту демонстратор (на асистентот по наука за политика му мирувал работниот однос во периодот 2000-2006 година), таа делумно ги

покривала и асистентските обврски на сите овие предмети. Предметот филозофија на правото го покривала целосно, сите наставнички и асистентски обврски;
-Во периодот 2002-2005 година, кандидатката започнала со пробно воведување на кредит-системот во наставата по сите предмети кои ги предава.
-Во периодот февруари 2003-февруари 2004 година, врз основа на Одлука на Наставно – научниот совет на Правниот факултет во Скопје, изведувала настава и спроведувала испити по предметот вовед во правото на Факултетот за јавна администрација во Битола.
-Во учебната 2002-2003 година изведувала настава и спроведувала испити по предметот вовед во правото на постдипломските студии за странски јазици и меѓународна трговија, организирани заеднички од Правниот, Економскиот и Филолошкиот факултет во Скопје.
-Учествувала во наставата и испитите на постдипломските студии за правни и правно-политички науки (насока: теорија на правото) за предметите теорија на правото, современи теории за државата и правото, компаративни правни системи и филозофија на правото и на насоката за комуникологија на заедничкото наставно подрачје: право, правен систем, држава, институции и економика.
-Била член на повеќе комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови на Правниот и на Филолошкиот факултет, како и на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.
-Во периодот 2001-2002 година, кандидатката го подготвувала го реализирала проектот “Летна новинарска школа“ во соработка со домашни медиуми и холандската организација Press Now, во рамките на кој се обезбедуваат средства за на модерна новинарска лабараторија и се започнува со реформата на студиите по новинарство, преку интензивни тринеделни курсеви со учество на домашни и странски новинари и професори, во кои се вклучени и студенти од ЈИЕ во Тетово. Во јуни 2002 година организира и конференција за осовременување на студиите по новинарство на која учествуваа професори, новинари, странски и домашни експерти и студенти.
-Во октомври 2002 година е избрана за раководител на студиите по новинарство.Во тој период продолжува Летната школа (одржани се уште три сесии на Школата која во 2004 година е преименувана во Новинарска лабораторија).
-Во учебната 2003/04 година, за првпат на УКИМ, експериментално е воведен ЕКТС на студиите по новинарство, без промена на постојниот наставен план. Искуствата се покажаа како мошне корисни при подготовката за воведување на ЕКТС на сите три студии на Правниот факултет во 2005 година.
Во тој период се реализираа бројни други потпроекти за модернизација на новинарските студии –опремување на редакцијата на студентскиот весник “Став“ и реорганизација на работењето на “Став“, компјутерска обработка на сите студентски досиеја на дипломираните и на тековните студенти по новинарство, соработка со повеќе други невладини организации кои се занимаваат со поддршка на медиумите или со образование на новинарите.
-Во октомври 2004 година е реизбрана за раководител на новинарските студии. Носител е на изработката и на усвојувањето на новиот наставен план и координатор на изработката на наставните програми на студиите по новинарство во периодот октомври 2004-мај 2005 година.
-Во периодот март 2001-септември 2005 година е учесник и предавач на 29 меѓународни конференции, семинари и студиски престои.

-Во март 2004 година, кандидатката ја објавува првата монографија во Република Македонија на тема: Европска унија – Сонцето (о)станува звезда, Правен факултет-Скопје.
-Во периодот март 2001-септември 2005 година, кандидатката е автор на 21 труда (учебници, делови од учебници, монографии, научни и стручни трудови), рецензирани во Билтенот бр.877 од 15 јули 2005 година.
-Во периодот 2001-2005 година учесник е на бројни научно - истражувачки и апликативни проекти и експертски тимови од областа на реформите на судството, евроинтеграцијата на Република Мкедонија, медиумите, родовата проблематика, недискриминацијата, реформите во образованието, културниот идентитет итн.
4.Наставно-образовна, научна, истражувачка и друга дејност во периодот септември 2005 - октомври 2013 година
4.1.Наставно - образовна дејност
-Во учебната 2005/06 година, до 4.11.2005 година, кандидатката редовно изведувала настава на една група вовед во правото (правни студии), вовед во правото (студии по новинарство), филозофија на правото (правни студии) и политологија (политички студии).
-Раководител е на студиите по новинарство во рамките на кои пред заминувањето за Холандија потпишува договор за долгорочна соработка со холандската невладина организација Press Now, со кој се предвидува повеќегодишна соработка и помош во поглед на финансирање, изградба на редакција, ТВ и радиостаница на студиите, продолжување на студентскиот весник "Став", обука на професори и асистенти, размена на студенти, како и понатамошна помош во изработката на наставните програми. Проектот е во потенцијална вредност од повеќе милиони евра. Пред заминувањето за Холандија, Тасковска составува тритомен извештај до Наставно-научниот совет за активностите кои ги презела во текот на нејзиниот мандат како раководител.
-Раководител е на првиот Jean Monnet проект во Република Македонија, **Европска политичка интеграција: факти, прашања, преглед** (студии по новинарство), кој истовремено е и првиот проект во историјата на Правниот факултет во кој потписник и договорна страна е УКИМ. Проектот има за цел воведување на нов модул за европска политичка интеграција на втора година на студиите по новинарство.
-Раководител е на проектот Покривање на различностите - надминување на етничките предрасуди и неизбалансираноста на медиумското известување, јуни 2005 година, дел од програмата Мерки за градење на доверба на Советот на Европа.
-Во периодот 4.11.2005 - 22.5.2009, на кандидатката заради извршување на функцијата вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Холандија и мирува работниот однос на Правниот факултет во Скопје.
-Во периодот ноември 2005 - септември 2007 година, по добивањето на специјална дозвола од Министерството за надворешни работи за престој надвор од Холандија, со користење на деновите од годишниот одмор и со приватно финансирање на патните трошоци од Хаг, Холандија, осум пати престојува во Република Македонија и учествува, во рамки на законските дозволените можности, во факултетските активности.
-Во учебните 2005/06, 2006/07, 2007/08 и 2008/09 изведува (заедно со проф.д-р Александар Николовски) настава и спроведува испити на предметот право и регулатива на ЕУ на постдипломските студии на Економскиот факултет во Скопје.

-Во периодот ноември 2005-мај 2009 година, секој јавен настап (вклучително и стручен и научен труд) подлежи на дозвола на Министерството за надворешни работи, во смисла на Законот за надворешни работи на РМ од 2006 година.
-Во периодот септември 2007 – мај 2009 година, и покрај нејзините повторени формални барања за вклучување во настава во услови на мирување на работниот однос и фактичко присуство во Македонија, таа не е вклучена во наставата на Правниот факултет.
-Во зимскиот семестар во учебната 2009/10, во првите шест недели, изведувала настава, испити и консултации на предметите вовед во правото (правни студии, три групи), вовед во правото (студии по новинарство, една група), политологија (политички студии, една група), филозофија на правото (правни студии, две групи).
-Во летниот семестар во учебната 2009/10 година, кандидатката изведувала настава, испити и консултации по предметите теорија на правото (политички студии), слобода на изразување (студии по новинарство) и Justice and Home Affairs (англиски јазик, ТЕМПУС проект, постдипломски студии по европски институции и политики, политички студии).
-Во зимскиот семестар во учебната 2010/11 година, кандидатката изведувала настава, испити и консултации на: вовед во правото (правни студии, шест групи, вклучително и дисперзираната паралелка во Велес), филозофија на правото (правни студии, три групи) и е определена за единствен предметен наставник на предметите вовед во правото (студии по новинарство), политологија (политички студии), вовед во политички науки (студии по новинарство). Во овој семестар, таа започнува со настава на предметот родот и правото на Филозофскиот факултет (родови студии, трета година).
-Во летниот семестар во учебната 2010/11 година изведувала настава, испити и консултации на предметите теорија на правото (политички студии), слобода на изразување (студии по новинарство, првите шест недели од наставата) и менторска настава по предметот Justice and Home Affairs (постдипломски студии).
-Во зимскиот семестар во учебната 2011/12 година изведувала настава, испити и консултации по предметите вовед во правото (правни студии, четири групи, вклучително и дисперзираната паралелка во Велес), вовед во правото (студии по новинарство) и филозофија на правото (правни студии, две групи); -Во летниот семестар во учебната 2011/12 година изведува настава, испити и консултации по предметот теорија на правото (политички студии).
-Во зимскиот семестар во учебната 2012/13 година изведувала настава, испити и консултации по предметите вовед во правото (правни студии, три групи), вовед во правото (студии по новинарство) и филозофија на правото (правни студии, една група). Исто така, изведува настава, испити и консултации по предметот родот и правото (Филозофски факултет, родови студии).
-Во тековниот, зимски семестар во учебната 2013/14 година изведува настава, испити и консултации по предметите вовед во правото (правни студии, две групи), вовед во правото (студии по новинарство), вовед во правото (политички студии, студии на македонски и на англиски јазик) и филозофија на правото (една група), како и родот и правото (Филозофски факултет, родови студии).
-Во периодот септември 2009 – септември 2013 година, покрај студентите на кои им е предметен наставник, спроведува испити и одржува консултации со над 3000 дополнителни, преземени или презапишани студенти на шест предмети, без надомест од страна на Факултетот.

Проф.д-р Добринка Тасковска е ментор на првиот магистерски труд на англиски јазик на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и на УКИМ (Pre- and Post-Lisbon Human Rights Protection: Conceptual Differences, јуни 2011 година). Ментор е, исто така, и на вториот магистерски труд на англиски јазик: Identity, Immigration and the Rise of the Far Right in Europe, 2011 година.

Во поглед на воведувањето на нови студиски и предметни програми, проф.д-р Добринка Тасковска е:
-иницијатор и автор на првичната скица за воведување на магистерски студии на Катедрата за воведни и теоретски науки;
-слобода на изразување, задолжителен предмет, студии по новинарство;
-медиумско право, студии по новинарство;
-Justice and Home Affairs in the EU, Master of EU Institutions and Policies, Tempus Project, политички студии (на англиски јазик);
-правна етика, слободен избор предмет на листата на предмети на Правниот факултет;
-родот и правото (Филозофски факултет, Институт за родови студии);
-вовед во правото (Филолошки факултет, последипломски студии по странски јазици и меѓународна трговија);
-вовед во правото (политички студии, Правен факултет, македонски и англиски јазик)
-вовед во правото (студии по новинарство и односи со јавноста, македонски и англиски јазик);
-опциони предмети: правнофилозофски аспекти на интелектуалната сопственост и правноетички аспекти на интелектуалната сопственост, правна психологија, правна антропологија, теории за слободите и правата, правен систем на Германија, правен систем на Велика Бртианија, правен систем на Франција и правен систем на САД.
Други активности на факултетот и надвор од  Факултетот:
-шеф на Катедрата за воведни и теоретски науки (септември 2010 година - );
-автор на идејната скица за воведување на европски студии на Правниот факултет (декември 2011 година);
-претседател на Комисијата за воведување на европски студии на Правниот факултет во Скопје (декември 2012 година);
-член на Уредувачкиот одбор на Зборникот во чест на проф.д-р Тодор Пеливанов;
-член на Уредувачкиот одбор на Годишникот во чест на проф.д-р Светомир Шкариќ;
-уредник на Уредувачкиот одбор на Годишникот во чест на проф.д-р Лазар Китановски;
-иницијатор и уредник на Зборникот студентски текстови од областа на применетата филозофија на правото;
-иницијатор и член на Уредувачкиот одбор на првото стручно студентско списание во регионот на англиски јазик -  Iustinianus Primus Student Law Review;
-член на Комисијата за утврдување критериуми за доделување стипендии на студенти на магистерски - студии и утврдување критериуми за избор и промоција на најдобрите магистерски трудови изработени од страна на студенти на Факултетот;
-иницијатор, организатор и модератор на дебатата “Актуелни состојби во процесот на евроинтеграција на Република Македонија“, јуни 2010 година, како и уредник на публикацијата од дебатата;
-Иницијатор, организатор и модератор на дебатата “Слободата на медиумите во Република Македонија“, Правен факултет –Скопје, јули 2010 година, како и уредник на публикацијата од оваа дебата;

-Универзитет во Лајден, гостин-предавач, 2006-2007 година;
-European Balkans or Balkan's Europe, Меѓународна академска конференција во организација на МПФ, воведен излагач, март 2011 година;
-иницијатор за организирање на регионална конференција: SouthEastern Europe and Supranational Justice, носител: Правен факултет во Скопје, 2012 година;
-член на Дипломатскиот совет на СДСМ, 12.11.2009 година.

5.Странски јазици

Активно познавање на анаглискиот и француксиот јазик, пасивно познавање на германскиот јазик и основни знаења од холандскиот јазик.

6.Научни и стручни трудови

6.1.Позначајни учебници, учебни помагала, монографии, научни и стручни трудови до изборот во звањето вонреден професор

**6.1.1.** До изборот во претходно звање, кандидатката д-р Добринка Тасковска има објавено 40 труда (рецензија бр.651 од 15.12.1995 година, бр.773(анекс) од 14.2.2001 година и бр.877 од 15 јули 2005 година), како и напишано десетина пообемни и позначајни трудови кои сеуште не се објавени, вклучително и двете магистерски тези и докторската дисертација. Таа е автори коавтор на десеттина универзитетски и средношколски учебници и монографии. Од трудовите напишани и/или објавени до изборот во претходно звање издвојуваме:

6.1.2.Необјавени трудови

1.Statehood criteria, the Case of the ex Soviet Union and ex Yugoslavia and the UN Admission Process, LL.M.thesis, Georgetown University Law Center, 1994, p.89 (необјавена).
2.Судското (прецедентното) право како извор на правото во правниот систем на САД, магистерска теза, Правен факултет - Скопје, постдипломски студии за правно-политички науки (насока: теорија на право), 1996 година, стр.128 (необјавена).
3.The Principle of Proportionality as a General Principle of Law (its Articulation in Legal Theory and Comparative Public Law), Правен факултет, Љубљана, 2000 година, докторска дисертација (англиски јазик, необјавена), 2000 година. 4.Начелото на пропорционалност: Европа, Франција, Македонија, труд презентиран на меѓународниот научен симпозиум *Македонско-француски денови на правото*, Правен факултет Скопје, ноември 2004 година.
5.Правни и институционални инструменти за изразување и артикулација на културниот идентитет, 12 стр., во рамки на проектот ПЕВ Македонија, Надминување на конфликти и градење траен мир, 2003-2004 година.

6.1.3.Учебници и монографии

1.“Вовед во право – држава“, коавтор, учебник за студентите на прва година, Скопје, Европа 92, 1999 година, стр.407.
2.“Вовед во право“, коавтор, учебник за приемен испит на Правниот факултет и за средните училишта, Правен факултет и “Македонска ризница“, Скопје, 1999 година, стр.297.
3.“Политологија“, учебник за студентите во прва година на политички студии, Скопје, 2000 година.
4.“Сонцето (о)станува звезда – Македонија и Европската унија“, Правен факултет, Скопје, 2004 година, стр 259.
5.“Вовед во право“, коавтор, учебник за приемен испит на Правниот факултет и за средните стручни училишта, Скопје, “Просветно дело“, 2004 година.

6.“Hyrje ne drejtesi“, учебник за средно образование на албански јазик, коавтор, Скопје, “Просветно дело“, 2004 година, стр.306.

6.1.4.Научни и стручни трудови (одбрани) до изборот во претходно звање

1.“Општите правни начела во теоријата на правото и компаративното јавно право“, Годишник на Правниот факултет во Скопје, 1999/2001 година.

2.“Што всушност ќе се случува по Луксембург?“, Деловно право, бр.3-4, Скопје, стр.169-185.

3.“Нацрт-амандманите на Уставот на Република Македонија од 2001 година и карактерот на државата“, во: *Нацрт – амандманите на Уставот на Република Македонија; прилог кон јавната расправа,* Правен факултет, Скопје, октомври 2001 година.

4.“Предлог за нова македонска евростратегија“, *Зборник на Правниот факултет*, Скопје, 2002, стр.283-298.

5.“Начелото на недискриминација во правото на Европската унија“, *Евродијалог*, Скопје, 2002, стр.109-125.

6.“Политичките услови за членство во Европската унија“, *Зборник; Евроинтеграција, идеи, состојби, реализација,* Скопје, 2002 година.

7.“Актуелните (не)состојби во процесот на евроинтеграција на Република Македонија“, *Зборник во чест на животот и делото на Васил Гривчев*, Правен факултет, Скопје, 2002 година, стр.347-363.

8.“(Не) присуството на родовите прашања во правото на Република Македонија“, Зборник: Истражувања од областа на родовите студии, Евро-Балкан, Скопје, II-III, 2001-2002 година, стр.34-97.

9.The Post-1989 Constitutional Development of teh Republic of Macedonia, Rigas Network Closing Conference, Athens, april 2003.

10.“Сиромаштијата, образованието и децентрализацијата во Македонија“, *Политичка мисла,* Скопје, март 2004 година, стр.25-39.

11.Правен речник, македонско-албански-англиски, Скопје, NDI, 2004 година, член на Уредувачкиот одбор.

12.Медиумите, правото и европските стандарди во *Пристапот кон Европската унија, Изработка на економско законодавство*, прирачник, Министерство за економија на Република Македонија, Скопје, 2004 година.

13.Новото jus commune: мит, стварност, вредности во Зборник трудови од меѓународниот симпозиум Современото право, правнат анаука и Јустинијановата кодификација, Правен факултет, Скопје, 2004 година, стр.427-439.

6.2.Трудови по изборот во звање вонреден професор

**6.2.1.Учебници, учебни помагала, авторизирани предавања, испитни материјали и друга предметна литература**

**1.Вовед во право** (политички студии), прв и втор дел, интерна скрипта од предавања (компилација на делови од претходно објавени рецензирани учебници, објавени трудови и нови авторски текстови), Скопје, 2013 година, стр 283. (проред 1).Целта на трудот е на студентите на политичките студии да им се овоможи контрола врз основните правни концепти, категории и процеси, како и делови од општата теорија на државата, како, на пример, типологиите на државите. На самиот почеток, мошне иновативно, авторот во еден вид твит-стил нуди сопствена дефиниција на современата државност, која ја именува како современо владеење, нееднакво (различно) од постмодерниот глобализациски постетатизам и, секако, мошне различно од класичната (модерна, вестфалиска) држава.

Според неа, во 21 век, во западната цивилизација, метод на остварување на јавниот интерес е сложената и динамична мрежност на институциите, постапките и задолжителните пораки, а клучни зборови се: идентитет и технологија (West, 21 c.: Public interest is governed via complex and dynamic networks of institutions, procedures and compulsory messages, key words therein identity and technology). Во делот за правото, поместени се, покрај стандардните, и бројни дефиниции на правото преку т.н.policy science approach, типичен за американската наука, но мошне влијателен и во Европа во последните децении. Исто така, се воведува дел кој долго недостасуваше на Правниот факултет (однос право – политика) преку детална, студиозна и споредбена анализа на начелото на владеење на правото, однос судска и законодавната власт од аспект на правосоздавање итн.

**2. Вовед во право,** правни студии, интерна скрипта (компилација од делови од претходно објавени рецензирани универзитетски учебници, други рецензирани текстови и авторизирани предавања), Скопје, 2012 година, стр.212 (проред 1). Трудот е продолжение на повеќегодишниот напор на кандидатката за развој и постојано осовременување на научната дејност и наставата по предметот вовед во право, како воведен и почетен правен предмет. Во делот за државата (стр.24-125), таа јасно ги дефинира глобалните методолошки дилеми во пристапот кон појавата држава, извлекува интересни поенти правејќи споредба меѓу различните концепции кои се кријат зад различните етимологии на изразите употребени за појавата во различни јазици, постојано инсистира на историско-културниот контекст, јасно разграничува создавање од настанување на државата и, конечно, застапува теза за плуралност и контекстуалност на поимите кои се однесуваат на глобалната, принудна и сеопфатна организација („држава“) наместо универзалност и аисторичност. Теориите за државата се разработени преку класификации кои овозможуваат разбирливост на оваа апстрактна материја за студентот, преку пристапот прашања-одговори. Особено внимание заслужува делот за државата, глобализацијата, партикуларизацијата и сличните современи процеси. Државата (условно) се изучува преку десетина својства, постојано укажувајќи на модификациите на класичните својства од типот територијалност, суверенитет и принудност. Поместени се 11 типологии на државите, при што еден од критериумите е поделба на институционалната моќ меѓу централно-нецентралните институции и според него, државите се класификувани на унитарни, неунитарни, мешовити и нови. Авторот посветува особено внимание на процесите на дисперзија и вмрежување на јавната власт, новите облици, соодносот јавна власт – приватни центри на моќ, многуслојноста и сложеноста на владеењето во современи услови. На крај, се актуелизира односот политички систем – нови технологии. Делот за правото (стр125-212) , исто така, претставува надградување на насловите вовед во право од претходните четири години. Авторот јасно ги предочува методолошките дилеми при презентирање на дефиниција на така сложена материја за потреби на студенти на прва година, извлекува илустративен примерок од триесеттина различни влијателни теории за правото низ изминатите два и пол милениума со цел на самиот почеток студентот да стекне претстава за предизвиците во процесот на дефинирање на правото, меѓусебно ги спротивставува традиционалната (аристотеловска) и постмодерната дефиниција на правото, аргументира во полза на плурален пристап во дефинирањето на правото и конечно, исто како и кај државата, концепциски ги раграничува изразите создавање и настанување на правото. Главата за теориите за правото е веројатно најквалитетниот придонес на овој труд, бидејќи преку класификации и синтеза (теориите

се различни одговори на вечни и исти дилеми) на студентот, но и на секој читател му се овозможува разбирлив увид во најтешкиот дел на правната теорија. Феноменологијата на правото се проучува преку правната статика (структура на правото) и правната динамика. Основна структурна единица на правото се правни искази (legal propositions, propositions juridique) како генерички поим и поим-чадор, најзначајни подвидови се правните правила и правните начела. Правните акти, покрај стандардните содржини, опфаќаат и дел за судските одлуки како извори на правото, како и за нови и мешовити правни извори. Правната динамика има различен фокус од традиционалниот – акцентот е врз толкувањето на правото и правната аргументација. Покрај домашното право, трудот изобилува со референци и анализи на споредбени и странски правни искуства, практични примери, вметнати или реферирани правни документи, додека, пак ,секоја глава содржи дел со прашања, задачи и коментари за студентите.
**3.Филозофија на право,** правни, интерна скрипта (компилација од претходно објавени рецензирани универзитетски учебници, објавени рецензирани текстови и автроризирани предавња), Скопје, 2012 година, стр.321. Трудот има сосема нова концепција, посебно развиена за потребите на студентите на прв и втор циклус. Се состои од два дела – општа (теоретска) и посебна (примената) правна филзофија. Се воведува методологија на проучување на теориите за правото преку двојна, кумулативна класификација – содржински и дезидеологизиран хронолошки критериум, па така тие се групираат на идеалистички, формалистички, реалистички и интегрални во предмодерната, модерната и постмодерната, чисто постмодерни и современи. За првпат во македонската правна наука детално се расправа за концепциски различните идеи за правото, развиени во светот во последните три децении и се разработуваат и сопствени теории за правото (најинтересно е воведувањето на identity law). Теориите за правото се изучуваат како различни одговори од различни автори на неколку клучни дилеми – методологија и етиологија на создавањето (настанокот) на правото, битни својства на правото, структура (монолитна или хетерогена) на правото и целите на правото. Покрај скратена и современа верзија на правната онтологија, трудот опфаќа и анализа на вредностите на правото, приспособена на предизвиците на 21-тиот век (на пример, правото на достоинство како вредност супериорна дури и на правото на живот или деловите за аксиолошка самоидентификација на современите системи, на пример Европската унија и концептот community of values). Општиот дел завршува со глава за методологијата на ссоздавање, проучување и примена на правото, во која се дискутира за судското право покрај законското како и за методите на создавање на т.н. меко право. Во теоретскиот дел се поместени извадоци од оригинални текстови, судски одлуки, правни документи. Посебниот дел (стр.212-321) претставува своевидно повторно навраќање на основните, клучните, тешките и интердициплинарните прашања на мнозинството конкретно-правни дисциплини низ призмата на правната филозофија. Најпрвин се образложува концептот применета (практична) правна филозофија и неговата потенцијално огромна употребна вредност за секој успешен правен практичар. Потоа се презентираат филозофски концепти и методи кои се релевантни за повеќе гранки/дисциплини, како, на пример, Сократовиот метод и начелото на сразмерност. Уставното право се редискутира преку филозофските (етатистичко-волунтаристичка v. јуснатуралистичка, универзалистичка v. партикуларистичка теорија) концепции за слободите и правата и меѓусебното спротивставување на концептот правна држава со начелото на владеење на правото за, конечно, истите филозофски концепции да се пропуштат преку едно конкретно право – право на слобода на изразот. Од

јавноправните дисциплини се прави филозофска анализа на спорни прашања на македонското кривично право (називот на дисциплината), како и споредбеноправно интересните филозофско-психолошки концепции на вината и одговорноста, основот, целите и границите на казнувањето и кривичноправната филозофија на ситуациите во кои правото одлучува за животот и смртта – абортус, евтаназија и смртна казна. Новите и хибридни системи се застапени во главата за правнофилозофските аспекти на правото на ЕУ. На крај, авторот извлекува интердисциплонарни и современи дилеми од правото на трговски друштва, семејното, наследното и јавното право во целина и ги анализира од правнофилозофски аспект. Двата дела на филозофијата на правото изобилуваат со практични примери, преводи на оригинални текстови, судски одлуки, извадоци од правни документи, додека, пак, на крајот на секоја глава е поместен дел со прашања, задачи и коментари во кои на студентите им се сугерираат тези за понатамошно истражување.
**4. Вовед во право (**студии по новинарство**)**, Скопје, 2012 година, стр.268, интерна скрипта (компилација од претходно објавени рецензирани универзитетски учебници, авторизирани предавања и правни акти, документи, судски одлуки и други материјали за практично оспособување на студентите). Текстот концепциски се разликува од истоимената дисциплина на правни и политички студии, бидејќи се насочува кон специфичните потреби за правни знаења на идните новинари.
**5.Теорија на правото**, авторизирани предавања за студентите на политички студии, прв и втор дел, 2012 година, стр.385. Авторизираните предавања претставуваат нов и конзистентен пристап во обезбедувањето на соодветен квантум знаења од теоријата на државата и правните науки за студентите на политички науки, за кои ова е единствена правна дисциплина предвидена во наставниот план на додипломските студии. Предавањата се состојат од 12 глави, соодветни на наставната програма во кои најпрвин се дава класификација на теориите за државата, нејзина поимна рамка преку преку презентација на современите сфаќања за својствата на државата, типологии на државите и нивна феноменологија (разработка на најзначајните критериуми за типологизирање – институција шеф на држава, вертикална распределба на моќта, политички систем). Вториот дел ги анализира, преку соодветни класификации, теориите за правото, неговите структурни елементи и правото во акција – субјекти, методи и последици од примената на правото.
**6.Теорија на правото**, предметна литература за студентите на политички студии, 2011 година, прв и втор дел, стр. 298. Материјалот претставува осмислена целина од авторизирани предавања, делови од претходно објавени рецензирани универзитетски учебници, текстови од светски автори, извадоци од правни акти и практични примери. Трудот претставува систематски и заокружен напор за постепено обликување на наставно-научна дисциплина наменета за идните политиколози, различна од истоимената дисциплина на правните студии.
**7.Филозофија на правото**, авторизирани предавања за студентите на правни студии, прв и втор дел, Скопје, 2011 година, стр. 345. Авторизираните предавања се спој на општа (теоретска) и применета правна филозофија. Тие се придружени со текстови на познати светски правни филозофи, поместени во оригинал или во превод, светски познати судски одлуки кои се илустративни за одредено правно прашање, како и со практични примери.Во теоретскиот дел предвиден е посебен простор за современите правни филозофи, кои досега не се преведувани и предавани во Македонија. Во практичната

(применета) правна филозофија, централно внимание зазема проблематиката на јавното право и теоретските прашања на слободите и правата.

**8.Род и право**, интерна скрипта за студентите на трета година на родови студии, Филозофски факултет, Скопје, 2011 година.стр.328. Скриптата се состои од авторизирани предавања во кои се дадени основни правни знаења, неопходни за совладување на проблематиката на соодносот род-право, обемен (84 стр.) сопствен текст на кандидатката за родовите прашања и правото во Република Македонија, ЕУ и споредбено-правни искуства, текстови на други автори за феминизмот, правниот феминизам, сооднос род-етнос-право, интегрални правни документи (закони, меѓународни конвенции, ЕУ - документи).

**9.Род и право**, интерна скрипта за студентите на родови студии, Филозофски факултет, Скопје, 2011 година. Скриптата е компилација на објавени авторски текстови на темата, авторизирани предавања на актуелни теми, поместени текстови на други автори, како и релевантни домашни и меѓународни правни акти.

**10.Вовед во право**, правни студии, интерна скрипта (компилација), Скопје, 2011 година. Се прави баланс помеѓу средношколското знаење од областа на правото општо и посебно воед во право и потребата од следење на новите тенденции во споредбеното право и светската правна теорија. Исто така, се прави напор за скицирање на сопствена концепција за сите клучни прашања на дисциплината.

**11.Вовед во право**, правни студии, интерна скрипта (компилација), Скопје, 201о година. Материјата од вовед во право се иновира со современи теми, како што е, на пример, влијанието на глобализацијата и постглобализацијата врз државата и правото. Исто така, се прави напор за концизен и јасен пристап приспособен на потребите на студентите на прва година.

**12.Филозофија на право,** правни студии, интерна скрипта (компилација), Скопје, 2010.Материјата е поткрепена со бројни практични примери, извадоци од текстови, делови од значајни правни акти и судски одлуки.

**13.Вовед во право,** студии по новинарство, интерна скрипта (компилација), Скопје, 2010.

**14.Вовед во право**, правни студии, интерна скрипта (компилација), Скопје, в2009 година. Класичните теми на воведот во право се видозменуваат во поглед на пристапот и се внесуваат нови содржини, усогласени со социјалниот, политичкиот и технолошкиот развој.

**15.Вовед во право**, студии по новинарство, интерна скрипта (компилација), Скопје, 2009 година.

16.**Филозофија на правото**, правни студии, интерна скрипта (компилација), Скопје, 2009 година.

17. Вовед во право, прв дел, рецензиран универзитетски учебник за правни студии, (доставен во електронска форма), Студентски сервис, Скопје.

18.Кандидатката до Комисијата ги достави и следниве трудови:

-**Вовед во право**, читанка за студентите на правни студии, избор текстови, правни акти, судски одлуки и други материјали, кој е комплементарен со учебничката литаратура и има за цел на студентите, но и на претставниците на правната професија да им даде не само македонски туку и споредбени примери.

-**Филозофија на право**, ракопис на универзитетски учебник, општ и посебен дел, во фаза на лекторска и техничка обработка.

-**Вовед во право**, читанка за студентите на студии по новинарство, составена од текстови приспособени на студентите по новинарство, медиумски примери за односот право-медиуми, релевантни меѓународни и наднационални акти од областа, образци на поднесоци и правни акти.
-**Proportionality: Ethics,Aestetics, Law and Politics,** монографски труд на кандидатката со резиме на македонски, составен од делови од докторската дисертација на кандидатот дополната и преработена со теоретските и формалноправните новитети во периодот 2000-2013 година.

**6.2.2.Пакети материјали за испит**

1.*Слобода на изразување*, студии по новинарство, Скопје, 2010 година, испитни материјали, стр.234.
2.*Justice and Home Affairs*, Skopje, 2010, course materials, p.328;
3.Правнофилозофски аспекти на интелектуалната сопственост, испитни материјали, Скопје, 2013 година;
4.Етички аспекти на интелектуалната сопственост, испитни материјали, Скопје, 2013 година.

**6.2.3.Научни трудови**

1.Американска vis-à-vis европска (или) конечно евроамериканска филозофија ри правото на слобода на изразување – рамка за анализа на трансатлантските с(раз)лични искуства во однос на правото на слобода на изразување, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф.д-р Бранко Зеленков, Скопје, 2012 година, стр.295-311. Трудот идентификува нова дилема – две посебни (со некои меѓусебни допирни точки) филозофии на слободата на изразување или може да се зборува за процес на постепено обликување на една заедничка, евроамериканска филозофија на правото на слобода на изразување. Се развива аналитичка рамка на две нивоа. Првото ниво се состои од историскиот контекст, општофилозофската рамка, правнофилозофската концепција (етиологија, феноменологија и телеологија), нормативна содржина на правото на слобода на изразување, методи и субјекти на одредување на содржината на правото на слобода на изразување (првенствено на нејзината заштита и ограничување), концептуалниот salto mortale на постмодерната и современото како квалитативен раскин со мнозинството претходни состојби. Второто ниво на аналитичка рамка е извлекување на битни и/или илустративни поенти на двата система, обид за споредба и мини-проекција на иден развој. По обемна и многуслојна анализа, авторот извлекува акценти од трансатлантскиот дијалог, од кои најбитни се конвергенцијата меѓу Европа и САД во однос на правото на слобода на изразување.
2.Сократовиот метод within jurisprudentia transatlantica – атинскиот демократски отров за мудрецот претворен во американска профитабилна интелектуална амброзија - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф.д-р Тодор Пеливанов, Скопје, 2012 година, стр.187-203. Предизвикот за авторот е спојувањето на Сократовата методологија и филозофија, судските одлуки и правната филозофија во еден единствен предмет на проучување, особено низ призмата на еден трансатлантски, евроамерикански дијалог. Аналитичка рамка е споредбата и спојувањето меѓу американскиот концепт на jusrisprudence (правна филозофија) и континеталниот поим на jurisprudence (судска практика). Заклучок – трансатлантскиот дијалог за дијалогот (јадрото на Сократовиот метод), всушност, е монолог – Европа е таа која ги прифаќа американските искуства, иако и Американците понекогаш преземаат европски идеи, на пример зачестената употреба на изразот правна филозофија во САД наместо традиционалниот израз jurisprudence и

комбинацијата на теоретски и практичен пристап во учебниците по правна филозофија. Правната филозофија се создава и се проучува и преку судските одлуки.
*3.Sophocles-Balashevic (via Hegel): A Grand Error or an Aryadne Type of Nexus?, IPLR, No.5, vol.3, Winter 2012.* Навидум неповрзани, правото и литературата имаат две битни заеднички својства – обете се јазични, значењски творби и подлежат на процес на толкување. Се воведува намерно многусмислената кратенка LAL (law and literature, law as literature), за означување на аналитичката рамка. Главната порака е значењето на процесот на толкување на правото, секогаш и секаде, и опасностите од вкоренетата мантра за правото како систем на јасни, недвосмислени и речиси самоприменливи правила за однесување.
*4.Пред- и пост-Лисабонска европска државнопст: развој на институционални и нормативни систем (и) на поделена моќ*, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на 18 години од основањето на политичките студии, Скопје, 2013 година, стр.323-334. Паралелно со расправата за претходно постојните, се нуди различен пристап кон облиците и методите на владеење, се аргументира во правец на постоење на две нивоа на европска државност и, исто така, се воспоставува врска со глобалните процеси на изменети облици на владеење. Развојот на ЕУ (како едно од барем две нивоа на современата европска државност, дефинирана во постмодерна смисла) се репериодизира за да се реконцептуализира во 6 фази: 1.заедница со минимум заеднички вредности (1957-1964), 2.период на постојани практични и (релативно) неконтроверзни промени наспроти академските несогласувања (1964-1992), 3.истовремено унија и заедница: продлабочување и проширување (1991-2001), 4.пропаста на потенцијалниот проект Соединети европски држави (2001-2005), 5.мултидимензионална идентитетска криза (2005-2009) и 6.Лисабон, природата на ЕУ- системот, пост-Лисабон. Паралелно со репериодизацијата на институционално-нормативната еволуција (перидизацијата има концептуална димензија), се воведува и идејата за четири идентитетски (во аксиолошка смсила) кризи на ЕУ, како и се елаборираат аргументи за ребрендирање на некои традиционални деноминации.
*5.Jurisprudentia: форум на формално-аксиолошки контакти меѓу семејното, наследното и јавното право*, Годишник во чест на проф.д-р Љиљана Спировиќ Трпеновска, Правен факултет – Скопје, стр.339-353. Најпрвин се воведува и се аргументира концептот на природноста, кој е традиционален физичко-биолошки основ на аксиолошката прифатливост (law of nature, therefore natural law). Спојувајќи три правни области (семејното, наследното и јавното право), отвора многу сериозни прашања релевантни за сите три: формалната (во смисла на конкретно, важечко право) и аксиолошката усогласеност и насоченост на правните системи: субјекти и методи на нивно остварување; плурализмот на формалните и неформалните правни извори; односот на законодавната и судската власт; митовите за концепциска одвоеност на процесите на правосоздавање, правонаоѓање и примена на правото; техничките и аксиолошките правни празнини; интеракцијата на различните правни култури; значењето на интердисциплинарноста во правното образование и новите технологии и правото. Анализата укажува на плодноста на интеракцијата, и формална и вредносна (аксиолошка) меѓу семејното, наследното и јавното право која се одвива со посредство на судското право и правната филозофија, и во САД и во Европа.
6.(Долгиот) пат на правниот феминизам и/или родово чувствителните практики кон корпоративниот Олимп aka политика на дијамантско via златно здолниште, Зборник во

чест на проф.д-р Милан Нетков, Правен факултет – Скопје (во подготовка, трудот е прифатен од Уредувачкиот одбор). Родот (полот) како социјално-правна теоретска аналитичка категорија и фактор на влијание во правната практика се појавува пред само точно половина век, иако спорадични референци се среќаваат столетија station наназад. Основната идеја е нееднаквата распределба на расположивите ресурси, пред се моќта во секоја смисла, во зависност од едно (досега!) неменливо и природно својство (маж-жена) низ историјата , причините за таа состојба и патиштата на нејзината промена. Филозофските категории истовидност-различност, еднаквост/нееднаквост, потчинетост/ослободување, природност/стекнатост, дискриминација/оправдан различен третман, принудно/доброволно се основните мисловни алатки и во интелектуалниот дискурс и во практиката. И на почетокот на третото илјадалетие, родот е клучен фактор во распределбата на управувачката моќ со капиталот, информациите и оружјето. Трудот ги анализира и ги евалуира првите чекори на родовата чувствителност во светот на корпоративното управување, преку формалните и неформалните родови квоти во управните одбори на корпорациите.

7.General Principles as Sources of Law in the Major Contemporary Legal Systems, Iustinanus Primus Student Law Review, I-1, Spring 2010. По Втората светска војна, општите правни начела преминаа од спорадична, меѓународноправна категорија, во сеприсутна, дури и помодна правна појава. Таквиот развој на настаните се должи пред се на судскиот активизам, особено на наддржавните судови. Трудот анализира, споредува и дава проекции за идниот развој на улогите на (општите) правни начела во Германија, Велика Британија, Франција, САД и ЕУ.

8.On Historical and Theoretical Origins of the Proprtionality Principle:A Contribution Towards a Prospective Coprehensive Debate on Proportionality, IPLR, IV-3, Spring 2012. Начелото на пропорционалност (сразмерност) е моќно современо оружје на правото и на судовите во однос на арбитрарноста на политиката. Но, ова начело има долга историја во предмодерната, антиката и средниот век и преку проучувањето на тие корени се кристализира и се изострува современиот, како теоретски така и формално-правен концепт на пропорционалноста.

9.*Европска филозофија на право на слобода на изразот* –поглед thereupon од македонската практика на „слободата“ на громогласното молчење -, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје по повод 35 години од основањето на студиите по новинарство на Правниот факултет, 2008-2010 година.

II

Заклучна оцена и предлог

1.Д-р Добринка Тасковска ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за избор во наставно-научно звање - редовен професор на наставната област воведни и теоретски правни науки.

2.По изборот во звањето вонреден професор, д-р Добринка Тасковска успешно ги извршуваше своите обврски во образовниот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“ изведувајќи настава по предметите вовед во право на правните, политичките и студиите по новинарство, филозофија на право на правните студии и вовед во наука за политика на политичките и студиите по новинарство, како и на повеќе други нови

дисциплини на прв и втор циклус, како на Правниот така и на други факултети во состав на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“.
3.Д-р Добринка Тасковска е успешен научен истражувач и теоретичар кој мошне сериозно и темелно ја обработува и ја презентира материјата од областа на воведните теоретски правни и политички науки. Таа објавила неколку учебници и монографии и над 50 статии и научни трудови, кои се речиси секогаш интердисциплинарни и со одлично познавање и на други правни системи освен македонскиот.
4.Комисијата го констатира огромниот и долгогодишен ангажман на д-р Добринка Тасковска во наставно-образовниот процес, преку бројноста и разновидноста на дисциплините кои ги предава, постојаното ангажирање за воведување на нови дисциплини и севкупниот ангажман во поглед на осовременувањето на наставата.
5.Комисијата со задоволство констатира дека д-р Добринка Тасковска се развива во мошне сериозен научник, истражувач и професор кој темелно ја гради својата научна кариера и постигнува високи резултати.

Врз основа на сите овие наводи и факти, Комисијата со задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

предлог

Кандидатката д-р Добринка Тасковска да биде избрана за наставник во наставно-научното звање редовен професор на научната област воведни и теоретски правни науки.

Членови на Комисијата
1.Проф.д-р Симеон Гелевски с.р.
2.Проф.д-р Драган Митровиќ с.р.
3.Проф.д-р Сашо Георгиевски с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**КАНДИДАТ:** ДОБРИНКА КИРО ТАСКОВСКА
(ИМЕ, ТАТКОВО ИМЕ, И ПРЕЗИМЕ)
**ИНСТИТУЦИЈА:** ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" – СКОПЈЕ
(назив на факултетот/институтот)
**НАУЧНА ОБЛАСТ:** ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКИ ПРАВНИ НАУКИ

**НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **РЕД. БР.** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Одржана настава од прв циклус студии:**<br>Теорија на државата и правото (правни студии)<br>1991 12*15*0,03<br>1991/92 12*30*0,03<br>1992/93 12*30*0,03<br>1994/95 12*30*0,03<br><br>Вовед во право (правни студии)<br>1995/1996 12*30*0,03<br>1996/97<br>1997/98<br>1998/99<br>1999/2000<br>2000/01<br>2001/02<br>2002/03<br>2003/04<br><br>Вовед во право (политички студии)<br>1994/95 2*30*0,03<br>1995/96<br>1996/97<br>1997/98<br>1998/99<br>1999/00<br>2000/01<br><br>Наука за политика (политички студии)<br>1991 2*15*0,03<br>1991/92 2*30*0,03<br>1992/93 2*30*0,03<br><br>Вовед во право (студии по новинарство)<br>1994/95 2*15*0,03 | 37,8<br><br>97.2<br><br>12.6<br><br>0.9<br>3.6 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1995/96 | |
| | 1996/97 | |
| | 1997/98 | |
| | 1998/99 | |
| | 1999/00 | 6.3 |
| | 2000/01 | |
| | | |
| | Филозофија на право | |
| | 1996/97 2*15*0,04 | |
| | 1997/98 | |
| | 1998/99 | |
| | 1999/2000 | |
| | 2000/01 | 6 |
| | | |
| | Филозофија на право | |
| | 1996/97 1*15*0,03 | |
| | 1997/98 | |
| | 1998/99 | |
| | 1999/2000 | |
| | 2000/01 | 2.25 |
| | | |
| | Наука за политика (политички студии) | |
| | 1994/95 2*30*0,03 | |
| | 1995/96 | |
| | 1996/97 | |
| | 1997/98 | |
| | 1998/99 | |
| | 1999/00 | |
| | 2000/01 | 12,6 |
| | | |
| | Наука за политика (студии по новинарство) | |
| | 1994/95 2*30*0,03 | |
| | 1995/96 | |
| | 1996/97 | |
| | 1997/98 | |
| | 1998/99 | |
| | 1999/00 | |
| | 2000/01 | 12.6 |
| | | |
| | Вовед во право (правни студии) | |
| | 2001/02 2*30*0,04 | |
| | 2002/03 | |
| | 2003/04 | |
| | 2004/05 | 9.6 |
| | ------------------------------------------------------------------------------------- | |
| | 2005/06 2*5*0,04 | |
| | 2009/10 6*7,5*0,04 | 0.4 |
| | 2010/11 12*15*0,04 | 1.8 |
| | 2011/12 8*15*0.04 | 7.2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2012/13 6*15*0,04 | 4.8 |
| | 2013/14 8*15*0,04 | 3.6 |
| | | 4.8 |
| | Филозофија на право | |
| | 2001/02 2*15*0,04 | |
| | 2002/03 | |
| | 2003/04 | |
| | 2004/05 | |
| | ------------------------------------------------------------------------------------ | 4.8 |
| | 2005/06 2*6*0.04 | |
| | 2009/10 2*7,5*0.04 | 0.48 |
| | 2010/11 6*15*0.04 | 0.6 |
| | 2011/12 4*15*0.04 | 3.6 |
| | 2012/13 2*15*0.04 | 2.4 |
| | 2013/14 4*15*0.04 | 1.2 |
| | | 3.6 |
| | Вовед во право (политички студии) | |
| | 2001/02 2*30*0.04 | |
| | 2002/03 | |
| | 2003/04 | |
| | 2004/05 | 9.6 |
| | | |
| | Теорија на право (политички студии) | |
| | 2005/06 2*5*0,04 | |
| | 2009/10 2,5*7,5*0.04 | 0.4 |
| | 2010/11 2,5*15*0.04 | 0.75 |
| | 2011/12 2,5*15*0,04 | 3 |
| | | |
| | Вовед во право (политички студии) | |
| | 2013/14 4*15*0,04 | 2.4 |
| | | |
| | Вовед во право (студии по новинарство) | |
| | 2001/02 2*15*0,04 | |
| | 2002/03 | |
| | 2003/04 | |
| | 2004/05 | |
| | 2005/06 2*5*0,04 | 4.8 |
| | 2009/10 2*7,5*0,04 | |
| | 2010/11 2*15*0,04 | 0.4 |
| | 2011/12 2*15*0,04 | 0.6 |
| | 2012/13 2*15*0,04 | 3.6 |
| | 2013/14 3*15*0,04 | 1.8 |
| | | |
| | Introduction to Law (political studies) | |
| | 2013/14 4*15*0.04 | |
| | | 2.4 |
| | Политологија (политички студии) | |
| | 2001/02 2*30*0,04 | |
| | 2002/03 | |
| | 2003/04 | |
| | | 9.6 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2004/05<br>--------------------------------------------------------------------------------------------<br>2005/06 2*5*0,04<br>2009/10 2,5*7,5*0,04<br>2010/11 2,5*15*0,04<br><br>Политологија (студии по новинарство)<br>2005/06 2*5*0,04<br>2009/10 2*7,5*0,04<br>2010/11 2*15*0,04<br><br><br>Вовед во право (студии по јавна администрација, Битола)<br>2003/04 2*30*0,04<br>2004/05<br><br>Слобода на изразување (студии по новинарство)<br>2010/11 2*15*0,04<br>2011/12 2*7,5*0,04<br><br>Родот и правото (родови студии, Филозофски факултет)<br>2010/11 5*15*0.04<br>2011/12 4*15*0.04<br>2012/13 4*15*0.04<br>2013/14 6*15*0.04 | <br><br><br><br>0.4<br>0,75<br>1.5<br><br><br>0.4<br>0.6<br>1.2<br><br><br><br>4.8<br><br><br>1.2<br>0.6<br><br><br>3<br>4.8<br>3.6<br><br><br><br><br>Вкупно:<br>**315.53**<br><br><br>**Од избор во претходно звање 66.68** |
| 2. | **Одржана настава од втор циклус студии:**<br>1.Вовед во право (постдипломски за странски јазици и меѓународна трговија, Економски, Правен, Филозофски и Филолошки факултет)<br>2002/03 2*15*0,05<br>2003/04<br>2.Право и регулатива на ЕУ (Економски факултет,УКИМ)<br>2004/05 2*15*0.5<br>2005/06<br>2006/07<br>3.Justice and Home Affairs of the EU, Master of European Institutions | <br><br><br><br>3<br><br><br><br>4.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | and Policies,Tempus Project, политички студии<br>2010/11 5*15*0.05<br>2011/12 5*15*0.05<br>2012/13 (менторски систем)<br>2013/14 (менторски систем) | 7.5<br><br>15<br>Од избор во претходно звање:<br>10.5 |
| 3. | **Подготовка на нов предмет:**<br>1.филозофија на право (правни студии, задолжителен)<br>2.политологија (политички студии, задолжителен)<br>3.политологија (студии по новинарство, задолжителен)<br>4.теорија на право (политички студии, задолжителен)<br>5.правна етика (правни студии, опционен)<br>6.слобода на изразување (студии по новинарство, задолжителен, 2005)<br>7.медиумско право (студии по новинарство, магистерски студии)<br>8.родот и правото (родови студии, Филозофски факултет)<br>9.Justice and Home Affairs in the EU (Master of European Institutions and Policies)<br>10.вовед во право (политички студии)<br>11.вовед во право (студии по новинарство)<br>12.вовед во право (односи со јавност)<br>13,вовед во право (последипломски студии, странски јазици и меѓународна трговија, Филолошки факултет)<br>14.правнофилозофски аспекти на интелектуалната сопственост (правни студии, опционен)<br>15.етика и интелектуална сопственост (правни студии, опционен) | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br><br>Вкупно:<br>**15**<br>**Од избор во претходно звање:**<br>**8** |
| 4. | **Консултации со студенти:**<br>1.1991 623*0,002<br>2.1991/92 718*0,002<br>3.1992/93 863*0,002<br>4.1994/95 913*0,002<br>5.1995/96 1145*0,002<br>6.1996/97 1231*0,002<br>7.1997/98 1089*0,002<br>8.1998/99 1156*0,002<br>9.1999/00 1237*0,002<br>10.2000/01 1176*0,002<br>11.2001/02 478*0,002<br>12.2002/03 578*0,002<br>13.2003/04 634*0,002<br>14.2004/05 756*0,002 | <br>1.25<br>1.44<br>1.73<br>1.83<br>2.29<br>2.46<br>2.18<br>2.31<br>2.47<br>2.35<br>0.96<br>1.16<br>1.27<br>1.51 |

| | | |
|---|---|---|
| | 15.2005/2006 678*0,002<br>16.2009/10 1234*0,002<br>17.2010/11 1789*0,002<br>18.2011/12 1231*0,002<br>19.2012/13 873*0,002<br>20.2013/14 583*0,002 | 1.36<br>2.47<br>3.58<br>2.46<br>1.75<br>1.17<br><br>**Вкупно: 38**<br>**Од избор во претходно звање: 12.79** |
| 5. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**<br>2*0,5<br>**Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд**<br>4*0,3 | 1<br>1.2<br>**Вкупно:**<br>2.2<br>Од претходен избор:<br>1,5 |
| 6. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник:**<br>1.Вовед во право (држава), учебник за правни студии, Европа 92, Скопје, 1999 година, стр. 407 (коавтор);<br>2.Политологија, учебник за студентите на политички студии, 2000 гоина, Скопје (коавтор);<br>3.Вовед во право, учебник за приемен испит на правните студии и студиите по новинарство, 1999 година, Скопје (коавтор);<br>4.Вовед во право, прв и втор дел, рецензиран универзитетски учебник, Скопје, Студентски сервис, 2013/14 година. | 6<br>6<br>6<br>8<br><br>Вкупно: 26<br>Од избор во претходно звање: 8 |
| 7. | **Интерна скрипта од предавања**<br>1.Филозофија на правото, правни студии, Скопје, учебни 1996/97, 1997/98, 1998/99, 1999/00, 2000/01, 2001/02, 2002/03, 2003/04, 2004/05;<br>2.Вовед во право, правни студии, Скопје, 2009 година, стр. (компилација од делови од претходно објавени и рецензирани учебници, објавени рецензирани текстови, авторизирани предавања дистрибурани симулатно со самото предавање и други материјали);<br>3.Вовед во право, студии по новинарство, Скопје, 2009 година, стр. (компилација од делови од претходно објавени и рецензирани учебници, објавени рецензирани текстови, авторизирани предавања и други материјали);<br>4.Филозофија на правото, правни студии, Скопје, 2009 година, стр. (компилација на делови од претходно објавени и рецензирани | 36<br>4<br>4<br>4<br>4<br>4<br>4<br>4<br>4 |

| | | |
|---|---|---|
| | учебници, објавени рецензирани текстови, авторизирани предавања и други материјали);<br>5.Теорија на правото, политички студии, Скопје, 2010 година, стр. (компилација од делови од претходно објавени и рецензирани учебници, објавени рецензирани текстови, авторизирани предавања и други материјали);<br>6.Вовед во право, правни студии, Скопје, 2010 година, стр. (компилација);<br>7.Вовед во право, студии по новинарство, 2010 година, стр. (компилација);<br>8.Филозофија на право, правни студии, 2010 година, стр. (компилација);<br>9.Род и право, родови студии – Филозофски факултет, 2010 година, стр. (компилација);<br>10.Теорија на правото, политички студии, Скопје, 2010 година, стр. (компилација);<br>11.Вовед во право, правни студии, Скопје, 2011 година, стр. (компилација)<br>12.Вовед во право, студии по новинарство, Скопје, 2011, стр. (компилација);<br>13.Филозофија на право, правни студии, Скопје, 2011 година, стр. (компилација);<br>14.Вовед во право, правни студии, Скопје, 2012 година, стр. (компилација);<br>15.Вовед во право, студии по новинарство, Скопје, 2012 година, стр. (компилација);<br>16.Филозофија на право, правни студии, Скопје, 2012 година (компилација);<br>17.Род и право, родови студии-Филозофски факултет, Скопје, 2012 година (компилација);<br>18.Теорија на право, политички студии, Скопје, 2012 година, стр. (компилација);<br>19.Вовед во право, политички студии, Скопје, 2013 година, стр. (компилација);<br>20.Род и право, родови студии, Филозофски факултет, Скопје, 2013 година | 4<br>4<br>4<br>4<br>4<br><br>4<br>4<br>4<br>4<br>4<br>4<br><br>Вкупно: 112<br>Од претходен избор: 76 |
| 8. | **Пакет материјали за предмет:**<br>1.Justice and Home Affairs of the European Union, Master of European Institutions and Policies, 2009/10;<br>2.Слобода на изразување, студии по новинарство, 2009/10 и 2010/11;<br>3.Правнофилозофски аспекти на интелектуалната сопственост, правни студии, опционен предмет;2012/13; | 1<br>1<br>1<br>1<br><br>Вкупно: |

| | | |
|---|---|---|
| | 4.Етика и интелектуална сопственост, правни студии, опционен предмет, 2012/13. | 4<br>Од избор во претходно звање:<br>4 |
| 9 | **Настава во школи и работилници:**<br>-Раководител на Летната новинарска школа, во соработка со Press Now, Холандија, 2001-2004;<br>-предавач на тема Слобода на изразување и медиумско право, 2001-2004 | 1,5*4<br>1*4<br><br>Вкупно:<br>10<br>Од избор во претходно звање: |
| 10 | Уредник на зборник на текстови од одреден предмет:<br>Уредник на Зборник на судентски текстови на тема:Применета правна филозофија | 2<br>Вкупно: 2<br>Од избор во претходно звање:<br>2 |
| | **Вкупно** | 539.73<br>Од последен избор во звање:<br>189.47 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **РЕД. БРОЈ** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1. | **Раководител на меѓународен научен проект:**<br>-Jean Monnett: European Political Co-operation: Facts, Issues, Overview, Faculty of Law, Journalism Department, 2005-09;<br><br>-Council of Europe, Coverring Diversity: Overcoming Ethnic Bias and Unbalanced Media Reporting, 2005-2009. | 9<br>9<br><br>Вкупно:<br>18<br>Од избор во претходно звање:<br>18 |
| 2. | **Ментор на магистерска работа:**<br>**2*1** | 2<br>Вкупно:<br>2<br>Од избор во претходно |

| | | |
|---|---|---|
| | | звање:<br>2 |
| 3. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:**<br>-The Post-1989 Constitutional Development of the Republic of Macedonia, Proceedings from Rigas Network Closing Conference: SEE: Sharing the Future as a Community of Constitutional Values, Athens, 2003;<br><br>-Новото jus commune: мит, стварност вредности, Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум Современото право, правната наука и Јустинијановата кодификација, Правен факултет Скопје, 2004 година, стр.427-439;<br><br>-Legal Transplants and/or a Genuine New Jus Commune? – Law, Politics, Transition and Globalization in *Macedonia on Globalization* (ed.in chief Matko Meshtrovic, ed.Natalija Nikolovska), New York, Global Schoilarly Publications, 2004, p.225-251;<br><br>-General Principles as Sources of Law in the Major Contemporary Legal Systems, Iustinianus Primus Law Review, i-1, Spring 2010;<br>-On Historic and Theoretical Origins of the Proportionality Principle, IPLR, IV-3, Spring 2012;<br><br>-Пред- и постЛисабонска европска државност: развој на институционални и нормативни системи на поделена моќ, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје во чест на 18 години од основањето н а политичките студии (меѓународен уредувачки одбор), Скопје, 2013 година, стр.323-334;<br><br>-*Jurisprudentia:* форум на формално-аксиолошки контакти на семејното, наследното и јавното право, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во чест на проф.д-р Љиљана Спировиќ Трпеновска (меѓународен уредувачки одбор), Скопје, 2013, стр.339-353;<br><br>-Sophocles-Balashevic (via Hegel): A Grand Error or an Aryadne Type of Nexus?, IPLR, V-3, Winter 2013. | 3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3<br><br>Вкупно:<br>21<br><br>Од избор во претходно звање:<br>12 |
| ;<br>4. | **Трудови објавен во зборник на трудови на в.о. институција: (забелешка: заради бројноста, наведени се само позначајните во периодот до изборот во звањето вонреден професор)**<br><br>-Владеење на правото- англоамерикански искуства, Зборник на Правниот факултет во Скопје, 1995 година;<br>-Општите правни начела во теоријата на правото и | 2<br>2<br>2<br>2<br>2 |

| | | |
|---|---|---|
| | компаративното јавно право, Годишник на Правниот факултет во Скопје, 1999/2001 година;<br>-Нацрт-амандманите на Уставот на Република Македонија од 2001 година и карактерот на државата во Нацрт-амандманите на Уставот на Република Македонија; Прилог кон јавната расправа, Правен факултет, Скопје, октомври 2001 година;<br>-Предлог за нова македонска евростратегија, Зборник на Правниот факултет, Скопје, 2002 годиина, стр.283-298;<br>-Политичките услови за членство во Европскат ауинија, Зборник: Евроинтеграција, идеи, состојби, реализација, Скопје, 2002 година, стр.429-445;<br>-Актуелните (не) состојби во процесот на евроинтеграција на Република Македонија, Зборник во чест на животот и делото на Васил Гривчев, Правен факултет, Скопје, 2002, стр.347-363;<br>-Американска vis-a-vis европска (или) конечно евроамериканска филозофија на правото на слобода на изразување – рамка за анализа на трансатлантските с(раз)лични искуства во однос на правото на слобода на изразување, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје во чест на проф.д-р Бранко Зеленков, Скопје, 2012 година (со меѓународен уредувачки одбор), стр.295-311;<br>-Европската филозофија на правото на слобода на изразот – поглед thereupon од македонската практика на „слободата„ на громогласното молчење, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје по повод 35 години од основањето на студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје, (меѓународен уредувачки одбор) -Сократовиот метод within jurisprudentia transatlantica – атинскиот демократски отров за мудрецот претворен во американска профитабилна интелектуална амброзија, Зборник во чест на проф.д-р Тодор Пеливанов, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Скопје, 2012, стр.,<br>-(Долгиот) пат на правниот феминизам и/или родово чувствителните практики кон корпоративниот Олимп aka политика на дијамнатско via златно здолниште, Зборник во чест на проф.д-р Милан Нетков, Правен факултет „Јустинијан Први“„ во Скопје, во подготовка (трудот е прифатен од уредувачкиот одбор, публикацијата е со меѓународен уредувачки одбор); | 2<br>2<br>2<br>2<br><br>Вкупно:<br>18<br><br>Од претходен избор:<br>8 |
| 5. | **Монографија:**<br>Сонцето (о)станува звезда – Македонија и Европската унија, Правен факултет, Скопје, 2004 година, стр.270. | 8<br>Вкупно: 8 |
| 6. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир:**<br>-Национален форум за забрзана интеграција на Република Македонија во Европската унија, воведен излагач на тема Внатрешна стабилизација, политички систем, демократија и човекови права, во организација на Меѓународниот центар за | 2<br>2<br>2<br><br>2 |

| | | |
|---|---|---|
| | превентивни активности и разрешување на конфикти и фондацијата Конрад Аденауер, Скопје, февруари 2003 година;<br>-Евроинтеграцијата на Република Македонија и Солунскиот самит, конференција во организација на Институтот ЕвроБалкан, 2под покровителство на СЕИ, воведно излагање, јуни 2003 година;<br>-Научен собир по повод 30 години од Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје, излагање на тема (Не) употребата на психологијата во правото: американски обиди, декември 2004 година;<br>-предавање Правни и политички аспекти на европските стандарди за изразување на културниот идентитет – компаративен преглед, ноември 2002 година, предавач на семинарот организиран од ИК на Советот на Европа во Скопје, ноември 2002 година;<br>-Актуелни состојби во процесот на евроинтеграција на Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, јуни 2010 година (иницијатор, воведничар и модератор);<br>-Слободата на медиумите во Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, во Скопје, јули 2010 година (иницијатор, воведничар и модератор). | 2<br>2<br>Вкупно:6<br>Од претходен избор:4 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:**<br>-Што всушност ќе се случува по Луксембург?, Деловно право, бр.3-4, Скопје, стр.169-185;<br>-Начелото на недискриминација во правото на ЕУ, Евродијалог, Скопје, 2002, стр. 109-125;<br>--Сиромаштијата, образованието и децентрализацијата во Македонија, Политичка мисла, Скопје, март 2004, стр.25-39 (коавтор);<br>-Групна тужба, Правник, 1998 година;<br>-Правото на сопственост во Европската конвенција за правата на човекот, Правник, 1996 (коавтор);<br>-Општи својства на правниот систем на Европската унија, Правник, 1995 година. | 4<br>4<br>3.6<br>4<br>3.6<br>4<br>Вкупно: 23.2 |
| | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:**<br>-Уставен развиток на Република Македонија во периодот по 1989 година, меѓународна конференција ЈИЕ: Споделување на иднината како заедница на уставни вредности, во организација на Ригас Нетворк, Атина, Грција, февруари 2003 година;<br>-Регионален форум за евроинтеграција, регионална конференција на политичари и експерти, организирана под покровителство на претседателот на Републиката, Н.Е. Борис | 3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>Вкупно: 24 |

| | | |
|---|---|---|
| | Трајковски, завршно излагање, март 2003 година;<br><br>-меѓународен семинар Small States Catching Up: The Experiences of Ireland and Estonia, во организација на Делегацијата на ЕК во Скопје и ЕСИ, завршно излагање, мај 2004 година;<br><br>-меѓународна конференција Rethinking the Balkans, во организација на германското Министерство за надворешни работи и Бертелсман фондацијата, воведно излагање, јуни 2004 година;<br><br>-меѓународен собир: Со преговарање до мир, во организација на Форумот за етнички односи и Сојузното министерство за национални и етнички заедници, предавање на тема Рамковниот договор во Македонија, Белград, јули 2002 година;<br>-Начелото на пропорционалност: Европа, Франција, Македонија, меѓународен научен симпозиум: Македонско-француски денови на правото, Правен факултет - Скопје, ноември 2004 година;<br><br>-Проширувањето на Европската унија и Западен Балкан, Europe"s Balkan or Balkan"s Europe, Ohrid, март 2011 година;<br><br>-.Post Framework Agreement Macedonia, Универзитет ЈИЕ, Тетово, октомври 2012 година. | Од претходен избор: 6 |
| | **Одржани предавања по покана на референтен странски универзитет:**<br>-Правен факултет Гренобл, визитинг професор, декември 2000-јануари 2001 година;<br>-Правен факултет, Универзитет во Лајден, 2006 година. | 3<br>3<br>Вкупно: 6<br>Од избор во претходно звање: 3 |
| | | |
| | | |
| | **ВКУПНО** | 126.2<br>Од претходен избор: 53 |

**Стручно-апликативна дејност**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности (избор):**<br>-правен експерт во преговарачкиот тим за Спогодбата за асоцијација и стабилизација, 2000 година;<br><br>-член на тимот за изработка на Националната стратегија за евроинтеграција, 2002-2004<br><br>-член на тимот за стручна подготовка на одговорите на прашалникот на ЕК по повод апликацијата на РМ за членство во ЕУ, 2004;<br><br>-Проект за техничка помош на судството и основање на национална школа за судии, координатор на групата за анализа на компаративни искуства, 2004-2005;<br><br>-национален правен експерт во преговорите и во склучувањето на договорот за формирање еврорегион Скопје-Ниш-Софија, 2003. | 1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| 2. | **Основен школски или средношколски учебник;**<br>-Вовед во правото, учебник за приемен испит на Правниот факултет и за средните стручни училишта, коавтор, Правен факултет и Македонска ризница, Скопје, 1999 година.<br><br>-Вовед во правото, учебник за средно образование, Скопје, Просветно дело, 2004 година<br><br>-Hyrje ne drejtesi, учебник по предметот вовед во право за средно училиште на албански јазик, коавтор, Скопје, Просветно дело, 2004 година. | 6<br>6<br>6<br><br>Вкупно: 18<br>Од избор во претходно звање: 18 |
| | **Координатор на изработка на нова студиска програма**:<br>-нова студиска програма (студии по новинарство), 2004-2005 година;<br>-европски студии, 2012- | 1<br>1<br>Вкупно:2<br>Од избор во претходно звање: 2 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | **Уредник на научно-стручно списание:** | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Iustinianus Primus Student Law Review | |
| 2. | **Член на факултетска комисија:**<br>-член на комисиите за прием на нови студенти, учебните 1991-1998 година;<br>-член на Комисијата за подготовка на новите студиски и предметни програми и воведување на ЕКТС, 2004-2005 година;<br>-Комисија за доделување стипендии на најдобрите студенти на магистерски студии и за објавување на најдобрите трудови на магистерски студии, 2014 година. | 0.5<br>0.5<br>0.5 |
| 3. | **Уредник на зборник на трудови на високообразовна и научна институција**<br>-уредник на Нацрт-амандманите на Уставот на Репулика Македонија во 2001 година, Зборник трудови од јавната расправа одржана Правниот факултет, октомври 2011 година;<br>-уредник на Годишникот во чест на проф.д-р Лазар Китановски | 2<br>2<br><br>Вкупно:4<br>Од претходен избор во звање:<br>2 |
| 4 | **Член на уредувачки одбор на научно/струч но списание**<br>-Уредувачки одбор на Зборник во чест на проф.д-р Тодор Пеливанов;<br>-Уредувачки одбор на Годишник во чест на проф.д-р Светомир Шкариќ. | 0,5<br>0,5<br><br>Вкупно:<br>1 |
| | **Студиски престој во странство**:<br>А)до три месеци<br>-Хаг, Холандија, 1991;<br>-Фиренца, Италија, 1992;<br>-Лондон, Велика Британија, 1997;<br>-Атина, Грција, 1998;<br>-Атина, Грција, 2002;<br>-Бриж, Белгија, 2004.<br>Б)над шест месеци<br>-Џорџтаун, Вашингтон, САД (Фулбрајт), 1993-94. | 0.5<br>0.5<br>0.5<br>0.5<br>0.5<br>0.5<br>2<br>Вкупно: 5<br>Од избор во претходно звање:<br>5 |
| | Раководител на внатрешна организациона единица:<br>-раководител на студиите по новинарство, 2001-2009<br>-шеф на Катедрата за воведни и теоретски правни науки, 2010- | 3<br>3<br>Вкупно 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | | По избор во претходно звање<br><br>6 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект**<br>-Реформи на студиите по новинарство, во соработка со холандската невладина организација Press Now, 2001-2005 (носител) | 2 |
| | Член на комисија за избор во звање<br>4*0.2 | 0.8 |
| | Учество во изработка на национална програма од одредена област член на тимот за изработка на Националната стратегија за образование, МО, 2000 година | 3 |
| | Уредник на речник или енциклопедија<br>-член на уредувачкиот одбор на македонско-англиски-албански правен речник, 2003 година | 2 |
| | **Вкупно** | 47.3 |

| ПОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 539.73<br>189.47 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 126.2<br>53 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 47.3<br>16.6 |
| **Вкупно** | 713.23<br>259.07 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Симеон Гелевски, с.р..
2. Проф. д-р Драган Митровиќ, с.р.
3. Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАУЧНИ РАБОТНИЦИ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА КАТЕДРАТА ЗА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 13. редовна седница одржана на 27.12.2013 година, а во врска со распишаниот конкурс од 17.12.2013 година за избор на научни работници во сите звања, по предлог на Кадровскиот одбор, донесе Одлука бр. 07-2153 година за формирање Рецензентска комисија за избор на научни работници во сите научни звања по група предмети од научната област стоматолошката протетика на Катедрата за стоматолошка протетика, во состав:

1. проф. д-р Јагода Бајевска д-р сци.
2. проф. д-р Јадранка Бундевска д-р сци.
3. проф. д-р Никола Гиговски д-р сци.
4. проф. д-р Билјана Капушевска д-р сци.
5, проф. д-р Весна Коруновска Стевкоска д-р сци.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Вечер“ на 17.12. 2013 година, се јавија ас. д-р Сашо Еленчевски, ас. д-р Сања Панчевска и ас. д-р Сашо Јовановски од Катедрата за стоматолошка протетика. По разгледувањето на приложената документација, Комисијата го донесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

**1. Д-р Сашо Еленчевски**, вработен на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ - Скопје, на Клиниката за стоматолошка мобилна протетика, е роден во Скопје на 15.10.1962 година.

**Универзитетско образование:**

**Доктор-стоматолог:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, во учебната 1987 година, со просечна оценка 9,69.

**Магистер на стоматолошки науки од областа стоматолошка протетика:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, со магистерскиот труд под наслов „Карактеристики на хуморалниот имунолошки одговор во saliva и серум кај stomatitis protetica”, во 2001 година.

**Доктор на стоматолошки науки:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, со докторската дисертација под наслов „Евалуација на имунолошки одговор кај stomatitis protetica”, во 2006 година.

Активно го владее англискиот јазик.

**Работно искуство:**Првото вработување го остварил на Клиниката за стоматолошка мобилна протетика при ООЗТ Стоматолошки клиники во Скопје во 1990 година како стручен соработник на определено време, а од 1 декември истата година на неопределено работно време. Во 1995 година се здобил со звањето специјалист по стоматолошка протетика. Во звањето помлад асистент на Катедрата за стоматолошка мобилна протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје бил избран во 1992 година, а во 1996 година бил реизбран на истата катедра. Во 2004 е избран за асистент, а во 2006 година реизбран во истото звање. Во 2008 година бил избран за насловен доцент, а во 2011 година за асистент на истата Катедра. Од 2009 година е суспецијалист по орална имплантологија. Во периодот 2003-2004 бил претседател на Комисијата за јавни набавки при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје. Од 2004 до 2006 година бил претседател на Управниот одбор на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје. Во 2006 година бил директор на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје. Во 2008 година има положено курс за менаџмент во здравството во организација на Министерството за здравство на Република Македонија.

**СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ:**

На Катедрата за стоматолошка мобилна протетика, на која бил избран за асистент, а подоцна и за насловен доцент, своите стручни и научни усовршувања ги насочил кон меките ткива, поточно влијанието на забните протези врз нив. Особено поле на интерес му се микотичките и алергиските воспалителни промени на меките ткива.

*Студиски престој:*

- 1.10.2006 - 1.12.2006 година на Стоматолошкиот факултет во Ниш;

- факултативна посета на Стоматолошкиот факултет во Торонто – Канада, од 10.10.1994 до 25.11.1994 година.

*Учество во реализација на научноистражувачки проекти:*

Учесник бил во националниот научен проект „Влијание на хемиските онечистувања на полиметил метакрилат како предизвикувачи на stomatitis protetica allergica и пронаоѓање начин за нивно отклонување", во 1990 година, финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Учесник бил во меѓународниот научен проект „Развиток и ерупција на перманентните заби кај децата од Република Македонија", финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Се јавува како автор на монографијата „Имунолошки одговор кај stomatitis protetica.

Со постери и усни презентации учествувал на бројни конгреси во земјата и во странство, а присуствувал и на семинари, симпозиуми, курсеви и работилници на континуирана едукација како предавач.

